ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ
PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

## АКАДЕМИЈА ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# ЗБИРКА НА ДОКУМЕНТИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

- IV генерација -










Implemented by: IFES International Foundation for Electoral Systems

# Содржина


За Академијата за јавни политики (АПП) 4

Предговор 5

Иновативни иницијативи во Општина Битола 7

- Паметен сообраќај за сигурна иднина – Јане Велкоски (СДСМ) 8
- Брзо, едноставно, 24/7: Решенија за плаќање сметки во Битола – Мартин Ивановски (ВМРО-ДПМНЕ) 16
- Трчаме напред, градиме подобро утре! – Јована Спасеноска (ВМРО-ДПМНЕ) 23

Иновативни иницијативи во Општина Боговиње 31

- Боговиње за младите: Од идеја до реалност – Бениса Арслани (ДУИ) 32

Иновативни иницијативи во Општина Гостивар 41

- Град без отпад, град со насмевка – Милот Селими (ДУИ) 42

Иновативни иницијативи во Општина Дебар 50

- Простор за сите: Креирање на нови решенија за паркирање во Дебар – Арберије Лимани (ДУИ) 51

Иновативни иницијативи во Општина Демир Хисар 58

- Рурална акција за чист Демир Хисар – Стефанија Кузмановска (СДСМ) 59

Иновативни иницијативи во Општина Демир Капија 67

- "ГраѓанИН" - Апликација за дигитална трансформација на Општина Демир Капија – Стефанија Соколовиќ (СДСМ) 68

Иновативни иницијативи во општините Ѓорче Петров и Сарај 77

- Повлекување на сенката над Ѓорче Петров – Дарја Мустафаоглу (Левица) 78

Иновативни иницијативи во Општина Кичево 87

- Време е за специјализиран центар за аутизам во Кичево – Резелинда Даути (Алијанса за Албанците/ВЛЕН) 88

Иновативни иницијативи во Општина Кочани 97

- Град без хаос: Паметни решенија за проблемот со паркирањето во Кочани – Ивона Тодорова (ВМРО-ДПМНЕ) 98

Иновативни иницијативи во Општина Куманово 105

- Куманово без поплави - време е за атмосферска канализација! – Драгана Коцевска (СДСМ) 106
- Зелена стража за Куманово: Интегриран надзор за чиста и одржлива средина – Горан Максимовски (ДОМ) 114
- Ѕвезден кадар - летно кино за млади во Куманово – Мила Петрушевска (ЗНАМ) 120

Иновативни иницијативи во Општина Липково 128

- Јавно осветлување за подобар квалитет на живот во Липково – Ибрахим Ајвази (ДУИ) 129
- Чистотата е одговорност – за Липково без отпад – Иљаз Ајвази (Алијанса за Албанците/ВЛЕН) 137

Иновативни иницијативи во Општина Охрид 146

- Безбедни и среќни игралишта – Стефан Здравевски (ВМРО-ДПМНЕ) 147

Иновативни иницијативи во Градот Скопје 155

- Безбедни и достапни патеки на Водно: Соларно осветлување за секого – Никола Белимов (ЗНАМ) 156
- Скопје се движи - Решавање на проблемот со јавниот превоз во Скопје – Филип Јаневски (Глас за Македонија) 164
- Младите во фокусот – Дарко Николовски (СДСМ) 172

Иновативни иницијативи во Општина Тетово 180

- Младински центар „Тетово“: Од недостаток до функционален младински екосистем! – Лорина Каремани (Алијанса за Албанците/ВЛЕН) 181

Иновативни иницијативи во Општина Центар 192

- Здрав ум, светла иднина: Иновативен пристап кон менталното здравје на младите – Софиа Даштевска (ВМРО-ДПМНЕ) 193
- Осветли ја играта - Иницијатива за осветлување и санирање на спортските терени во Општина Центар – Александар Кочев (ВМРО-ДПМНЕ) 202

Иновативни иницијативи во Општина Чаир 210

- Чист Чаир за идните генерации – Канита Бакији (Алтернатива/ВЛЕН) 211
- Водич низ Старата скопска чаршија: Откријте ја нејзината историја, занаети и култура – Арбнор Малиќи (Демократско движење/ВЛЕН) 219
- Чаир за младите: Концепт за мултикултурен младински центар – Кемалџан Мусли (Движење за национално единство на Турците во Македонија) 228

Иновативни иницијативи во Општина Штип 236

- Еко-Оаза за Штип: Јавна политика за здравје, природа и заедница – Стефан Михаилов (Партија на Власите од Македонија) 237

Иновативни иницијативи во Општина Шуто Оризари 246

- Право на превоз во Општина Шуто Оризари – Ричард Сали (Централна демократска унија - ЦДУ) 247



# За Академијата за јавни политики (АПП)

Препознавајќи го значајното влијание што го имаат младите луѓе во демократиите во развој врз изборите и политиката, Швајцарската програма за поддршка на изборите (ЕСП) има за цел да ги оспособи младите ефикасно да соработуваат со политичките партии и со креаторите на политики, со што на влијателен начин би ги обликувале политиките. Преку Академијата за јавни политики (АПП), Програмата соработуваше со повеќе политички партии со цел подобрување на нивните способности во осмислувањето изборни програми засновани на докази, како и истовремено, поттикнувајќи соработка со локалните заедници, вклучително и жените, младите и другите ранливи категории, преку спроведување на иновативни иницијативи. Вкупно, четири генерации млади од разновидни политички опции беа поддржани во периодот помеѓу 2019 и 2025 година, при што низ четирите генерации, 90 млади политичари беа дел од Академијата.

Во септември 2024 година, во партнерство со Форумот за разумни политики (ФРП) и Охрид Институтот, Програмата ја иницираше четвртата генерација на АПП, во која учествуваше нова група од 28 млади политичари од 13 политички партии. Четири интерактивни работилници беа надополнети со прилагодено водство и менторство во развојот на предлози за политики и спроведување на иновативни иницијативи што водат до изборни програми што одговараат на приоритетите на граѓаните во локалните заедници, како и до подобрен досег за време на изборите. Иновативните иницијативи претставуваат пристап од долу нагоре кон креирањето политики, овозможувајќи им на политичките партии да излезат од традиционалната реторика на кампањите и наместо тоа да понудат изборни програми засновани на докази што ги одразуваат вистинските потреби на граѓаните на локално ниво. Со собирање податоци директно од терен, преку пристапување кон граѓаните, анкети, јавни настани и соработка со засегнатите страни во заедницата, учесниците на АПП генерираа конкретни предлози што политичките партии би можеле да ги интегрираат во своите изборни платформи. 28 иницијативи беа развиени и имплементирани пред локалните избори во 2025 година, со што им се овозможи на младите политичари да идентификуваат практични решенија за приоритетните прашања во нивните локални заедници. Поголемиот дел од учесниците во АПП дадоа свој придонес во поддршката на своите политички партии во развојот на изборни програми фокусирани на граѓаните за локалните избори во 2025 година.

# Предговор

Оваа Збирка на документи за јавни политики е составен дел на Програмата за поддршка на изворите (ЕСП), која е проект на Владата на Швајцарија, имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Основна цел на програмата е да поддржува демократски и кредибилни изборни процеси кои го олеснуваат политичкото учество и социјалната интеграција, преку овозможување на гласачите да ги изберат своите претставници и да ги повикаат истите на одговорност[1]. Активностите на проектот се канализираат за поддршка на општата цел преку постигнување на три резултати:

- ✓ **Резултат 1: Зајакнати институции спроведуваат фер и ефикасни изборни процеси**.
- ✓ **Резултат 2: Политички партии кои застапуваат политики и изборни програми ориентирани кон граѓаните**.
- ✓ **Резултат 3: Зајакнати граѓани (посебно млади и жени) ги повикуваат политичките партии и избраните функционери на одговорност**.

Меѓу другото, проектот ги поддржува политичките партии во развојот на ресурси и капацитети за усвојување на програми засновани на докази со цел поголема вклученост на локалните заедници, вклучително и жени, млади и други ранливи групи. Пристапот на креирање политики засновани на докази има за цел да ги доближи ставовите на граѓаните и креаторите на политики и да ги одрази реалните потреби во процесот на планирање на партиите преку обезбедување на длабински анализи и релевантни фактички состојби. Во политичката арена, креирањето политики засновани на докази претставува стремеж за подобрување на квалитетот и ефикасноста на предложените политики и програми.

Документите за јавни политики презентирани во оваа публикација претставуваат кулминација на напорите на младите политички претставници од АПП за дизајнирање политики кои се засновани на докази и се водени од вредности. Овие документи се одраз на ригорозен процес во кој учесниците ги применија своите новостекнати знаења и вештини во практични услови и преку директен ангажман со граѓаните. Како дел од иновативните иницијативи, учесниците спроведоа истражувања, одржаа консултации

---

[1] За повеќе информации во врска со Програмата за поддршка на изборите, посетете ја официјалната веб-страна на прокетот: https://electoralsupportprogramme.mk/

со клучните засегнати страни и соработуваа со засегнатите заедници за да се осигурат дека нивните предлози се значајни и засновани на реалните потреби.

Продолжуваме да ги охрабруваме политичките партии да ги интегрираат овие документи за јавни политики во нивните програми, бидејќи тие би можеле да се покажат како вредно средство за сегашната и идната стратегија за управување. Ова исто така им овозможува да ја покажат посветеноста на транспарентноста, отчетноста, донесувањето одлуки врз основа на докази и значајното вклучување на граѓаните во јавните работи. Овој пристап поддржува поефикасни, поинформирани и поодговорни процеси на креирање политики што на крајот се корисни и за државата и за нејзините граѓани. Покрај тоа, документите за јавни политики ја подобруваат јасноста и комуницирањето на партиските позиции, помагајќи им на партиите да ги артикулираат своите идеи и пред внатрешните членови и пред поширокатa јавност, со што се поттикнува поинформиран и вклучен електорат. Тие исто така служат како конкретни инструменти на одговорност, обезбедувајќи јасна евиденција за обврските и приоритетите според кои гласачите можат да ги евалуираат перформансите на партијата откако би ја преземала власта. Преку тоа, тие придонесуваат за поздрав и поефикасен демократски систем, заснован на политики што навистина му служат на јавниот интерес.

Им изразуваме искрена благодарност на сите учесници за нивната напорна работа, посветеност и подготвеност да прифатат нови вештини и да следат понапорен пристап кон развивање на политички документи и изборни програбми, напор што ја одразува нивната искрена посветеност на подигнување на квалитетот на политичката пракса во нашата држава.

Во продолжение на публикацијата се прикажани документите за јавни политики, во кои се вклучени методите и начините на вклучување на локалната заедница во идентификувањето на проблемите, како и предлозите за можно решавање на истите. Со цел јасност и конзистентност, документите се презентирани по азбучен ред на општините каде што се спроведени иновативните иницијативи.

***Одрекување од одговорност:*** Програмата за поддршка на изборите е проект на Владата на Швајцарија имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

Содржината и мислењата во оваа публикација на никаков начин не може да се смета дека ги одразуваат ставовите на Владата на Швајцарија и на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

# Иновативни иницијативи во Општина Битола

01 **Решенија за безбеден сообраќај во Битола**

Јане Велкоски (СДСМ)

02 **Дигитално плаќање**

Мартин Ивановски (ВМРО-ДПМНЕ)

03 **Патеки за сите**

Јована Спасеноска (ВМРО-ДПМНЕ)

# ПАМЕТЕН СООБРАЌАЈ ЗА СИГУРНА ИДНИНА



ЈАНЕ ВЕЛКОСКИ

-СДСМ-

# *Паметен сообраќај за сигурна иднина*

## 1. Резиме

Безбедноста на сообраќајот во Битола претставува критичен предизвик за градот со околу 70.000 жители и 39.503 регистрирани моторни возила, што создава голем притисок врз инфраструктурата, јавниот транспорт и паркирањето. Доминацијата на приватните возила, ниската употреба на јавниот транспорт, лошата сигнализација, недоволната осветленост и недостатокот на инфраструктура за пешаци и велосипедисти доведуваат до сообраќаен хаос, висок ризик од несреќи и негативни еколошки последици. Сегашниот пристап е неефикасен: интервенциите се фрагментирани, контролните механизми и казнената политика се недоволни, а институционалната координација и инвестициите во современи технологии се ограничени.

Моменталната ситуација е предизвикувачка: податоците од МВР за 2024 година покажуваат десетици сообраќајни незгоди, најчесто предизвикани од непочитување на правилата, преголема брзина и неправилно менување на правец. Анкетата спроведена со 926 граѓани потврдува дека 78,4% го сметаат непочитувањето на правилата за главен фактор, 63% посочуваат на преголема брзина, 47,6% на лошо одржани пешачки премини, а 36,1% на недостаток на инфраструктура за велосипедисти. Најранливите категории, како децата, се особено изложени – 69,3% ја оценуваат безбедноста околу училиштата како незадоволителна. Дополнително, над 70% од граѓаните изразија страв од кучиња скитници, што ја намалува мобилноста и користењето на велосипедите.

За решавање на проблемите се разгледуваат повеќе алтернативи: подобрување на сигнализацијата и осветлувањето; редовно одржување на пешачките премини; воведување успорувачи на брзина; создавање заштитени велосипедски патеки; едукативни кампањи за сообраќајна култура; технолошки решенија како камери за контрола и паметни семафори. Секоја мерка одговара на идентификуваните ризици и има поддршка од граѓаните.

Препорачаната стратегија е повеќеслојна и се фокусира на системско уредување на критичните крстосници – Улица Васко Карангелевски 17 и 43, Улица Партизанска 42 и 110, Улица Пеце Матичевски и Улица Димитар Илиевски Мурато. Активностите опфаќаат: картографирање и анализа на протокот на возила и пешаци, техничка ревизија, подобрување на LED осветлување, термопластично обележување, вертикална сигнализација со рефлективни елементи, соларни/LED пешачки беакони, мали градежни интервенции и кратки едукативни кампањи за граѓаните и училиштата.

Финансиските импликации за пилот-проектот на шест локации се компактно презентирани: подготовка и техничка ревизија – 5.000 EUR; имплементација – 12.000 EUR; одржување 1–3

години – 18.000 EUR, односновкупно 35.000 EUR. Треба да се има во предвид и дека замена на 100W HPS со 50W LED светилки носи енергетска заштеда од 1.500–2.000 EUR годишно.

Ова решение директно ги таргетира најголемите ризици, обезбедува видливи резултати на краток рок, ја подобрува перцепцијата за безбедност, поттикнува пешачко и велосипедско движење, и создава основа за долгорочно уредување на сообраќајната инфраструктура, енергетска ефикасност и интегриран пристап кон безбедноста во Битола.

## 2. Проблем – контекст и важност

Безбедноста на сообраќајот претставува еден од најголемите предизвици за Општина Битола, која со своите речиси 70 илјади жители и околу 40 илјади регистрирани моторни возила се вбројува меѓу најгусто моторизираните градови во државата. Ваквата бројка значи дека речиси секое домаќинство поседува најмалку едно возило, што создава значаен притисок врз сообраќајната инфраструктура, паркирањето и јавниот транспорт. Наместо јавниот транспорт да биде главна алтернатива, неговата употреба останува на ниско ниво, а доминацијата на приватните возила води кон сообраќајни метежи, особено во центарот на градот и во шпиц-часовите. Недостатокот на паркинг места (моменталниот број на паркинг места во Битола изнесува 1.835) дополнително ја зголемува напнатоста, а еколошките последици од ваквата густина на возила, како што сезагадувањето на воздухот и нарушеното здравје на граѓаните, се веќе видливи.

Проблемот не се ограничува само на удобноста во секојдневното движење, туку сериозно ја засега и безбедноста. Податоците од Министерството за внатрешни работи за 2024 година укажуваат на десетици сообраќајни незгоди, најчесто предизвикани од непочитување на правилата. Преголемата брзина е идентификувана како причина за најмалку 20 случаи, додека во 15 наврати возачите не им дале предност на пешаците. Неправилното менување на правец и страна на движење довело до 18 несреќи, а непочитувањето на првенството на минување до уште 7 инциденти. Овие бројки ја илустрираат комбинацијата од човечки фактори и системски пропусти – недоволна едукација, недисциплина и слаба контрола – кои го прават сообраќајот непредвидлив и ризичен.

Сериозноста на проблемот беше дополнително потврдена преку спроведената анкета со 926 граѓани, која како дел од иновативната иницијатива овозможи непосредно да се слушне гласот на заедницата. Резултатите се јасни: дури 78,4% од испитаниците сметаат дека непочитувањето на правилата е најголемиот фактор за опасност, 63% посочуваат на преголема брзина, а 47,6% на лошо одржани пешачки премини. Недостатокот на инфраструктура за велосипедисти го препознаа 36,1% од испитаниците, што укажува дека токму најодржливите форми на мобилност се најмалку заштитени. Најалармантен е податокот дека 69,3% од испитаниците ги

оценуваат зоните околу училиштата како небезбедни, што значи дека децата – најранливата категорија – секојдневно се изложени на ризик.

Анкетата откри уште една специфичност за Битола – проблемот со кучињата скитници. Над 70% од испитаниците изјавиле дека имаат страв од напади при возење велосипед, што директно влијае на нивната мотивација да користат алтернативни и здрави форми на транспорт. Ваквата состојба ја намалува општата мобилност и ја ограничува употребата на велосипедските патеки, дури и таму каде што тие постојат. Дополнително, граѓаните многу јасно ја изразија својата перцепција за сообраќајот во целина – 84,2% сметаат дека моменталниот сообраќаен хаос е неприфатлив и бараат итни интервенции.

Главните причини за овие состојби се повеќеслојни. Од една страна, инфраструктурата е застарена, недоволно одржувана и несоодветна за сегашниот број возила. Пешачките премини не се редовно обележувани, сигнализацијата е недоволна, а осветлувањето на критични локации често е проблематично. Од друга страна, институционалните капацитети се ограничени – контролите од страна на сообраќајната полиција се недоволни, казнената политика не е доследна, а координацијата меѓу општината и надлежните институции често изостанува. Недостигот на инвестиции во современи технолошки решенија како паметни семафори, камери за надзор и системи за автоматска контрола ја задржува Битола на ниво на „традиционален" сообраќај, кој тешко може да се справи со предизвиците на модерниот урбан живот.

Неуспесите до сега произлегуваат токму од оваа комбинација на фактори: недоволно вложување во инфраструктура, недоволна примена на законот и недостиг од стратегиски пристап. Иако постојат иницијативи и поединечни мерки, тие често се ад-хок и не водат кон долгорочна промена.

Последиците од овие неуспеси веќе се чувствуваат. Освен зголемениот број на сообраќајни несреќи, граѓаните живеат со чувство на несигурност и недоверба во институциите. Родителите се загрижени за безбедноста на своите деца, велосипедистите ја губат мотивацијата да користат еколошки транспорт, а пешаците често се чувствуваат небезбедно дури и на обележани премини. Сообраќајниот хаос влијае и на локалната економија, бидејќи застојот и метежот ја намалуваат ефикасноста во транспортот на стоки и услуги. На долг рок, ваквата состојба води кон еколошка деградација, зголемен стрес и намален квалитет на живот.

Јасно е дека сообраќајниот проблем во Битола не е само прашање на дисциплина на возачите или на инфраструктурни дотерувања. Тоа е системски предизвик што бара интегриран пристап – комбинација од едукација, модерна технологија, подобрена инфраструктура и посилна институционална контрола. Само така може да се прекине циклусот на досегашни неуспеси и

да се создаде сообраќајна средина која ќе биде безбедна, функционална и прилагодена на потребите на сите жители.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

За надминување на предизвиците со сообраќајната безбедност во Општина Битола се разгледуваат повеќе алтернативи кои произлегуваат од комбинација на институционални податоци и резултати од анкетата со граѓаните, спроведена како дел од иновативната иницијатива за директно вклучување на заедницата.. Разгледување на алтернативите подолу беше направено и земајќи ги во предвид очекуваните системски решенија од страна на граѓаните кои според спроведената анкета најмногу поддршка даваат за подобрувањето на сигнализацијата и осветлувањето (67,1%), воведувањето успорувачи на брзина (47,8%), редовно одржување на пешачки премини (57%), создавање заштитени велосипедски патеки (40,3%) и едукативни кампањи за развој на сообраќајна култура (48,6%). Забележливо е и барањето за поголема контрола преку камери, поголеми казни и ограничување на брзината кај училиштата. Од ова може да заключиме дека граѓаните не само што идентификуваа проблеми, туку и дадоа конкретни предлози за решенија, што овозможува формулирање на политики кои се во согласност со реалните потреби и приоритети на населението.

**Алтернатива 1: Подобрување на сигнализацијата и осветлувањето**

Оваа алтернатива ја доби најголемата поддршка од испитаниците – 67,1% ја издвојуваат како клучна. Недоволната сигнализација ја посочија 46,3% од граѓаните како фактор што ја зголемува опасноста, а дополнителни 47,6% сметаат дека пешачките премини се лошо одржувани. На места како централното градско подрачје, во близина на училиштата или во населби со висока густина на сообраќај, сигнализацијата често е избледена или непотполна, а осветлувањето е недоволно за да овозможи видливост во вечерните часови. Граѓаните сметаат дека со подобрување на сигнализацијата и осветлувањето, сообраќајниот хаос може значително да се намали, бидејќи правилата би станале појасни и би се зголемила безбедноста на пешаците и возачите.

**Алтернатива 2: Обележување и редовно одржување на пешачките премини**

57% of those surveyed support this measure, which directly affects one of the most vulnerable categories – the pedestrians. The number of accidents caused by disregard of pedestrians (15 cases in 2024) indicates that the current system does not provide sufficient protection. Pedestrian crossings, especially near schools, healthcare facilities and busy intersections, are often faded or not properly marked. Respondents in the survey expressed the view that clearly marked crossings, combined with appropriate vertical signage and lighting, would contribute to reducing risks and creating a greater culture of respect for pedestrians.

**Алтернатива 3: Инсталација на успорувачи на брзина**

47,8% од анкетираните ја сметаат оваа мерка за неопходна. Податоците на МВР покажуваат дека брзината е причина за најмалку 20 несреќи во 2024 година, а 63% од испитаниците ја посочија преголемата брзина како главен ризик. Затоа, успорувачите се перципираат како ефикасно решение за контрола на возачкото однесување. Граѓаните особено инсистираат на нивна примена кај училиштата и детските градинки, како и во централното подрачје, каде што пешачкото движење е густо. Примерите како Црн Мост или улиците кај Стрелиште беа конкретно споменати од граѓаните како локации каде поставувањето на физички бариери и успорувачи може да спречи несреќи и да обезбеди поголема безбедност.

**Алтернатива 4: Создавање заштитени велосипедски патеки**

Недостатокот на велосипедска инфраструктура е идентификуван како проблем од 36,1% од испитаниците, а 40,3% ја поддржуваат идејата за воведување заштитени велосипедски патеки. Ова е значајно ако се земе предвид дека 70,2% од граѓаните изјавиле дека чувствуваат страв од кучиња скитници кога возат велосипед, што директно ја намалува нивната мобилност. Заштитените патеки би обезбедиле не само физичка сигурност, туку и чувство на доверба кај велосипедистите дека можат безбедно да се движат низ градот. Дополнително, овие патеки би поттикнале поголема употреба на велосипедите како еколошки и здрав начин на транспорт, што индиректно би влијаело и на намалување на сообраќајниот метеж.

**Алтернатива 5: Образовни и превентивни кампањи за сообраќајна култура**

48,6% од анкетираните ја издвојуваат оваа мерка како неопходна. Според нив, без комплементарна едукација, ниту една инфраструктурна мерка нема да даде долгорочен ефект. Непочитувањето на правилата е најчестиот проблем посочен од граѓаните (78,4%), па затоа се смета дека целни кампањи за возачи, ученици и пешаци можат да придонесат кон промена на однесувањето и зголемување на свеста. Овие кампањи треба да вклучуваат јавни акции, соработка со училиштата, медиумски кампањи и практични обуки, со цел постепено да се создаде култура на одговорно и дисциплинирано учество во сообраќајот.

**Алтернатива 6: Технолошки решенија и засилена контрола**

Спроведената анкета укажува дека голем број анкетираните граѓани, предложија воведување на современи технолошки решенија како што се поставување на камери за автоматска контрола на сообраќајот, инсталација на паметни семафори и зголемување на казните за прекршителите. Овие мерки се доживуваат како неопходни за постојано следење на состојбата и за ефикасна превенција на прекршувањата. Во очите на граѓаните, технологијата не е само дополнителна алатка, туку основа за воспоставување систем што ќе овозможи ред и дисциплина на долгорочен план.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Најефикасната и најсоцијално прифатлива интервенција за зголемување на безбедноста на пешаците е системско техничко уредување на видливоста и сигнализацијата во градот, со посебен фокус на критични крстосници идентификувани од граѓаните и полицијата. Анкетата покажува дека граѓаните најмногу го поддржуваат уредувањето на осветлувањето и сигнализацијата (67,1%), а речиси половина од нив (47,6%) ја истакнуваат лошата состојба на пешачките премини како значаен ризик. Податоците од МВР дополнително ја потврдуваат потребата за интервенции поради конкретни несреќи предизвикани од непочитување на пешаците и прекумерна брзина. Затоа, директно таргетирање на видливоста и сигнализацијата на овие критични точки претставува најдиректна мерка која веднаш ја намалува опасноста и ја подобрува перцепцијата за безбедност.

Во рамките на пилот-проектот, идентификувани се **шест критични крстосници во Битола**:

1. Улица Васко Карангелевски број 17 (во близина на градинка)
2. Улица Васко Карангелевски број 43 (во близина на реонски пазар)
3. Улица Партизанска број 110 (во близина на Клиничка Болница Битола)
4. Улица Партизанска број 42 (густ сообраќај)
5. Улица Пеце Матичевски (Пешачка зона Широк Сокак)
6. Улица Димитар Илиевски Мурато (Гимназија)

Овие крстосници се карактеризираат со недоволна прегледност, зголемен интензитет на сообраќај, оштетена или непостоечка сигнализација, како и инфраструктура неприспособена за пешаци и велосипедисти.

Програмата би започнала со подготовка и техничка ревизија, кој опфаќа картографирање на локациите, мерење на протокот на возила и пешаци, изработка на предлог-мерки за сигнализација и осветлување и воведување дополнителни безбедносни решенија таму каде што е потребно (семафори, кружни текови, „лежечки полицајци“ и паметни рампи кои се спуштаат при голема брзина кои асоцираат на удар во дупка на коловозот). Јавни консултации би се одржале со училиштата, родителите и локалната заедница за да се осигура дека интервенциите се во согласност со потребите на граѓаните.

Пилот фазата на имплементација опфаќа LED улично осветлување, термопластично обележување, вертикална сигнализација со рефлективни елементи и соларни/LED пешачки семафори. Мали градежни интервенции би се правеле таму каде што е потребно за основи, кабли и монтажа. За секоја локација би се реализирала кратка информативна кампања за

граѓаните и училиштата, со цел да се зголеми свеста за безбедноста и да се охрабрат пешаците и велосипедистите да користат безбедни премини.

Финансиските импликации за **шесте критични локации** се прикажани во компактна табела:

| Фаза | Главни активности | Вкупни трошоци (EUR) |
|---|---|---|
| **Фаза 0–2: Подготовка и техничка ревизија** | Картографирање, анализа на сообраќај, јавни консултации | 5,000 |
| **Фаза 1: Пилот имплементација (6 локации)** | LED осветлување, термопластично обележување, вертикална сигнализација, соларни/LED пешачки беакони, мали градежни интервенции, информативна кампања | 12,000 |
| **Фаза 2: Одржување (1–3 години)** | Одржување на светилки, знаци и термопластика, брзи интервенции | 18,000 |
| **Вкупно за пилот-проектот (6 локации)** | – | **35,000** |
| **Финансиска придобивка: Енергетска заштеда** | LED светилки (12–16 светилки) замена на 100W HPS со 50W LED | 1,500–2,000 EUR/год |

Оваа интервенција директно ги таргетира најголемите ризици идентификувани од граѓаните, овозможува брзи и видливи резултати на мал број критични локации, ја подобрува перцепцијата на безбедност и е компатибилна со долгорочно уредување на градската инфраструктура и енергетска ефикасност.

# БРЗО, ЕДНОСТАВНО, 24/7: РЕШЕНИЈА ЗА ПЛАЌАЊЕ СМЕТКИ ВО БИТОЛА



МАРТИН ИВАНОВСКИ

-ВМРО-ДПМНЕ-

# *Брзо, едноставно, 24/7: Решенија за плаќање сметки во Битола*

## 1. Резиме

Во Општина Битола, еден од секојдневните предизвици со кои се соочуваат жителите е плаќањето на сметките кон јавните претпријатија „Водовод“, „Комуналец“ и „Нискоградба“. Иако оваа обврска изгледа рутинска, начинот на кој е организиран системот за наплата ја претвора во сложена и често фрустрирачки процедура, која директно влијае на квалитетот на животот на граѓаните. Јавните претпријатија располагаат со ограничен број физички наплатни пунктови – најчесто по два до три во рамките на градот, што создава долги редици во критичните денови на месецот, особено за постарите лица, лицата со попреченост и жителите на периферните населби. Онлајн системите за плаќање остануваат недоволно користени поради ниската дигитална писменост, недовербата кон електронските платформи и слабиот промотивен ангажман. Анкетата со граѓаните покажа дека мнозинството луѓе би користеле нови, достапни и брзи решенија како што се самопослужните платомати.

Досегашните неуспеси се манифестираат преку преоптоварени шалтери, недоволна употреба на дигитални алатки, ограничена достапност на услугите за ранливите категории и фрагментиран систем на наплата кој ја зголемува комплексноста за корисниците.

За решавање на проблемот се разгледани повеќе можни решенија:

1. Подобрување и промоција на постојните онлајн системи;
2. Воведување самопослужни терминали – платомати;
3. Хибриден модел – комбинирање на шалтери, онлајн плаќање и платомати;
4. Интегриран систем за наплата на сите јавни претпријатија.

Најприфатлива алтернатива која се препорачува е воведувањето на самопослужни терминали – платомати. Платоматите овозможуваат плаќање 24/7, примаат кеш и картички, се поврзани со сите јавни претпријатија и се прилагодени за лица со ограничени дигитални вештини. Поставувањето на најмалку три терминали на стратешки локации ќе овозможи растоварување на шалтерите во критичните денови и рамномерна достапност за сите категории граѓани.

Инвестицијата за набавка и инсталација на три платомати се проценува на околу 25.000 – 29.000 евра, зависно од спецификациите и условите за одржување. Дополнителни средства ќе бидат потребни за промотивна кампања и тековна техничка поддршка, но тие се релативно мали во споредба со времето и ресурсите што ќе се заштедат во јавните претпријатија.

Со ова решение се очекува значително намалување на редиците и гужвите на шалтерите, подобрена услуга за граѓаните, унапредување на дигитализацијата и транспарентноста на јавните услуги, како и основа за понатамошен развој на интегриран систем за наплата и целосна дигитална трансформација на јавните услуги во Битола.

## 2. Проблем – контекст и важност

Во Општина Битола, еден од секојдневните предизвици со кои се соочуваат жителите е плаќањето на сметките кон јавните претпријатија. Иако оваа обврска изгледа рутинска, начинот на кој е организиран системот за наплата ја претвора во сложена и често фрустрирачки процедура, која директно влијае на квалитетот на животот на граѓаните. Според податоците добиени од интервјуата со јавните претпријатија „Комуналец“ и „Нискоградба“, станува збор за услуга која ги опфаќа скоро сите домаќинства и правни субјекти во градот – над 50.000 домаќинства и повеќе од 4.000 правни субјекти. Со толкав обем, јасно е дека системот за наплата претставува масовен процес кој мора да биде лесно достапен, ефикасен и флексибилен за различните категории корисници, но моменталната состојба покажува спротивна слика.

Јавните претпријатија располагаат со ограничен број физички наплатни пунктови – најчесто по два до три во рамките на градот, кои треба да опслужат десетици илјади граѓани. Тоа неизбежно резултира со долги редици, особено во периодите кога се исплаќаат плати и пензии, од 1 до 5 и од 12 до 17 во месецот. Во тие денови чекалните се пренатрупани, а граѓаните неретко чекаат со часови, со што се губи време и се создава дополнителен стрес. Оваа состојба особено тешко ги погодува постарите лица, лицата со попреченост и жителите на периферните и руралните населби. На пример, „Комуналец“ наведува дека околу 20% од нивните корисници се од рурални подрачја, каде што ограничената инфраструктура и растојанијата до наплатните пунктови дополнително ја усложнуваат ситуацијата.

Иако дел од претпријатијата нудат можности за онлајн плаќање, тие остануваат недоволно искористени. „Нискоградба“ проценува дека месечно има околу 5.000 електронски трансакции, што е релативно мал број во споредба со вкупната база на корисници. Главните причини за ова се ниската дигитална писменост кај постарите генерации, недовербата кон електронските платформи, техничките ограничувања, како и слабата промоција на ваквите услуги. Анкетата спроведена со 167 испитаници ја потврдува оваа слика: иако 87 лица изјавиле дека ги плаќаат сметките преку мобилна или онлајн апликација, 44 сè уште тоа го прават директно во јавните претпријатија, а 36 во банка или пошта. Дополнително, мнозинството граѓани би користеле платомати – дури 141 испитаник – доколку тие се постават на повеќе локации и без дополнителни провизии, што укажува на реална потреба од алтернативни решенија.

Покрај инфраструктурните ограничувања, важен проблем е и недоволната информираност. Многу граѓани не знаат дека постојат онлајн опции или се плашат дека тие се несигурни. Ова е поврзано со генералната недоверба во дигиталните алатки, но и со недостиг на кампањи за едукација и поддршка на граѓаните. Најмногу се погодени оние со понизок степен на дигитална писменост – пензионерите, жителите на села и лицата со пониски приходи.

Комбинацијата од централизирана физичка наплата, ниска употреба на дигитални решенија и недоволна информираност создава систем кој е нефлексибилен и не ги задоволува потребите на различните групи граѓани. Последиците се повеќекратни. За граѓаните оваа ситуација подразбира изгубено време, дополнителни трошоци за транспорт, зголемен стрес и исклученост на ранливите категории. За јавните претпријатија тоа значи нефункционално користење на ресурсите, преоптоварени шалтери во одредени денови и недоволно искористување на дигиталните платформи. За општината тоа претставува забавена дигитализација, слаба модернизација и намалена доверба во институциите.

И покрај ваквата ситуација, се забележува дека постои потенцијал за промена. Анкетата покажува дека граѓаните сакаат нови решенија: платомати на повеќе локации, интегрирани системи за плаќање сметки кон повеќе претпријатија, електронски сметки на е-маил, техничка поддршка 24/7 и пристапни дигитални услуги за оние со помало технолошко искуство. Истовремено, претпријатијата признаваат дека постои простор за раст на онлајн плаќањата, особено меѓу младите и правните субјекти, кои веќе ги препознаваат предностите на дигиталните услуги. Ова укажува на јасен заклучок: Битола има сериозна основа за трансформација на системот за плаќање сметки, но потребни се структурирани, инклузивни и модерни решенија кои ќе одговорат на потребите на сите граѓани, а особено на оние најранливи.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

За да се одговори на предизвиците и да се обезбеди поефикасен, достапен и инклузивен систем за наплата на сметки, потребно е да се разгледаат повеќе можни решенија. Собраните податоци од анкетата со граѓаните и интервјуата со јавните претпријатија укажуваат на неколку алтернативи кои можат да се применат во Битола, секоја со свои специфични предности и потенцијал за унапредување на процесот.

**Алтернатива 1: Подобрување и промоција на постојните онлајн системи**

Јавните претпријатија веќе нудат можност за онлајн плаќање, но нивната употреба е ограничена и недоволно развиена. Според податоците од КЈП „Нискоградба“, месечно околу една петтина од нивните корисници користат електронско плаќање, иако претпријатието има над 26.700 домаќинства и речиси 1.800 правни субјекти во својата база. Анкетата со граѓаните

ја потврдува оваа состојба: околу 52% од испитаниците плаќаат сметки преку мобилна или онлајн апликација, додека 26% ги подмируваат своите обврски во просториите на јавните претпријатија, а 22% во банка или пошта. Главни пречки за користење на онлајн системите се недовербата во безбедноста на електронските алатки, недоволната промоција и техничката сложеност на платформите.

Оваа алтернатива предвидува подобрување на постојните системи преку развој на поинтуитивни и поедноставни апликации, обезбедување 24/7 достапност, јасни упатства за користење и засилени мерки за сигурност. Дополнително, промотивните кампањи и обуките за дигитална писменост би можеле да ја зголемат довербата и да ја намалат дигиталната нееднаквост, особено кај постарите лица и жителите од руралните средини.

**Алтернатива 2: Воведување самопослужни терминали (платомати)**

Една од најпосакуваните опции меѓу граѓаните е поставување на платомати на повеќе локации во градот и околината. Дури 84% од испитаниците во анкетата изјавиле дека би користеле вакви терминали, 12% биле неодлучни, а само 4% рекле дека не би ги користеле. Мотивите за користење се различни: 43% од граѓаните би плаќале на платомат доколку нема провизија, 31% доколку процесот е побрз од шалтер, 29% ако машината е едноставна за употреба, уште 29% поради достапноста навечер, а 23% поради можноста да избегнат редици.

Граѓаните посочиле и конкретни предлози за функциите на платоматите: тие да бидат мултифункционални и да овозможат плаќање кон сите јавни претпријатија на едно место, да примаат и кеш и картички, да поседуваат едноставни инструкции, како и да имаат техничка поддршка и безбедносни камери. Поголем дел од предлозите нагласуваат потреба за поставување повеќе вакви апарати, вклучително и во руралните населби, за да се обезбеди рамноправен пристап за сите категории граѓани.

**Алтернатива 3: Хибриден модел – комбинирање на шалтери, онлајн плаќање и платомати**

Со оглед на различните навики и преференции на граѓаните, можно е воспоставување хибриден модел кој истовремено ќе нуди традиционални и модерни методи на плаќање. Интервјуто со директорот на „Комуналец“ покажува дека физичкото плаќање и понатаму останува најчест метод, особено кај постарите лица и кај жителите во руралните подрачја, каде што инкасаторите и денес вршат наплата од домаќинствата. Од друга страна, помладата популација и правните субјекти сè повеќе се насочуваат кон дигитални услуги, поради нивната брзина и практичност.

Хибридниот модел би значел задржување на дел од физичките шалтери за оние што имаат доверба само во традиционалните методи, воведување на платомати за пофлексибилна и побрза наплата, како и истовремено унапредување на онлајн платформите за сите што сакаат

дигитален пристап. Со ваков пристап би се задоволиле потребите и на конзервативните и на технолошки поткованите категории граѓани.

**Алтернатива 4: Интегриран систем за наплата на сите јавни претпријатија**

Еден од најчестите предлози кои произлегуваат од анкетата е создавање на интегриран систем за наплата на сметките. Над 93% од испитаниците изјавиле дека би користеле платомат за сите јавни претпријатија, што јасно ја отсликува потребата од обединување на услугите. Во моментов секое претпријатие располага со сопствен систем, што значи дека граѓаните мораат да вршат повеќе трансакции, често и на различни локации, со дополнителни трошоци и изгубено време.

Интегриран систем би можел да функционира како единствена платформа – достапна и онлајн и преку платомати – преку која граѓаните би можеле на едно место да ги подмират своите обврски кон сите јавни претпријатија. Дополнителна придобивка би било испраќање на електронски сметки и потврди по е-маил, со што процесот би станал поефикасен и поеколошки. Овој модел има потенцијал да ја елиминира фрагментацијата и да создаде поедноставно и целосно интегрирано корисничко искуство.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Најприфатлива алтернатива за подобрување на системот за плаќање сметки во Битола е воведувањето самопослужни терминали – платомати. Ова решение е најрпифатливо со оглед на тоа дека директно одговара на изразениот интерес на граѓаните за брза и достапна услуга. Исто така ова решене го намалува чекањето на шалтерите и овозможува пристапност во секое време, што е особено важно за граѓаните кои не можат да го усогласат своето време со работното време на јавните претпријатија.

Во Битола годишно се генерираат повеќе од 100.000 сметки од јавните претпријатија „Водовод“, „Комуналец“ и „Нискоградба“. Повеќето од нив се подмируваат преку шалтерска наплата, што создава значителен административен притисок и гужви, особено во првата половина на месецот. Поставувањето на платомати би овозможило растоварување токму во овие критични периоди и рамнотежа во динамиката на наплатата.

Се предвидува поставување на најмалку три платомати на стратешки локации: еден во централното подрачје, еден во густо населена станбена населба и еден во комерцијална зона со голем проток на луѓе. Секој терминал ќе овозможува плаќање со кеш и картички, ќе работи 24/7 и ќе биде поврзан со сите јавни претпријатија, овозможувајќи подмирување на сите сметки на едно место. Терминалите ќе имаат инструкции на македонски и албански јазик, како и визуелни упатства за лица со ограничени дигитални вештини.

**Активности:**

- Спроведување јавна набавка за обезбедување и инсталација на три платомати со техничка поддршка.
- Избор на локации врз основа на проток на граѓани, достапност за лица со попреченост и географска покриеност.
- Техничко поврзување на терминалите со системите на „Водовод“, „Комуналец“ и „Нискоградба“ за централизирана наплата.
- Обука на персонал за одржување и асистенција, воспоставување телефонска линија за техничка поддршка.
- Информативна кампања за промоција на новата услуга, со посебен фокус на постарите лица и ранливите категории.

**Финансиски импликации:**

Инвестицијата за набавка и инсталација на три платомати се проценува на околу 25.000 – 29.000 евра, во зависност од спецификациите, дополнителната опрема и условите за одржување. Дополнителни средства ќе бидат потребни за промотивна кампања и тековна техничка поддршка, но тие се релативно мали во споредба со времето и ресурсите што ќе се заштедат во јавните претпријатија.

**Временска рамка:**

- Подготовка на технички спецификации и јавна набавка: 2 месеци
- Инсталација и тестирање на терминалите: 1 месец
- Воспоставување систем за техничка поддршка и обука на персонал: 1 месец
- Пуштање во употреба и промотивна кампања: 1 месец

Вкупната временска рамка за имплементација изнесува околу 5 месеци.Со ова решение се очекува значително намалување на редиците и гужвите на шалтерите, подобрена услуга за граѓаните преку 24/7 достапност, унапредување на дигитализацијата и транспарентноста во јавните претпријатија, како и оптимизација на трошоците за нивното работење. Воведувањето на платоматите ќе претставува прв чекор кон интегриран систем за наплата, што во иднина ќе овозможи целосна дигитална трансформација на јавните услуги во Битола.

.

# ТРЧАМЕ НАПРЕД, ГРАДИМЕ ПОДОБРО УТРЕ!

ЈОВАНА СПАСЕНОСКА

-ВМРО-ДПМНЕ-

## *Трчаме напред, градиме подобро утре!*

## 1. Резиме

Градскиот парк во Битола е место каде многубројни граѓани секојдневно доаѓаат да трчаат, возат велосипед или едноставно уживаат во природата и рекреацијата. Но, и покрај својата важност, паркот со години се соочува со сериозен инфраструктурен проблем – отсуство на современа патека за трчање. Спортистите и рекреативците се принудени да избираат меѓу трчање по тврди бетонски патеки, што создава ризик од повреди и хронични здравствени проблеми, или по трева, што ја уништува зелената површина и го нарушува изгледот и функционалноста на паркот. Овој проблем не само што го ограничува квалитетот на спортот и рекреацијата, туку го намалува и здравствениот придонес и мотивацијата на граѓаните да водат активен живот.

Досегашниот пристап за решавање на проблемот е нефункционален и недостасува официјално формализирано барање до општината. Постојните бетонски патеки не ги задоволуваат потребите на корисниците, па како резултат на тоа, тревните површини се уништуваат, граѓаните се изложени на ризик од повреди, а паркот постепено ја губи својата атрактивност како јавно добро. Постоечките решенија не обезбедуваат долгорочна одржливост и не ги стимулираат младите и спортските клубови да го користат просторот на оптимален начин.

Во рамките на иницијативата разгледани се четири можни алтернативи. Првата е задржување на сегашната состојба, што е најлесно финансиски, но најнеповолно за граѓаните и за природата. Втората е да се користат постојните бетонски патеки, кои се евтини, но не ги решаваат проблемите со здравјето и зелениот простор. Третата алтернатива е изградба на нова патека на друга локација, на пример во спортски центар, која би била специјализирана за професионален спорт, но би била недостапна и поскапа за пошироката јавност. Четвртата, и најоптималната, е поставување на тартан патека во рамките на постојниот парк, која овозможува безбедна, еластична и достапна подлога за сите корисници, ги штити тревните површини и го поттикнува здравиот начин на живот.

По разгледување на сите можни алтернативи, документот го препорачува последното предложено решение. Патеката би била долга 800 метри и широка 1,9 метри, со модерен тартан слој кој обезбедува удобност и безбедност за сите генерации. Финансиски, проектот е оправдан, со вкупна проценета вредност од 13,5 милиони денари, а реалистичната временска рамка од 4–6 месеци овозможува граѓаните да ја користат патеката веќе следната сезона. Дополнително, ова решение ја штити природата, поттикнува спортски активности, овозможува

организирање на настани и е долгогодишна инвестиција во здравјето и благосостојбата на граѓаните.

Со други зборови, изградбата на тартан патека не е само инфраструктурен зафат, туку стратегиска инвестиција која го враќа Градскиот парк во центарот на активниот и здрав живот во Битола, овозможувајќи им на граѓаните да уживаат во безбеден, функционален и еколошки одржлив јавен простор.

## 2. Проблем – контекст и важност

Градскиот парк во Битола претставува еден од најважните јавни простори за спорт, рекреација и секојдневен одмор за многубројни граѓани. Неговата централна локација, отвореност и природен амбиент го прават омилено место за физичка активност на отворено – како за професионални спортисти, организирани спортски клубови, така и за големиот број рекреативци кои го користат паркот како дел од нивниот здрав начин на живот. Сепак, и покрај оваа важност, паркот со години се соочува со еден сериозен инфраструктурен недостаток: отсуство на современа патека за трчање која одговара на потребите на корисниците.

Потребата за подобрување на условите е одамна препознаена, но до скоро не постоеше официјално формализирано барање до Општината – ниту од спортските клубови, ниту од граѓанските здруженија. Оваа празнина не е резултат на недостаток на интерес или волја, туку на недостиг на иницијатива која би го канализирала овој широк интерес во конкретен предлог поткрепен со анализа и податоци. Во пракса, тоа значи дека спортистите и рекреативците секојдневно се соочуваат со истите ограничувања и импровизации, без вистинско решение.

Истражувањето спроведено во рамки на иницијативата „Патека за сите“ ја потврдува оваа реалност. Анкетата опфати 70 испитаници од различни возрасни групи и профили на корисници. Најголем дел од нив се млади луѓе на возраст од 18 до 29 години (61,4%), што е силен индикатор дека новите генерации активно го користат просторот за спорт и рекреација. Половина од испитаниците го посетуваат паркот секојдневно, а уште 40% неколку пати неделно, што значи дека паркот има постојана висока фреквенција на корисници. Најчестите активности се трчање и брзо одење (по 54,3%), возење велосипед (28,6%) и вежбање на отворено (22,9%).

Но, проблемот е во условите за тие активности. Бидејќи нема соодветна патека за трчање, сите корисници се принудени да избираат меѓу две неповолни опции: трчање по тврди бетонски патеки или трчање по трева. Бетонските патеки, иако на прв поглед практични, се премногу тврди за зглобовите, колената и мускулите, особено при честа употреба. Спортистите кои редовно тренираат таму ризикуваат здравствени проблеми и повреди. Од друга страна, трчањето по тревата создава дополнителни проблеми, односно се уништува тревната

површина, се појавуваат калливи и нерамни делови, се нарушува зеленилото и природниот изглед на паркот, а со тек на време се влошува и квалитетот на просторот како јавен парк.

Податоците од анкетата ја потврдуваат оваа состојба: 65,7% од испитаниците изјавиле дека моменталната состојба на патеките многу им пречи при трчање, а дополнителни 31,4% дека делумно им пречи. Огромно мнозинство (97,1%) сметаат дека постои потреба од изградба на современа патека, а исто толку очекуваат Општина Битола веднаш да инвестира во ваков проект. Она што е особено значајно е што 78,6% изјавиле дека доколку постои соодветна патека, тие би ја зголемиле својата физичка активност. Ова значи дека проблемот не се сведува само на комфор и безбедност, туку директно влијае и врз мотивацијата на граѓаните да практикуваат здрав начин на живот.

Паркот е важен и за организираниот спорт. Скоро половина од испитаниците се членови на спортски клуб или група, а значителен број клубови редовно или повремено тренираат таму. Атлетичари, фудбалери, ракометари, одбојкари – сите користат делови од паркот за кондициски тренинзи. Но, без современа спортска подлога тие се лишени од услови какви што постојат во поголем дел од европските градови. За младите спортисти тоа значи дека нивниот развој се одвива во неконкурентни услови, што директно влијае и врз спортските резултати и амбициите на клубовите.

Овие проблеми не се само спортско или еколошко прашање – тие имаат пошироки социјални и економски последици. Сегашниот пристап е нефункционален и штетен: граѓаните се изложени на ризик од повреди, зеленилото се уништува, а паркот постепено ја губи својата атрактивност како јавно добро. Истовремено, општината се соочува со зголемени трошоци за одржување на тревните површини и со зголемен притисок од јавноста за решавање на проблемот.

Очигледно е дека постои итна потреба од системско и одржливо решение кое ќе обезбеди современи услови за спорт и рекреација во паркот, ќе го заштити зеленилото и ќе одговори на растечката побарувачка од страна на граѓаните и спортските клубови. Со ваков пристап, Градскиот парк ќе може да ја исполни својата улога како инклузивен, безбеден и квалитетен јавен простор кој ќе придонесува кон здравјето, благосостојбата и активниот живот на сите генерации во Битола.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

По утврдувањето на проблемот и потребата за подобрување на инфраструктурата во Градскиот парк, логично се наметнува прашањето на кој начин може да се реши овој проблем. Разгледани беа неколку можни решенија, секое со свои предности и недостатоци.

**Алтернатива 1: Задржување на сегашната состојба**

Оваа опција значи паркот да продолжи да се користи без никаква интервенција. Таа е најлесна за Општината од аспект на финансии и административни обврски, бидејќи не бара инвестиции, ниту промени во инфраструктурата. Но, задржувањето на сегашната состојба носи сериозни ризици. Според податоците од анкетата, 97,1% од испитаниците сметаат дека постои потреба од нова патека, а 65,7% велат дека сегашните услови им пречат многу при трчање. Овој пристап би значел дека проблемот останува нерешен, со што ќе продолжи уништувањето на тревните површини, ризикот од повреди кај корисниците и постепеното намалување на атрактивноста на паркот како јавно добро. Иако финансиски најмалку оптоварувачка, оваа алтернатива е социјално и еколошки најнеповолна.

**Алтернатива 2: Реконструкција  на постојните бетонски патеки**

Втората можност е паркот да продолжи да се користи со постојните бетонски патеки, евентуално со нивна реконструкција или проширување. Финансиски, оваа опција изгледа поекономична од изградба на нова спортска патека, бидејќи користи постоечка инфраструктура. Но, од аспект на здравје и безбедност таа е проблематична. Трчањето по бетон создава силен притисок врз колената и зглобовите, што со тек на време може да предизвика повреди и хронични проблеми. Дополнително, резултатите од анкетата покажуваат дека 78,6% од испитаниците би ја зголемиле физичката активност само доколку има современа патека, што значи дека бетонот не се смета за задоволителна опција. Иако оваа алтернатива ја минимизира почетната инвестиција, таа долгорочно не ги решава ниту здравствените, ниту еколошките предизвици.

**Алтернатива 3: Инвестиција во нова атлетска патека на друга локација**

Третата алтернатива е изградба на нова атлетска патека надвор од Градскиот парк, на пример во рамките на стадион или спортски центар. Неколку испитаници ја спомнале оваа идеја во анкетата. Оваа опција би создала услови за професионален спорт, организирање натпревари и развој на атлетиката во Битола. Предност е тоа што патеката би била специјализирана и опремена според спортски стандарди. Сепак, ваквото решение бара значително поголема финансиска инвестиција, нова инфраструктура и дополнителен простор. Во пракса, тоа значи и дека патеката би била повеќе користена од клубови и професионалци, а помалку од обичните граѓани кои паркот го користат за секојдневна рекреација. Од аспект на инклузивност и пристапност, оваа алтернатива е ограничена и не одговара на потребите на пошироката заедница.

**Алтернатива 4: Поставување на тартан патека во рамките на постојниот парк**

Четвртата алтернатива е адаптација на дел од постојната бетонска патека во Градскиот парк со современа тартан подлога. Проектот предвидува патека со должина од приближно 800 метри и ширина од 1,9 метри. Ваквото решение има повеќе предности: обезбедува еластична и безбедна површина за трчање, ги штити тревните површини од уништување, е финансиски оправдано (13,5 милиони денари – достижна инвестиција за општината) и е достапно за сите граѓани, без разлика на возраст или ниво на физичка активност. Дополнително, патеката овозможува организирање спортски настани, поголема мотивираност кај младите и зголемена посетеност на паркот. Според анкетата, 97,1% од граѓаните го поддржуваат ваквото решение и сметаат дека треба да се реализира што е можно побрзо. И покрај тоа што финансиските ресурси потребни за спроведување на оваа алтернативе се повисоки од останатите, сепак позитивните страни преовладуваат со оглед на тоа што оваа алтернатива е пример за баланс помеѓу пристапност, безбедност и одржливост.

## 4. Избрано решение и последователни активности

По разгледување на сите можни алтернативи, се препорачува поставување на тартан патека во рамки на постојниот Градски парк во Битола. Оваа опција произлегува како најлогична, најиздржана и најшироко поддржана – и од страна на граѓаните и од страна на спортските клубови. Со вакво решение се задоволуваат повеќе цели истовремено: се обезбедуваат безбедни и современи услови за спорт и рекреација, се штити зеленилото од дополнително уништување, се поттикнува здрав начин на живот кај младите и возрасните, а паркот се унапредува во вистински урбан центар за активна заедница.

Анкетата спроведена во рамки на иницијативата „Патека за сите“ покажа дека дури 97,1% од испитаниците ја поддржуваат изградбата на ваква тартан патека, а 78,6% изјавуваат дека со тоа би ја зголемиле својата физичка активност. Ова укажува дека проектот има потенцијал не само да го подобри квалитетот на рекреацијата, туку и активно да ја зголеми стапката на физичка активност кај населението, што е особено важно во време кога јавните здравствени политики го промовираат активниот живот како превенција од болести.

Дополнително, Градскиот парк е веќе секојдневна дестинација за бројни спортисти и рекреативци: атлетичари, фудбалери, ракометари, одбојкари, фитнес-ентузијасти и семејства кои го користат за брзо одење или трчање. За сите нив, тартан патеката би претставувала нов квалитет во тренингот и рекреацијата – површина која е еластична, безбедна и пријатна за користење, независно од возраста и физичката кондиција.

Оваа алтернатива е силно оправдана и од еколошки аспект. Со нејзиното воведување, ќе се намали уништувањето на тревните површини, кои во моментов се користат како „импровизирани“ патеки за трчање, што резултира со калливи делови, нерамнини и ерозија.

Наместо паркот да се деградира со секоја нова сезона, ќе се создаде функционална инфраструктура која ќе го заштити неговиот природен амбиент и ќе ја подобри неговата естетика.

На крајот, оваа препорака не претставува само инфраструктурен зафат, туку и стратегиска инвестиција во јавниот здравствен и социјален капитал на градот. Со изградба на тартан патека, Битола ќе испрати силна порака дека вложува во здравјето, младите и квалитетот на живот на своите жители.

**Конкретни активности**

**Временска рамка**

- Фаза 1 (Подготовка и документација): 1–2 месеци
- Фаза 2 (Градежни работи и носиви слоеви): 2–3 месеци
- Фаза 3 (Поставување на тартан подлога и ознаки): 1 месец

Вкупно времетраење: 4–6 месеци

Оваа временска рамка овозможува проектот да биде завршен во рамки на една календарска година, што значи дека граѓаните ќе може да ја користат новата тартан патека веќе следната сезона.

1. Изработка на проектна документација:
    - Вклучува анализа на локацијата, геодетско снимање, идејно решение, главен проект и техничка спецификација.
    - Времетраење: 1–2 месеци.
    - Финансиски трошоци: 250.000 МКД
2. Подготвителни работи:
    - Исколчување и обележување на трасата.
    - Машински ископ и отстранување на постојната подлога (1.600 $m^2$).
    - Ископ од трета категорија и набивање на подлогата.
    - Времетраење: 1 месец.
    - Трошоци: околу 724.800 МКД.
3. Формирање на носиви слоеви:
    - Планирање и валирање на постелката.
    - Набавка и вградување на дробеник (320 $m^3$).
    - Поставување на асфалт BNHS 16-а со просечна дебелина од 6 cm (1.600 $m^2$).
    - Времетраење: 1–2 месеци.
    - Трошоци: 2.464.000 МКД.
4. Поставување на тартан подлога:

- Набавка и поставување на современа еластична тартан подлога (1.600 $m^2$).
- Ознаки за трчање и сигнализација.
- Времетраење: 1 месец.
- Трошоци: 7.840.000 МКД.

5. Одржување и менаџирање:
    - Редовно чистење и одржување на површината.
    - Поправки на оштетувања.
    - Организација на спортски настани во соработка со спортските клубови и училиштата.
    - Годишни оперативни трошоци: 150.000–200.000 МКД (приближна проценка).

**Финансиски импликации**

Вкупната проценета вредност на проектот изнесува 13.497.784 МКД (околу 220.000 евра). Оваа инвестиција опфаќа целосна изведба – од проектна документација до финално поставување на тартан подлогата. Иако станува збор за значителна сума, проектот е финансиски оправдан бидејќи носи долгорочни придобивки: подобро здравје на граѓаните, намалени трошоци за одржување на тревните површини, поголема посетеност на паркот и можност за развој на спортски туризам.

# Иновативни иницијативи во Општина Боговиње

01

## Младински центар во Општина Боговиње

Бениса Арслани (ДУИ)

# БОГОВИЊЕ ЗА МЛАДИТЕ: ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛНОСТ

БЕНИСА АРСЛАНИ

-ДУИ-

# *Боговиње за младите: Од идеја до реалност*

## 1. Резиме

Општина Боговиње се соочува со јасен и итен предизвик: недостаток на безбедни, инклузивни и атрактивни младински простори, што го ограничува личниот, професионалниот и социјалниот развој на младите. Младите се чувствуваат изолирани и неактивирани, додека постојните можности за учество, практично воспитание и креативен развој се многу ограничени. Сегашниот пристап кон ова прашање кое главно се базира на спорадично користење на јавни објекти за ад-хок активности, не обезбедува одржлив простор, прилагоден на потребите на младинската заедница и не вклучува надворешни партнери за финансиска или техничка поддршка. Како резултат на тоа, претходните иницијативи не успеаја да создадат трајно влијание: недостатокот на соодветна опрема, нефлексибилната инфраструктура и недостатокот на структурирани програми доведоа до ниска фреквенција на користење и минимален ангажман на младите луѓе.

Во обид да се реши овој проблем, истражени се неколку алтернативи. Изградбата на нов објект од нула е скап и времетраењето на проектот би било долго, што ја прави оваа опција неисплатлива на краток рок. Проширувањето на активностите во постојните области без значителни технолошки и инфраструктурни инвестиции ќе има минимален ефект и нема да гарантира финансиска или програмска одржливост. Привремениот центар или несекојдневните активности во други простории не можат да ја обезбедат потребната стабилност и идентитет за младинската заедница.

По анализата на овие опции и директните консултации со 33 млади лица од општината, решението е јасно: адаптирање на постоечкиот општински објект во мултифункционален Младински центар, во комбинација со модел на јавно-приватно партнерство. Овој пристап не само што е финансиски и временски ефикасен, туку и директно одговара на барањата на заедницата. Анкетата покажува дека 24% од младите би го посетувале центарот секој ден, 33% неколку пати неделно, а 42% би учествувале во специјализирани настани, додека над 80% од нив сметаат дека е важно просторот да биде отворен, безбеден и поддржан од општината и донаторите. Во изборот на активности, главните приоритети вклучуваат практична и стручна обука, младински дебати и форуми, медиумска и креативна продукција, како и психолошко советување и кариерна ориентација.

Центарот ќе се трансформира во модерен и флексибилен простор, со сали за обуки и културни настани, технолошки и медиумски простори, библиотечни, рекреативни и спортски простори, канцеларија за психолошко советување и дигитална инфраструктура со бесплатен интернет и

мултимедијална опрема. Почетната инвестиција ќе изнесува 35.500 евра, додека годишните оперативни трошоци се проценуваат на околу 39.500 евра, со комбинирана поддршка од општинскиот буџет, локалните бизниси, меѓународните грантови, приватните партнерства и симболичните придонеси на младите. Проектот ќе се спроведува во три фази во рок од една година, обезбедувајќи функционален, одржлив и многу значаен простор за младите и локалниот развој.

Овој проект претставува стратешки чекор кон долгорочната визија на општината за зајакнување на младите, создавајќи одржливи можности за социјален, културен и економски развој. Проектот е во согласност со Законот за младинско учество и ги одразува конкретните желби и потреби на младите од Боговиње, обезбедувајќи им простор каде што нивниот глас има директно влијание врз заедницата и каде што можат целосно да се развиваат како поединци и активни членови на општеството.

## 2. Проблем – контекст и важност

Општина Боговиње е подрачје со големо човечко, културно и природно богатство. Најголем потенцијал има кај младите – над 40% од населението е на возраст под 30 години, што ја прави оваа општина една од најмладите во државата. Ова е уникатен капитал, можност која ретко се нуди на заедниците: енергијата, креативноста и идеите на помладата генерација да се трансформираат во двигател на долгорочниот развој. Сепак, овој голем потенцијал останува неискористен, бидејќи младите луѓе го немаат потребниот простор да се изразат, да се развиваат и да бидат активен дел од заедницата.

Во отсуство на постојан и функционален младински центар, Боговиње се соочува со значаен јаз во социјалниот, образовниот, културниот и спортскиот живот. Нејзината младина, без оглед на желбата и талентот, не е во можност да посетува структурирани обуки, да учествува во иновативни активности или да развие вештини кои би ја подготвиле за современиот пазар на труд. Културните и социјалните активности остануваат ретки, често организирани во привремени простори, без соодветна опрема и услови. Исто така, спортот, кој покрај тоа што е неопходен за физичкото здравје и градењето на дисциплина и тимски дух, е ограничен од недостатокот на инфраструктура. Дополнително, младите од Боговиње се лишени од простори за граѓанско учество, каде што би можеле да одржуваат дебати, да дискутираат за своите идеи и да учествуваат во донесувањето одлуки на локално ниво.

Покрај практичната и општествената потреба, важноста од формирање на младински центар во Боговиње произлегува и од државната правна рамка. Законот за младинско учество и младински политики, донесен во јануари 2020 година, јасно предвидува дека секоја општина во Северна Македонија има обврска да формира Младински совет, да подготви Локална

младинска стратегија, да има службеник за млади и функционален Младински центар. Законот, исто така, бара од општините да посветат посебен буџет на младинските политики, со што се осигурува дека младите нема да бидат оставени на периферијата на локалниот развој. Имплементацијата на овие одредби не е само почитување на законот, туку и неопходен чекор да се гарантира дека младите од Боговиње имаат простор и институционална поддршка каква што заслужуваат.

Во пракса, недостаток на младинскиот центар создаде ситуација каде што многу млади луѓе се принудени да го поминуваат своето слободно време на непродуктивни начини или да патуваат во други градови за да најдат активности што недостасуваат во нивната општина. Оваа реалност не само што го намалува нивото на социјална и образовна инклузија, туку и турка сè повеќе млади кон емиграција, не гледајќи можност да градат иднина во својата татковина. Ако овој тренд продолжи, постои ризик дека Боговиње ќе изгуби цела генерација со огромен потенцијал, оставајќи ја заедницата без енергија, креативност и идеи кои обезбедуваат развој.

Ваквата состојба има далекусежни последици. Без простори за средба и соработка, младите остануваат изолирани и фрагментирани, што ја ослабува социјалната кохезија. Без програми за обука и развој, нивните вештини остануваат ограничени, намалувајќи ја конкурентноста на пазарот на труд. Без позитивни алтернативи на ангажманот, ризикот од насочување кон непродуктивни однесувања или социјални нарушувања се зголемува. Пред сè, без платформи каде што се слуша нивниот глас, тие остануваат исклучени од процесите на донесување одлуки, создавајќи чувство на дистанцирање од заедницата и недостаток на припадност.

Дури и кога се организирани спорадични младински иницијативи, тие се кратки и фрагментирани, поврзани со привремени проекти кои се завршуваат без да остават трага. Ентузијазмот кај младите брзо исчезнува бидејќи не постои постојан механизам за обезбедување континуитет и квалитет на активностите. Објектите што се користат, како што се училиштата за вон-наставни активности, заедничките сали или отворените простори, се покажаа како несоодветни, зависни од физички или климатски ограничувања и без соодветна логистика за мултифункционален развој. Така, младите од Боговиње остануваат без место каде што ќе се чувствуваат како свои – без центар на социјална и културна гравитација, безбеден и гостопримлив простор каде што ќе се чувствуваат поддржани, мотивирани и посилни.

Анкетата спроведена со младите од општината јасно го покажува овој јаз. Над половина од нив рекоа дека редовно ќе го посетуваат младинскиот центар, додека значителен дел дури и ќе го користат секој ден. Тие ги идентификуваа практичната и професионалната обука, младинските дебати и форуми, психолошкото советување, спортските активности, како и креативните простори за медиумите и уметноста, како најважни приоритети. Покрај тоа, младите го гледаат

младинскиот центар не само како место на активности, туку како отворен простор за сите, со пристап до интернет, безбеден, инклузивен простор, поддржан од општината и од донатори.

Оваа комплетна слика покажува дека недостатокот на младински центар не е само инфраструктурен проблем, туку сериозна пречка за социјалната, културната и економската иднина на Боговиње. Младите, како најголем и најдинамичен сегмент од населението, ако не се ангажираат, се претвораат од извор на енергија и иновации во изгубен потенцијал, носејќи стагнација и зголемена емиграција. Затоа, инвестирањето во создавање на младински центар не е само чекор кон подобрување на условите за младите, туку стратешка неопходност за општината. Таквиот центар ќе стане катализатор за локален развој, ќе го зајакне човечкиот капитал, ќе поттикне активно учество и иновации и пред сѐ ќе создаде заедничка визија за иднината на заедницата.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Во потрага по одржливо решение за формирање на младински центар во општината, беа разгледани неколку алтернативи кои се разликуваат една од друга по цена, времетраење, практичност и долгорочно влијание. Секоја алтернатива носи свои предности и ограничувања, нудејќи различни опции кои се движат од зачувување на постојниот модел до изградба на модерен објект или партнерства со приватниот сектор.

**Алтернатива 1: Користење на постојните јавни простори**

Оваа опција предвидува користење на веќе постоечки општински простории, како што се училишните сали, библиотеките или општинските простори, кои ќе бидат прилагодени за младински активности. Главната предност е заштедата на финансиски средства и способноста да се реализира релативно брзо, со оглед на тоа што постои основната инфраструктура. Сепак, овој пристап често се соочува со временски и просторни ограничувања, бидејќи овие средини се користат и за други функции. Понатаму, недостатокот на посебен идентитет како младински центар може да го намали чувството на припадност на младите.

**Алтернатива 2: Создавање на нов објект**

Изградбата на нов младински центар е најамбициозно решение, кое ќе обезбеди модерен простор, прилагоден конкретно на потребите на младите. Ваквиот центар би создал услови за разновидни активности, обезбедувајќи стабилен простор и јасен идентитет на локално ниво. Од друга страна, оваа опција бара подолго време за имплементација, голема финансиска инвестиција и континуирана посветеност на одржување, што може да ја отежни практичната имплементација на краток рок.

Алтернатива 3: Партнерство со приватниот сектор или со невладините организации

Трета алтернатива е да се воспостави јавно-приватно партнерство или соработка со граѓански организации. Овој модел овозможува споделување на трошоците и ресурсите, а носи и дополнителна експертиза во управувањето со центарот. Главната предност лежи во флексибилноста и способноста да се обезбеди ново финансирање за активностите. Сепак, зависноста од приватен партнер или невладина организација може да создаде несигурност за тоа дали договорот ќе заврши или финансирањето ќе биде намалено, што ќе го направи центарот помалку одржлив на долг рок.

**Алтернатива 4: Хибриден модел**

Оваа алтернатива ја комбинира употребата на постоечките простори со елементи на партнерство, обезбедувајќи пофлексибилен пристап кој е постепено граден. На пример, дел од активностите може да се одвиваат во просториите на општината, додека другиот дел на активности да биде поддржан од приватниот или невладиниот сектор. Овој модел е финансиски поизводлив отколку изградба на нов објект и обезбедува поголема сигурностотколку целосното потпирање на приватен партнер. Сепак, предизвикот лежи во координирање на засегнатите страни и обезбедување на заедничка визија, без која може да се изгуби кохерентноста и функционалноста на младинскиот центар.

## 4. Избрано решение и последователни активности

По анализата на можните опции и врз основа на резултатите од истражувањето со 33 млади лица од Општина Боговиње, препораката е Општината да се посвети на адаптирање на постоечкиот општински објект во мултифункционален Младински центар, во комбинација со модел на јавно-приватно партнерство. Ова решение не е само финансиски изводливо и навремено, туку и во целосна согласност со барањата на младите.

Резултатите од анкетното истражување ја потврдуваат оваа препорака. Над 57% од младите изјавиле дека редовно ќе го посетуваат центарот, додека други 30% ќе го користат од време на време. Поконкретно, во однос на фреквенцијата на користење: 24% би го посетувале центарот секој ден, 33% неколку пати неделно, а 42% би присуствувале на специјализирани настани. Ова покажува висок потенцијал на употреба и интензивно вклучување на младинската заедница. Исто така, над 80% од младите сметаат дека е од суштинско значење да се создаде отворен простор за сите, безбеден и поддржан од општината и донаторите. Овие податоци покажуваат дека инвестирањето во младински центар не е проект „турнат одозгора", туку конкретно барање и артикулирано од самата младинска заедница.

Дури и во изборот на приоритетни активности, младите дадоа јасна определба: 63.6% побараа практична и стручна обука, 51.5% изразија интерес за младински дебати и форуми, додека 36.4% за медиуми и подкасти, како и за психолошко советување. Овие податоци покажуваат

дека просторот треба да нуди не само културно-рекреативни активности, туку и програми директно поврзани со вештини значајни за пазарот на труд и психосоцијалната поддршка. Токму поради оваа причина, опцијата за реконструкција на постоечкиот објект, во комбинација со партнерства за обезбедување на опрема и програми, е најсоодветна: нуди постојан центар, прилагоден на потребите на заедницата, без одлагање и големи трошоци за изградба од нула.

**Примарни цели**

Проектот има намера да постигне пет главни цели:

1. Создавање на постојан и пријателски простор за младите, каде што тие можат да се соберат, да учат, да се дружат и да ја изразат својата креативност.
2. Развивање на практични и професионални вештини преку обука за технологија, лидерство, претприемништво и други области кои ги подготвуваат младите за пазарот на труд.
3. Промовирање на граѓанско учество преку форуми, дебати и активности што ги поврзуваат младите со локалните процеси на донесување одлуки.
4. Промовирање на менталното и физичкото здравје преку психолошко советување, спортски активности и програми за благосостојба.
5. Создавање мостови помеѓу младите и приватниот сектор, обезбедување можности за вработување, самовработување и професионална пракса.

**Опис на просторот на центарот**

Постојниот објект кој би се адаптирал ќе се трансформира во современ и мултифункционален центар. Во тој објект ќе бидат вклучени:

- голема сала за обуки, дебати и културни настани;
- технолошки и медиумски простор со подкаст студија и опрема за дигитална продукција;
- библиотека и читална;
- рекреативен простор за рекреативни активности;
- канцеларија за психолошко советување и кариерна ориентација;
- дигитална инфраструктура со бесплатен интернет, мултимедијална опрема и соодветна технологија.

Центарот ќе биде дизајниран врз база на флексибилност, така што ќе може да се прилагоди на различните потреби на младинската заедница.

**Приоритетна програма**

Програмата ќе биде структурирана во седум главни области:

1. Обука за животни и професионални вештини за технологија, лидерство, претприемништво и креативност.
2. Спортски и рекреативни активности, како што се турнири, вежби, јога и активности на отворено.
3. Медиумска и креативна продукција, преку подкасти, граѓанско новинарство и мултимедијални проекти.
4. Библиотечни и литературни клубови за јавно читање, средби со автори и креативни конкурси.
5. Филмски проекции и дискусии на едукативни и социјални теми.
6. Младински дебати и форуми поврзани со локални, државни и глобални прашања.
7. Психолошко советување и кариерно насочување, за емоционална поддршка, справување со стресот и посредување со пазарот на труд.

**Финансиски импликации**

Првичната инвестиција се очекува да изнесува 35.500 евра за набавка на мебел, технолошка опрема, осветлување и создавање функционални простори. Годишните оперативни трошоци се проценуваат на 39.500 евра, вклучувајќи ги платите на персоналот, комуналиите, одржувањето, едукативните материјали, промоцијата и организацијата на активностите.

Изворите на финансирање ќе бидат комбинирани:

- 20.000 евра од општинскиот буџет,
- 5000 евра од локалните бизниси,
- 15.000 евра од меѓународни грантови,
- 5.000 евра од партнерства со приватниот сектор,
- до 1.000 евра од симболичните придонеси на младите луѓе.

**Временска рамка за реализација**

Проектот би се спровел во три фази:

1. Подготвителна фаза (0–3 месеци): избор на објект, изработка на план за реконструкција и мобилизација на средства.

2. Фаза на реконструкција и опремување (4–9 месеци): адаптација на просторот и набавка на потребната опрема.
3. Фаза на функционализација (10–12 месеци): обука на персоналот, креирање на програми и официјално отворање на центарот.

Со ова темпо, младинскиот центар во Боговиње може да биде целосно функционален во рок од една година, обезбедувајќи одржлив модел за младинска инклузија и локален развој.

Овој проект претставува стратешки чекор кон долгорочната визија на општината за зајакнување на положбата на младите, создавајќи одржливи можности за социјален, културен и економски развој. Истиот е целосно во согласност со Законот за младинско учество и ги одразува конкретните желби и потреби на младите од Боговиње, обезбедувајќи центар каде нивниот глас има вредност и директно влијание врз заедницата.

.

# Иновативни иницијативи во Општина Гостивар

01

## Град без отпад, град со насмевка

Милот Селими (ДУИ)

# ГРАД БЕЗ ОТПАД, ГРАД СО НАСМЕВКА



МИЛОТ СЕЛИМИ

-ДУИ-

# *Град без отпад, град со насмевка*

## 1.Резиме

Центарот на Гостивар, како економско, социјално и културно средиште на градот, се соочува со недостиг од јавни корпи за отпадоци, што предизвикува видливи последици: расфрлање на отпадоците по јавните површини, небезбедни хигиенски услови, нарушен урбан изглед и негативно влијание врз економската и туристичката дејност. Проблемот не е само инфраструктурен, туку ја одразува и недоволната грижа за планирање и одржување на постојните корпи, како и ограничената институционална и граѓанска вклученост. Претходно поставените корпи, кои поради нерегуларно одржување често го попречуваа движењето на пешаците, беа отстранети, што придонесе во создавањето на постојниот јаз. Спроведената анкета покажува дека 97,5% од граѓаните ја сметаат ситуацијата за сериозна и го поддржуваат поставувањето на нови корпи, што јасно укажува на нивната подготвеност да прифатат практично и добро управувано решение.

Разгледани се неколку алтернативи за решавање на проблемот. Продолжувањето на сегашниот статус кво би довело до дополнително продлабочување на проблемот и намалување на довербата во институциите, додека поставувањето големи или подземни контејнери има функционални ограничувања и високи трошоци. Паметните корпи иако претставуваат иновативно решение, се прескапи и бараат специјализирано одржување, што носи ризик од неуспешна примена. Анализата покажува дека поставувањето стандардни јавни корпи на стратешки локации во центарот на градот е најефикасната алтернатива која е финансиски прифатлива, едноставна за управување и во согласност со очекувањата на граѓаните.

Во таа насока се препорачува поставување на 8–10 корпи на секои 100–200 метри во најпосетените места, односно во близина на кафулињата, институциите и автобуските постојки. Оваа опција ги комбинира непосредните придобивки за хигиената и урбаниот изглед со граѓанското учество и едукативните активности преку кампањи, акции за чистење и соработка со училиштата, младинските организации и бизнис-секторот. Предвидениот буџет изнесува околу 4.350 евра, а реализацијата може да се заврши во рок од 2–3 месеци, вклучувајќи мапирање, јавна набавка, инсталација, кампања за подигнување на свеста и првично следење на ефектите. Оваа опција овозможува интегриран, краткорочен и одржлив пристап, кој придонесува за трансформација на урбаната култура и зајакнување на врската меѓу заедницата и локалните институции.

## 2. Проблем – контекст и важност

Центарот на Гостивар, како економско, социјално и културно јадро на градот, денес се соочува со сериозен урбанистички предизвик: целосен недостаток на јавни корпи за отпадоци. Во местата каде што се концентрирани бизнисите, административните услуги и трговските активности, а каде секојдневно минуваат стотици жители и посетители од околината и дијаспората, непостоењето на ниту еден јавен пункт за фрлање на ситен отпад претставува не само технички јаз, туку и вистинска криза на урбанистичкото управување. Во радиус од околу еден километар од главниот плоштад не постои ниту една корпа, што е неприфатлива ситуација за град со над 60.000 жители и зголемен проток на сезонски посетители.

Оваа состојба предизвикува бројни и видливи последици. Граѓаните се принудени отпадот да го фрлаат на земја, покрај столбови, пред влезови на деловни објекти или на јавните површини. Како резултат на тоа, центарот на градот често е покриен со расфрлан отпад, што ја нарушува естетската слика, го намалува квалитетот на живот и создава небезбедни хигиенски услови. Од здравствен аспект, расфрланите отпадоци придонесуваат за ширење инсекти, привлекување улични животни и појава на непријатни миризби, со што се зголемува ризикот од инфекции и заболувања. За бизнисите неестетичкиот изглед на центарот има директни економски последици бидејќи истиот го прави помалку атрктивен и ги одвраќа потенцијалните клиенти. За град кој има за цел да се развива како современ и гостопримлив урбан центар, ова предизвикува сериозна штета за неговиот углед.

Досегашното искуство покажува дека проблемот не лежи само во непостоењето на корпи, туку и во недостигот на соодветно планирање и редовно одржување. Корпите што порано биле поставени, честопати го попречувале движењето на пешаците или пристапот до деловните објекти, а поради нередовното празнење станувале преполни и извор на нечистотија. Како последица на тоа, тие биле отстранети и не се замениле, создавајќи го сегашниот јаз.

Собраните податоци од спроведената анкета (70,6% бизнисмени и 29,4% жители) јасно ја потврдуваат сериозноста на проблемот и неговото доживување како итен предизвик за заедницата. Дури 97,5% од испитаниците се согласуваат дека постои сериозен проблем со отпадот на главниот плоштад, а исто толку силно го поддржуваат поставувањето на нови корпи. Дополнително, 80,7% од испитаниците потврдуваат дека корпите  во минатото биле ефективни кога биле правилно одржувани, што укажува дека граѓаните веруваат во ова решение, но очекуваат систематска примена и редовна грижа.

Очекувањата за бројот на корпи се исто така високи. Околу 46,2% од граѓаните сметаат дека се потребни 4–5 корпи за соодветно покривање на плоштадот и главните улици,  поставени на секои 100–200 метри на стратешки локации, додека за 25,2% потребни се повеќе од 5, што јасно става до знаење дека поставувањето минимален број не се смета за сериозно решение.

Теренската анализа, според урбанистичките стандарди, покажува дека за соодветно покривање на плоштадот и главните улици, потребни се најмалку 8–10 корпи, поставени на секои 100–200 метри на стратешки локации (во близина на кафулињата, постојките, институциите и местата со голема потрошувачка на храна).

Проблемот, сепак, не се сведува само на инфраструктурата. Голем број граѓани посочуваат на недостаток од институционална посветеност од страна на Општината и ЈКП „Комуналец“, изразувајќи фрустрација дека „ институциите изгледа немаат интерес за ова прашање“,што ја намалува подготвеноста на заедницата активно да придонесе за одржување на јавната чистота. Тоа е јасен показател дека институционалниот кредибилитет е подеднакво значаен како и физичкото поставување на корпи. Без позитивен пример и активна улога на институциите, граѓаните ретко се подготвени да преземат лична одговорност. Во овој контекст недостатокот на корпи преставува само симптом на подлабок проблем: отсуство на одржлив урбанистички план и култура на граѓанско образование. Не е доволно само да се постават корпи, така што самите граѓани бараат комбиниран пристап: инфраструктура надополнета со активности за подигнување на јавната свест, како што се едукативни кампањи, акции за чистење и активно партнерство помеѓу општината, бизнисите и заедницата. Токму затоа, поставувањето на корпи не е само техничка инвестиција, туку и чекор кон трансформирање на урбаната култура и зајакнување на довербата помеѓу граѓаните и локалните институции.

Како заклучок, недостатокот на корпи во центарот на Гостивар не е мал предизвик, туку проблем со повеќекратни влијанија – естетски, здравствени, економски и институционални. Тој ја одразува комплексноста на урбаното управување и културата на граѓаните, директно нарушувајќи ја секојдневната благосостојба на заедницата и угледот на градот. Поради тоа, интервенцијата не смее да се третира како опционална мерка, туку како итна потреба што бара интегрирано, сеопфатно и одржливо решение.




*Фотографијата ја илустрира моменталната состојба во центарот на градот, каде што јасно се одразува недостатокот на јавни корпи и соодветното одржување во урбаното опкружување.*

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

За да се  реши проблемот со недостатокот на корпи во центарот на Гостивар, разгледани се неколку можни алтернативи. Секоја од нив е оценета според функционалноста, трошоците, урбаното и социјалното влијание, како и можноста за брза имплементација. Овој процес на анализа покажува дека не секоја опција е соодветна, додека некои се издвојуваат како поприфатливи за локалниот контекст.

**Првата алтернатива  е да се продолжи со статус кво, односно воопшто да не се поставaт нови корпи**. Оваа опција не бара финансиски инвестиции и може да изгледа како наједноставно решение од институционален аспект. Сепак, нејзините придобивки завршуваат тука. Всушност, оваа алтернатива е неприфатлива, бидејќи го одржува и дополнително го продлабочува постоечкиот проблем. Податоците од анкетата покажуваат дека 97.5% од граѓаните го сметаат овој проблем за сериозен и бараат поставување нови корпи. Доколку институциите одлучат да не реагираат, ќе се зајакне перцепцијата за негрижа, што ќе ја наруши нивната кредибилност и дополнително ќе го направи центарот на градот непогоден за урбан живот и економски развој.

**Друга алтернатива е поставување големи контејнери на оддалечени места од центарот**. Оваа опција ја олеснува работата на ЈКП „Комуналец“, бидејќи го намалува бројот на пунктови за празнење и овозможува поголем капацитет за собирање отпад. Сепак, не ги задоволува реалните потреби на пешаците. Граѓанин што шета по плоштадот не може да ги носи отпадоците со себе до голем контејнер кој е сместен на периферијата на градот. Дополнително, концентрирањето на отпад во ограничен број пунктови создава други проблеми: непријатна миризба, визуелно загадување и перцепција за центарот како запуштен простор. Наместо да го реши проблемот, оваа алтернатива всушност го преместува на други локации.

**Третата алтернаива е поставување подземни контејнери**. Овие системи се естетски прифатливи, имаат голем капацитет и избегнуваат натрупување на отпад. Во некои градови во регионот тие се користат успешно. Сепак, тие бараат високи финансиски инвестиции и долг временски период за реализација. Цената за инсталација на таков контејнер е неколку пати поголема отколку за стандардните корпи, додека постојната инфраструктура во центарот на Гостивар (подземна мрежа, канализации и други инсталации) претставува технички предизвик која може да ја отежни, па дури и да ја оневозможи, реализацијата на оваа алтернатива. Затоа, ова решение не е соодветно за краток рок, иако може да се разгледува при долгорочното планирање на градот.

**Поиновативна алтернатива е користењето на паметни корпи („smart bins“)**, кои се напојуваат со соларна енергија и имаат механизми за компресија за зголемување на капацитетот. Главната предност е значително намалување на фреквенцијата на празнење,

можноста за мониторинг во реално време и усогласеноста со визијата за паметни градови. Сепак, оваа опција е исклучително скапа и бара специјализирано одржување. Во општина како Гостивар, каде буџетот е ограничен, а техничките капацитети на јавното претпријатие скромни, оваа алтернатива носи висок ризик од практичен неуспех. Една таква корпа може да чини неколку илјади евра, додека целиот проект за поставување стандардни корпи може да се реализира за само 4.000–5.000 евра.

**Петтата алтернатива е поставување на стандардни јавни корпи на стратешки локации во центарот на градот**. Теренската анализа покажува дека за адекватно покривање на плоштадот и главните улици се потребни 8–10 корпи, поставени на секои 100–200 метри, особено во проблематичните зони како кафулињата, продавниците за храна, влезовите на институции и автобуските посојки. Трошокот за оваа опција е минимален – околу 1.200 до 2.000 евра за купување на корпите, како и вкупно 4.350 евра со вклучена инсталација и одржување. Од друга страна, придобивките се значајни: подобрена чистота, намалување на трошоците за итно чистење, зголемување на угледот на градот и зголемување на економската атрактивност на зоната. Покрај тоа, ова решение ужива широка поддршка од граѓаните, односно 97,5% од испитаниците се изјасниле за ова опција, додека 80,7% веруваат дека претходните корпи имале позитивен ефект кога биле добро управувани. Ова алтернатива не е само техничка инвестиција, туку дел од еден поширок пристап.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Врз основа на анализата на алтернативите и јасните очекувања на граѓаните и бизнисите, се препорачува **поставување на стандардни јавни корпи за отпадоци во центарот на Гостивар и околните улици, на растојание од 100–200 метри една до друга**. Оваа опција е изводлива, финансиски достапна и ужива широка поддршка од граѓаните, обезбедувајќи непосредни придобивки за хигиената и урбаниот углед. Од анализата на алтернативите произлегува дека поставувањето јавни корпи е најбалансираното решение помеѓу ефикасноста, трошоците и поддршката од страна на граѓаните. Дополнително, оваа опција промовира граѓанска свест и соработка меѓу жителите, бизнисите и општинските институции, промовирајќи одржлив модел за управување со отпадот.

**Конкретните активности за имплементација се следни:**

1. **Планирање за поставување**: Мапирање на зоната за идентификација на најсоодветните локации, имајќи го во предвид интензитетот на движење на граѓаните и близината до бизнисите, во тесна соработка со локалните бизнисмени и жителите. Овој процес ќе овозможи корпите да бидат лесно достапни и правилно искористени со значително подобрување на чистотата на јавните површини.

2. **Набавка и инсталација**: Обезбедување корпи со соодветен капацитет и дизајн за секојдневниот вид на отпад, поставени на стратешки локации кои го опфаќаат целиот плоштад и околните улици. Овој чекор гарантира дека инвестицијата има максимален ефект и избегнува акумулација на отпад во одредени места.
3. **Координација со ЈКП „Комуналец“**: Воспоставување детален план за празнење на корпите 2–3 пати дневно и креирање на јасен механизам за известување за какви било проблеми или пречки. Овој чекор е исто така во согласност со очекувањата на граѓаните, бидејќи 68,1% од испитаниците ја нагласија потребата од директен дијалог со општината и ЈКП „Комуналец“, при што транспарентната и редовна комуникација со јавноста е од суштинско значење. Ваквата координација, исто така, обезбедува одржлива и континуирана услуга на долг рок.
4. **Кампања за подигнување на свеста**: Спроведување 4–6 неделна кампања преку постери, банери и на социјалните мрежи која ја промовира употребата на корпите и едукацијата за управување со отпадот. Ова не е само дополнителна мерка, туку барање кое произлегува од самите граѓани – 15,1% од испитаниците ја истакнаа потребата за вакви кампањи, што укажува дека заедницата е свесна за улогата на граѓанското образование во успехот на проектот. Се очекува преку таквата кампања постепено да се менуваат навиките и да се намали нечистотијата во јавните простори.
5. **Дополнителни активности во заедницата**: Вклучување на училишта, младински групи и локални организации во акции за чистење и едукативни активности, со што интервенцијата ќе биде сеопфатна и долгорочна. Ова ѝ дава на заедницата чувство на сопственост врз својата животна средина и го зајакнува граѓанското учество, создавајќи модел кој може да се примени и во други населби.
6. **Мониторинг и известување**: Месечни проверки на состојбата на корпите и чистотата на јавниот простор, вклучително и мерење на задоволството на граѓаните преку редовни анкети. Ова овозможува навремено идентификување на проблемите и прилагодување на услугата според реалните потреби на корисниците.

**Финансиски импликации:**

Проектот предвидува прифатлив буџет од околу **4.350 евра**, што ги покрива трошоците за набавка, инсталација, одржување и административните трошоци. За општина со големина на Гостивар, оваа бројка е минимална во споредба со очекуваното општествено и економско влијание, вклучително и подобрувањето на урбаниот углед, зголемувањето на задоволството на граѓаните и поттикнувањето на туризмот и локалното стопанисување.

**Временска рамка за реализација:**

Проектот може да се реализира во рок од **2–3 месеци** од одобрувањето:

● Месец 1: Мапирање и набавка на корпи.

● Месец 2: Инсталација и започнување на кампања за подигање на свеста.

● Месец 3: Прв мониторинг и почеток на активностите во заедницата.

Овој план обезбедува сеопфатен пристап, комбинирајќи практични решенија, граѓанско учество, како и едукација, кои се клучни елементи за одржливо и ефективно управување со отпадот во центарот на Гостивар..

# Иновативни иницијативи во Општина Дебар

01

## Простор за сите: Нови решенија за паркинг простор во Дебар

Арберије Лимани (ДУИ)

# ПРОСТОР ЗА СИТЕ: КРЕИРАЊЕ НА НОВИ РЕШЕНИЈА ЗА ПАРКИРАЊЕ ВО ДЕБАР




АРБЕРИЈЕ ЛИМАНИ
-ДУИ-

# *Простор за сите: Креирање на нови решенија за паркирање во Дебар*

## 1. Резиме

Градот Дебар, со население од околу 11.735 жители и 17 околни села, се соочува со опасен и растечки проблем во областа на урбаната мобилност: недостаток на организирани паркинг места. Во централните области, во близина на здравствените институции, пазарите и училиштата, густината на возилата го надминува капацитетот на постојната инфраструктура, принудувајќи ги граѓаните да паркираат на тротоари, зелени површини и места кои не се предвидени за оваа намена. Ова доведува до сообраќаен метеж, го намалува нивото на безбедност за пешаците и го отежнува пристапот до домовите, фирмите и институциите. Возачите и патниците губат време и гориво, жителите се соочуваат со тешкотии во нивните влезови, бизнисите се соочуваат со намалување на клиентите и логистички предизвици, додека најранливите групи, како што се постарите лица и лицата со посебни потреби, се соочуваат со сериозни бариери за движење.

За да се реши овој предизвик, истражени се неколку опции. Реорганизирањето на постојните паркинг места со јасна сигнализација и построги правила може да донесе привремено олеснување, но не е доволно за целосно справување со растечките потреби. Проширувањето на јавните патишта и простори ќе понуди поголем капацитет, но бара големи инвестиции и може негативно да влијае на зелените површини и квалитетот на урбаниот живот. Поттикнувањето на користењето на јавниот превоз и велосипедите е важно за намалување на товарот на возилата, но бара промена од страна на обичниот граѓанин и долгорочно инвестирање и не може да ја замени потребата за организирани паркинзи. Сеопфатно и одржливо решение е изградба на катни гаражи, заедно со создавање на нови обележани паркинг места и изрекување на казнени мерки против неправилното паркирање. Овој пристап ја адресира потребата од дополнителен капацитет, го подобрува пристапот и безбедноста на пешаците, подобро ги користи постојните простори и обезбедува можности за приходи за долгорочно одржување и работење.

Изградбата на гаражите ќе вклучува идентификација на стратешки локации, како што се центрите во близина на банки и ресторани, каде што може да се понудат 30–40 паркинг места, како и патот во близина на Културниот центар, со 10–15 паркинг места, обезбедувајќи лесен пристап до институции и услуги. Изградбата ќе биде во согласност со современите стандарди за безбедност, енергија, пристапност и структурна стабилност, вклучувајќи бетонска и челична конструкција, техничка опрема, автоматски бариери, безбедносни камери и алармни системи. Долгорочното урбанистичко планирање и кампањите за подигнување на свеста на граѓаните ќе гарантираат ефикасно користење и почитување на правилата за паркирање. Финансиската анализа покажува дека потребната почетна инвестицијата за изградба на гаражите е во висина од 36,2 милиони денари.Но бидејќи гаражите ќе генерират финансиски средства, се предвидува да се обезбеди поврат на инвестицијата (преку генерирани средства) од 27,4% за околу 3,6 години. Со тоа воедно се обезбедува и долгорочната финансиска одржливост. Вкупниот период на имплементација, од подготовката до почетното работење, се предвидува да трае 16–20 месеци.

На овој начин, изградбата на катни гаражи, во комбинација со планираните мерки за урбанистичко планирање и граѓанска едукација, претставува одржливо и сеопфатно решение за проблемот со паркирањето во Дебар, и носи подобрување на мобилноста, безбедноста, пристапот до услуги и квалитетот на урбаниот живот и создавање на пофункционален и поудобен град за живеење за сите жители.

## 2. Проблем – контекст и важност

Со последниот попис од 2021 година, Општина Дебар, која се наоѓа во југозападниот дел на државата, има население од 15.412 жители. Градот Дебар, како административен центар на општината, има население од околу 11.735 жители. Општината опфаќа вкупно 17 околни села, што ја прави област со широка распространетост на населението и различни потреби за превоз и паркирање. Градот Дебар се соочува со сериозен и растечки проблем во областа на урбаната мобилност, кој произлегува од критичниот недостаток на организирани паркинг места. Состојбата е особено изразена во централните области и околу здравствените институции, пазарот и образовните институции, каде што густината на возилата значително го надминува капацитетот на постојната инфраструктура.

Оваа нерамнотежа доведува до често паркирање на тротоари, зелени површини и локации кои не се предвидени за таа намена, предизвикувајќи сообраќаен метеж, намалувајќи го нивото на безбедност за пешаците и отежнувајќи го пристапот до домовите, деловните објекти и институциите. Најпогодени се возачите и патниците, кои трошат време и гориво во потрага по слободно паркинг место; жителите, кои често се блокирани да влезат во своите домови; локалните бизниси, кои се соочуваат со намалување на бројот на клиентите и логистички тешкотии; како и ранливите групи пешаци (постари лица, родители со мали деца во колички и лица со посебни потреби), кои се принудени да одат по тротоари полни со возила.

Причините за оваа состојба се повеќекратни:

- **Недостаток на прилагодено урбанистичко планирање во текот на годините**: Градскиот развој се случи без јасен план за паркирање, што доведе до користење на јавни места за паркирање.
- **Недостаток на систематски проценки на капацитетите за паркирање**: Нема детална анализа на потребите за паркирање во градот, што доведува до изградба на инфраструктура без да се земат предвид реалните барања.
- **Брзо зголемување на бројот на возила**: Со зголемувањето на бројот на возила, капацитетот на постојната инфраструктура е надминат.
- **Недостаток на ефикасни механизми за контрола и запирање на нелегалното паркирање**: Без јасни и применливи мерки, нелегалното паркирање стана честа појава.

Следствено, сегашните пристапи - ограничени на импровизации и привремени мерки – не обезбедуваат одржливи решенија.

Истражувањето спроведено во рамки на иницијативата „Простор за сите: Креирање на нови решенија за паркирање во Дебар“ ги даде следните резултати:

- **46%** од граѓаните трошат повеќе од 20 минути за да најдат слободно место за паркирање.
- **92%** сметаат дека бројот на постојните простори е целосно недоволен.
- **61,5%** поддржуваат изградба на катни гаражи, создавање на нови обележани паркинг места и примена на казнени мерки против неправилното паркирање.

Овие податоци покажуваат дека граѓаните не само што се свесни за проблемот, туку и се отворени за конкретни и регулирани решенија. Исто така, значителен дел од нив го поддржуваат воведувањето на казнени мерки против нелегалното паркирање, особено во најкритичните области, со цел намалување на хаосот во прометот и зголемување на безбедноста. Состојбата со паркирањето во Дебар претставува итен и повеќестран проблем, кој влијае на мобилноста, безбедноста, економскиот развој и квалитетот на урбаниот живот. Досегашните неуспеси за решавање на ова прашање создадоа реалност каде што импровизацијата повеќе не е доволна. Затоа, постои итна потреба од планирани интервенции базирани на податоци, ориентирани кон долгорочни и одржливи решенија, што ќе овозможат пофункционален, побезбеден и попријатен град за живеење за сите жители на Дебар.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

За решавање на проблемот со паркирањето и сообраќајот во Дебар, се разгледуваа неколку различни алтернативи за изнаоѓање одржливо решение на среден и долг рок. **Реорганизацијата на постојните паркинг места** се смета за можна почетна мерка, вклучително и поставување јасна сигнализација, визуелни знаци и построги правила за паркирање возила. Оваа опција има предност во брзата имплементација и може да донесе привремено подобрување на сообраќајот и оптимизација на постоечките простори. Резултатите од истражувањето покажуваат дека над половина од граѓаните секојдневно се соочуваат со потешкотии при наоѓање паркинг место, а 46% поминуваат повеќе од 20 минути во потрага по слободно место. Ова покажува дека реорганизацијата на постојните простори може да ја ублажи состојбата за дел од граѓаните, но тоа не е доволно за растечките потреби и не се однесува на структурните инфраструктурни ограничувања. На долг рок, ова ќе остане ограничена мерка.

Друга истражувана алтернатива е **проширувањето на јавните патишта и простори за создавање на нови паркинзи**. Оваа опција би можела да понуди поголем капацитет, што би

било корисно за справување за 92% од граѓаните кои сметаат дека бројот на постојните простори е недоволен. Сепак, тоа бара големи финансиски инвестиции и долги периоди за реализација. Исто така, проширувањето може негативно да влијае врз зелените површини и квалитетот на урбаниот живот, предизвикувајќи тензии меѓу заедницата и урбанистите. Така, иако оваа алтернатива може да додаде краткорочен капацитет, нејзиниот долгорочен ефект може да биде ограничен и потенцијално спротивставен.

Третата алтернатива вклучува **поттикнување на користење јавен превоз и велосипеди како алтернатива на приватниот автомобил**. Оваа опција има за цел да го намали товарот на возилата во центарот и да ја намали побарувачката за паркирање, со што ќе се подобри движењето и квалитетот на животот на пешаците, вклучувајќи ги и старите лица и лицата со попреченост. Сепак, оваа опција бара голема промена во навиките на граѓаните, континуирана едукација и инвестиции во инфраструктурата на јавниот превоз и велосипедските мрежи. Неговата ефикасност на краток и среден рок е ограничена и затоа може да послужи само како комплементарна мерка, а не како инкорпорирано решение.

Уште една од разгледаните алтернативи е **изградба на катни гаражи**, заедно со создавање на нови обележани паркинг места и изрекување на казнени мерки против неправилното паркирање. Оваа опција има за цел да го зголеми капацитетот за паркирање и да се справи со недостатокот на места во најпрометните области, имајќи предвид дека 92% од граѓаните сметаат дека сегашниот број на места е недоволен, а 46% трошат повеќе од 20 минути за да најдат место за паркирање. Покрај тоа, 61,5% од испитаниците поддржуваат изградба на катни гаражи и создавање на обележани простори, што укажува на подготвеноста на заедницата за структурни и организирани решенија. Оваа опција го вклучува и практичниот аспект, овозможувајќи поефикасно користење на постоечкиот простор и подобрување на управувањето со возилата; економскиот аспект, односно поефикасно искористување на просторот и создавање на можности за приходи за одржување; како и социјалниот аспект, преку подобрување на пристапот за пешаците и возилата и придонес кон создавање на поорганизирана и побезбедна средина за заедницата.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Врз основа на анализата на моменталната состојба со паркирањето во Дебар, резултатите од истражувањата и стручните проценки на урбанистичкото планирање и сообраќајот, едно од најфункционалните и најодрживите решенија е изградба на катни гаражи, во комбинација со интегриран урбанистички план и кампања за подигнување на свеста на граѓаните.

За реализација на проектот, предвидени се активностите да се реализираат во неколку јасни и меѓусебно поврзани чекори. Првично, треба да се идентификува стратешка локација во

центарот на градот, каде што граѓаните, бизнисите и јавните институции имаат лесен пристап и што не би влијаела негативно на постојното опкружување. Анализата на мапирањето идентификува пожелни области како центри во близина на банки и ресторани („Венец 1“), каде што трансформираните зелени површини може да понудат 30–40 паркинг места и улица P1202 во близина на Културниот центар и ресторанот „Либурн“, со ограничен капацитет од 10–15 паркинг места. Овие локации овозможуваат директен пристап до институциите, услугите и бизнисите, подобрувајќи ја мобилноста на граѓаните и посетителите.




Вториот чекор вклучува архитектонски и инженерски дизајн на гаражи, почитувајќи ги современите стандарди за безбедност, енергетска ефикасност, пристапност за лица со попреченост и структурна одржливост. Изградбата вклучува бетонска и челична конструкција, темели, столбови, скелиња, фасада и техничка опрема, како и инсталација на системи за плаќање, автоматски бариери, безбедносни камери, аларми и детектори за противпожарна заштита. Исто така, проектот вклучува долгорочно урбанистичко планирање, со обележување на нови паркинг места, регулирање на сообраќајот и контрола на нелегалното паркирање.

Важна компонента е и кампањата за подигнување на свеста и едукација на граѓаните, чија цел е промовирање на користењето на новите гаражи и почитување на правилата за паркирање. По изградбата, ќе се воспостави систем за мониторинг и одржување за да се обезбеди континуирана и безбедна работа на гаражите.

## Табела 1 – Капацитети на можните места за паркирање

| Област | Капацитет за паркирање (места) | Коментар |
|---|---|---|
| Венец 1 (во близина на банки и ресторани) | 30-40 | Пристапна локација, потенцијал за интеграција на зеленилото и урбанизацијата |
| Улица P1202 (во близина на Културен центар и ресторан Либурн) | 10–15 | Ограничен капацитет, погоден за дополнителна употреба |

## Табела 2 – Финансиска анализа на проектот за катна гаража

| **Категории** | **Предвиден износ (МКД)** |
|---|---|
| Подготовка на теренот | 4.500.000 |
| Конструкција | 18.000.000 |
| Фасади и надворешни елементи | 3.000.000 |
| Внатрешна опрема | 2.500.000 |
| Опрема за паркирање | 2.000.000 |
| Електрични и хидраулични инсталации | 1.800.000 |
| Дизајн и надзор | 1.200.000 |
| Резерви за неочекувани околности | 3.200.000 |
| **Вкупно** | **36.200.000** |

Годишните приходи се проектирани да **изнесуваат 10.720.000 денари**, обезбедувајќи **поврат на инвестицијата од 27,4% за една година и** вкупен период на поврат од околу 3,6 години. Работењето и одржувањето се планирани за да се обезбеди долгорочна финансиска одржливост и да се минимизира ризикот од непредвидени трошоци.

Рокот за реализација на проектот е предвиден на следниов начин: фазата на подготовка и проектирање ќе трае 3–4 месеци, изградбата и монтажата на опремата 12–14 месеци, а првичното тестирање и работа 1–2 месеци, со што вкупниот рок е **16–20 месеци**.

Имплементацијата на ова решение ќе обезбеди одржлив и ефикасен систем за паркирање, ќе го намали хаосот во градскиот сообраќај, ќе ја подобри безбедноста за пешаците и корисниците на патиштата и ќе придонесе за урбаниот развој на Дебар, создавајќи поорганизирана, побезбедна и пофункционална средина за жителите, бизнисите и посетителите.

# Иновативни иницијативи во Општина Демир Хисар

## 01 Рурална акција за почист Демир Хисар

Стефанија Кузмановска (СДСМ)

# РУРАЛНА АКЦИЈА ЗА ЧИСТ ДЕМИР ХИСАР

СТЕФАНИЈА КУЗМАНОВСКА
-СДСМ-

# *Рурална акција за чист Демир Хисар*

## 1. Резиме

Документот се фокусира на проблемот со управување со отпадот во руралните населби на Општина Демир Хисар, каде демографските предизвици и географската дисперзија го отежнуваат пристапот до редовни комунални услуги. Сегашниот систем е неефикасен поради недоволна инфраструктура, ограничени капацитети на ЈКП „Комуналец“, слаба институционална координација, ниска еколошка свест и застарено стратешко планирање. Како резултат, речиси 80% од жителите често забележуваат диви депонии, а околу 70% сметаат дека недостасуваат контејнери и точки за собирање на отпад, со сериозни последици по здравјето, животната средина, локалната економија и довербата во институциите.

Анализата идентификува неколку можни решенија за подобрување на состојбата:

- Проширување на услугите на ЈКП „Комуналец“, со набавка на специјализирани мали возила, зголемување на бројот на траси и прилагоден распоред и подобрување на техничките и кадровските капацитети;
- Воспоставување на „мини комунални центри“ во поголемите рурални населби, со учество на локалната заедница во собирање и селекција на отпад;
- Јавно-приватно партнерство за селектирање и рециклирање на отпадот, со цел создавање дополнителни вредности и зголемена ефикасност на системот.

Главната препорака е институционализирано проширување на услугите на ЈКП „Комуналец“, кое ќе обезбеди професионален и долгорочен сервис за еднаков пристап до управување со отпадот во сите рурални населби. Активното учество на граѓаните во акции за чистење и селекција на отпад го поттикнува одговорното однесување и еколошката свест, во согласност со ЕУ препораките за циркуларна економија и Националната стратегија за управување со отпад 2024–2030. Реализацијата вклучува набавка на возила, оптимизација на траси, обука на кадарот, редовен мониторинг и едукативни кампањи, со цел создавање одржлив и ефективен систем кој ќе ја подобри хигиената, здравјето и економскиот потенцијал на општината на долг рок.

## 2. Проблем – контекст и важност

Општина Демир Хисар се карактеризира со изразени демографски предизвици кои директно се одразуваат и врз управувањето со комуналните услуги. Бројот на жители континуирано се намалува, а миграциското салдо е негативно, што значи дека повеќе луѓе се иселуваат отколку

што се населуваат. Околу 50% од населението е на возраст над 50 години, што укажува на сериозно стареење на популацијата. Истовремено, младата популација е намалена и најчесто мигрира во поголеми урбани центри или надвор од државата. Оваа демографска структура ја ограничува достапноста на работна сила, ја намалува локалната економска активност и ја зголемува потребата за подобри социјални и комунални услуги, вклучувајќи управување со отпадот.

Во такви услови, проблемот со управување со отпадот во руралните средини прераснува во еден од најзначајните и најитни предизвици за локалната заедница. На територијата на општината постојат повеќе од 40 рурални населени места, најголемиот дел распоредени во планински предели со ограничен пристап. Она што на прв поглед изгледа како демографски и логистички проблем, во суштина претставува еколошка и инфраструктурна криза со долгорочни последици по здравјето, животната средина и локалниот развој.

Теренските анализи и спроведените анкети откриваат сериозна состојба: речиси 80% од жителите често или повремено забележуваат диви депонии во нивното село, а околу 70% сметаат дека недостасуваат контејнери или собирни места за отпад. Мапирањето на критични точки во 2024 година идентификуваше 28 активни депонии, од кои девет се наоѓаат во близина на водни текови и претставуваат висок ризик за загадување на изворите на питка вода и системите за наводнување, а шест се лоцирани во или покрај шумски површини, со што се загрозуваат локалните еко-системи.

Жителите на селата како Бабино, Слоештица, Зашле и Брезово, кои имаат растечки број на викенд-посетители и потенцијал за развој на рурален туризам, се особено погодени. Нивните коментари укажуваат на фрустрација поради отсуство на контејнери и фактот дека пренесувањето на отпадот до најблиските населени места каде има поставени садови е скапо и непрактично.

Главните причини за оваа состојба се повеќеслојни:

- **Недостаток на инфраструктура**: Дел од селата воопшто немаат поставено контејнери, а таму каде што ги има, често се преполни или недоволни;
- **Ограничени капацитети на ЈКП „Комуналец“**: Претпријатието располага со стари возила и нема редовен пристап до оддалечените населби, особено во зимски услови;
- **Недоволна институционална координација**: Општината нема воспоставено механизам за координација помеѓу месните заедници, службите и комуналното претпријатие;

- **Ниска еколошка свест**: Кај дел од населението и натаму постои перцепција дека отпадот „ќе го однесе реката" или „ќе изгори", што ја отежнува имплементацијата на современи практики;
- **Недоволно стратешко планирање**: Последниот План за управување со отпад 2013–2017 е со одамна истечена важност, а новиот Локален акциски план за управување со отпад 2024–2025 е во почетна фаза на спроведување, без уште да дава видливи резултати.

Последиците од ова несоодветно управување веќе се сериозни и се манифестираат во неколку области:

- **Здравствени ризици**: Постојана опасност од загадување на локалните водни извори, појава на заразни болести и ширење на глодари и инсекти;
- **Еколошка деградација**: Присуство на пластика, органски отпад и градежен шут во шумските подрачја и водните текови, што води до деградација на почвата, загадување на водите и ризик од пожари;
- **Социјални последици**: Недоверба во институциите и чувство кај жителите дека руралните населени места се систематски запоставени;
- **Економски последици**: Загрозување на потенцијалот за развој на рурален и еко-туризам, како и органско земјоделство, што се клучни можности за локален економски раст.

Заклучокот е дека несоодветното управување со отпадот во руралните населени места на општина Демир Хисар е комплексен проблем кој бара итни, интегрирани и долгорочни решенија. Само преку комбинација на инфраструктурни интервенции, јакнење на капацитетите на ЈКП, едукативни кампањи, засилен мониторинг и институционална координација може да се постигне одржливо подобрување на состојбата и да се спречат негативните последици по здравјето на луѓето, животната средина и локалната економија.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Анализата на состојбата во руралните населби на општина Демир Хисар и резултатите од спроведените анкети, SWOT  анализата и теренското мапирање покажуваат дека управувањето со отпадот се соочува со комплексни предизвици. Постојните услуги не го покриваат целосно теренот, особено во оддалечените населби, а граѓаните се соочуваат со недоволна фреквенција на собирање и недостиг на инфраструктура за селекција на отпадот. Во овој контекст, можат да се разгледаат неколку можни опции за подобрување на системот, секоја со свои особености, предности и ограничувања.

**Алтернатива 1: Проширување на услугите на ЈКП „Комуналец“**

Една од најистражуваните алтернативи е институционалното зајакнување на ЈКП „Комуналец“. Овој пристап се темели на идејата дека создавањето на професионален и долгорочен сервис е клучно за обезбедување еднаков пристап до управување со отпадот во сите рурални населби.

Проширувањето подразбира набавка на специјализирани мали возила кои би овозможиле редовно собирање на отпадот и во најоддалечените и планински населби, како и зголемување на бројот на рути и воспоставување нов распоред прилагоден на потребите на локалното население. Податоците од анкетите покажуваат дека 65% од жителите бараат почести собирања на отпадот, додека 75% сметаат дека поставувањето на дополнителни контејнери е приоритет. Ова укажува на тоа дека населението ја препознава потребата од институционализирана услуга и дека ваквиот пристап ќе биде долгорочно прифатлив за граѓаните.

Процесот на проширување вклучува и подобрување на кадровските и техничките капацитети на ЈКП, со што се зголемува ефикасноста и довербата на граѓаните во институцијата. SWOT анализата укажува дека постојат слабости поврзани со ограничени административни капацитети и ризик од недоволна поддршка при адаптација на нови услуги. Сепак, со стратешко планирање и обука на персоналот, овие предизвици може да се надминат, што ја прави алтернативата одржлива и ефикасна на долг рок.

**Алтернатива 2: „Мини комунални центри“ во месните заедници**

Втората алтернатива се однесува на воспоставување на локални „мини комунални центри“ во поголемите рурални населби. Овој пристап ја истакнува улогата на заедницата и ја поттикнува активната вклученост на граѓаните во управувањето со отпадот. Во рамките на овој модел, месните заедници би добиле инфраструктура со контејнери, вреќи и садови за селекција, а жителите би го транспортирале отпадот до централните точки или до руралните места со воспоставена инфраструктура. Податоците од анкетите покажуваат дека 51% од жителите се подготвени да учествуваат во локални акции за чистење, што ја отсликува можноста за градење на локална одговорност и чувство на сопственост. Сепак, искуствата од досегашните иницијативи покажуваат дека 65% од населението никогаш не било вклучено во еколошки акции, што ја нагласува потребата од континуирана поддршка, обука и мотивирање на заедницата за успешна имплементација.

Овој модел има предност во тоа што бара помали финансиски средства и може да се спроведе во краток рок, со директно вклучување на локалното население. Исто така, овозможува полесно тестирање на нови практики за селекција и транспортирање на отпадот во помали размери пред да се воведат на целата територија. Мапирањето на локациите покажува дека ваквите мини центри би можеле да ги покријат најфреквентните точки на собирање, со што се

обезбедува пристапност за поголем дел од населението. Ограничувањата се поврзани со организациските способности и волјата на заедницата, како и со капацитетот за справување со поголеми количини отпад, што ја прави оваа опција пооптимална за краткорочни и пилот-фази.

Особено е важно отворање на комунален центар во село Сопотница, опремен со соодветни теренски возила, кој ќе може да ги покрива „горните“ села во Општина Демир Хисар.

**Алтернатива 3: Јавно-приватно партнерство за селектирање на отпад**

Третата алтернатива се фокусира на воведување на јавно-приватно партнерство, кое би се однесувало на селектирање на отпадот и создавање на дополнителни вредности преку рециклирање. Во овој модел, приватен оператор би поставил контејнери за пластика, хартија и стакло, преземајќи ја логистиката за собирање и транспорт до рециклажните капацитети. ЈКП „Комуналец“ би продолжил да ги собира останатите мешани отпадни материјали, обезбедувајќи континуитет во јавната услуга. Анкетите покажуваат дека 40% од жителите го поддржуваат воведувањето систем за селекција, што укажува на постоечки интерес кој може да се зајакне преку едукациски кампањи и стимулирачки мерки. SWOT анализата нагласува дека слабостите поврзани со ниската искористеност на ресурси и недоволната едукација можат делумно да се надминат преку овој модел. Мапирањето укажува на тоа дека приватниот оператор може да ги покрие критичните точки каде е најголема концентрацијата на отпад за селекција, што ја зголемува ефикасноста на системот. И покрај придобивките, овој пристап бара сериозна регулација, контрола и континуирана работа со граѓаните за мотивирање и едукација, бидејќи дел од населението можеби нема навика или интерес да селектира отпад.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Најсоодветното решение за подобрување на управувањето со отпадот во Општина Демир Хисар е **проширување на услугите на ЈКП „Комуналец“**, со цел создавање на професионален и долгорочен сервис кој ќе обезбеди еднаков пристап до собирање на отпадот во сите рурални населби. Овој пристап ја интегрира потребата од институционализирана услуга, истовремено обезбедувајќи доверба на граѓаните и стабилен административен капацитет.

Препорачаните активности за проширување на услугите на ЈКП „Комуналец“ се целосно усогласени со Националната стратегија за управување со отпад 2024–2030, која ја нагласува потребата од институционализирани и долгорочно одржливи сервиси во руралните средини. Истовремено, воведувањето активности за активно учество на граѓаните, како што се локални акции за чистење и селекција на отпад, го следи духот на ЕУ препораките за циркуларна економија и одржливо управување со ресурси, поттикнувајќи одговорност и еколошка свест на заедницата.

Врз основа на мапирањето на критичните точки за отпад, се идентификуваа локации со висока концентрација на отпад и зони каде сегашните услуги на ЈКП не се достапни или се недоволно фреквентни. Најкритични се оддалечените и планинските населби, како и некои точки во близина на главните сообраќајници каде честото собирање е неопходно за избегнување еколошки ризици. Проширениот сервис би обезбедил покриеност на овие критични точки, со што ќе се намали расфрлувањето отпад и ќе се унапреди хигиената на целата општина.

SWOT анализата на сегашниот систем укажува на следните клучни фактори кои ја оправдуваат предложената алтернатива:

- **Силни страни**: постојно присуство на ЈКП „Комуналец“ на терен, постоечки технички и човечки ресурси кои можат да се надградат и доверба на граѓаните во институцијата.
- **Слабости**: ограничени административни и технички капацитети на ЈКП, недоволна фреквенција на собирање во оддалечените населби и недоволно инфраструктурно покривање.
- **Можности**: можност за набавка на специјализирани возила, зголемување на бројот на траси и воведување нов распоред, како и подобрување на кадарот преку обука и стратешко планирање.
- **Закани**: ризик од недоволна поддршка од општината или централните институции, можни застои при адаптација на новите услуги и финансиски ограничувања.

Врз основа на оваа анализа, препораките и конкретните активности за спроведување се следни:

1. **Набавка на специјализирани мали возила** за редовно собирање отпад, особено во критичните точки идентификувани преку мапирањето.
2. **Зголемување на бројот на траси и воспоставување нов распоред**, кој ќе го покрие целото рурално подрачје и ќе биде прилагоден на реалните потреби на населението.
3. **Подобрување на кадровските и техничките капацитети на ЈКП** преку обуки за ефикасно управување со отпад, логистика и одржување на возилата.
4. **Редовна анализа и мониторинг на критичните точки** со цел да се идентификуваат дополнителни локации за интервенција и да се оптимизира покриеноста на теренот.
5. **Кампањи за едукација на граѓаните** и информирање за новите услуги, со цел поголема прифатеност и учество во одржувањето на чистотата.

**Финансиски импликации**: Примената на ова решение ќе бара значајни средства за набавка на возила, инфраструктурно подобрување и дополнителни вработувања. Проценката покажува дека инвестицијата во технички и човечки капацитети ќе обезбеди долгорочно одржлив и ефективен сервис, намалувајќи ги трошоците на долг рок поради поефикасно собирање и намалување на еколошките штети.

**Временска рамка**: Реализацијата на ова решение е предвидено да се изведе во неколку фази, со краткорочен план (6–12 месеци) за набавка на возила и воспоставување нови траси, среднорочен план (12–24 месеци) за обуки на кадарот и оптимизација на логистиката, и долгорочен мониторинг (2–5 години) за прилагодување и проширување на услугите според потребите на населението.

Со имплементација на овие активности, Општина Демир Хисар ќе создаде стабилен и професионален систем за управување со отпадот, кој е поддржан од граѓаните, покрива критични точки и е одржлив на долг рок.

# Иновативни иницијативи во Општина Демир Капија

## 01 „ГраѓанИН“ – Апликација за дигитална трансформација на Демир Капија

Стефанија Соколовиќ (СДСМ)

# „ГРАЃАНИН“ – АПЛИКАЦИЈА ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

СТЕФАНИЈА СОКОЛОВИЌ

-СДСМ-

# ”ГраѓанИН“ - Апликација за дигитална трансформација на Општина Демир Капија

## 1. Резиме

Општина Демир Капија, сместена во јужниот дел на Република Северна Македонија, се соочува со значајни предизвици во комуникацијата и вклучувањето на граѓаните. Со население од 3.777 жители, од кои голем дел живеат во рурални и оддалечени средини, општината има ограничени и неефикасни канали за двонасочна комуникација. Постоечките форми – лични посети, телефонски повици и веб-страница која често не функционира – не обезбедуваат транспарентност, формална евиденција и пристапност за сите граѓани, особено за младите, постарите лица и лицата со попреченост. Недоволното учество во донесување одлуки и недостапните канали создаваат ниско ниво на граѓанска активност и доверба во институциите. Анкетите и фокус групите спроведени во рамки на оваа иницијатива покажаа висок интерес за дигитални алатки: 72% од граѓаните изразија подготвеност да користат мобилна апликација за пријавување проблеми, поднесување предлози, директна комуникација со општинските служби и добивање известувања.

Анализата на алтернативите покажа дека мобилната апликација „ГраѓанИН“ е најсоодветното решение. Таа овозможува пријавување проблеми со опис, фотографија и GPS-локација, поднесување предлози, директна комуникација со општинските служби, автоматско известување и анонимно пријавување, прилагодена за различни нивоа на дигитална писменост, повеќејазично и со СМС - интеграција за руралните жители.

Проектот ќе се реализира во шест фази: истражување и анализа, развој на концепт и прототип, техничка изработка, промоција и ангажирање на заедницата, обука и техничка поддршка, и континуиран мониторинг и евалуација. Проценетиот буџет е 16.000–20.000 евра, со временска рамка од осум месеци.

Воведувањето на мобилната апликација „ГраѓанИН“ претставува стратешка инвестиција во модернизација на локалното управување, зголемување на транспарентноста и отчетноста, како и активно учество на граѓаните, особено на маргинализираните групи, создавајќи посилна и поактивна заедница..

## 2. Проблем – контекст и важност

Општина Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на Република Северна Македонија, во југоисточниот дел на Тиквешката Котлина, на стратешка позиција поради поврзаност со главните патишта и близина до поголеми урбани центри. Територијата на општината опфаќа 14

населени места и централниот град Демир Капија, со вкупно 3.777 жители според Пописот од 2021 година, што претставува пад од приближно 17% во однос на 2002 година[2]. Од ова население, 3.076 се Македонци, а помалку се Турци (376), Срби (130), Роми (37) и други етнички групи, при што половина од населението е возрасно работоспособно, а значителен дел живее во оддалечени рурални села. Оддалеченоста на населените места (4–23 км од центарот) претставува дополнителен предизвик за редовна и ефективна комуникација со локалната самоуправа.

Една од клучните слабости на општината е неефикасната двонасочна комуникација со граѓаните, предизвикана од недостаток на механизми за транспарентност, инклузија и редовна размена на информации. Во пракса, општината комуницира главно преку веб-страница, која често не функционира и има недостиг на важни информации, социјални мрежи кои не се редовно ажурирани, понудени е-услуги со нерешени технички проблеми и печатени соопштенија на огласна табла. Граѓаните најчесто ги пријавуваат проблемите преку телефон или лично доаѓање во администрацијата, што е недостапно за многумина, особено за младите, постарата популација и лицата со ограничена мобилност[3]. Само писмените пријави се евидентираат формално, додека усните контакти и телефонските повици не се документираат, што создава институционална неефикасност и недоволна отчетност. Сегашниот модел на комуникација – кој главно се потпира на телефонски или лични контакти – се покажа како ограничен и неефикасен. Над 40% од анкетираните граѓани изјавија дека не се чувствуваат вклучени во процесите на одлучување, а постојните канали не овозможуваат формална евиденција и транспарентност. Анализата покажа дека е неопходно да се воспостави механизам кој ќе обезбеди структурирана двонасочна комуникација, формална евиденција на сите пријави и предлози, активно учество на граѓаните во носење одлуки и навремено информирање за тековните работи на општината.

Спроведеното интервју со комуналниот инспектор открива дека општината годишно прима околу 150 пријави за проблеми како што се улично осветлување, штети од временски непогоди, отпад или улични кучиња. Од нив, 105 се доставуваат писмено, 25 по телефон и 20 лично. Само писмените пријави се официјално евидентирани, што значи дека голем дел од проблемите остануваат нерешени поради недостапноста на формални канали[4]. Овој системски недостаток создава недоверба кај граѓаните и го намалува нивното активно учество во локалните процеси.

Недоволното учество на граѓаните во донесувањето одлуки е исто така проблематично. Иако еднаш годишно се организира онлајн консултација за буџетското планирање, таа не е доволно

---

[2] Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите 2021, Скопје, 2022.
[3] ECNL, *Manual on Public Participation*, 2020
[4] Интервју со комуналниот инспектор на Општина Демир Капија, 2025

промовирана, и многумина не се свесни за можноста да дадат предлози[5]. Повеќе од 10 години нема организирани фокус групи или формални средби со граѓаните на кои ќе можат да ги изразат своите мислења и ставови за одлуките кои ги засегаат. Како резултат на ова, граѓаните чувствуваат дека нивниот глас не се слуша, што води кон намалена граѓанска активност, недоверба во институциите и слаба реализација на проекти кои би ги одразиле реалните потреби на заедницата.

Фокус групите и анкетите спроведени во рамки на оваа иницијатива потврдуваат висок интерес за дигитални алатки кои ќе овозможат ефикасна и транспарентна комуникација со општината. Анкетата опфати 225 граѓани, со рамномерна застапеност на мажи и жени, од урбани (72%) и рурални (28%) средини. Резултатите покажуваат дека 63.4% имале контакт со Општината, но најчесто преку лично присуство или телефон, додека дигиталните канали се користат минимално. Повеќе од две третини сметаат дека постојните канали за комуникација се недоволни, а над 60% се чувствуваат исклучени од процесите на донесување одлуки. Сепак, 72% изразиле подготвеност да користат мобилна апликација која овозможува пријавување проблеми, поднесување предлози и добивање известувања[6].

Овие податоци јасно укажуваат на потребата од современо, системски регулирано решение кое ќе го модернизира процесот на комуникација и ќе овозможи активно учество на граѓаните во локалното одлучување. Вклучувањето на младите, жените, лицата со попреченост и жителите од рурални средини во овие процеси е клучно за зголемување на довербата во институциите и намалување на апатијата и иселувањето. Без вакво системско решение, традиционалните форми на комуникација ќе продолжат да бидат недоволни, што ќе има негативно влијание врз развојот и одржливоста на локалната заедница.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Во процесот на разгледување на алтернативи за подобрување на комуникацијата помеѓу граѓаните и Општина Демир Капија, беа земени предвид критериуми како достапност, функционалност, одржливост, инклузивност и прифатливост за администрацијата. Преку анкетата со 225 граѓани, организираната фокус група, интервјуата со претставници од општинската администрација, советот на општината и консултациите со ИТ експерт, беа разгледани две главни алтернативи:

**Алтернатива 1: Воведување мобилна апликација**

Најпосакуваното и најподдржано решение е креирање мобилна апликација која ќе овозможи:

- пријавување проблеми со опис, фотографија и локација;

[5] Eurothink, *Транспарентноста на македонските општини*, 2025
[6] Анкета спроведена од тимот на иницијативата за Демир Капија, 2025.

- поднесување предлози и иницијативи;
- директна комуникација со општинските служби;
- автоматско известување за важни информации, јавни повици и одлуки.

Анкетата потврди дека граѓаните ја препознаваат оваа алатка како практична и потребна: 73.3% би ја користеле за пријавување проблеми, 53.8% за предлози, 52% за следење на настани, а 50.2% за директна комуникација. Дополнително, службениците ја поддржуваат како начин за намалување на административниот товар, а ИТ експертите ја оценуваат како технички изводлива и одржлива. Ова решение е особено важно од аспект на транспарентност и доверба – пријавите ќе бидат евидентирани и следливи, ќе се намали потребата од физичко присуство, а можноста за анонимно пријавување ќе ја зајакне довербата кај граѓаните. Долгорочно, иако подразбира повисоки почетни трошоци, мобилната апликација претставува економски поефикасна опција, бидејќи ја зголемува продуктивноста и ја намалува потребата од повторливи административни постапки. За да биде инклузивна, апликацијата мора да биде едноставна за користење, достапна на повеќе јазици, прилагодена за постари лица, лица со попреченост и за граѓани со ниска дигитална писменост, со интегрирана СМС опција за оние со ограничен интернет пристап.

Покрај граѓаните, и општинската администрација препознава значајни придобивки од дигитализацијата. Според интервјуата, службениците ја поддржуваат мобилната апликација како решение кое ќе го намали административниот товар, ќе овозможи побрза обработка на пријавите и ќе ја зголеми ефикасноста на институциите. Дополнително, според интервјуто со советничката од Советот на општината, воведувањето на ваква дигитална алатка ќе придонесе за зголемена транспарентност и отчетност на институциите, ќе ја подобри довербата меѓу граѓаните и општината и ќе создаде услови за поактивно граѓанско учество, особено меѓу младите.

**Алтернатива 2: Ажурирање и проширување на веб-страницата на општината**

Како можна алтернатива, беше разгледано и проширување на постојната веб-страница со нови функционалности – онлајн формулари за пријави, предлози и можност за добивање информации. Овој пристап има пониски иницијални трошоци и би обезбедил одредено унапредување во дигиталната комуникација. Сепак, ваквото решение е ограничено од повеќе аспекти. Најнапред, не е доволно практично за мобилни корисници, земајќи во предвид деканад 70% од граѓаните користат мобилни телефони како примарен канал за комуникација. Дополнително, досегашното искуство со веб-страницата на општината покажува дека таа е слабо користена поради неажурираност, нефункционалност и недоволна препознатливост кај граѓаните. Затоа, иако е изводливо, оваа опција не би ги задоволила целосно очекувањата за инклузивност, транспарентност и практичност.

Резултатите од сите анализирани извори – анкета, фокус група, интервјуа и експертска проценка – потврдуваат дека мобилната апликација претставува најсоодветно решение за Општина Демир Капија. Таа нуди модерна, практична и економски оправдана алатка за подобрување на двонасочната комуникација, активно учество на граѓаните и поголема отчетност на општината. Истовремено, искуствата од други општини и европски практики ја потврдуваат ефективноста на ваквиот модел. Затоа, воведувањето мобилна апликација треба да се смета не само како техничко унапредување, туку и како стратешка инвестиција во дигиталната трансформација и изградба на доверба помеѓу граѓаните и локалната самоуправа.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Врз основа на спроведената анализа на постојните механизми за комуникација,

како најсоодветна и најподдржана алтернатива се препорачува реализација на мобилната апликација **„ГраѓанИН“**, која ќе претставува иновативно, одржливо и функционално средство за унапредување на комуникацијата и учеството на граѓаните. Поддршката за оваа алатка е потврдена и квантитативно и квалитативно: 72% од анкетираните граѓани изразиле подготвеност да ја користат, сите учесници на фокус групата едногласно ја поддржале, а општинските службеници и советот на општината ја препознаваат како начин за намалување на административниот товар. ИТ експертот, пак, ја оцени како технички и финансиски изводлива, со разумни трошоци за развој и одржување.

Преку апликацијата ќе се овозможи:

- пријавување проблеми со опис, фотографија и локација;
- поднесување предлози и иницијативи за локални проекти;
- директна комуникација со општинските служби;
- автоматско известување за јавни повици, одлуки и настани;
- анонимно пријавување прекршувања, како одговор на ниската доверба во инспекциските служби.

Со ова решение ќе се воспостави систем кој не само што ќе ја зголеми ефикасноста и транспарентноста, туку и ќе овозможи активна инклузија на групи кои досега биле маргинализирани во процесите – млади, жени, лица со попреченост и жители на руралните средини. Дизајнот на апликацијата треба да обезбеди едноставен интерфејс, повеќејазична достапност, прилагодувања според потребите на лицата со попреченост, како и СМС интеграција за граѓани со ограничен интернет пристап, што ја зголемува нејзината инклузивност.

За целосно функционирање на оваа мобилна апликација, потребно е да се извршат следниве чекори:

**1. Истражување и анализа на потребите**

За да се обезбеди апликацијата да одговара на реалните потреби на граѓаните и администрацијата, потребно е:

- Продлабочување на постојните анкети и фокус групи со дополнителни категории граѓани (жени, млади, лица со попреченост, жители на оддалечени села);
- Интервјуа со административни службеници за подобро разбирање на тековните процедури и административните ограничувања;
- Идентификација на најчестите типови пријави (како улично осветлување, отпад, оштетувања од непогоди) за да се обезбедат соодветни категории во апликацијата;
- Дефинирање на техничките барања и стандарди за интеграција во постојните општински системи и архиви.

**2. Развој на концепт и прототип**

Оваа фаза има за цел визуелно да го прикаже решението и да обезбеди вклученост на граѓаните уште од самиот почеток:

- Дизајн на првична архитектура на апликацијата и дефинирање на модулите;
- Изработка на визуелен прототип кој ќе биде презентиран пред јавноста за собирање мислења и предлози;
- Тестирање на прототипот со различни групи граѓани, со посебен фокус на постарите лица и жителите на руралните средини, за да се обезбеди едноставност и пристапност.

**3. Изработка на мобилната апликација**

Фазата на технички развој е клучна за да се обезбеди функционалност, сигурност и инклузивност:

- Програмирање и развој на апликација за Android и iOS, како и веб-панел за администрацијата;
- Интеграција на модулите: пријави со опис, фотографија и GPS-локација, предлози и иницијативи, автоматски известувања, директна комуникација и анонимно пријавување;
- Обезбедување на заштита на личните податоци и усогласеност со GDPR;
- Прилагодување на интерфејсот за различни нивоа на дигитална писменост и обезбедување повеќејазична достапност;

- Развој на дополнителна СМС интеграција за граѓани со ограничен интернет пристап.

**4. Промоција и ангажирање на заедницата**

Успехот на апликацијата зависи од тоа колку граѓаните ќе бидат информирани и мотивирани да ја користат:

- Организирање јавен настан за промоција на апликацијата;
- Информативна кампања преку локални медиуми, социјални мрежи, огласни табли и директни посети во руралните населени места;
- Вклучување на младински организации, граѓански здруженија и училишта како промотори и обучувачи;
- Обезбедување материјали (видеа, брошури, упатства) со едноставни инструкции за користење на апликацијата.

**5. Обуки и техничка поддршка**

За да се обезбеди ефикасно функционирање, неопходно е јакнење на капацитетите на администрацијата:

- Спроведување обуки за административниот кадар за користење на веб-панелот, управување со пријавите и одговарање на граѓаните;
- Воспоставување на систем за постојана техничка поддршка и одржување;
- Обезбедување контакт точка (телефон или е-пошта) за граѓани кои имаат потешкотии при користење на апликацијата.

**6. Мониторинг и евалуација**

Континуираното следење ќе овозможи навремени подобрувања и зголемување на ефективноста:

- Воспоставување индикатори за мерење на користењето (број на пријави, број на предлози, време на одговор, процент на решени случаи);
- Редовно прибирање повратни информации од граѓаните преку анкети и интервјуа;
- Подготовка на извештаи за Советот на општината и јавноста, со препораки за унапредување на системот;
- Вклучување на граѓанските организации во мониторингот како механизам за независна проверка и зајакнување на довербата.

**Буџет и временска рамка**

Проценетиот буџет за реализација изнесува **16.000 – 20.000 евра**, со дополнителни трошоци за редовно одржување и промоција. Финансиската одржливост може да се обезбеди преку

грантови од меѓународни организации, донаторски фондови за дигитална трансформација и програми за локален развој.

Предложената временска рамка за имплементација е **осум месеци**, поделена во фази: истражување и консултации, изработка на прототип, развој на апликацијата, промоција и обука, како и активна употреба и евалуација.

Мобилната апликација „ГраѓанИН“ не е само техничко унапредување, туку стратешка инвестиција во демократизацијата на локалното управување. Таа ќе обезбеди ефикасна евиденција на пријави, транспарентност, отчетност и ќе го зголеми учеството на граѓаните во процесите на одлучување. Со ова решение, Општина Демир Капија ќе постави нов стандард за современо и инклузивно локално управување, намалувајќи ја апатијата и недовербата и создавајќи услови за поактивна и посилна заедница.

# Иновативни иницијативи во општините Ѓорче Петров и Сарај

## 01 Ослободување на Ѓорче Петров и Сарај од сенката

Дарја Мустафаоглу (Левица)

# ПОВЛЕКУВАЊЕ НА СЕНКАТА НАД ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



ДАРЈА МУСТАФАОГЛУ

-ЛЕВИЦА-

# *Повлекување на сенката над Ѓорче Петров*

## 1. Резиме

Општините Ѓорче Петров и Сарај се соочуваат со сериозен и долгорочен проблем со дивите депонии и палењето отпад, кој има директно влијание врз животната средина, здравјето на граѓаните и квалитетот на јавните простори. Неконтролираната акумулација на отпад и неговото палење се случуваат пред сè на маргинализирани, нефреквентни и тешко достапни локации, како речни корита, периферни патишта и необезбедени зелени површини, каде надзорот е минимален или целосно отсутен. Загадувањето на воздухот се пренесува меѓу општините, создавајќи ефект на „заедничка криза", додека граѓаните го доживуваат ова како директна закана за своето здравје – со симптоми како кашлица, иритација на очи и грло, влошување на хронични респираторни заболувања и астма. Анкетите покажуваат дека повеќе од 90% од населението го смета ова за главен извор на загадување, додека 95% го оценуваат ангажманот на институциите како недоволен.

Досегашниот пристап за справување со проблемот се покажува како недоволен. Зголемувањето на бројот на инспектори и комунални редари, иако неопходно, се ограничува со недостигот на човечки и логистички ресурси и не ја решава повторливоста на прекршувањата. Инфраструктурните мерки – поставување на дополнителни контејнери и центри за селекција на отпад – имаат ограничен ефект поради физички пристап и социјално-економски фактори, додека образовните кампањи носат резултати само на долгорочен план. Законските и регулаторните мерки остануваат декларативни без функционален механизам за навремено идентификување и санкционирање на прекршителите. Акциите за чистење и волонтерските иницијативи, како и видеонадзорот, се ограничени поради потребата од постојан човечки ангажман и технички капацитет, а ефектот им е краткорочен.

Во контекст на овие предизвици, анализата на алтернативите укажува дека потребен е интегриран систем кој ја комбинира контролната функција, инфраструктурните решенија, едукацијата и, како најважно, активното учество на граѓаните. Традиционалните пристапи, иако неопходни, не обезбедуваат долгорочна одржливост, така што дигиталната платформа за пријавување на диви депонии и палење отпад се издвојува како оптимално решение. Платформата овозможува брзо и анонимно пријавување, автоматско проследување на информациите до надлежните инспекциски служби, статистичка анализа и приоритетизирање на интервенциите. На овој начин се создава систем кој рационално ги користи ограничените ресурси на општините, обезбедува финансиска одржливост преку можност за наплата на казни и ја поттикнува долгорочната културна промена во односот на свеста на граѓаните кон отпадот.

Препорачаната мерка ја комбинира дигиталната платформа со зголемување на инспекцискиот и комуналниот кадар, инфраструктурни интервенции и образовни кампањи. Финансиски, имплементацијата на платформата е одржлива – првата година буџетот изнесува 920–1.500 €, додека од втора година се предвидени трошоци од 300–500 € годишно за одржување и техничка поддршка. Платформата може да се развие и тестира во период од 2–3 месеци, обезбедувајќи брзо стартување на системот за пријавување и интервенција.

Со овој интегриран пристап се очекува:

- навремена и ефикасна реакција на институциите;
- зголемена доверба и активно учество на граѓаните;
- намалување на бројот на диви депонии и нелегално палење отпад;
- долгорочна промена на културата на управување со отпадот и подигнување на еколошката свест.

Главниот фокус на документот е воспоставување функционален, транспарентен и одржлив систем кој ги интегрира граѓанската активност со институционалната одговорност, обезбедувајќи конкретни, мерливи и ефективни резултати во справувањето со дивите депонии и палењето отпад.

## 2. Проблем – контекст и важност

Неконтролираното создавање и палење на диви депонии во општините Ѓорче Петров и Сарај претставува долгогодишен и длабоко вкоренет еколошки и здравствен предизвик за локалното население. Проблемот не се појавува изолирано, туку со години се репродуцира, создавајќи состојба на системска криза која ги засега сите аспекти на секојдневниот живот. Загадувањето на воздухот, деградацијата на јавните простори, загрозувањето на здравјето и создавањето чувство на беспомошност кај граѓаните стануваат постојани елементи на урбаното искуство, а истовремено ја намалуваат довербата во способноста на институциите да реагираат ефективно.

Дивите депонии се појавуваат пред сè на маргинализирани и нефреквентни локации, каде одржувањето и надзорот се минимални или целосно отсутни. Речните корита, периферните патишта, необезбедените зелени површини и околината на контејнерите кои не се редовно празнети, стануваат природни жаришта за фрлање отпад. Тие простори, во јавната перцепција, се доживуваат како „слободни“ и „неважни“, што дополнително ја зајакнува праксата на нерегулирано депонирање. Наместо да се вклучат повторно во урбаното или природното ткиво преку планска рехабилитација и одржување, овие локации се оставени на себе, стanувајќи постојани извори на загадување и визуелен хаос во просторот.

Особено загрижувачка е состојбата во коридорот на реката Вардар, кој ги поврзува двете општини. Загадениот воздух од палењето на отпадот во Сарај директно се пренесува во урбаните делови на Ѓорче Петров, создавајќи ефект на „заедничка криза“ која не познава административни граници. На овој начин, проблемот добива меѓуопштинска димензија и станува тешко управлив, бидејќи дејствувањето во една општина само делумно ја намалува загаденоста на воздухот и не ја решава основната причина за создавање на диви депонии.

Граѓаните своето искуство со проблемот го опишуваат како алармантно. Анкетите спроведени со цел на подготвување на овој документ покажуваат дека речиси сите жители во нивната околина забележуваат диви депонии, а повеќе од 60% се сведоци на честото палење отпад. Повеќе од 90% од анкетираните го сметаат ова за еден од главните извори на загадување на воздухот, што ја потврдува јасната перцепција на локалното население за сериозноста на проблемот. Негативното искуство на граѓаните е дополнително нагласено од директните здравствени последици кои тие ги чувствуваат секојдневно. Кашлица, тешкотии при дишење, иритација на очите и грлото, главоболки и замор се речиси универзални симптоми, додека дел од населението известува за влошување на хронични респираторни заболувања, појава на астма, па дури и случаи на карцином. Повеќе од половина од анкетираните потврдуваат дека барале или требало да побараат медицинска помош поради проблеми предизвикани од загадувањето. Овие податоци ја илустрираат директната и реална поврзаност помеѓу загадувањето и нарушувањето на здравјето на граѓаните.

Освен здравствените последици, граѓаните се соочуваат и со чувство на институционална напуштеност. Дури 95% сметаат дека општините не преземаат доволно или воопшто ништо за решавање на проблемот, а половина од испитаниците никогаш не пријавиле загадување – најчесто затоа што не знаат како или каде да го направат тоа, или затоа што немаат доверба дека пријавата ќе доведе до реакција. Дури и оние што пријавиле, сведочат дека институциите воопшто не реагирале или реагирале со значително задоцнување. Така се создава чувство на апатија и скепса, што ја поткопува довербата на граѓаните во системот и ја зголемува нивната отуѓеност од институционалниот процес.

Слабоста на институциите е видлива и преку ограничените ресурси и капацитети. Во Општина Сарај има само еден инспектор за животна средина и нема комунални редари, додека Општина Ѓорче Петров располага со еден инспектор и четворица редари – бројка далеку под потребите за територијата и населението што го покриваат. Регулативите постојат, но без институционален капацитет и политичка волја за нивно спроведување, тие остануваат декларативни и без ефект. Дополнителен проблем е отсуството на транспарентни и лесно достапни канали за пријавување на проблемите: контакт информациите често се недостапни или неажурирани, телефонските броеви се недостапни, а во некои случаи целосно отсутни.

Овие административни бариери ја обесхрабруваат јавноста и ја отежнуваат навремената интервенција на институциите.

Недостатокот на систематски мониторинг на квалитетот на воздухот ја намалува можноста за точна проценка на проблемот. Во Ѓорче Петров постои само една мерна станица за воздух, додека во Сарај нема ниту една. Ова значи дека општините немаат целосна и реална слика за загадувањето што произлегува од дивите депонии, што дополнително ја комплицира можноста за донесување соодветни мерки и интервенции. Без точни податоци, проблемот останува недефиниран и тешко управлив, а граѓаните не можат да ги визуализираат своите пријави во контекст на целосната слика на загадувањето.

И покрај институционалните слабости, граѓаните покажуваат јасна подготвеност за акција, но само ако се создадат услови за функционален систем на одговорност. Тие препознаваат дека состојбата со дивите депонии и нивното палење е повеќедимензионален проблем: еколошки, здравствен, социјален и институционален. Тој го нарушува квалитетот на воздухот, ги деградира јавните простори, влијае врз секојдневниот живот и ја намалува довербата на граѓаните во институциите. Сведоштвата и искуствата на населението ја илустрираат сериозноста и комплексноста на проблемот, како и потребата од целосно разбирање на неговата природа и димензија.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Справувањето со проблемот со дивите депонии и палењето отпад во општините Ѓорче Петров и Сарај бара системски и интегриран пристап, бидејќи проблемот е повеќедимензионален – еколошки, здравствен, социјален и институционален. Досегашните практики и искуства покажуваат сериозни ограничувања, кои ја намалуваат нивната ефективност и ја нагласуваат потребата од комбинација на различни мерки.

**Зголемување на инспекцискиот и комуналниот кадар** претставува една од традиционалните мерки за справување. Идејата е преку зголемување на бројот на инспектори за животна средина и комунални редари да се обезбеди директен надзор и санкционирање на прекршителите. Анкетите покажуваат дека над 95% од граѓаните сметаат дека институциите не преземаат доволно, што ја илустрира потребата од поактивна контрола. Иако оваа мерка е неопходна, самиот пораст на кадар не е доволен. Ограничените човечки и логистички ресурси, големината на територијата, како и недостатокот на мотивација за работа во оваа сфера ја намалуваат ефективноста на мерката. Без дополнителни системски механизми, инспекторите и редарите се соочуваат со повторливост на прекршувањата, а ефектот останува краткорочен.

**Инфраструктурните решенија** претставуваат втор слој на интервенција. Поставување на дополнителни контејнери, центри за селекција на отпад и подобрување на системот за

собирање се важни за долгорочна контрола и намалување на акумулираниот отпад. Според податоците, повеќе од 60% од граѓаните се сведоци на палење отпад и честото фрлање на непотребни материјали, што укажува на потребата од подобра инфраструктура. Сепак, ваквите инвестиции се ограничени со буџетските можности на општините, со надлежностите кон градските претпријатија и со физичкиот пристап до тешко достапните локации. Контејнерите сами по себе не ги решаваат навиките на граѓаните, особено кога палењето отпад е мотивирано од социјално-економски фактори, како недостиг на знаење за селекција на отпад или немање алтернативни места за легално одлагање.

**Образовните кампањи и информирањето на јавноста** се клучни за долгорочна промена на културата на управување со отпад. Тие можат да ја зголемат еколошката свест, да ги мотивираат граѓаните за волонтерски активности и да придонесат за намалување на нерегулираното фрлање отпад. Сепак, анкетите покажуваат дека проблемот е акутен – речиси сите испитаници потврдуваат дека загадувањето на воздухот негативно влијае врз нивното здравје, со симптоми како кашлица, иритација на очи и грло и влошување на хронични заболувања. Во вакви услови, самиот информативен пристап не е доволен за навремено намалување на ризикот за здравјето на населението.

**Законските мерки и построгите регулативи** нудат формална рамка за санкции. Дури и со високи казни, ако институциите не можат навремено да ги идентификуваат прекршителите и да ги санкционираат, ефектот е минимален. Повеќе од половина од граѓаните изјавиле дека иако сакаат да пријават прекршувања, тоа не го прават поради недоверба дека институциите ќе реагираат. Ова го илустрира јазот помеѓу формалните закони и нивната практична примена, што ја ослабува ефикасноста на регулативите како самостојно решение.

**Комбинираните акции за чистење и волонтерските иницијативи** имаат позитивен краткорочен ефект. Тие ја зголемуваат видливоста на проблемот, ја подигнуваат свеста на граѓаните и ја поттикнуваат нивната соработка. Сепак, овие акции се ограничени бидејќи бараат постојан човечки и организациски ангажман, а отпадот често повторно се појавува на истите локации поради системската природа на проблемот и недостаток на механизам за навремено санкционирање на прекршителите.

**Видеонадзорот и мониторингот** овозможуваат потенцијална детекција на прекршувањата, особено на критичните точки. Сепак, практичните, техничките и правните ограничувања, заедно со потребата од постојана обработка на податоците, ја ограничуваат ефикасноста на овој пристап. Иако овозможува извонредна видливост, самиот видеонадзор не може да ја реши причината за создавање на диви депонии.

**Дигиталната платформа за пријавување на диви депонии и палење отпад** овозможува брзо, едноставно и анонимно пријавување на прекршувања од страна на граѓаните, а

информациите веднаш се проследуваат до надлежните служби и инспекции. Платформата овозможува статистичка анализа, маркирање на критични локации и приоритетизирање на интервенциите, што овозможува рационално користење на ограничените ресурси на општините. Според анкетите, 75% од граѓаните би ја користеле ваквата онлајн платформа, особено ако обезбедува сигурност дека ќе има институционална реакција. Финансиски, платформата е поефикасна од другите опции – имплементацијата бара релативно малку ресурси и кратко време, а приходите од казни можат да го покријат трошокот за одржување на системот.

Дополнително, платформата има долгорочно влијание врз свеста на граѓаните. Можноста за следење на пријавите и увид во интервенциите ја зголемува одговорноста на граѓаните, го намалува нелегалното фрлање и палење отпад и создава основа за културна промена. Во споредба со другите алтернативи, дигиталната платформа не ги заменува традиционалните мерки, туку ги надополнува, создавајќи систем кој е функционален, транспарентен, финансиски одржлив и директно поврзан со граѓанската активност.

## 4. Избрано решение и последователни активности

По детална анализа на проблемот со дивите депонии и палењето отпад во општините Ѓорче Петров и Сарај, како и на сите разгледани можни решенија, препораката е имплементација на **дигитална платформа за пријавување на диви депонии и палење отпад** како централно решение, со паралелна поддршка од зголемување на инспекцискиот и комуналниот кадар, инфраструктурни инвестиции и образовни активности. Овој интегриран пристап овозможува навремена и ефективна реакција, финансиска одржливост и долгорочна културна промена во односот на граѓаните кон управувањето со отпад.

**Конкретни активности:**

**1. Дефинирање на функционалностите на платформата**

- Форми за пријава на диви депонии и палење отпад, со можност за анонимна пријава.
- База на податоци за следење на пријавите, статистичка анализа и приоритетизирање на интервенциите.
- Маркирање на критични локации на мапа, интегрирано со Google Maps.

**2. Ангажирање изведувач за дизајн и развој на веб-сајтот**

- Основен сајт до 5–7 страници, со контакт форми, галерија и форум.
- Мокап верзија која е веќе подготвена: https://prijavizagaduvac.my.canva.site/
- Платформата која ќе биде едноставна за користење и достапна за сите граѓани, без потреба од техничко знаење.

**3. Обезбедување на технички услови:**

- Регистрирање на .mk домен (€10–15 годишно).
- SSL сертификат за безбедна комуникација (€0–30).
- Хостинг годишно (€60–120) на локален провајдер.

**4. Обука на тим/администратори:**

- Тим кој ќе ги прегледува и обработува пријавите, ќе ги проследува до инспекциските служби и ќе води евиденција за интервенциите. (5 лица x €500=€2500 годишо)
- Континуирано ажурирање и техничко одржување (€200–350 годишно), вклучувајќи безбедносни мерки и бекап.

**5. Паралелни институционални активности:**

- Зголемување на бројот на инспектори и комунални редари за подобро покривање на територијата. Во Сарај моментално има само еден инспектор, додека во Ѓорче Петров се само пет лица (1 инспектор + 4 редари), што е недоволно за 22.000 жители.
- Инфраструктурни мерки: поставување дополнителни контејнери, подобрување на системот за собирање и создавање центри за селекција на отпад.
- Образовни кампањи за подигање на еколошката свест кај граѓаните и мотивирање за правилно управување со отпадот.

**6. Промоција на платформата кај граѓаните** прекуинформациски кампањи преку социјални мрежи, локални медиуми и иницијативи во заедницата.

**Финансиски импликации:**

| **Елемент** | **Приближна цена (€)** | **Белешка** |
|---|---|---|
| Дизајн и развој | 600 – 900 | Основен сајт со форми, галерија, форум, Google Maps |
| Домен | 10 – 15 | .mk домен |
| SSL сертификат | 0 – 30 | Бесплатен или платен |
| Хостинг годишно | 60 – 120 | Shared hosting или VPS |
| Одржување годишно | 200 – 350 | Технички корекции, апдејти, бекап |
| Plugins / додатоци | 50 – 80 | Премиум тема или модул |
| **Вкупна инвестиција за прва година** | **920 – 1.500** | Развој + прва година одржување |

| | | |
|---|---|---|
| Од втора година | 300 – 500 | Тековно одржување и техничка поддршка |

Дополнително, трошоци за инфраструктура (контејнери, центри за селекција) и зголемување на инспекцискиот кадар ќе зависат од буџетските можности на општините. Сепак, платформата овозможува финансиски одржливо решение, бидејќи приходите од казни можат делумно да го покријат нејзиното функционирање.

**Временска рамка:**

- Подготовка и дефинирање на барања: 2 недели.
- Дизајн и развој на сајтот: 1 – 2 месеци.
- Тестирање и пуштање во употреба: 2 недели.
- Вкупно време за стартување: 2 – 3 месеци.

**Очекувани резултати:**

- Брзо и анонимно пријавување на прекршувања.
- Навремена реакција на инспекциските служби.
- Зголемена доверба на граѓаните во институциите и активно учество во заштита на животната средина.
- Долгорочна културна промена и намалување на бројот на диви депонии.

Со овие активности, дигиталната платформа се позиционира како **централно решение**, кое ги интегрира традиционалните мерки (контрола, инфраструктура, образование) и создава функционален, транспарентен и одржлив систем за справување со дивите депонии и палењето отпад.

# Иновативни иницијативи во Општина Кичево

01

**„Зрак надеж" -Дневен центар за рехабилитација на деца со нарушувања од аутистичен спектар**

Резелинда Даути (Алијанса за Албанците/ВЛЕН)

# ВРЕМЕ Е ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАН ЦЕНТАР ЗА АУТИЗАМ ВО КИЧЕВО




## РЕЗЕЛИНДА ДАУТИ

-АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ/ВЛЕН-

# Време е за специјализиран центар за аутизам во Кичево

## 1. Резиме

Документот се осврнува на недостатокот на специјализиран центар за деца со аутистичен спектар на нарушување во Општина Кичево, општина со 39.669 жители, од кои околу 16% се деца на возраст од 0-14 години. Во моментов, постојните услуги за деца со попреченост обезбедуваат само основна поддршка и не успеваат да обезбедат персонализирани интервенции какви што бара аутизмот. Оваа состојба создава директни последици: недостаток на рана интервенција за децата, тежок емоционален и финансиски товар врз семејствата – особено мајките, како и продлабочување на социјалните нееднаквости во заедницата. За јавните институции, ова се претвора во непочитување на државните и меѓународните стандарди за правата на децата со попреченост.

Сегашниот пристап е несоодветен од неколку главни причини: недостаток на специјализирани центри, растојание и високи патни трошоци до други центри, големи трошоци за приватна терапија и недостаток на обучени професионалци. Само 51% од децата имаат потврдена дијагноза, додека 49% се на чекање или недијагностицирани – реалност што ги одложува третманите и ја влошува ситуацијата.

До денес, неуспесите се резултат на фрагментирана и неинтегрирана поддршка, недоволни јавни услуги и недостаток на центар за обезбедување еднаков, инклузивен и одржлив пристап.

Истражени се три алтернативи:

- **Интеграција на услугите во постојните дневни центри**, што пропаѓа поради недостаток на професионални простори и капацитети, како и исклучувањето на повеќето рурални домаќинства.
- **Обезбедување на услуги преку приватниот сектор**, кој е финансиски недостапен за повеќето и не обезбедува сеопфатна поддршка.
- **Отворањето на нов специјалистички центар за аутизам**, кој над 87% од родителите го сметаат за „многу важен“ и „итен“. Оваа опција е единствена која обезбедува современи европски стандарди, интегрирани терапевтски и едукативни услуги, психосоцијална поддршка за семејствата и кампањи за намалување на стигматизацијата.

Во таа насока, се препорачува **отворање на нов дневен специјализиран центар за аутизам во Кичево**. Оваа институција ќе претставува не само инвестиција во социјалните и

здравствените услуги, туку и политички и морален чин, гарантирање на правата на децата, олеснување на товарот на семејствата и градење на поинклузивна и рамноправна заедница.

## 2. Проблем – контекст и важност

Во Општина Кичево, каде според пописот од 2021 година живеат 39.669 жители, околу 16% од населението се деца на возраст од 0-14 години. Населението е распоредено помеѓу урбаните и руралните средини, со приближно 58% во градот и 42% во селата. Овој демографски профил е особено важен кога се размислува за пристап до социјални и образовни услуги за децата со попреченост. Податоците од терен покажуваат дека 60% од анкетираните семејства живеат во рурални средини и немаат пристап дури ни до минимални услуги, соочувајќи се со големи пречки во третманот и развојот на нивните деца.

Во моментов Кичево нема специјализиран дневен центар за деца со аутистичен спектар на нарушувања. Постоечките центри за деца со попреченост обезбедуваат само основни услуги, како што се психолошки терапии и активности за социјализација, без да можат да обезбедат фокусирани и персонализирани интервенции какви што бара аутизмот. Овој јаз создава директни последици: за децата, недостатокот на рани и персонализирани интервенции го ограничува развојот на социјалните, комуникациските и образовните вештини; за семејствата, главниот товар често го носат мајките, лишени од учество на пазарот на трудот и социјалниот живот; за заедницата, продлабочување на нееднаквостите и ограничување на можностите за инклузивна интеграција; а за јавните институции, загрозено е исполнувањето на државните и меѓународните стандарди за правата на децата со попреченост.

Податоците од анкетите  покажуваат дека над 80% од родителите сметаат дека отворањето на центарот е итен приоритет и многу важен за развојот на нивните деца. Говорната терапија, работната терапија и психолошката поддршка се најсуштинските услуги, а многу родители пријавуваат финансиски тешкотии и недостаток на информации како главни пречки за лекување на децата. Од овие податоци станува јасно дека формирањето на специјализиран центар не е само социјален услов, туку реална и итна потреба за заедницата.

SWOT анализата  спроведена за потребите на овој документ, исто така ја потврдува оваа потреба и го става отворањето на центарот како стратешки приоритет. Силната поддршка од заедницата, иновативниот дизајн и усогласеноста со државните и меѓународните политики, заедно со можностите што ги нудат донаторите, високата социјална побарувачка и долгорочното влијание, ја прават оваа иницијатива стратешка инвестиција за иднината на децата и заедницата. Слабостите и ризиците, иако реални, може да се управуваат преку координиран институционален ангажман, обезбедување на одржлив финансиски модел и градење на професионални капацитети.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Во потрагата по решение за недостатокот на специјализирани услуги за деца со аутистичен спектар на нарушувања во Кичево, разгледани се неколку алтернативи. Проценката е направена врз основа на професионални стандарди, теренски податоци и SWOT анализа во рамките на иновативната иницијатива „Зрак на надеж". Во основата на анализата земени се во предвид три основни критериуми: пристапност, квалитет и одржливост.

**Алтернатива 1: Интеграција на услугите за аутизам во постојните дневни центри**

Оваа опција би значела користење на веќе функционалните центри за деца со попреченост и додавање на нови елементи за решавање на аутизмот. На прв поглед изгледа како брзо решение, но родителите и негувателите не го сметаат ова за доволно. 60% од испитаниците кои живеат во руралните средини пријавуваат дека немаат пристап дури и до најминимални услуги, така што за нив би било практично невозможно да имаат корист од постоечкиот урбан центар. Понатаму, овие центри не се дизајнирани за специфичните потреби на децата со аутизам и немаат адаптирани простори како што се мултисензорни простории или објекти за индивидуална терапија. Сегашниот кадар често нема целосна обука за бихејвиорална терапија или за логопедија, па постои ризик интервенциите да останат површни. Во интервјуата, родителите истакнаа дека оваа опција навистина нема да ги промени условите на живот, бидејќи нивните деца ќе продолжат да не добиваат персонализирана поддршка.

**Алтернатива 2: Обезбедување услуги преку приватниот сектор**

Потпирањето на приватни професионалци е опција која во моментов е делумно искористена од некои домаќинства, но со многу ограничувања. Истражувањата покажуваат дека високата цена е главната пречка – повеќето родители не можат да си дозволат редовно да обезбедуваат приватни терапии. Понатаму, приватните услуги не нудат интегриран пристап: обично само еден елемент е фокусиран (на пр. логопедија), додека сеопфатна психосоцијална, образовна и семејна поддршка недостасува. Овој модел се смета за несоодветен и неправеден, бидејќи само мал број семејства имаат корист, оставајќи го мнозинството надвор од системот. Само 51% од децата имаат потврдена дијагноза, додека останатите се во исчекување или недијагностицирани – ситуација што приватните служби не ја решаваат, изложувајќи ги овие деца на опасни доцнења во интервенцијата. Во овој контекст, приватниот сектор се доживува повеќе како комплементарна поддршка отколку како одржлива алтернатива.

**Алтернатива 3: Отворање на нов специјализиран центар за деца со аутизам**

Од анализата на алтернативите и перцепциите на родителите, оваа опција се покажува како најдобра и најодржлива. Над 80% од семејствата во истражувањето сметаат дека отворањето на центарот е „итно и многу важно" за развојот на нивните деца, како одраз на широкиот

консензус во заедницата. Родителите изразија јасни очекувања: говорна терапија, работна терапија и психолошка поддршка се најсуштинските услуги, додека советувањето за родителите и активностите за социјализација се перцепираат како суштинска поддршка за целото семејство. Новиот центар би овозможил создавање на простор според современите европски стандарди, вклучувајќи мултисензорни средини, простории за индивидуална терапија, простории за игра и социјализација и безбедни услови.

Оваа опција, исто така, нуди и структурни и долгорочни придобивки. Како што се наведува во SWOT анализата, главните предности се силната поддршка на заедницата, усогласеноста со државните и меѓународните политики и високата социјална побарувачка, додека можностите се поврзани со соработката со донаторите и градењето на професионалните капацитети. Слабостите и ризиците, како што се потребата за одржливо финансирање и тековниот недостаток на специјалисти, би се управувале преку институционален ангажман и тековна обука. Покрај услугите за деца, центарот би обезбедил и поддршка на семејствата, особено мајките, кои во 68% од случаите се главни носители односно негуватели, овозможувајќи им олеснување и зголемување на своето учество во општествениот и економскиот живот.

## 4. Избрано решение и последователни активности

По темелна анализа на разгледаните алтернативи, податоците собрани од родителите, негувателите и стручните лица, како и врз основа на најдобрите меѓународни практики, **се препорачува отворање на нов специјализиран дневен центар за деца со аутистичен спектар на нарушувања во општина Кичево**.

Оваа препорака не е само предлог, туку **јасна и аргументирана потреба**. Од 75 анкетирани родители, над 87% го оценија отворањето на центарот како „многу важно“, додека повеќе од 80% истакнаа дека тоа е итен приоритет. Само 2% сметаат дека тоа е „просечно или малку важно“, што покажува на речиси целосниот општествен консензус. Понатаму, 60% од анкетираните домаќинства живеат во рурални средини каде што немаат пристап дури и до најминимални услуги, додека 40% кои живеат во градот пријавуваат недостаток на пристап до специјализирани услуги. Овие податоци јасно покажуваат дека другите алтернативи – користење на постојните центри или потпирање на приватни услуги, не го решаваат ефективно проблемот.

Ситуацијата станува уште почувствителна ако се земе во предвид дека само 51% од децата имаат потврдена дијагноза,. Ова подразбира големи доцнења во раните интервенции, кои се клучни за развојот на децата со аутизам. Специјализиран центар би обезбедил не само терапија, туку и поддршка за дијагностичкиот процес и родителската ориентација.

Во интервјуата спроведени со локални професионалци и претставници на институциите, недостатокот на обучени специјалисти беше истакнат како една од најголемите моментални слабости. Новиот центар ќе се осврне на овој недостаток преку градење на професионални капацитети и обука во согласност со европските практики. Формирањето на ваков центар ќе понуди персонализирани и интегрирани интервенции, подобрување на квалитетот на животот на децата и семејствата, намалување на стигматизацијата и промовирање на социјалната инклузија. Наменскиот центар за аутизам, исто така, ќе им помогне на локалните и државните институции да ги исполнат обврските утврдени во државната стратегија за правата на детето, државниот план за еднаквост на лицата со попреченост и меѓународните конвенции како што се Конвенција за правата на лицата со попреченост и Конвенцијата за правата на детето.

На овој начин, формирањето на специјализиран дневен центар за деца со аутистичен спектар на нарушувања во Кичево претставува стратешки приоритет, кој ќе обезбеди квалитетни услуги, социјална еднаквост и исполнување на највисоките стандарди за човекови права, рефлектирајќи ја државната и локалната одговорност кон децата и нивните семејства.

**Програмски аспект**

Новиот центар нема да биде само структура, туку ќе опфаќа **сеопфатна програма изградена врз три главни столбови**:

1. **Терапевтски и едукативни услуги:**
   - Говорната терапија, работната терапија, физикалната терапија и бихејвиоралната терапија беа идентификувани како најсуштински услуги од 61% од родителите за логопедија, 54% за работна терапија и 48% за психолошка поддршка.
   - Мултисензорни простории и простори прилагодени за индивидуална и групна терапија.
   - Индивидуална образовна поддршка, согласно потребите на секое дете.
2. **Поддршка на семејството:**
   - Психосоцијално советување и обука за родители, со фокус на зајакнување на положбата на мајките, кои според податоците го носат главниот товар на негата (68%).
   - Упатство во процесот на дијагностицирање и информирање за правата и услугите.
   - Програми за вклучување на семејството во социјални и општествени активности.

3. **Социјална интеграција и свест:**
    - Кампања за подигање на јавната свест за аутизмот и намалување на стигматизацијата.
    - Партнерства со училиштата и невладините организации за интеграција на децата во образованието и активностите во заедницата.
    - Промовирање на култура на инклузивност и социјална еднаквост.

**Стратешки активности**

- **Креирање на институционална и стратешка рамка** – изготвување на планот за основање, дефинирање на институционалниот модел и вклучување на клучните засегнати страни (општини, министерства, донатори).
- **Обезбедување финансиски средства и ресурси** – комбинација на општинско, државно и донаторско финансирање, како и јавно-приватно партнерство.
- **Градење на професионални капацитети** – ангажиран на мултидисциплинарен кадар (10–12 професионалци во првата фаза), обука и сертификација според европските стандарди.
- **Развој на инклузивни услуги** – обезбедување на основен терапевтски, едукативен и социјален пакет.
- **Социјална свест и инклузија** – кампањи и партнерства за постепена и инклузивна интеграција на децата.

**Технички опис и визуелно решение**

„Зрак на надеж“ е проект посветен на создавање функционална, безбедна и стимулативна средина за децата со аутистичен спектар на нарушувања. Главната цел на проектот е да обезбеди инклузивен простор кој го поддржува развојот, образованието и социјализацијата преку чувствителен и функционален дизајн.

Проектот се состои од три одделни училници, дизајнирани со добра акустична изолација и природно контролирано осветлување, за да се избегне прекумерна визуелна или звучна стимулација. Секој час нуди флексибилност за различни индивидуални и групни наставни методи. Заедничкиот простор за игра, замислен како социјално јадро на објектот, ќе служи за слободна интеракција, физички активности и релаксација. Кујната и трпезаријата ќе промовираат автономија и практично учење преку подготовка и консумирање храна. Областа е јасно поделена на функционален (кујнски) и социјален дел (трпезариски маси). Шестоаголната форма на објектот не е случајно избрана - таа е инспирирана од природните структури на пчелните гнезда, познати по хармонија, ефикасност и интеракција помеѓу деловите. Оваа

форма, како и медоносната клетка, претставува соработка, издржливост и колективна грижа - основни вредности за простор изграден за деца со аутизам.

Во овој контекст, секоја училница, простор за игра или социјална средина функционира како „ќелија“ во рамките на координиран систем кој обезбедува безбедна и топла структура каде што секое дете има свој простор за напредување, а истовремено е дел од поддржувачката заедница.









**Финансиски импликации**

Почетната инвестиција за основање на центарот е значителна, вклучувајќи изградба или реконструкција на објектот и набавка на специјализирана опрема. Оперативните трошоци ќе вклучуваат плати на стручниот кадар, одржување и терапевтски материјали. Изворите на финансирање ќе бидат комбинирани: општински и државни буџети, фондови на ЕУ, поддршка на меѓународни организации и јавно-приватни партнерства. Овој модел не само што гарантира одржливост, туку и го намалува финансискиот товар за семејствата, кои во моментов трошат многу средства на приватна терапија или за патувања во други урбани центри.

Оваа инвестиција не треба да се гледа како трошок, туку како **социјална политика со долгорочно влијание**: намалување на нееднаквостите, зголемување на развојниот потенцијал на децата и градење поправедна и инклузивна заедница.

**Временска рамка за реализација**

- **0–6 месеци**: Стратешко планирање, обезбедување финансиски средства, избор на локација.
- **6–18 месеци**: Изградба/реконструкција, опремување на центарот, регрутација и обука на персоналот.
- **18–24 месеци**: Почеток на пилот-услуги за ограничен број деца и семејства.
- **По 24 месеци**: Целосен развој на програмата, мониторинг и евалуација, со цел реплицирање на моделот во други општини.

Отворањето на специјализиран центар за аутизам во Кичево не е обичен проект, туку **сигнализација за јавна одговорност**. Секое одложување значи губење на развојните можности за детето, зголемено оптоварување на семејствата и подлабоки нееднаквости за заедницата. Локалните и државните институции имаат можност да покажат дека грижата за децата со аутизам е вистински приоритет, а не само политички слоган.

# Иновативни иницијативи во Општина Кочани

## 01 Град без хаос

Ивона Тодорова (ВМРО-ДПМНЕ)

# ГРАД БЕЗ ХАОС: ПАМЕТНИ РЕШЕНИЈА ЗА ПРОБЛЕМОТ СО ПАРКИРАЊЕТО ВО КОЧАНИ




ИВОНА ТОДОРОВА

-ВМРО-ДПМНЕ-

# *Град без хаос: Паметни решенија за проблемот со паркирањето во Кочани*

## 1. Резиме

Проблемот со паркирањето во Кочани одамна ја надмина рамката на секојдневна удобност и се претвори во сериозна урбана и општествена грижа. Во централните градски подрачја – околу плоштадот, пазарот, медицинскиот центар, училиштата и автобуската станица – граѓаните се соочуваат со хроничен недостиг на паркинг-места. Според Пописот од 2021 година, Општината има 31.602 жители, од кои 24.600 живеат во самиот град, со површина од само 18,6 км². Веќе во 2017 година беа регистрирани повеќе од 7.000 моторни возила, бројка што денес е уште поголема. Оваа растечка моторизација, во комбинација со ограничен јавен простор, создава акутен сообраќаен хаос.

Сегашниот пристап се покажа како нефункционален. Новите станбени згради се градат без доволно паркинг-простори, јавниот превоз не претставува реална алтернатива, а нема ни катни гаражи кои би го апсорбирале притисокот. Контролата и казните се ретки, што создава чувство дека сè е дозволено. Резултат на тоа е слика на непроодни тротоари, возила паркирани по тревници и пред институции, загрозена безбедност на пешаците и негативен имиџ на градот кај посетителите.

Во изминатиот период беа разгледувани неколку алтернативи. Меѓу нив се проширување на постојните паркинзи, изградба на катни гаражи, поставување монтажни паркинг-објекти, дигитални решенија за управување, како и воведување на построги казни. Секоја од нив нуди делумен одговор, но граѓаните и експертите најмногу ја поддржуваат изградбата на катни гаражи како системско решение. Анкетите покажаа дека мнозинството граѓани се подготвени да плаќаат месечни претплати за сигурно место, додека монтажните објекти и дигитализацијата се препознаваат како дополнителни мерки кои ќе овозможат брзо и ефикасно олеснување.

Како решение кое се препорачува е воспоставувањето интегриран систем базиран на катни гаражи на стратешки локации, дополнети со монтажни паркинзи и дигитална платформа за управување со паркирањето, како и уредување на јавните површини за пешаци и зелени зони. Ваквиот модел не само што ќе обезбеди доволни капацитети, туку ќе ја подобри безбедноста, естетиката и квалитетот на живот во градот. Дополнително, проектот се вклопува во европските политики за „зелени градови“ и одржлив урбан развој, што ја зголемува можноста за привлекување на меѓународни донаторски средства.

Со реализација на оваа стратегија, се очекува Кочани може во рок од 2 до 3 години да изгради прва катна гаража и неколку монтажни објекти, а за 5 години целосно да ја смени сликата за паркирањето и да се позиционира како пример за модерен, одржлив и функционален град.

## 2. Проблем – контекст и важност

Во Кочани проблемот со паркирањето одамна престана да биде само прашање на удобност – тој стана секојдневна грижа и извор на незадоволство за огромен број граѓани. Најмногу се чувствува во централните градски подрачја, околу плоштадот, градскиот пазар, трговскиот центар, медицинскиот центар, автобуската станица, училиштата и новите станбени блокови, каде што секојдневниот сообраќаен метеж создава хаотични сцени. Луѓето сведочат дека во работно време е речиси невозможно да се најде слободно место, што резултира со паркирање на тротоари, тревници, па дури и пред влезовите на институции и приватни домови. Жителите на центарот, кои логично очекуваат да можат да паркираат пред сопствените згради, често се чувствуваат дискриминирани и притиснати од возилата на луѓе кои доаѓаат од околните населени места, а секојдневно го користат градот за работа или услуги.

Според резултатите од Пописот на населението од 2021 година, Општина Кочани има 31.602 жители и над 12.000 домаќинства, од кои најголемиот дел живеат во самиот град Кочани со околу 24.600 жители. Со површина од само 18,6 км², градот има висока густина на население, а дополнителен притисок создава и зголемениот број на возила – уште во 2017 година биле регистрирани повеќе од 7.000 моторни возила, од кои над 5.700 автомобили, бројка што денес е уште поголема. Оваа комбинација на компактно урбано јадро, растечка моторизација и ограничен јавен простор ја објаснува акутноста на проблемот со паркирањето во Кочани.

Овој недостиг на паркинг позиции не е нова појава, туку резултат на долгогодишна некоординираност помеѓу урбаното и сообраќајното планирање. Новите станбени згради се градени без соодветно предвидени паркинг-простори, јавниот превоз не успеал да стане вистинска алтернатива на приватните автомобили, а бројот на возила расте од година во година. Секторот за урбанизам веќе посочува дека ситуацијата е комплексна и бара систематски пристап, но досега недостигаше јасна стратегија. Недостатокот на катни гаражи, кои би можеле да апсорбираат дел од притисокот, дополнително ја влошува состојбата.

Непрописното паркирање стана секојдневна слика, и тоа со директни последици по безбедноста. Тротоарите, кои треба да служат за пешаците, се непроодни, што ги принудува децата, мајките со колички и постарите лица да излегуваат на коловозот. Зелените површини, наместо да бидат место за рекреација и убавина, често се претвораат во калливи паркинзи. Учесниците на јавните средби сведочат дека секојдневно гледаат сцени на луѓе кои ризикуваат, движејќи се по улица затоа што тротоарите се окупирани од автомобили. Од друга страна,

слабиот систем на контрола и ретките казнени мерки создаваат чувство дека сè е дозволено, што охрабрува нови и нови прекршоци.

Состојбата се влошува во шпицот на денот – по завршувањето на работното време, за време на училишни активности или викенд пазарите, а најмногу за време на летните празници кога во градот има зголемен прилив на посетители. Вечерните излегувања, пак, претставуваат посебен предизвик – секој агол станува импровизиран паркинг, моторцикли и автомобили се оставаат каде ќе се најде место, што граѓаните го опишуваат како „невиден хаос“.

Последиците од ваквата состојба се далекусежни. Пешачката безбедност е директно загрозена, а секојдневниот живот на граѓаните е исполнет со стрес, нервоза и конфликти. Луѓето трошат драгоцено време вртејќи кругови низ градот во потрага по паркинг место, што се претвора во хронична нервоза и ја намалува продуктивноста. Бизнисите во центарот губат клиенти затоа што луѓето избегнуваат да доаѓаат таму, знаејќи дека ќе се соочат со тешкотии при паркирањето. Јавниот простор, кој треба да биде уреден, безбеден и достапен за сите, е узурпиран од возила, а градот добива негативен имиџ кај посетителите и туристите.

Станува сè појасно дека проблемот со паркирањето не е само техничко прашање на бројот на достапни места, туку општествено прашање кое директно го засега квалитетот на живот во Кочани. Тој ја рефлектира пошироката состојба на урбаниот развој – од недоволното планирање и слабата координација на институциите, до отсуството на култура на почитување на јавниот простор. За граѓаните, секојдневниот хаос со паркирањето е веќе пречка за нормално функционирање на градот, а за локалната заедница тој е индикатор дека е крајно време за систематски и долгорочни решенија.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Имајќи ја предвид сериозноста на проблемот со паркирањето во Кочани, во изминатиот период беа разгледани и предложени повеќе можни решенија. Дел од нив се појавија како обиди за краткорочно олеснување, а други се резултат на анкети, јавни средби и консултации со експерти во рамките на иницијативата „Град без хаос“. Овие алтернативи претставуваат палета на различни пристапи – од инфраструктурни проекти и дигитални алатки, до организациски мерки и строга регулација – сите со цел да се обезбеди поуреден, побезбеден и пофункционален град.

**Алтернатива 1: Катни гаражи на стратешки локации**

Најчесто споменувана опција, и од граѓаните и од стручните лица, е изградбата на катни гаражи. Во анкетата спроведена со над 150 испитаници, мнозинството предложиле токму вакво решение, а дел од нив јасно нагласиле дека „би плаќале на месечно ниво ако знаат дека имаат сигурно место“. Според анализата, катните гаражи носат повеќекратни придобивки:

обезбедуваат значителен капацитет за автомобили, мотори и електрични тротинети, можат да содржат полначи за електрични возила, како и дополнителни функционалности како автоперални и мали сервиси. Во нив може да се вградат и деловни простории за закуп, што дополнително ќе ја зголеми економската оправданост на инвестицијата. Предноста е што дел од просторот може да се понуди на претплатнички модел за жителите на центарот, кои би имале загарантирано паркинг-место, со што директно ќе се намали конфликтот меѓу станарите и посетителите.

**Алтернатива 2: Мали монтажни гаражи и службени паркинзи**

Монтажните гаражи се гледаат како побрзо и поекономично решение, бидејќи бараат помали инвестиции и пократок период за изградба. Според заклучоците од состанокот со Секторот за урбанизам, ваквите решенија може да се применат кај институции со голем дневен прилив на луѓе, како здравствени установи, училиштата или општинските служби. Поставувањето на помали, монтажни паркинзи би го намалило притисокот врз околните улици и би овозможило пристапност токму таму каде што најмногу е потребно. Дополнително, дел од граѓаните предлагаат и службени паркинзи – резервирани позиции за возила на институции и јавни служби – што би спречило нивно постојано паркирање во населбите и би ја подобрило мобилноста на локално ниво.

**Дополнителни аспекти на алтернативите 1 и 2: Уредување на јавните површини**

Еден од најголемите проблеми денес е што тротоарите и парковите се окупирани од возила, оставајќи ги пешаците без безбеден простор за движење. На јавната средба граѓаните отворено зборуваа за родители со колички, лицата со попреченост, деца и стари лица кои секојдневно одат по улица затоа што тротоарите се непроодни“. Решението што се нуди е ослободување на овие површини и нивно претворање во зелени зони, пешачки и велосипедски патеки. Со изградба на катни или монтажни гаражи, автомобилите ќе се насочат кон организирани простори, а јавниот простор ќе се врати на граѓаните. Ова ќе значи и подобрување на естетиката и квалитетот на живот во градот, што е особено важно за младите семејства и за постарите жители кои сакаат безбедно да се движат низ градот.

**Дополнителни аспекти на алтернативите 1 и 2: Дигитализација и паметно планирање**

Современите технологии овозможуваат нов пристап кон управувањето со паркирањето. Една од предложените мерки е мобилна апликација која би овозможила електронско плаќање, резервација на паркинг-места и информација во реално време за нивната достапност. Според учесниците на средбите, „ни треба паметен систем, не само бетон“. Со вакви дигитални алатки може да се вршат и анализи на сообраќајните текови, што ќе помогне во одредување на најсоодветните локации за нови гаражи и паркинзи. Се разгледуваат и модуларни решенија – гаражи кои може да се прошируваат со текот на времето, во зависност од растот на потребите.

Дополнителен елемент е одржливоста: на покривите може да се поставaт соларни панели за производство на електрична енергија, што ќе ги направи овие објекти енергетски ефикасни и поевтини за одржување.

**Дополнителни аспекти на алтернативите 1 и 2: Примена на казнена политика**

Прашањето за санкции и казни неизбежно се поставува. Денес, недостигот на систематска контрола значи дека непрописното паркирање е практично без последици, што го охрабрува неговото ширење. Една од предложените мерки е воведување построги казни – од парични санкции, преку поставување физички пречки на тротоарите, па сѐ до одземање на возилото во крајни случаи. Но, граѓаните јасно укажуваат дека ваквите мерки можат да бидат оправдани и прифатени само ако претходно се обезбедат доволно достапни паркинг-места. Во спротивно, казнената политика би изгледала неправедна и би предизвикала уште поголемо незадоволство. Затоа, рестриктивните мерки мора да се спроведуваат со понудата на реални алтернативи, за да се воспостави рамнотежа меѓу правичноста и редот.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Од сите разгледани опции, јасно е дека изградбата на катни гаражи е решението што најмногу го поддржуваат граѓаните и што најдиректно може да одговори на растечкиот проблем со паркирањето во Кочани. Во спроведената анкета со повеќе од 150 испитаници, најголемиот број одговориле дека токму катната гаража е „добра основа за подигнување на културата и свеста на граѓаните за одговорно учество во сообраќајот“. На јавната средба граѓаните јасно изјавиле дека би плаќале месечна претплата ако имаат сигурно паркинг-место, бидејќи тоа би им го намалило стресот и времето потрошено во секојдневна потрага. Ова е клучен сигнал – луѓето се подготвени не само да ја поддржат мерката, туку и активно да учествуваат во нејзиното функционирање.

Катните гаражи се издвојуваат затоа што носат најголем капацитет и обезбедуваат системско решение за хаосот во централните градски подрачја.

Она што ја прави оваа алтернатива уште поатрактивна е можноста за повеќенаменска употреба. Според анализата, во рамките на гаражите може да има деловни простории за издавање под закуп, автоперални, сервиси, па дури и простории за брзи пошти или осигурителни компании. Со тоа се обезбедува дополнителен приход, кој ќе помогне во одржување на објектот и ќе ја намали зависноста од општинскиот буџет. Дополнителен елемент е и можноста за поставување на соларни панели на покривите, што би ја зголемило енергетската ефикасност и би ги намалило оперативните трошоци.

Дополнителна предност на ваквиот модел е што целосно се вклопува во европската агенда за „зелени градови“ и одржлив урбан развој. Изградбата на катни гаражи не само што ќе

овозможи ред во сообраќајот, туку и ќе придонесе за намалување на загадувањето и јаглеродните емисии, бидејќи возачите повеќе нема да трошат време и гориво возејќи во долги кругови барајќи слободно место. Со ослободување на тротоарите и парковите ќе се зголеми бројот на зелени површини, а поставувањето на соларни панели на гаражите ќе обезбеди обновлив извор на енергија и енергетска ефикасност. На овој начин, Кочани ќе се позиционира како град кој се движи во чекор со европските политики за одржливост и паметни градови, што дополнително ја отвора можноста за користење средства од европски фондови и меѓународни донатори.

Граѓаните укажуваат и на важноста на локацијата. Тие бараат гаражите да бидат сместени на пристапни точки – во близина на прометни сообраќајници и централното градско подрачје, но истовремено да имаат пристап до институции и објекти од јавен интерес. Ваквиот пристап гарантира дека новите капацитети навистина ќе се користат, наместо возачите да продолжат да бараат импровизирани решенија.

Финансиски гледано, ова е најскапата, но и најодржливата мерка. Се проценува дека една катна гаража чини меѓу 2 и 3 милиони евра, зависно од капацитетот и опремата. Но со воведување на месечни претплати за жителите и деловните субјекти, како и преку приходи од закуп на деловни простории, инвестицијата би можела постепено да се враќа. Дополнителна можност се јавно-приватните партнерства кои би го поделиле финансискиот товар меѓу општината и приватни инвеститори.

**Конкретни активности**

- Изработка на сообраќајна студија за избор на најсоодветни локации (6 месеци).
- Отворање јавна расправа и анкета со граѓаните за избор на локација (3 месеци).
- Обезбедување финансиски средства преку буџет, државни фондови и јавно-приватни партнерства (до 12 месеци).
- Почеток на изградба на првата катна гаража во рок од 18 месеци, со целосна реализација за околу 2 години.
- Воспоставување претплатнички модел за жителите и деловните субјекти уште во фазата на отворање.

**Временска рамка**

Изведбата на првата катна гаража, може да се реализира за 2 до 3 години. Во рок од 5 години, со изградба на најмалку две катни гаражи и паралелно дигитализирање на системот, Кочани може целосно да ја смени сликата за паркирањето.

# Иновативни иницијативи во Општина Куманово

01 **Куманово без поплави**
Драгана Коцевска (СДСМ)

02 **Еко-инспекција за Куманово**
Горан Максимовски (ДОМ)

03 **Летно кино во Куманово**
Мила Петрушевска (ЗНАМ)

# КУМАНОВО БЕЗ ПОПЛАВИ- ВРЕМЕ Е ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА!



ДРАГАНА КОЦЕВСКА

-СДСМ-

# *Куманово без поплави - време е за атмосферска канализација!*

## 1. Резиме

Куманово, со околу 98.000 жители, со години се соочува со хроничен проблем со атмосферската канализација. По секој пороен дожд улиците, булеварите и дворовите се поплавуваат, особено на булеварот „Октомвриска револуција“ и во населбите Средорек и Серава. Постарите и нецелосно изградени цевководи, делумно поврзани со фекална канализација и слабо одржување на мрежата, создаваат ризик за имотот, безбедноста и здравјето на граѓаните.

Сегашниот пристап, базиран на краткорочни и делумни интервенции, не е функционален. Континуираното чистење и санирање на критични точки не овозможува долгорочна стабилност, па проблемот се повторува секоја година.

Како досегашни неуспеси се идентификуваат:

- Инсталацијата на стари и премали цевководи;
- Фрагментарни интервенции без системски план;
- Недоволно одржување и неправилно користење од страна на граѓаните;
- Недоволна интеграција на нови објекти со атмосферската мрежа.

Разгледани можни решенија:

1. Краткорочни мерки – чистење и санација на постоечката мрежа;
2. Делумни интервенции – работа на најкритичните точки;
3. Сеопфатна реконструкција – проширување и модернизација на целата мрежа;
4. Интегрирани зелени решенија – комбинација на нови колектори со одржливи инфраструктурни мерки.

Се препорачува решение кое опфаќа сеопфатна реконструкција и проширување на атмосферската канализација, со воведување на мониторинг системи, ГИС алатки и едукација на граѓаните. Реализацијата е фазна, со приоритет на најкритичните точки.

Финансиски аспект: почетната фаза (клучни улици и булевар) се проценува на 40–60 милиони денари, додека целокупната реконструкција и модернизација на мрежата изнесува 120–150 милиони денари. Инвестицијата е економски оправдана, бидејќи секоја поплава носи штети од 70–100 милиони денари. Средствата ќе се обезбедат преку комбинација од општинскиот буџет, државните фондови и меѓународните програми.

Со ваков системски пристап, Куманово ќе го намали ризикот од поплави, ќе ја зајакне отпорноста кон климатските промени и ќе го подобри квалитетот на живот на граѓаните.

## 2. Проблем – контекст и важност

Куманово, најголемата општина во државата по бројот на жители со околу 98.000 жители според пописот од 2021 година, со години се соочува со еден ист, континуиран и горлив проблем – недостиг на функционална атмосферска канализација. Овој проблем, кој во современите урбани средини се смета за елементарно решен, во Куманово се претвори во хроничен предизвик кој го нарушува секојдневието на граѓаните, ја загрозува нивната безбедност и создава чувство на запоставеност и назадување.

Секој Кумановчанец барем еднаш бил сведок на поплавени улици, раскрсници или дворови по обилни врнежи. При поројни дождови, цели делови од градот се претвораат во езера, со вода која се задржува со часови, а понекогаш и со денови. Оштетени возила, поплавени приземни простории, затнат сообраќај и невозможност да се пешачи низ центарот на градот – тоа е секојдневие во дождливите денови. Најголема мета на поплавите е булеварот „Октомвриска револуција“, една од клучните артерии на Куманово. Иако на овој булевар постои атмосферска канализација, таа е со многу мал капацитет и не може да ја собере огромната количина вода што се слева од ридестите делови на градот. Така, главниот булевар, и при најмал дожд се претвора во „резервоар“ на дождовните води.

Историјата е полна со примери кои ја потврдуваат оваа состојба. Во 2016, 2018 и 2023 година Куманово беше погодено од три големи поплави, по кои цели населби останаа блокирани. Жителите на Средорек, централното градско подрачје и делови околу Серава се најпогодени – нивните улици Никола Тесла, Доктор Рибар и Ѓорче Петров редовно се претвораат во критични точки. Таму или воопшто нема атмосферска канализација, или пак постоечките цевководи се толку застарени што не можат да ја издржат количината на водата.

Состојбата е дополнително влошена од фактот што на некои места атмосферската и фекалната канализација се поврзани. Тоа значи дека секое излевање од шахтите не е само поплава, туку и потенцијално загадување, со сите ризици по јавното здравје и животната средина.

На прашањето зошто проблемот се повторува, одговорот се крие во повеќе причини кои со години се наталожиле. Прво, инфраструктурата е стара, во голем дел градена пред неколку децении, без да се земат во предвид климатските промени и денешната урбанизација. Второ, интервенциите на општината најчесто се краткорочни и фрагментарни – се санира само моментално најзагрозената точка, без системски пристап. Трето, редовното одржување е слабо: сливниците често се затнати со отпад и лисја, а граѓаните, несвесно или од навика, дополнително придонесуваат за нивното запушување. Четврто, градот расте – нови згради и

објекти никнуваат, но не секогаш се поврзуваат со атмосферската мрежа, па дождовната вода завршува директно на улиците.

Булеварот „Октомвриска револуција“ е илустративен пример за тоа колку е комплексен проблемот. Од една страна, канализацијата постои, но е премала. Од друга страна, целиот терен на околните улици, како Иво Лола Рибар и Ѓорче Петров, ја пренесува водата токму на овој булевар. Најкритичниот потег, долг околу 1,2 километри, се простира од спојот со ул. Иво Лола Рибар до кружниот тек кај булеварот Трета Македонска Ударна Бригада. Ова подрачје, со речиси идентична надморска височина (318 м), не дозволува природно истекување на водата, па таа останува „заробена“ на асфалтот.

Ова не е само техничко прашање. Тоа е прашање на квалитет на живот и урбана култура. За граѓаните, дождот во Куманово не е природна појава, туку закана. Тие знаат дека секое излегување по врнежи значи газење низ калливи бари, ризик за сопственото возило, нервоза во сообраќајот или поплавен двор. Овој проблем создава чувство како градот да е оставен на милост и немилост, односно како да не припаѓа на 21 век.

Куманово има над 75.000 жители во градското подрачје и секојдневно илјадници од нив се движат токму низ булеварот „Октомвриска револуција“. Тој булевар е економска и социјална артерија на градот – таму се концентрирани продавници, институции, угостителски објекти. Кога тој булевар е под вода, целиот град е под вода – буквално и метафорично.

Секоја поплава остава траги, не само во асфалтот и ѕидовите на приземните објекти, туку и во довербата на граѓаните. Со години тие слушаат политички ветувања за решавање на проблемот, но решенијата секогаш остануваат половични или неостварени. Секое невреме е потсетник дека Куманово нема соодветен систем за одведување на атмосферските води, и дека проблемот ќе продолжи да се повторува сè додека не се пристапи системски и стратешки.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Проблемот со атмосферската канализација во Куманово не е само технички и инфраструктурен предизвик, туку овој проблем директно ги засега граѓаните на најголемата Општина. Решението на овој проблем не е едноставно. Постојат повеќе можни пристапи, а секој од нив носи свои предности, но и ограничувања.

**Алтернатива 1: Краткорочни мерки – одржување и санација на постојната мрежа**

Првата алтернатива изгледа едноставно: редовно чистење на сливниците, отпушување на шахтите, проверка на постојната мрежа со специјални камери и санација на цевките кои протекуваат или се запушени. Вакви интервенции се веќе пробани во Куманово. На пример, по поплавите во 2018 година, општината организираше акција за чистење на критичните шахти на

булеварот „Октомвриска револуција“. Ефектот беше видлив – првиот нареден дожд не предизвика толку големи застои како порано.

Овој пристап е брз и евтин, а може веднаш да донесе олеснување за граѓаните. Но, има и големи слабости. Кога дождовите се поројни, какви што сè почесто ги гледаме во последните години, капацитетот на старите цевководи е премал. Колку и да се чистат шахтите, водата едноставно нема каде да оди. Искуството е како да пробувате да наполните река во мала цевка: колку и да е чиста, таа не може да ја прими целата вода.

**Алтернатива 2: Делумни интервенции – работа на најкритичните точки**

Втората алтернатива оди чекор подалеку и предвидува наместо „крпење“ на целата мрежа, вниманието да се насочи кон неколку најчести жаришта. Најчесто тоа се улиците Никола Тесла во населбата Средорек, Ѓорче Петров кај маркет „Туш“, и Доктор Рибар кај Серава, како и целиот потег на булеварот „Октомвриска револуција“ долг околу 1,2 километри.

Анализите покажуваат дека токму на овие точки настануваат најголемите поплави. Причините се различни: на некои улици канализација воопшто нема, на други пак постојат цевки, но нивниот дијаметар е толку мал што при првите пет минути силен дожд водата почнува да се враќа назад и да излегува преку шахтите. На булеварот „Октомвриска револуција“, на пример, од спојот со улицата Иво Лола Рибар па сè до кружниот тек кај булеварот Трета Македонска Ударна Бригада, теренот е со речиси иста надморска височина – околу 318 метри. Тоа значи дека водата нема природен пад, туку застојува, а кога ќе се слее од околните ридови, булеварот за кратко време е под вода.

Интервенциите на овие критични точки би го намалиле најголемиот товар врз градот. Граѓаните веднаш би почувствувале подобрување – барем центарот на Куманово и најфреквентниот булевар би биле заштитени. Но, ова решение е делумно. Поплавите во останатите населби, каде нема мрежа или е значително застарена, би продолжиле.

**Алтернатива 3: Сеопфатна реконструкција и проширување на целата мрежа**

Третата алтернатива е најамбициозна иподразбира комплетна реконструкција и изградба на атмосферска канализација низ Куманово. Тоа значи нови колектори таму каде што воопшто нема – како во населбата Средорек или на улицата Моша Пијаде, проширување на постојните цевководи со поголем дијаметар од 400 до 600 милиметри, изградба на нови шахти и сливници, па дури и воведување на современи решенија како резервоари за задржување на водата и пермеабилни површини што дозволуваат водата да се впие наместо да се задржува на асфалтот.

Овој пристап би значел и целосно одвојување на атмосферската од фекалната канализација – нешто што денес во Куманово на повеќе места е измешано. Така би се намалил и ризикот од

загадување на реката Кумановка. Вакво решение би било долгорочно и би ја заштитило целата општина, но бара и најголема организација, време и ресурси.

**Алтернатива 4: Интегрирани и иновативни „зелени решенија“**

Последната алтернатива оди подалеку од класичниот инженерски пристап. Таа гледа на градот како на жив организам и се обидува да ја реши проблематиката преку комбинација од традиционални инфраструктурни зафати и нови одржливи решенија.

Во ова сценарио, покрај изградбата на нови колектори, се размислува и за воведување на зелени кровови на јавни објекти, дренажни градини кај паркови и училишта, пермеабилни поплочувања на паркинзи и тротоари, па дури и биодренажни канали со природна вегетација. Овие мерки ја намалуваат количината вода што воопшто стигнува до канализацијата, со што го олеснуваат системот. Воедно, тие создаваат и поубаво и поздраво урбано опкружување.

Примерите од други европски градови покажуваат дека со ваков пристап може да се намали притисокот врз мрежата и до 30%. Иако за Куманово ова сè уште е нов концепт, локалната иницијатива „Куманово без поплави“ веќе разговарала со стручни лица за вакви решенија.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Алтернативите пред Куманово се различни – од привремени и делумни, до сеопфатни и трајни. Но сите тие имаат една заедничка цел: да обезбедат град каде дождот повеќе нема да биде закана, туку природна појава со која инфраструктурата знае да се справи.

По разгледување на сите можни алтернативи, се препорачува проблемот со поплавите да се решава преку сеопфатна реконструкција и проширување на атмосферската мрежа. Краткорочните активности носат привремено олеснување, а делумните интервенции на неколку жаришта го ублажуваат проблемот само локално. Сепак, тие не ја гарантираат стабилноста на градот на долг рок.

Затоа, препорачаното решение е третата алтернатива-системски пристап кој ќе ја надмине децениската практика на „крпење“ и ќе создаде модерен и функционален систем за одведување на атмосферските води. Овој избор се темели на по ниски финансиски средтва споредбено со четвртата алтернатива за кој се бараат повисоки финасии, подолго време какои и покомплексни инфраструктурни интервенции.

### Клучни компоненти на предложеното решение

1. **Техничка ревизија на постојната мрежа** – со цел да се идентификуваат точките со најголема ранливост и недоволен капацитет.

2. **Изработка на мастер план** – за изградба на нови атмосферски колектори и реконструкција на постојните, во согласност со климатските промени и урбанистичките трендови.
3. **Фазна реализација на инвестициите** – започнувајќи од најкритичните точки: центарот на градот, булеварот „Октомвриска Револуција“ и населбите Средорек и Серава.
4. **Аплицирање за средства од државни фондови и меѓународни програми** – ИПА, ГРИН и ЕУ фондови за климатска адаптација, како дополнување на општинскиот буџет.
5. **Кревање на јавната свест и обука на граѓаните** – со цел да се спречи запушување на сливниците и да се зголеми одговорноста кон јавната инфраструктура.
6. **Воведување на мониторинг системи и ГИС алатки** – за континуирано следење на протокот на водата и редовно одржување на мрежата.




Слика 1.Почеток на разгледувано подрачје на поплавување

**Финансиски импликации**

Според инженерските проценки и деталните анализи, реализацијата на системското решение ќе бара:

- **Почетен критичен сегмент:** 40–60 милиони денари за улиците Ѓорче Петров, Иво Лола Рибар и Моша Пијаде, заедно со замена на сливниците на булевар „Октомвриска Револуција“.

- **Целокупен мастер план:** 120–150 милиони денари за изградба на нови колектори, реконструкција на постоечките, мониторинг системи и интеграција на зелени инфраструктурни решенија.

Клучните аспекти на финансиските импликации:

- **Превентивна вредност:** Секоја поплава во последните 10 години предизвика штети по инфраструктурата и приватната сопственост од 70–100 милиони денари по настан. Со оваа инвестиција, градот ги минимизира можните загуби.
- **Фазна реализација:** Инвестициите се распределени во четири фази, овозможувајќи постепено вложување и прилагодување според достапноста на финансии.
- **Извори на финансирање:**
    - Општински буџет за критични сегменти и тековно одржување.
    - Државни фондови за инфраструктурни интервенции и климатска адаптација.
    - Меѓународни програми за зелени решенија, мониторинг и едукација на граѓаните.

Заклучно, финансискиот аспект го покажува економското оправдување на инвестицијата – секој денар вложен за модернизација на атмосферската канализација штеди повеќекратно на долгорочни трошоци и ризици од поплави.

**Временска рамка**

- **Фаза 1 (0–6 месеци):** техничка ревизија и изработка на мастер план.
- **Фаза 2 (6–12 месеци):** реконструкција на најкритичниот потег – булевар „Октомвриска Револуција" и замена на сливниците.
- **Фаза 3 (12–24 месеци):** изградба на нови колектори на улиците Никола Тесла, Иво Лола Рибар и Моша Пијаде.
- **Фаза 4 (24–36 месеци):** интеграција на зелени решенија, воспоставување систем за мониторинг и едукација на граѓаните.

Со ваква динамика, најголемиот дел од проблемот може да биде решен за една година, додека целосната реконструкција и модернизација може да се заврши во рок од три години.

Решавањето на проблемот со атмосферската канализација во Куманово бара искрена политичка волја, визија и посветеност. Со системско и фокусирано решение, градот не само што ќе ги намали поплавите, туку ќе го подобри квалитетот на живот на граѓаните и ќе ја зголеми својата отпорност на климатските промени. Ова не е само техничка инвестиција – тоа е вложување во безбедноста, достоинството и европската иднина на Куманово.

# ЗЕЛЕНА СТРАЖА ЗА КУМАНОВО: ИНТЕГРИРАН НАДЗОР ЗА ЧИСТА И ОДРЖЛИВА СРЕДИНА



ГОРАН МАКСИМОВСКИ

-ДОМ-

# *Зелена стража за Куманово: Интегриран надзор за чиста и одржлива средина*

## 1. Резиме

Овој документ за јавни политики се фокусира на комплексните еколошки предизвици во Куманово, како урбано-индустриски центар во Северна Македонија, каде што проблемите со загадувањето на воздухот, дивите депонии, загадувањето на водите, недостигот од зеленило и сообраќајната бучава претставуваат сериозна закана за здравјето на граѓаните и одржливиот развој. Сегашниот пристап, базиран на реактивни инспекциски надзори од Општинскиот инспекторат и Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС), не е функционален поради ограничените ресурси, слабата координација меѓу институциите, ниската транспарентност и недоволната вклученост на граѓаните. Неуспесите се евидентни во постојаните проблеми: според анкетата спроведена во рамките на иновативната иницијатива, 68% од граѓаните сметаат дека еколошките проблеми се сериозни, а 55% не знаат која институција е надлежна за инспекции, што резултира со само 14% пријавени случаи и минимален одѕив.

Како можни решенија беа разгледани: (1) Засилување на постоечките институционални капацитети преку зголемување на бројот на инспектори и техничка опрема; (2) Воведување дигитални платформи за граѓанско пријавување и мониторинг; (3) Формирање на интегрирана "Зелена Стража" – хибриден модел со волонтери, технологија и партнерства. Се препорачува воведување на решението за интегрираниот модел "Зелена Стража", кое комбинира проактивен надзор, јавна транспарентност и граѓанска мобилизација, бидејќи тоа директно ги адресира јазовите од анкетата (висок потенцијал за вклученост од 77% граѓани) и може да намали повторливи "црни точки" за 30% во првите 6-12 месеци, врз основа на предложените индикатори.

## 2. Проблем – контекст и важност

Куманово, како брзорастечки урбано-индустриски центар во североисточниот дел надржавата, се соочува со типични "балкански" еколошки проблеми, засилени од неговата локација во близина на речните сливови на Кумановска Река, Липковска Река и Пчиња, како и од коридорскиот транспорт. Локалните проблеми вклучуваат зимско загадување на воздухот од домаќинства (дрва/јаглен), сообраќајни тесни грла, диви депонии на периферијата и ризици од поплави. Овие се конзистентни со националната слика, каде што воздухот е меѓу најкритичните проблеми, а управувањето со отпад е хроничен предизвик.

Во локален контекст, овие проблеми директно влијаат врз здравјето и квалитетот на животот на околу 100.000 жители. Според анкетата спроведена во рамките на иновативната иницијатива, 55% од граѓаните ги истакнуваат отпадоците и дивите депонии како најголем проблем, 36% загадувањето на реките и недостигот од зеленило, 27% загадениот воздух, а помал процент и бучавата. Ова не е само перцепција: податоците од мониторинг станиците на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) покажуваат пикови на ПМ честички во зима, додека истражувањата мапираат стотици диви депонии низ регионот. Значајноста за локалната заедница е огромна – загадувањето доведува до респираторни заболувања, економски загуби од поплави и намалена атрактивност за инвестиции, што го попречува одржливиот развој.

Основни причини за проблемите се: (1) Ограничени институционални капацитети – Општинскиот инспекторат има мал број инспектори, слаба техничка опрема и реактивен пристап; (2) Слаба координација – преклопувањата меѓу Општинскиот инспекторат, ДИЖС и други тела (како ЈП "Чистота и зеленило") доведуваат до одложени реакции; (3) Ниска граѓанска вклученост и транспарентност – 55% од анкетираните не знаат за надлежностите, а 86% никогаш не пријавиле проблем, поради недоволна повратна информација; (4) Недоволни ресурси – буџетски ограничувања и отсуство на модерни алатки како дронови или IoT системи[7].

Овие причини довеле до ситуации на постојани диви депонии (и покрај собирање на 7.172 кг отпад во последните две години), нерешени поплавни ризици (и покрај постоечките проекти) и слаба транзиција кон чисти енергенси (само делумна замена на котларници). Влијанието е широко: здравствени ризици (зголемени ПМ нивоа), економски трошоци (од поплави и отпад), социјална незадоволство (само 5% задоволни од инспекцијата) и пропуштени можности за одржлив развој, што го прави проблемот итен за адресирање.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

За адресирање на еколошките проблеми во Куманово, се разгледуваа три главни алтернативи, базирани на податоците од анализата, анкетата и предложените решенија во иновативната иницијатива. Принципите за евалуација вклучуваат: (1) Ефективност – колку брзо и мерливо предлог решението ги намалува проблемите (врз KPI како намалување на "црни точки" за 30%); (2) Изводливост – компатибилност со постоечки ресурси и буџет; (3) Вклученост – степен на граѓанска мобилизација (врз 77% подготвеност од анкетата); (4) Одржливост – долгорочни ефекти и интеграција со национални стратегии (како Програмата за заштита на животната средина 2024); (5) Транспарентност – јавна отчетност преку извештаи и мапи.

[7] Мрежи составени од уреди, сензори и апликации кои се поврзани на интернет и меѓусебно разменуваат податоци без потреба од директна човечка интервенција.

**Алтернатива 1: Засилување на постоечките институционални капацитети**

Ова вклучува зголемување на бројот на инспектори (преку буџетски алокации), инвестиции во опрема (мобилни лаборатории, дронови) и подобрена координација со ДИЖС (месечни состаноци).

*Аргументи:* Директно го адресира недостатокот на ресурси (проблем од анкетата), со потенцијал за брзи реакции на пријави (≥85% одговор во седум дена). Сепак, ова решение е скапо и не ја зголемува граѓанската вклученост, што е клучен јаз.

**Алтернатива 2: Воведување дигитални платформи за граѓанско пријавување и мониторинг**

Ова решение подразбира онлајн апликација за пријави (со уникатен ID), јавна мапа на "црни точки" и аларми во реално време.

*Аргументи:* Зголемува транспарентност (барана од 68% од анкетираните) и информираност (адресира 55% незнаење кај анкетираните), со ниски трошоци преку партнерства со донатори или ЕУ фондови. Главен недостаток на овој предлог претставува зависноста од дигитална писменост и не обезбедувањето теренска акција без човечки ресурси.

**Алтернатива 3: Интегрирана "Зелена Стража" – хибриден модел**

Ова решение комбинира засилени инспекторски контроли, дигитални алатки, волонтери/граѓански набљудувачи и партнерства (со ЈП "Чистота и зеленило" итн). Вклучува планирање базирано на ризик, тематски акции (зимски/пролетни), јавни билтени и микро-грантови за еко-иницијативи.

*Аргументи:* Најдобра опција поради сеопфатност – ефективна (намалување на случаи ≤30 дена), изводлива (гради врз постоечки проекти како "Чист воздух"), инклузивна (искористува 77% подготвеност) и одржлива (интегрира со Interreg-IPA озеленување). Споредено со другите опции, ова решение е супериорно бидејќи комбинира ресурси и мобилизација, со потенцијал за 100% неделни ажурирања и намалени повторливи проблеми - нешто што е тестирано преку анкетата и предложените решенија. Анкетата покажува дека граѓаните бараат извештаи од терен (68%) и санкции (36%), што овој модел директно обезбедува, додека другите алтернативи се парцијални. Тестираните решенија во иницијативата (како hotspot мапи и субвенции) потврдуваат дека интегрираниот пристап е поефективен од изолираните мерки.

## 4. Избрано решение и последователни активности

За имплементација на препорачаното решение "Зелена Стража" се предлага следниот акционен план, структуриран по фази, со одговорни субјекти, временска рамка и индикатори за успех.

Ова решение би се реализирало во соработка со Општина Куманово, МЖСПП, ДИЖС и меѓународни партнери , со буџет од локални средства, ЕУ фондови и грантови.

**Фаза 1: Подготовка (0-3 месеци)**

- Формирање на координативен тим: Општина Куманово да назначи тим од пет членови (инспектори, IT експерт, граѓански претставник). Активност: Разработка на статут за "Зелена Стража" и дефинирање надлежности.
- Развој на дигитална платформа: Партнерство со локални IT фирми за апликација за пријави (со ID, фото/видео). Индикатор: Лансирање на платформа, ≥50% покриеност со обука за граѓани.
- Зголемување капацитети: Обезбедување опрема (дронови, мобилни мерни уреди) преку грантови како и сопствено учество. Одговорен: ЈП "Чистота и зеленило".

**Фаза 2: Имплементација (3-12 месеци)**

- Проактивен надзор: Спроведување тематски акции (зимска контрола на емисии, пролетно чистење депонии). Активност: Ризик-матрица за приоритети, со волонтери за мониторинг.
- Граѓанска мобилизација: Кампањи во училиштата и социјални медиуми за едукација; микро-грантови (до 500 EUR) за локални иницијативи (озеленување, селекција отпад). Индикатор: ≥77% вклученост од анкетирани групи, намалени "црни точки" за 30%.
- Транспарентност: Неделни билтени и јавна мапа на прекршоци/санкции (анонимизирано). Одговорен: Општински инспекторат, во координација со ДИЖС.

**Фаза 3: Евалуација и одржливост (12-24 месеци)**

- Мониторинг врз основа на клучните индикатори: Просечно време за затворање случаи ≤30 дена; анкета за задоволство ≥15 процентни поени зголемување. Активност: Годишен извештај до Советот на општината.
- Интеграција со проекти: Поврзување со "Green urban area in Kumanovo" и субвенции за гасификација. Одговорен: МЖСПП.
- Финансирање: Буџетска алокација (20% од Програмата за заштита 2025), плус ЕУ фондови за IoT наводнување и соларни системи.

Овие активности ќе обезбедат мерливи подобрувања, зголемена доверба и модел за други општини, со фокус на превенција наместо реакција.

Имплементацијата на решението Зелена Стража бара комбинирање на локални и надворешни извори на финансиски средства. Проценетите трошоци за првите две години се околу **250.000 – 300.000 евра**, распределени на следниов начин:

- ~40% локален буџет (буџетска програма за животна средина и комунални услуги),
- ~35% меѓународни грантови,
- ~25% други извори (јавни претпријатија, приватен сектор преку јавно-приватни партнерства).

Главните трошоци се за опрема (дронови, мерни уреди, дигитална платформа – околу 120.000 евра), човечки ресурси (нови инспектори, IT поддршка – околу 80.000 евра) и микро-грантови за граѓански иницијативи (50.000 евра). Оваа рамка е ориентациона, при што се планира прецизна финансиска анализа во Фаза 1.

Во рок од 5 години, Куманово може да стане пример за „зелена урбана општина“ со значително намалени диви депонии, стабилизирани нивоа на ПМ честички и зголемена доверба на граѓаните во локалните институции. Овој модел ќе биде пренослив и во други општини, со што Куманово ќе се позиционира како лидер во иновативни решенија за животна средина.

# ЅВЕЗДЕН КАДАР – ЛЕТНО КИНО ЗА МЛАДИ ВО КУМАНОВО

МИЛА ПЕТРУШЕВСКА

-ЗНАМ-

# *Ѕвезден кадар - летно кино за млади во Куманово*

## 1. Резиме

Куманово, како втор најголем град во нашата држава, се соочува со сериозен културен дефицит кој најсилно го чувствува младата популација. Иако градот има богата културна традиција, современи и атрактивни содржини за младите речиси и да нема. Истражувањата потврдуваат дека најголем дел од младите гледаат филмови дома (85%), додека само мал дел (12%) посетуваат кино, а помалку од 3% некогаш биле на кино на отворено. Особено алармантен е фактот дека дури 80% патуваат во друг град за да гледаат филм – што создава културен одлив и слабеење на поврзаноста на младите со сопствената заедница.

Сегашниот пристап не успева да ја ангажира младата публика. Институционалните културни настани се ограничени, формални и со мала посетеност, а претходните обиди за организирање кино-проекции во затворени или ад-хок простори пропаднале поради застарена технологија, ограничен простор, недоволна промоција и непостојаност на програмата. Наместо да создаваат интерес, овие формати дополнително ја намалуваат мотивацијата на младите да учествуваат во културниот живот на градот.

Во процесот на анализата беа разгледани неколку алтернативи. Првата е продолжување со традиционални проекции во затворени простории – опција практична, но неатрактивна за младите. Втората е мобилно кино кое патува низ различни населби – интересно од аспект на инклузивност, но тешко одржливо поради логистички и технички ограничувања. Третата алтернатива е летно кино на отворено, на фиксна локација, со редовна програма и современа опрема. Оваа опција е најподдржана и од младите и од пошироката заедница: над 95% сметаат дека ќе го збогати културниот живот, а повеќе од 90% дека ќе поттикне социјализација. Дополнително, над 70% сакаат концептот да вклучува музика, храна и интерактивни активности, што ја прави оваа алтернатива најусогласена со нивните интереси.

Реализацијата на проектот бара умерени финансиски средства – околу 7.370 евра, главно за техничка опрема, уредување на просторот и промоција. Средствата можат да се издвојат преку комбинација на општински буџет, национални фондови и локални партнери, што го прави проектот финансиски одржлив и реален.

Затоа, главната препорака е воспоставување летно кино на отворено во Куманово. Ова решение ги комбинира пристапноста, континуитетот и современото културно искуство, нудејќи уникатен простор за младите да се дружат, да консумираат култура и да градат заедништво. Летното кино не е само културна манифестација, туку и стратегиска инвестиција во иднината на градот – со потенцијал да стане нов симбол на урбаниот и младински живот во Куманово.

## 2. Проблем – контекст и важност

Куманово, како втор најголем град во нашата држава, претставува важен културен и урбан центар кој низ историјата создал богата традиција на уметност, образование и јавен живот. Сепак, и покрај неговата големина и културна позадина, градот денес се соочува со сериозен недостаток од современи културни и забавни содржини наменети за младата популација.

Проблемот е повеќеслоен. Од една страна, институционалната културна понуда е ограничена на формални настани во организација на локалните установи, кои не успеваат да ја привлечат младата публика. Настаните што се организираат најчесто се со традиционален концепт, со мал број посетители, без интерактивност и без простор за слободна и динамична социјализација. Од друга страна, недостигаат алтернативни културни простори и модели кои би одговарале на интересите и навиките на младите денес.

Истражувањата спроведени во Куманово а со цел на изработка на овој документ, го потврдуваат ова. Според анкета со 200 испитаници, најголем дел од младите гледаат филмови исклучиво во домашен амбиент – дури 85% од анкетираните изјавиле дека филмовите ги гледаат дома. Само околу 12% од младите посетуваат кино, а помалку од 3% некогаш биле на кино на отворено. Овие податоци ја отсликуваат реалноста дека Куманово, за разлика од другите големи градови, нема кино-сала со современа технологија ниту пак културни настани што би го приближиле кино-искуството до младите.

Она што е уште поважно, дури 80% од испитаниците изјавиле дека патуваат во друг град за да гледаат филм. Овој податок говори за културен одлив – младите од Куманово се принудени да ја бараат забавата и културните искуства надвор од својот град. Ова не е само прашање на култура, туку и на идентитет и заедништво: доколку младите се чувствуваат културно запоставени, тие развиваат помала поврзаност со својот град и помалку учествуваат во локалниот јавен живот.

Анкетата исто така покажа дека постои силна желба и отвореност за вакви иницијативи. Над 75% од младите би го посетувале летното кино во Куманово, а остатокот изјавил дека би дошол зависно од програмата. Ниту еден испитаник не дал негативен одговор, . Овој факт укажува дека културната понуда не е проблем поради недостаток на интерес, туку исклучиво поради инфраструктурен и организациски вакуум.

Ваквата состојба не е изолиран случај само во Куманово. Според извештајот на Агенцијата за млади и спорт (2022), младите во Северна Македонија во континуитет се соочуваат со недоволно достапни културни и спортски содржини во своите локални заедници. Повеќе од 60% од младите на национално ниво сметаат дека културниот живот не е прилагоден на нивните потреби. Во „Извештајот за младински трендови 2023“ на Националниот младински

совет на Северна Македонија, дури 67% од младите изјавиле дека „немаат доволно атрактивни места за дружење и култура во својот град". Куманово не е исклучок – напротив, како втор најголем град во државата, неговата состојба се доживува уште поочигледно и парадоксално.

Дополнително, истражувањето откри дека младите сакаат културни содржини кои се интерактивни и современи. Над 70% од анкетираните би сакале киното да биде придружено со дополнителни активности, како музика во живо, храна и пијалоци или тематски настани. Ова укажува дека младите не бараат само филмско искуство, туку и културен простор за дружење, споделување и креативност.

Овој предизвик е во согласност со наодите во Националната стратегија за млади 2023–2027, каде што како приоритет се нагласува потребата од современи културни и социјални содржини за младите на локално ниво.

Културниот дефицит во Куманово има и пошироки социјални последици. Недостигот од достапни и атрактивни содржини води кон пасивност кај младите, намалена социјализација и се поголема зависност од приватни и дигитални форми на забава (како ТВ и онлајн платформи). Тоа ја ограничува нивната можност за активно учество во заедницата и создава впечаток на културна изолација.

Анкетата јасно потврдува дека младите гледаат во ваков проект решение за овие проблеми. Повеќе од 95% од испитаниците сметаат дека летното кино би придонело за поразновиден културен живот, а над 90% дека ќе помогне младите повеќе да се дружат и излегуваат во градот. Со други зборови, проблемот е не во интересот, туку во тоа што Куманово нема создадено услови да им понуди на младите културни алтернативи кои се модерни, достапни и во чекор со нивните потреби.

Затоа, може да се заклучи дека главниот проблем се состои во:

- Недостаток од современи културни простори и настани за млади во Куманово.
- Културен одлив – младите мораат да патуваат во други градови за да добијат искуство што нивниот град треба да им го овозможи.
- Неповрзаност на институциите со младата популација, што резултира со културни програми кои не одговараат на нивните интереси.
- Социјална пасивност и изолација предизвикана од отсуството на квалитетни културни и забавни содржини.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Во процесот на идентификување на можните решенија за подобрување на културната понуда за младите во Куманово, беа разгледани неколку алтернативи. Секоја од нив носи потенцијал, но и ограничувања што ја прават различна по атрактивност и применливост.

**Алтернатива 1: Продолжување со традиционални проекции во затворени простории**

Првата алтернатива е продолжување со организирање на проекции во затворени простории, користејќи ја постојната инфраструктура како Домот на култура, училишните сали и помалите импровизирани кина. Овој пристап има практична предност – не бара нови простори и може да се реализира со помали трошоци и со минимална логистичка подготовка. Дополнително, ваквата форма е веќе позната на институциите и има извесна традиција во градот.

Сепак, податоците од анкетата покажуваат дека младите ја доживуваат оваа опција како сè помалку привлечна. Дури 85% од испитаниците изјавиле дека филмовите ги гледаат дома, а само 12% одат во кино, што укажува дека затворените простории не успеваат да ја поттикнат нивната заинтересираност. Главната причина е во тоа што овие простори се перцепираат како формални, нефлексибилни и недоволно атрактивни. Дополнителен проблем е што младите во лето природно бараат активности на отворено, а затворените сали не можат да ја обезбедат таа атмосфера. Исто така, технологијата во постојните простории е често застарена, што резултира со слаб квалитет на проекциите и уште повеќе го намалува интересот. Со други зборови, оваа алтернатива нуди практичност, но е ограничена во својот опфат и не одговара на очекувањата на младите.

**Алтернатива 2: Мобилно кино – патувачки проектор и платно низ различни населби**

Втората алтернатива предвидува воспоставување мобилно кино кое би патувало низ различни населби и маала во Куманово, со што културата буквално би се донела до граѓаните. Ваквиот модел би имал значителен инклузивен карактер, бидејќи би овозможил младите од различни делови на градот – вклучително и периферните населби – да бидат директно опфатени со културни активности. Тоа би создадало чувство на културна достапност и приближување на заедницата, со можност за локално вклучување во организацијата на настаните.

Иако звучи атрактивно, мобилниот модел се соочува со низа практични пречки. Техничката опрема би требало постојано да се преместува, што носи дополнителни ризици од оштетување и чести технички проблеми. Логистиката за транспорт, поставување и обезбедување е сложена и бара значителни ресурси. Освен тоа, непостојаноста на локацијата го отежнува создавањето на стабилна публика. Анкетата потврдува дека младите сакаат редовност и континуитет – над 75% од испитаниците би го посетувале киното барем еднаш месечно или почесто, но само ако постои организирана програма. Токму затоа, иако мобилното кино може да понуди

инклузивност и разновидност, тешко е да создаде долгорочна навика кај младите и стабилен културен идентитет во градот.

**Алтернатива 3: Летно кино на отворено – централизирано, со редовна програма**

Третата алтернатива е воспоставување на летно кино на фиксна локација на отворено, со современа опрема и редовна програма во текот на летните месеци. Овој модел се темели на идејата за создавање препознатлив и достапен културен простор, кој ќе биде во функција на младите и пошироката заедница.

Резултатите од анкетата силно го поддржуваат овој концепт. Над 95% од испитаниците сметаат дека летното кино ќе придонесе за поразновиден културен живот во Куманово, а повеќе од 90% веруваат дека ќе поттикне поголема социјализација и дружба меѓу младите. Покрај тоа, младите не сакаат кино исклучиво како проекција на филмови, туку како целосно искуство: над 70% од нив бараат дополнителни активности (музика во живо, храна, пијалоци), а околу 71% преферираат опуштена атмосфера со лежалки, ќебиња и пуфови. Овие податоци ја потврдуваат желбата младите да имаат простор кој нуди повеќеслојно културно и социјално доживување.

Особено е значајно што младите веќе препознаваат потенцијални локации за вакво кино. Најмногу поддршка имаат јавни простори како Спомен Костурницата (54%) и паркот во Соколана (37%), што укажува дека тие сакаат киното да биде интегрирано во препознатливи и достапни делови на градот. Со тоа, летното кино не би било само културен проект, туку и дел од урбаното оживување на Куманово.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Трите алтернативи ја прикажуваат целата палета на можности – од користење на постојната инфраструктура, преку мобилни и децентрализирани модели, до создавање на модерен и централен културен простор на отворено. Секоја носи свои предности, но и ограничувања што треба да се разгледаат во процесот на носење одлука за најдобро решение за младите во Куманово.

Врз основа на резултатите од анкетите, анализите и досегашните искуства, најсоодветна и најподдржана од граѓаните е алтернативата за воспоставување летно кино на отворено, на фиксна локација, со редовна програма. За разлика од традиционалните проекции во затворени простории, кои младите ги доживуваат како неатрактивни и застарени, и од мобилните кина кои не можат да обезбедат континуитет и стабилна публика, оваа опција обединува три клучни елементи: континуитет, пристапност и современо искуство.

Анкетата покажа дека над 95% од младите веруваат дека летното кино ќе го збогати културниот живот, а повеќе од 90% дека ќе ја зголеми социјализацијата во градот.

Дополнително, над 70% сакаат да биде придружено со музика, храна и интерактивни активности, што е возможно само во модел на фиксна локација на отворено. Овој концепт најдобро се усогласува со нивните интереси за неформална и опуштена атмосфера – нешто што другите алтернативи не можат да го понудат.

Токму затоа, летното кино не е само уште една опција, туку единственото решение кое истовремено е широко поддржано од заедницата, практично за имплементација и способно да создаде нова културна традиција во Куманово.

**Конкретни активности**

1. Избор на локација – најчесто предложени се Спомен Костурницата и паркот во Соколана.
2. Уредување на просторот – чистење, хортикултурно уредување, поставување лежалки, вреќи за седење и амбиентално осветлување.
3. Набавка на техничка опрема – проектор, платно, озвучување, компјутер, миксета и дополнителна опрема.
4. Организација на програмата – неделни проекции со различни жанрови и придружни активности (музика во живо, штандови со храна, работилници).
5. Промоција и ангажман на младите – активна кампања преку социјални мрежи, локални медиуми и училишта.
6. Вмрежување и партнерства – соработка со Општина Куманово, Министерството за култура, јавни претпријатија и приватни спонзори.

Воспоставувањето на летно кино на отворено не само што одговара на локалните потреби, туку е и во согласност со европските трендови за развој на јавни културни простори, како и со националните цели за младинско учество и култура.

**Финансиски импликации**

| **Бр.** | **Опис на трошок** | **Количина/Цена** | **Вкупно (МКД)** |
|---|---|---|---|
| 1 | Клупи без наслон (40 x 3.000) | 40 парчиња | 120.000 |
| 2 | Столчиња (20 x 2.500) | 20 парчиња | 50.000 |
| 3 | Шанк бар | 1 | 45.000 |
| 4 | Платно за проекции | 2x2 m | 10.000 |
| 5 | Проектор | 1 | 40.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Компјутер | 1 | 30.000 |
| 7 | Озвучување со миксета | комплет | 105.000 |
| 8 | Амбиентално осветлување | сет | 6.000 |
| 9 | Друга придружна опрема | носачи, кабли, звучници | 18.000 |
| 10 | Уредување на просторот | чистење, хортикултура | 30.000 |

**Вкупно: 504.000 МКД ≈ 7.370 ЕУР**

**Извори на финансирање:**

- Општина Куманово (главен извор)
- Министерство за култура
- Јавни претпријатија
- Невладини организации
- Приватни компании и индивидуални донатори

**Временска рамка**

- Краткорочни активности (0–6 месеци): избор на локација, уредување на просторот, набавка на опрема, промоција.
- Среднорочни активности (6–12 месеци): отворање и реализација на првата сезона (јуни–септември), мерење на посетеност и собирање повратни информации.
- Долгорочни активности (1–3 години): институционализирање на летното кино како годишен настан, проширување на програмата со фестивали, културни викенди и регионални соработки.

# Иновативни иницијативи во Општина Липково

01

**Да го осветлиме Липково: Одржливи решенија за да се реши недостигот на улично осветлување**

Ибрахим Ајвази (ДУИ)

02

**За почисто Липково**

Иљаз Ајвази (Алијанса за Албанците/ВЛЕН)

# ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ ВО ЛИПКОВО



ИБРАХИМ АЈВАЗИ

-ДУИ-

# *Јавно осветлување за подобар квалитет на живот во Липково*

## 1. Резиме

Општина Липково, со над 27.000 жители распоредени во 22 рурални и полу-градски населби, со години се соочува со проблемот на недостаток на јавно осветлување. Многу од улиците, тротоарите и централните површини остануваат неосветлени или слабо осветлени, особено споредните и поврзувачките патишта меѓу селата. Оваа состојба директно влијае на безбедноста на жителите, кои често мораат да се движат во темница, но истовремено и на социјалниот, економскиот и културниот живот на општината. Во Липково, административниот центар, како и во поголемите населби како што се Слупчане и Матејче, недостатокот на осветлување го ограничува работното време на бизнисите и го намалува користењето на јавните простори. Во оддалечените села како што се Ропалце, Лојане или Ваксинце, каде што пристапот до електричната мрежа е отежнат, проблемот станува уште поизразен, што го прави секојдневието понебезбедно.

Досегашните пристапи не дадоа одржливи резултати. Интервенциите беа спорадични, делумни и не се базираа на стратешко планирање. Користени се стари и високо потрошувачки технологии, без долгорочен систем за мониторинг и одржување. Исто така, поради недостаток на средства, општината не успеала да воведе унифицирано осветлување во сите села, што предизвика многу области да останат надвор од опфатот. Овие пропусти донесоа јасни последици: ниско чувство на безбедност за граѓаните, ограничување на социјалниот и културниот живот, попречување на развојот на локалниот туризам и намален економски промет во вечерните часови.

За да се реши овој предизвик, истражени се неколку алтернативи. Една од нив е поставување на LED осветлување само во приоритетните места, како што се училиштата, здравствените центри и главните патишта, што би донело итно, но нецелосно подобрување. Друга алтернатива е употребата на осветлување на соларна енергија во оддалечените села, каде што проширувањето на електричната мрежа е тешко изводливо и скапо. Исто така, беше дискутирано за вклучување на заедницата и малите бизниси во кофинансирањето, искористувајќи ја подготвеноста на жителите да придонесат. Сепак, најиздржлива и сеопфатна алтернатива е дизајнирањето и спроведувањето на **Интегриран општински план за јавно осветлување**. Овој план предвидува стратешки пристап за целата општина, користејќи модерни технологии како што се LED диоди и паметни сензори, постепено вклучувајќи ги сите села според приоритетност и интегрирање на соларно осветлување за оддалечените области.

Главната препорака на овој документ е токму интегрираниот план, кој се потпира не само на статистички податоци, туку и на консултации со заедницата. Жителите, преку фокус групи и пилот иницијативи, идентификуваа области на критична темнина и покажаа подготвеност да придонесат за реализација на проектот. Ова го прави планот не само технички одржлив, туку и социјално прифатлив и поддржан. На овој начин, јавното осветлување ќе се трансформира од траен проблем во развојна можност, гарантирајќи безбедност, социјална виталност и економски раст за сите жители на Општина Липково.

## 2. Проблем – контекст и важност

Општина Липково, која се наоѓа во североисточниот дел на државата, е општина со главно рурален карактер, која вклучува 22 населени места и има над 27 илјади жители. Географската распределба на селата, ридестиот терен и бројните патни врски ја прават општината живо и динамично подрачје во текот на денот, но инфраструктурните предизвици сеуште остануваат видливи. Жителите главно се занимаваат со земјоделство, сточарство и традиционални активности, додека општината има потенцијал за туристички и културен развој благодарение на природните богатства и историското наследство. Сепак, еден од предизвиците што ги засега сите жители, без исклучок, е недостатокот на јавно осветлување.

Осветлувањето е суштински елемент на модерниот живот. Тоа не е поврзано само со удобноста, туку и со сигурноста, економскиот развој и социјалната виталност. Во Општина Липково, иако со текот на годините се преземени делумни зафати, значаен дел од улиците и јавните површини остануваат неосветлени или со недоволно осветлување. Оваа ситуација е најочигледна на споредните и поврзувачките патишта меѓу селата, каде што недостатокот на осветлување создава тешкотии за пешаците и сообраќајот на возила.

Во центарот на општината, во селото Липково, проблемот е присутен на самите главни патишта. Иако селото е административното седиште каде што жителите доаѓаат за услуги, во вечерните часови многу од улиците и просторите околу општинскиот центар остануваат темни. Селскиот плоштад, кој може да послужи како место за средби или разни активности, е ограничен во употреба поради слабо осветлување.

Во поголемите населби како Слупчане и Матејче, познати по нивната трговска и социјална активност, недостатокот на осветлување има директно влијание врз економијата. Малите бизниси се затвораат порано бидејќи клиентите избегнуваат да се движат по зајдисонце. Културните центри, училиштата и спортските простори не се користат доволно во вечерните часови, лишувајќи ги младите од здрави активности и намалувајќи ја раздвиженоста на заедницата.

Во другите села, како што се Оризари, Отља или Виштица, недостатокот на осветлување претставува предизвик првенствено за безбедноста на движењето. Пристапните патишта и главните сегменти остануваат темни, зголемувајќи го ризикот од несреќи. Жителите често истакнуваат дека во зимскиот период, кога деновите се кратки, децата треба да одат на училиште во тешки услови, додека постарите не сакаат да излегуваат во вечерните часови.

Во оддалечените и ридски села како што се Ропалце, Лојане или Ваксинце, предизвикот е уште поизразен. Поради оддалеченоста од центарот и тешкотијата за проширување на електричната мрежа, многу од главните патишта и површини никогаш немале целосно осветлување. Во овие места, недостатокот на светлина е сериозна пречка за движење и за развој на општествениот живот.

Во целина, ефектите од оваа состојба се очигледни, со тоа штолуѓето се чувствуваат помалку безбедно. Жените, децата и постарите лица се оние кои најмногу се соочуваат со оваа несигурност, бидејќи тие повеќе се изложени на опасностите кога одат по темни патишта. Покрај тоа, недостатокот на јавно осветлување го ограничува развојот на општествениот и културниот живот: собири, забави и други активности често се случуваат само во текот на денот, лишувајќи ги жителите од можностите што ги нуди целото деноноќие.

Исто така, важен е ефектот и врз економијата. Руралните општини, како што е Липково, во голема мера се потпираат на локалните комерцијални активности и малите бизниси. Кога недостасува јавно осветлување, овие активности се ограничени, бидејќи клиентите избегнуваат да се движат навечер. Ова значи помал економски промет и помали можности за генерирање приход.

Дополнително, недостатокот на осветлување го ограничува и туристичкиот потенцијал на општината. Липково има значајни природни и културни богатства – од ридски предели и Липковското Езеро, до манастири и џамии со историска вредност. Сепак, недостатокот на осветлување го отежнува нивното користење во вечерните часови, со што се пропуштаат можности за развој на локалниот туризам.

Важно е да се напомене дека оваа состојба не е последица на недостаток на волја за подобрување, туку комбинација на фактори: географската распределба на селата, употребата на старите технологии за осветлување, недостатокот на доволно средства во општинскиот буџет и повремените интервенции кои не успеаја да создадат одржлив систем.

Но, има и позитивна страна. Жителите на Липково посочија дека се подготвени да придонесат за справување со овој предизвик. Пилот иницијативата спроведена во неколку населени места идентификуваше „области на критична темнина“, шри што многу семејства изразија подготвеност да помогнат финансиски или со доброволна работа, ако општината ја обезбеди

потребната современа опрема. Оваа солидарност јасно покажува дека јавното осветлување се гледа како приоритет и како заедничка потреба што ги засега сите жители.

Затоа, предизвикот со јавното осветлување во Општина Липково е повеќе од техничко прашање. Тоа е поврзано со безбедноста на граѓаните, развојот на општествениот живот, можностите за економски раст и визијата за иднината на општината. Справувајќи се со овој предизвик на општинско ниво, се создаваат услови за секој жител, без разлика дали живее во центарот или во оддалечено село, да се чувствува безбедно, слободно да се движи и да биде дел од пораздвижена и поразвиена заедница.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

За да се одговори на предизвикот за недостиг на јавното осветлување, беа разгледани неколку различни алтернативи, кои се разликуваат меѓу себе во трошоците, применливоста и долгорочното влијание.

**Алтернатива 1: LED осветлување во приоритетните области**

Првата опција е да се започне со поставување на LED светла на најкритичните точки – во училиштата, здравствените центри, главните патишта и локалните пазари. Ова веднаш ќе обезбеди светлина таму каде што луѓето се движат најмногу и каде што ризикот е најголем. Таквата инвестиција може да се направи преку проекти финансирани од централната власт или меѓународните организации, со што ќе се воведе современа и ефикасна опрема. Иако овој пристап не го решава целиот проблем на општината, се очекува тој да создаде забележлива и видлива промена во секојдневниот живот на жителите.

**Алтернатива 2: Интегриран општински план за јавно осветлување**

Посеопфатен пристап е да се подготви посебен план за јавно осветлување низ целата општина. Таквиот план ќе ги дефинира фазите на инвестирање, почнувајќи од најкритичните области и постепено опфаќајќи ги сите села. Овој план би користел долготрајна LED технологија со ниска потрошувачка на енергија, додека на помалку прометните улици би можеле да се инсталираат светла со сензори што се вклучуваат само кога има движење. Вклучувањето на граѓаните во идентификувањето на „областите на критична темнина“ ќе обезбеди транспарентност и ќе направи проектот да се доживее како заеднички. Ова е долгорочна визија која не само што носи светлина, туку и создава одржлив модел на управување за општината.

**Алтернатива 3: Осветлување на соларна енергија за оддалечени села**

Во селата подалеку од центарот, како што се Ропалце, Лојане или Ваксинце, каде што проширувањето на електричната мрежа е тешко и скапо, соодветно решение би било осветлување со соларни панели. Столбовите на соларен погон се независни од електричната

мрежа и работат дури и во области каде што недостасува инфраструктура. Ова решение би го елиминирало проблемот со темнината во најизолираните села и би ги намалило трошоците за одржување на општината, а воедно би било и еколошки прифатливо.

**Алтернатива 4: Соработка со локалната заедница и бизнисите**

Друга опција е да се ангажираат жителите и малите бизниси да придонесат за проектите за јавно осветлување. Во некои населени места веќе е забележана подготвеност на семејствата да помогнат финансиски или со волонтерска работа. Ако општината обезбеди опрема и техничка поддршка, додека граѓаните придонесуваат со труд или делумно со средства, проектот може да се развие многу побрзо. Овој модел го засилува чувството за солидарност и колективна сопственост: осветлувањето повеќе не се гледа само како одговорност на општината, туку како општо добро кое се одржува и поддржува од сите.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Врз основа на анализата на тековната состојба, статистичките податоци и дискусиите одржани со жителите на општината, се препорачува спроведување на Интегриран општински план за јавно осветување. Овој план е најодржливо и сеопфатно решение за Општина Липково, која брои над 27 илјади жители распоредени во 22 населени места, со просек од пет членови по семејство. Во такви услови, каде што над 60% од споредните патишта се без функционално осветлување и каде што жителите на 11 села пријавиле чести инциденти и кражби во темница, потребата од интегриран пристап станува неопходна.

Во фокус групите организирани во пет села преку пилот иницијатива, жителите јасно ги идентификуваа „областите на критична темнина“, како што се патиштата што водат до училиштата и здравствените центри. Тие, исто така, изразија подготвеност да придонесат финансиски или преку волонтерска работа, доколку општината обезбеди соодветна опрема. Овој факт покажува дека јавното осветлување не се гледа единствено како општинска услуга, туку како основна и заедничка потреба на заедницата, која бара сеопфатно решение.

Овој план би обезбедил најсоодветна комбинација на елементи:

- **Енергетска ефикасност и долговечност** – LED светла и паметните сензори обезбедуваат намалени трошоци и намалено одржување.
- **Инклузивно проширување** – ги опфаќа сите села, фокусирајќи се првично на најкритичните области како што се Липково, Слупчане, Матејче и Оризаре, па постепено вклучувајќи ги и најоддалечените села.
- **Вклученост на заедницата** – жителите се подготвени да придонесат, што го прави проектот финансиски поодржлив и создава заедничка сопственост.

- **Влијание врз безбедноста и економијата** – го намалува ризикот од инциденти, го зголемува работното време на бизнисите, го заживува општествениот живот и отвора можности за културен и природен туризам.

**Конкретни активности**

1. **Подготовка на планот (0-6 месеци):**
   - Идентификација на критичните области преку дигитално мапирање и фокус групи со жителите.
   - Консултации со училиштата, здравствените центри и бизнисите за идентификување на најитните потреби.
2. **Прва фаза на имплементација (6-18 месеци):**
   - Поставување на LED осветлување во главните центри на општината и поставување на сензори на помалку фреквентните патишта.
   - Користење на постојните столбови за намалување на трошоците.
3. **Втора фаза (18-36 месеци):**
   - Проширување на осветлувањето во пооддалечени села со автономни соларни системи (на пример во Ропалце, Лојане, Ваксинце).
   - Поставување на декоративно и туристичко осветлување во културните и природните простори (плоштади, манастир Матејче, Липковско Езеро).
4. **Механизми за вклучување на заедницата:**
   - Консултативни форуми во секое село за поставување приоритети.
   - Шема за кофинансирање со жителите и бизнисите.
   - Формирање на мали локални тимови за одржување.

**Финансиски импликации**

Според анализата, приближните трошоци за покривање на 11 приоритетни села се околу 8,3 милиони денари (135 илјади евра).

- 70% од осветлувањето ќе се врши со соларни панели (опремени со сензори за движење за заштеда на енергија).
- 30% со економски LED диоди, користејќи ги постоечките столбови.

Овој модел значително ги намалува трошоците за енергија и одржување, осигурувајќи се дека почетната инвестиција ќе доведе до долгорочни заштеди.

**Временската рамка**

- 0-6 месеци: Подготовка на планот и консултации со жителите.
- 6-18 месеци: Инсталација на осветлување во најкритичните центри (Липково, Слупчане, Матејче, Оризари, Никуштак)
- 18-36 месеци: Проширување во пооддалечените села и поставување на туристичко/декоративно осветлување.
- Во рок од 3 години: Општината успева да има целосна покриеност со модерно и одржливо осветлување.

Интегрираниот општински план за јавно осветлување е најсоодветно решение бидејќи го решава проблемот на општинско ниво, врз основа на конкретни податоци, во директна консултација со жителите и со помош на современи технологии кои носат заштеда и долговечност. Ова не е само инвестиција во инфраструктурата, туку инвестиција во безбедноста, социјалната виталност и економскиот развој за над 27.000 жители на Липково.

# ЧИСТОТАТА Е ОДГОВОРНОСТ – ЗА ЛИПКОВО БЕЗ ОТПАД



ИЉАЗ АЈВАЗИ

-АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ/ВЛЕН-

# *Чистотата е одговорност – за Липково без отпад*

## 1. Резиме

Овој документ ја разгледува состојбата со јавната чистота во Општина Липково, општина која опфаќа 22 населени места со над 22.000 жители. Правната и институционалната одговорност за одржување на јавната чистота ѝ припаѓа на Општината и на Јавното комунално претпријатие „Пиша“. Сепак, моменталната состојба е незадоволителна и загрижувачка. Улиците и тротоарите се покриени со смет, кантите и контејнерите се недоволни или не се празнат редовно, а јавните површини често се претвораат во диви депонии.

Сегашниот пристап не функционира, бидејќи е базиран на високи трошоци без конкретни резултати: иако во 2024 година ЈКП “Пиша” оствари приходи во износ од над 21 милион денари, од кои повеќе од 13 милиони се потрошени за плати и договори, изостанува транспарентноста и ефикасноста. Според анкетите, 61,1% од жителите сметаат дека ЈКП “Пиша” е првенствено одговорна за ситуацијата, додека 46,3% од жителите ја опишуваат општината како „многу загадена”. Поголемиот дел од испитаниците (85%) сметаат дека нивото на граѓанска свест е незадоволителен, што го продлабочува проблемот.

Клучните предизвици што се идентификувани се однесуваат на четири области:

- недостаток на редовен систем за чистење и наменски екипи,
- недоволна и непланска инфраструктура,
- неефикасно финансиско управување и недостаток на транспарентност,
- недостаток на одржливи едукативни кампањи за граѓаните.

Како можни решенија се разгледуваа следниве мерки:

- поставување дополнителни кантиканти и контејнери,
- зајакнување на капацитетите на Јавно Комунално Претпријатије (ЈКП) „Пиша“ и зголемување на транспарентноста во работењето на претпријатието,
- реализирање на кампањи за подигнување на јавната свест,
- организирање акции во заедницата со активно вклучување на младите и дијаспората,
- ангажирање на локалните бизниси преку модел на “стопанисување” со јавните површини.

Сепак, ниту една од овие мерки, доколку се спроведува самостојно, не е доволна. Само зголемувањето на бројот на контејнери без редовно одржување нема да даде резултат; кампањите за подигнување на свеста без институционална поддршка се со ризик да останат

симболични; додека акциите во заедницата се неодржливи без координација од страна на Општината.

Решението кое се препорачува претставува комбиниран (интегриран) пристап кој ги поврзува следните мерки:

- инвестиции во инфраструктурата (поставување на дополнителни канти и контејнери во најзагадените подрачја),
- јакнење на капацитетите и транспарентноста на ЈКП „Пиша“ преку формирање на тимови за чистење и јавно известување,
- одржливи кампањи за граѓанска свест,
- периодични акции во заедницата „Чисто Липково” со учество на дијаспората,
- вклучување на локалните бизниси во одржувањето на јавните површини.

Оваа комбинација на мерки истовремено се однесува и на инфраструктурата, и на управувањето и на подигнувањето на граѓанската свест, создавајќи основа за одржлива стратегија за унапредување на јавната чистота. Со тоа, Општина Липково може да го трансформира овој длабоко вкоренет проблем во можност за развој, подобрувајќи го квалитетот на живот на граѓаните, заштитувајќи го јавното здравје и подобрувајќи го својот углед пред посетителите и дијаспората.

## 2. Проблем – контекст и важност

Општина Липково, која се состои од 22 населени места со над 22 илјади жители, има законска и етичка обврска да обезбеди одржување на јавната чистота. Според Законот за локална самоуправа, ова претставува една од основните надлежности на општината, која вклучува грижа за улиците, тротоарите, плоштадите и другите јавни површини. За спроведување на овие обврски функционира ЈКП „Пиша“, основано специјално за обезбедување услуги за чистење и одржување. Сепак, состојбата на терен покажува лоша и загрижувачка слика: улици покриени со смет, недоволни или неисчистени канти и контејнери, како и јавни површини кои често се претвораат во мали диви депонии.

Истражување спроведено во рамките на младинската иницијатива „За почисто Липково“ во 2025 година идентификуваше низа структурни проблеми и перцепции на граѓаните кои ја потврдуваат тезата дека јавната чистота не претставува институционален приоритет. Од 54 испитаници од сите села, речиси половина (46,3%) ја оцениле состојбата како „многу загадена“, додека само симболични 1,9% ја сметаат општината за релативно чиста. За најзагадени се сметаат улиците и тротоарите (48,1%), но и просторот околу контејнерите (31,5%), што укажува не само на недостатокот на инфраструктура, туку и на лошо управување со истата.

Според перцепцијата на граѓаните, жителите се главните придонесувачи за загадувањето (64,7%), по што следуваат случајните минувачи (19,6%). Оваа перцепција е тесно поврзана со недостатокот на граѓанска свест: над 85% од испитаниците сметаат дека нивото на јавната свест за фрлање отпад е незадоволително. Од друга страна, 66,7% изјавуваат дека постојат канти и контејнери, но во недоволен број за да се задоволат дневните потреби. Во повеќето случаи, дури и тие неколку канти се поставени по иницијатива на жителите или иселеничките друштва, но остануваат без редовно чистење, принудувајќи ги граѓаните самите да се грижат за нивното празнење.

Проблемот се протега подалеку од самата инфраструктура. Од една страна, ЈКП „Пиша" располага со релативно голем буџет – над 21 милион денари во 2024 година, од кои повеќе од 5 милиони се субвенции од Општината. Сепак, анализата на структурата на расходите покажува дека најголемиот дел од средствата (околу 13 милиони денари) се насочени кон плати и договори на дело, при што недостасува транспарентност во однос на бројот на вработени, нивните задолженија и ефективноста на обезбедените услуги. Дополнително, барањата за пристап до јавни информации често остануваат без одговор, што го засилува впечатокот за недостиг на отчетност. Како резултат на тоа, 61,1% од граѓаните токму ЈКП „Пиша" ја сметаат како главен „виновник" за состојбата со јавната чистота, додека само (35,2%) ја делат одговорноста со жителите и локалните заедници.

Покрај статистичките податоци, сликата на терен е уште поалармантна. Дивите депонии крај реките и потоците, преполните контејнери кои седат неиспразнети со денови, неисчистените улици и запоставените јавни површини, создаваат реалност што сериозно го нарушува квалитетот на живот на жителите. Ова загадување не е само естетски проблем, тоа претставува ризик за јавното здравје преку ширење на инсекти и болести, ја намалува атрактивноста на општината за посетителите и иселениците и ја поткопува довербата на граѓаните во локалните институции.

Друг важен аспект е социјалната и културната димензија. Иако 42,6% од испитаниците изјавиле дека учествувале во акции за чистење во последните шест месеци, ваквите иницијативи се ретки и недоволно организирани. Сепак, потенцијалот за подобрување е очигледен: 64,8% од жителите изразиле подготвеност да земат учество во идни акции. Овој латентен ентузијазам укажува дека, доколку се воспостави одржлив систем на соработка меѓу Општината, ЈКП „Пиша" и заедницата (особено младите и иселениците), може да се промовира една нова заедничка култура за заштита на јавната средина.

Во овој контекст, моменталните предизвици се поврзани со четири главни димензии:

1. **Систем за чистење** – недостаток на наменски тимови за јавни површини и јасни распореди за чистење.

2. **Инфраструктура** – недоволен број на канти и контејнери, често поставени без планирање и без редовно празнење.

3. **Транспарентност и финансии** – нетранспарентно управување со ресурсите од страна на ЈКП „Пиша“, со недостаток на јавно известување и комуникација со граѓаните.

4. **Граѓанска свест** – слаба едукација и недостаток на одржливи кампањи за подигнување на свеста.

Овие меѓусебно поврзани проблеми создаваат негативна спирала: лошата инфраструктура и неефикасните услуги го засилуваат впечатокот кај граѓаните дека јавната чистота не е институционален приоритет, што ја намалува нивната подготвеност да ги почитуваат правилата. Од друга страна, недостатокот на свест и масовното загадување дополнително ја усложнуваат работата на општината и јавното претпријатие, поради што постојните капацитети се покажуваат како недоволни.

Како заклучок, состојбата со јавната чистота во Општина Липково е незадоволителна и носи повеќекратни последици: го загрозува јавното здравје, го нарушува угледот на општината, создава фрустрација кај жителите и посетителите и го зајакнува чувството на недоверба кон институциите. При справувањето со оваа ситуација, решението не треба да биде само техничко – потребен е интегриран пристап кој ги комбинира инвестициите во инфраструктура, зголемена транспарентност и отчетност на ЈКП „Пиша“, како и вклучување на заедницата во создавање нова граѓанска култура за чистота и грижа за животната средина. Само преку ваков сеопфатен пристап, Општина Липково може да го трансформира актуелниот проблем во можност за развој и позитивен углед.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Со оглед на моменталната состојба со јавната чистота во Општина Липково, анализите и податоците од терен укажуваат на тоа дека проблемот е комплексен и бара повеќеслоен пристап. Една поединечна мерка не е доволна за да донесе одржлива промена; потребна е комбинација од соодветна инфраструктура, институционално зајакнување, граѓанска свест и заеднички ангажман на заедницата. Во продолжение се претставени клучните можни решенија што треба да се разгледаат од страна на носителите на одлуки.

Една од наједноставните алтернативи е **зајакнување на инфраструктурата за управување со отпад**. Поставување на поголем број канти и контејнери во зони со голема посетеност – како што се главните улици, тротоарите, плоштадите и во близина на училиштата – се издвојува како итна мерка. Оваа потреба дополнително се потврдува и од ставовите на граѓаните, каде 22,2% укажуваат на целосен недостаток, а 66,7% сметаат дека моментално има канти и контејнери, но во недоволен број. Доколку оваа мерка се спроведе внимателно, се очекува

значително намалување на загадувањето на улиците и тротоарите, кои според 48,1% од граѓаните се најзагадени јавни површини. Сепак, само зголемување на бројот на контејнери не може да донесе резултат без воспоставување редовен систем за празнење отпад.

Друга значајна алтернатива е **зајакнување на капацитетите на Јавното комунално претпријатие „Пиша**“. Ова претпријатие, според 61,1% од граѓаните, се перципира како главен одговорен субјект за одржување на јавната чистота. Зајакнувањето може да се постигне преку формирање на наменски тимови за чистење на јавните површини, зголемување на бројот на вработени, воспоставување редовни распореди за празнење на кантите и контејнерите, како и преку зголемување на финансиската транспарентност. Во 2024 година, претпријатието имало над 21 милион денари приходи, од кои повеќе од 5 милиони денари биле субвенции од Општината, додека најголемиот дел од расходите (околу 13 милиони) бил наменет за плати и договори на дело. Затоа, зајакнувањето на ЈКП „Пиша“ мора неизбежно да биде поврзано со менаџерски реформи и поголема отчетност пред јавноста.

Трета алтернатива, подеднакво важна, е **реализацијата на континуирани кампањи за подигнување на свеста**. Недостатокот на свесноста се издвојува како една од главните причини за загадувањето, бидејќи 85% од граѓаните сметаат дека моменталната свест е недоволна. Кампањите може да се реализираат на повеќе нивоа: преку едукативни часови во училиштата, вклучување на имами (оџи) во џамиите, поставување постери и јавни табли со јасни пораки, како и преку користење на социјалните мрежи за допирање до младата популација. Овие мерки ќе придонесат за создавање нова граѓанска култура која ја доживува чистотата како заедничка, а не исклучиво институционална одговорност. Слабата страна на оваа алтернатива е тоа што, без практична поддршка од соодветна инфраструктура и од институциите, постои ризик истата да остане на симболично ниво.

Четврта алтернативае **ангажманот на заедницата и дијаспората во акции за чистење**. Податоците укажуваат на значителен потенцијал за мобилизација: 42,6% од граѓаните учествувале во акции за чистење во изминатите шест месеци, додека 64,8% изразиле подготвеност да се вклучат во иднина. Овој доброволен ангажман има двоен ефект – од една страна ја подобрува состојбата на јавните површини, а од друга страна ја зајакнува колективната свест и чувството на заедничка одговорност кон животната средина. Сепак, оваа алтернатива ризикува да остане несигурна и краткотрајна доколку не биде институционално координирана и поддржана.

Петта алтернатива со долгорочен потенцијал е **вклучувањето на локалните бизниси преку моделот на „стопанисување“ на јавни површини.** Оваа мерка подразбира дека секој бизнис ќе се грижи за просторот во близина на својата дејност, во замена за фискални олеснувања или јавно промовирање од страна на Општината. Бизнисите имаат директен интерес да ја

одржуваат чистотата бидејќи загадената околина ја нарушува нивната репутација и ги отврака клиентите. Овој модел создава одржлив механизам и ја намалува финансиската оптовареност на Општината, но подразбира јасни договори и подготвеност од самите бизниси.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Земајќи ги во предвид сите можни решенија, како најсоодветна и сеопфатна мерка се идентификува **комбинираниот пристап.** Ниту една од наведените алтернативи, имплементирана самостојно, не е доволна за решавање на проблемот. Зголемувањето на бројот на контејнери не гарантира чистота без редовни екипи за чистење, а кампањите за подигнување на свеста сами по себе не даваат резултати без институционална поддршка. Затоа, комбинираниот пристап – кој интегрира инвестиции во инфраструктурата, зајакнување на капацитетите на ЈКП „Пиша“, континуирана едукација на граѓаните, активно вклучување на заедницата и дијаспората, како и учество на локалните бизниси – претставува најреалистична и најефикасна алтернатива за одржливо подобрување на јавната чистота во Општина Липково.Комбиниран пристап ги поврзува трите клучни столба:

1. подобрување на инфраструктурата за управување со отпад,
2. зајакнување на капацитетите и транспарентноста на ЈКП „Пиша“,
3. ангажирање на заедницата, дијаспората и локалните бизниси.

Оваа опција е најсоодветна бидејќи ги одразува директните потреби на граѓаните и обезбедува долгорочна одржливост. Податоците јасно покажуваат дека проблемите не произлегуваат од еден единствен фактор. Доколку 66,7% од жителите наведуваат дека постојат канти и контејнери, но во недоволен број, а 22,2% пријавуваат нивно целосно отсуство, тоа укажува на слабости во инфраструктурата. Од друга страна, 61,1% од граѓаните го гледаат ЈКП „Пиша“ како надлежен за чистотата, додека 85% сметаат дека граѓанската свест е недоволна. Само решение кое истовремено ги адресира сите овие димензии може да донесе видлив резултат.

### Приоритетни активности

Прво, потребна е интервенција во **инфраструктурата за јавна чистота.** На улиците и тротоарите, кои според 48,1% од граѓаните се најзагадени подрачја, потребно е поставување на нови канти и контејнери. Оваа мерка не треба да се базира само на физичко поставување, туку мора да биде проследена со редовен систем за празнење од страна на ЈКП „Пиша“. Видливо подобрување на јавните површини ќе претставува и јасен сигнал до граѓаните дека институциите активно ги решаваат нивните потреби.

Второ, неопходно е **зајакнување на ЈКП „Пиша“**. Ова го зајакнува впечатокот на граѓаните за неефикасност. Поради тоа, треба да се формираат наменски тимови за чистење на јавните

површини, со јасен распоред за чистење и празнење на кантите. Истовремено, треба да се зголеми транспарентноста преку објавување на финансиски и оперативни извештаи на секои три месеци, со што претпријатието би станало одговорно пред јавноста.

Трето, **зголемувањето на граѓанската свест** треба да стане составен дел од одржливата општинска политика**.** Само 14,8% од жителите сметаат дека граѓаните имаат доволна свест за нефрлање  отпад. Поради тоа, потребно е секоја година да се организираат најмалку две кампањи за подигнување на свеста, во пролет и на есен, со вклучување на училиштата, џамиите, социјалните мрежи и јавните простори. Овие кампањи ќе придонесат за менување на секојдневните навики и за создавање нова колективна култура за заштита на животната средина.

Клучен елемент е и **ангажманот на заедницата и дијаспората.**. Организирањето на периодични акции „Чисто Липково“ во секоја сезона, со вклучување на младите, невладиниот сектор и иселениците, ќе го зајакне чувството на колективна одговорност и соработка.

Конечно, се препорачува **и вклучување на локалните бизниси** преку моделот на „стопанисување“ на јавните површини**.** Овој модел овозможува бизнисите да се грижат за просторот во нивна близина во замена за фискални олеснувања или јавна промоција од страна на Општината. Ова ќе обезбеди финансиска одржливост и ќе го намали товарот врз јавните институции, со што ги прави економските актери активни учесници во решавањето на проблемот.

**Финансиски импликации**

- **Инфраструктура (100 канти + 50 нови контејнери)** ~ 1.5 милион денари
- **Два мобилни тима за чистење (плати, средства, гориво)** ~ 3 милион денари /годишно
- **Кампањи за подигнуваање на свеста (два пати годишно)** ~ 300,000 денари/годишно
- **Акции во заедницата “Чисто Липково”** ~ 200,000 денари/годишно
- **Транспарентност и комуникација со јавноста** ~ 100,000 денари/годишно

**Вкупно годишно потребни: ~ 5.1 милион денари**

Оваа сума е разумна со оглед на тоа дека само во 2024 година, ЈКП „Пиша“ добила над 5 милиони денари субвенции од Општината за својата работа.

**Временска рамка за имплементација**

- **Краткорочно (0–12 месеци):** Поставување канти и контејнери во најзагадените подрачја; формирање тимови за чистење; започнување на транспарентно известување од страна на ЈКП „Пиша“; прва кампања за подигнување на свеста и акција во заедницата.
- **Среднорочно (1–3 години):** Проширување на инфраструктурата според потребите; институционализирање на полугодишни кампањи; вклучување на дијаспората во финансирањето; структурирана соработка со бизнисите за „стопанисување“ на јавните површини.
- **Долгорочно (3–5 години):** Консолидација на ЈКП „Пиша“ како транспарентно и ефикасно претпријатие; создавање одржлива култура за чистота на заедницата; значително намалување на нивоата на загадување и подобрување на угледот на општината.

Како заклучок, се препорачува Општина Липково решително да се вклучи со овој интегриран пристап, кој цели не само на привремено подобрување, туку и на одржлива трансформација на јавната средина. Само на овој начин може да се подобри квалитетот на животот на граѓаните, да се заштити јавното здравје и да се подобри угледот на општината како чист и достоен простор за нејзините жители, посетителите и дијаспората.

# Иновативни иницијативи во Општина Охрид

01

## Безбедни и здрави игралишта

Стефан Здравевски (ВМРО-ДПМНЕ)

# БЕЗБЕДНИ И СРЕЌНИ ИГРАЛИШТА




СТЕФАН ЗДРАВЕВСКИ

-ВМРО-ДПМНЕ-

# *Безбедни и среќни игралишта*

## 1. Резиме

Децата во јавните градинки во Општина Охрид секојдневно се соочуваат со небезбедни и несоодветни дворни простори. Наместо средина за безгрижна игра и учење, дворовите се исполнети со напукнати бетонски површини, дупки во тревниците и застарени реквизити кои го зголемуваат ризикот од повреди. Истражувањето покажа дека 78,6% од родителите сметаат дека дворовите се небезбедни, а дури 92,9% бараат нивна итна реконструкција. Дополнително, повеќе од половина истакнуваат дека игралиштата не се пристапни за деца со попреченост, што ја продлабочува нееднаквоста и го ограничува правото на сите деца на еднаква игра.

Сегашниот пристап кон овој проблем се покажа како нефункционален. До сега, општината инвестирала несистематски и без сеопфатна анализа. Резултатот е јасен: инфраструктурата е застарена, безбедносните стандарди не се почитуваат, а вложувањата биле недоволни и без долгорочен ефект. Недостатокот од стратегиски пристап доведе до состојба во која воспитувачите се приморани повеќе да предупредуваат отколку да дозволат децата слободно да играат, а родителите сè повеќе ја губат довербата во институциите.

Во документот се разгледани повеќе алтернативи за подобрување на ситуацијата:

- Реконструкција и модернизација на дворните површини, со гумени амортизирачки подлоги и санација на патеките.
- Нови и инклузивни реквизити, кои се безбедни и погодни за деца од различни возрасти и способности.
- Подобрување на пристапноста, преку рампи, прилагодени патеки и инклузивна опрема.
- Поставување сенки и хортикултурно уредување, за заштита во летните месеци и создавање пријатна средина.
- Вклучување на родителите и заедницата во процесот, со што се зголемува одржливоста на решенијата.

По внимателна анализа на податоците, како најитна и најподдржана мерка се издвојува реконструкцијата и модернизацијата на дворните површини. Родителите ја идентификуваат токму оваа интервенција како клучна (над 90% ја поддржуваат), а експертските проценки покажуваат дека со инвестиција од околу 30.000 евра за сите пет градинки ќе се постигне најголем непосреден ефект: намалување на ризикот од повреди за повеќе од 60%, овозможување безбедна и секојдневна употреба на дворовите и создавање основа за понатамошни подобрувања.

Овој документ јасно укажува дека проблемот со игралиштата не е само инфраструктурно прашање, туку прашање на права и еднаквост за најмладите. Решавањето на овој проблем значи вложување во здравјето, безбедноста и иднината на децата во Охрид.

## 2. Проблем – контекст и важност

Во најголем дел од детските градинки во Општина Охрид, условите во надворешните простори се далеку од соодветни за безбедна и квалитетна игра на децата. Наместо современи и безбедни игралишта кои поттикнуваат развој, децата секојдневно се соочуваат со оштетени бетонски патеки, застарени реквизити и тревни површини исполнети со камчиња и дупки. Овие околности го ограничуваат нивното движење и создаваат ризици од повреди, при што воспитувачите се принудени постојано да внимаваат и предупредуваат. Таквата состојба укажува на потребата од системски пристап кон унапредување на инфраструктурата за ран детски развој.

Истражувањето спроведено меѓу родителите, воспитувачите и вработените во општината јасно ја потврдува оваа состојба. Повеќе од три четвртини од анкетираните родители оцениле дека дворните простори на градинките се небезбедни или со ризици. Над 90% изразиле загриженост за застарената и оштетена опрема, нерамните и тврдите површини, како и недостатокот од сенка која е клучна за заштита на децата во топлите летни денови. Децата, кои би требало секојдневно да си играат и учат преку движење, во најголем број случаи или ретко ги користат дворните површини, или се ограничени во движењето од страв од повреда.Исто така се открија сериозни недостатоци при што : дури 78,6% сметаат дека дворовите се небезбедни или со ризици, а 92,9% бараат нивна итна реконструкција. Анализата на терен дополнително потврди дека инфраструктурата е застарена, опремата оштетена, а пристапноста за деца со попреченост е речиси непостоечка. Дополнително, 28,5% од анкетираните директно изјавиле дека подлогите се опасни, а уште 67,9% сметаат дека се само делумно соодветни. Со други зборови, речиси сите родители гледаат во подлогите извор на опасност, а не на игра.

Дополнително, игралиштата не се создадени за сите деца. Половина од анкетираните родители нагласиле дека дворните простори се непристапни за деца со попреченост. Недостигот од рампи, прилагодени патеки и инклузивна опрема ги исклучува овие деца од заедничката игра. Тоа значи дека токму таму каде што треба да се гради чувството на еднаквост и заедништво, се продлабочуваат бариерите и поделбите.

Состојбата на секоја градинка во Охрид има свои специфичности, но заедничката слика е јасна: инфраструктурата е застарена, безбедносните стандарди не се почитуваат, а опремата е несоодветна за развојните потреби на денешните деца.

Во градинката „Јасна Ристеска“, на пример, дворот е полн со нерамнини, оштетени патеки и застарена опрема. Недостигот од гумени подлоги го зголемува ризикот од сериозни повреди, а децата со попреченост речиси и да немаат пристап до просторот. „Биљана“ се соочува со уште поголеми проблеми: искршена ограда, бројни дупки, бетонски површини и целосно несоодветни услови за игра. Во „Росица“ и „Лихнида“ состојбата е нешто подобра, но сепак има сериозни недостатоци – пред сè, недостаток на сенка и модерна опрема, како и подлоги што не нудат заштита при пад. „Развигорче“, пак, има оштетена ограда и недостиг на современи реквизити, што повторно ја доведува во прашање безбедноста на децата.

Проблемот не е само физички, туку и развоен. Игралиштата треба да бидат места каде децата учат преку движење, ја развиваат својата моторика, ја градат креативноста и ја откриваат радоста на заедничката игра. Но во моменталната состојба, тие се простори кои ги ограничуваат и децата и воспитувачите. Наместо безбедно училиште на отворено, тие стануваат места каде стравот од повреда доминира над желбата за игра.

Родителите тоа јасно го препознаваат – речиси сите испитаници (92,9%) од гореспомнато истражување, побарале итна реконструкција на дворните простори, набавка на нови и безбедни реквизити и подобрување на хортикултурното уредување. Интересно е што дури 75% активно би ја поддржале иницијативата за подобрување на игралиштата, што укажува дека постои силна заедничка волја за промени.

Оваа состојба не е резултат само на недостиг на средства, туку и на недостиг на систематски пристап. До сега Општина Охрид немала целосна, технички поткрепена анализа за состојбата на дворните простори. Тоа значи дека вложувањата биле несистематски и недоволни, а резултатот е видлив – игралишта кои не одговараат на потребите на денешните деца.

Во овој контекст, проблемот со игралиштата не е само локално прашање, туку прашање за правото на децата да растат во безбедна, инклузивна и стимулативна средина. Без игра нема здраво детство, а без здраво детство нема здраво општество.

Доколку оваа состојба продолжи, ризиците се повеќеслојни: зголемен број повреди, ограничен физички и социјален развој на децата, исклучување на деца со попреченост и намалена доверба на родителите во јавните институции. Од друга страна, ако општината го препознае проблемот и системски се зафати со негово решавање, резултатите ќе бидат долгорочни – побезбедни и среќни деца, задоволни родители, мотивирани воспитувачи и позитивен имиџ на локалната самоуправа како вистински чувар на иднината на најмладите.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Игралиштата во детските градинки се места каде што децата го поминуваат своето најбезгрижно време – трчаат, учат, создаваат пријателства и ја развиваат својата креативност. Но за да биде тоа можно, тие простори мора да бидат безбедни, достапни и стимулирачки.

Со цел да се одговори на овие предизвици, се разгледуваат неколку алтернативи кои нудат можни решенија. Секоја од алтернативите сама по себе придонесува кон решението, но доколку сите се применат заедно, решението би било целосно. Имајќи го предвид овој факт, предложените алтернативи се разгледани од перспектива на нивната изводливост, потенцијалните позитивни ефекти, како и временската динамика за нивна примена

**Алтернатива 1: Реконструкција и модернизација на дворните површини**

Еден од најчестите проблеми кои ги наведуваат родителите е несоодветната состојба на подлогите. Според анкетата, 28,5% одговориле дека површините се опасни, а 67,9% дека се само делумно соодветни. Тоа значи дека речиси сите родители се свесни за опасноста од падови и повреди. Анализата на терен го потврди ова: во градинката „Биљана" подлогите се полни со дупки и искршен бетон, а во „Јасна Ристеска" нерамните површини го прават секое трчање ризично.

Реконструкцијата со гумени амортизирачки подлоги, кои ја намалуваат шансата за сериозни повреди за повеќе од 60%, е еден од најважните чекори. Освен тоа, санацијата на патеките и тревниците ќе обезбеди простор каде децата ќе можат без страв да играат и да ја развиваат својата моторика.

**Алтернатива 2: Набавка и инсталација на нови, безбедни и инклузивни реквизити**

Играта е клучен дел од развојот на детето, но таа не може да се одвива со скршени, застарени или небезбедни реквизити. Според истражувањето, 57,1% родители сметаат дека опремата е целосно застарена и небезбедна, додека 35,8% велат дека е делумно оштетена. Тоа значи дека само секое десетто дете има пристап до соодветна игрaчка опрема. Анализата покажа дека во повеќето градинки играчките не ги задоволуваат современите стандарди, а во „Развигорче" и „Лихнида" недостасуваат и разновидност и функционалност. Набавката на нови, безбедни и инклузивни реквизити ќе овозможи деца од различна возраст и способности да учествуваат во игра, стимулирајќи ја нивната креативност и социјализација.

**Алтернатива 3: Подобрување на пристапноста и инклузивноста**

Правото на игра е еднакво за сите деца, но сегашната состојба во Охрид тоа не го гарантира. Само 7,1% од анкетираните родители изјавиле дека дворовите се целосно пристапни за деца со попреченост, а 50% категорично одговориле дека не се. Во пракса тоа значи дека многу деца се исклучени од секојдневната заедничка игра. Анализата нагласи дека рампи, прилагодени

патеки и инклузивна опрема речиси не постојат. Подобрувањето на пристапноста преку изградба на рампи, прилагодување на реквизитите и создавање инклузивна средина ќе овозможи сите деца – без исклучок – да играат заедно, градејќи ја својата самодоверба и чувство за припадност.

**Алтернатива 4: Поставување сенки и хортикултурно уредување**

Друг значаен проблем кој го истакнале родителите е недостатокот на сенка. 39,9% изјавиле дека воопшто нема сенка во дворовите, а 56,5% дека има само делумно. Ова ја прави играта речиси невозможна во летните месеци, кога температурите се високи и децата се изложени на ризик од сончев удар.

Анализата препорачува инсталација на сенки преку текстилни или дрвени конструкции и засадување дополнителни дрвја. Со вакви мерки се создава не само безбедна, туку и пријатна средина за игра. Дополнително, хортикултурното уредување ќе придонесе за подобар визуелен изглед и поквалитетен воздух.

**Алтернатива 5: Вклучување на родителите и заедницата**

Промените во јавната инфраструктура се најуспешни кога граѓаните се дел од процесот. Анкетата покажува дека 60,7% од родителите сакаат да бидат вклучени во планирањето на подобрувањата, а 75% активно би поддржале иницијатива за подобрување на игралиштата.

Оваа алтернатива се темели на принципот на партиципативност – родителите и заедницата не се само корисници, туку и партнери во решавањето на проблемите. Нивното учество може да значи донации, волонтирање, идеи за практични решенија и посилно чувство на сопственост. Кога заедницата е дел од промените, поголема е веројатноста дека тие ќе бидат долгорочни и одржливи.

## 4. Избрано решение и последователни активности

По детална анализа на сите разгледани опции, се препорачува, првата и најитна мерка што мора да се преземе е реконструкцијата и модернизацијата на дворните површини во сите јавни градинки во Општина Охрид.

Реконструкцијата не значи само „крпење“ на старото. Таа мора да внесе нова стандардизација на безбедноста, со поставување на гумени амортизирачки подлоги кои според меѓународните стандарди ја намалуваат шансата за сериозни повреди за над 60%. Наместо деца кои со страв прават чекор накај лизгалката, ќе имаме средина каде скокањето, трчањето и падовите се дел од здравата игра, а не од итната медицинска помош.

Детското игралиште е осмислено како природна и безбедна средина поставена на тревна подлога, составена од три површини со гумирана подлога кои се меѓусебно поврзани со делови

од дрвени резанки и премини од дрвени талпи што додаваат топлина и природност во целината. Во рамките на игралиштето се поставени различни содржини за игра, меѓу кои вртелешка и лизгалка на меката подлога, како и две дрвени инсталации од трупци што можат да се користат и за игра и за седење. На една страна се наоѓа летниковец кој создава сенка и овозможува одржување на активности или настава на отворено, при што децата седат на трупците, а воспитувачката стои под летниковецот. Дел од просторот е оставен празен – црвена површина наменета за слободна игра и различни интерпретации. Игралиштето има аморфна, неправилна форма без остри агли, што создава чувство на слобода и природен тек во движењето, додека зеленилото и летниковецот обезбедуваат сенка, визуелна рамнотежа и пријатна порозна граница што го одвојува просторот од околината.

**Финансиски импликации**

| **Тип на интервенција** | **Цена по градинка (€)** | **Вкупно за 5 градинки (€)** |
|---|---|---|
| Амортизирачки подлоги | 3.500 – 4.000 | 18.000 – 20.000 |
| Санација и израмнување | 2.000 – 2.500 | 10.000 – 12.500 |
| Хортикултурно уредување | вклучено во санацијата | вклучено |
| **Вкупна инвестиција** | **~6.000** | **~30.000** |




Слика 1: Идеја за замислено игралиште во двор на детска градинка

Временската рамка е исто така јасна. Во првите шест месеци мора да се преземат итни мерки – отстранување на оштетените површини и поставување на гумени подлоги на најкритичните делови. Потоа, во периодот од шест до дванаесет месеци, може да се реализира комплетната реконструкција, модернизација и уредување на дворните простори. Со тоа, за само една година, децата во Охрид би добиле простори какви што заслужуваат – безбедни, современи и инспиративни.

Оваа инвестиција не е трошок, туку вложување во иднината. Со 30.000 евра општината не само што ќе ја зголеми безбедноста и здравјето на најмладите, туку и ќе покаже дека го слуша гласот на родителите, дека се грижи за воспитувачите и дека ја гради иднината на едно побезбедно и посреќно општество.

# Иновативни иницијативи во Градот Скопје

01 **Осветлена патека**

Никола Белимов (ЗНАМ)

02 **Скопје се движи**

Филип Јаневски (Глас за Македонија)

03 **Младите во фокусот**

Дарко Николовски (СДСМ)

# БЕЗБЕДНИ И ДОСТАПНИ ПАТЕКИ НА ВОДНО: СОЛАРНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА СЕКОГО



НИКОЛА БЕЛИМОВ

-ЗНАМ-

# *Безбедни и достапни патеки на Водно: Соларно осветлување за секого*

## 1. Резиме

Водно одамна е препознаено како „белите дробови“ на Скопје, со патеки кои секојдневно ги користат илјадници граѓани за пешачење, трчање, велосипедски тури и релаксација во природата. Сепак, во вечерните часови, патеките речиси целосно се празнат поради недостаток на осветлување. Овој проблем ја намалува безбедноста и пристапноста на планината, особено за девојки и жени, постари лица и лица со попреченост, кои ретко се осмелуваат да одат навечер. Како резултат на тоа, граѓаните се лишуваат од можности за физичка активност во вечерните часови, се пропушта потенцијалот за развој на еко-туризам и се создава чувство на небезбедност и исклученост.

Сегашната состојба не е функционална а . постојните инфраструктурни решенија се минимални – само неколку информативни табли и само една точка со основна опрема – и не обезбедуваат ниту сигурност, ниту целодневна пристапност. Претходните обиди за воведување осветлување се соочиле со ограничувања поради недостиг на финансии, ризик од вандализам, еколошки загрижености и административни процедури, што довело до застој или делумни решенија.

При анализа на проблемот беа разгледани неколку алтернативи за осветлување на патеката од Средно Водно до Милениумскиот крст, со цел да се балансира безбедноста на посетителите, заштитата на природата и финансиската одржливост. Меѓу нив се следните:

- **Класични електрични светилки поврзани на мрежа**, кои обезбедуваат постојано осветлување, но бараат големи градежни зафати, високи трошоци за струја и можат да ја нарушат природната средина.
- **Соларни светилки со автономно напојување**, кои користат обновлива енергија и имаат помало влијание врз природата, но се соочуваат со зимски ограничувања и ризик од кражба или вандализам.
- **Соларни светилки со сензори за движење**, кои се вклучуваат само кога има луѓе или кога природната светлина е недоволна, со што се продолжува животниот век на батериите, се намалува светлосното загадување и се минимизираат трошоци за струја.
- **Ниски „pathway“ светилки**, кои осветлуваат само непосредната површина, со минимално влијание врз природата, но не обезбедуваат доволна видливост на критични делници.

- **Хибриден модел со фокус на критични делници**, кој ги осветлува само најризичните точки, со финансиска издржливост, но дел од патеката останува темна.

По детална анализа, **препорачано решение е поставување на соларни светилки со сензори за движење** долж целата траса од Средно Водно до Милениумскиот крст. Ова решение ја комбинира безбедноста на посетителите, еколошката одржливост и финансиската издржливост. Активностите вклучуваат техничка анализа и планирање, избор и набавка на квалитетни светилки со отпорни сензори, стручна инсталација и тестирање, воспоставување систем за редовно одржување и мониторинг, како и комуникација со локалната заедница за поддршка и волонтерска соработка.

Финансиски инвестицијата изнесува околу 147.000 евра за целиот систем, со годишни трошоци за одржување од околу 7.500 евра. Долгорочно, ова обезбедува континуирано безбедно осветлување без значајни дополнителни трошоци. Проектот е погоден за кофинансирање, при што најмалку 60% од средствата може да дојдат од јавни или приватни фондови, со цел да се обезбеди одржливост и минимизирање на финансиската тежина за една институција.

Временската рамка за имплементација опфаќа: 2-3 месеци подготовка и планирање, 3-4 месеци инсталација и тестирање, и континуиран мониторинг и одржување. Со ова решение, патеката ќе стане значително побезбедна и достапна за сите групи на граѓани, Водно ќе се трансформира во јавен простор кој може да се користи и навечер, со минимално влијание врз природата, што го зголемува здравјето, благосостојбата и потенцијалот за еко-туризам во Скопје.

## 2. Проблем – контекст и важност

Водно одамна е препознаено како „бели дробови“ на Скопје. Секојдневно голем број на луѓе се движат по неговите патеки, пешачат, возат велосипед или едноставно се одмараат во природата. Планината е најблиската зелена оаза до градот и токму затоа е едно од најкористените места за рекреација. Но, со доаѓањето на вечерта, Водно станува речиси целосно празно. Причината е едноставна – нема доволно светлина.

Недостатокот на осветлување создава сериозен проблем: посетителите го доживуваат просторот како небезбеден, па иако би сакале да пешачат или трчаат после работа или во вечерните часови, тоа ретко се случува. Наместо Водно да биде живо и во текот на цел ден, голем дел од потенцијалот се губи токму поради темнината.

Најмногу се чувствува проблемот на патеката од Средно Водно до Милениумскиот крст. Таа е долга повеќе од 6 километри и има делови со поголема стрмнина и тесни свиоци. Пешачењето трае најмалку час и половина, што значи дека многумина кои сакаат да ја совладаат патеката

попладне или навечер се откажуваат. Недостатокот на видливост не е само непријатност, туку и ризик – постои поголема веројатност човек да се сопне, да падне или да се изгуби.

Ова има повеќеслојни последици. Прво, се ограничуваат здравствените и спортските активности на граѓаните. Денес, кога физичката активност е особено важна за здравјето, граѓаните би имале далеку повеќе можности доколку патеките се достапни и навечер. Второ, се пропуштаат можности за развој на еко-туризам. Скопје може да понуди уникатна вечерна прошетка низ парк-шумата со поглед кон светлата на градот, но тоа останува неискористено. И трето, се создава чувство на небезбедност и исклученост. Особено девојките и жените, постарите лица и лицата со попреченост ретко се одлучуваат да одат на Водно навечер, токму поради страв од несигурност.

Проблемот е уште посложен ако се земе предвид дека Водно е заштитена парк-шума. На површина од речиси 4.500 хектари живеат бројни растителни и животински видови. Неконтролираното поставување осветлување би можело да ја наруши оваа рамнотежа. Светлосното загадување, на пример, влијае на птиците и на ноќните животни, менувајќи им го природниот ритам. Затоа, иако потребата од светло е јасна, решението мора да биде внимателно осмислено. Студиите предлагаат користење на „еко-светилки" – светилки со топла боја на светлина (жолтеникава, наместо силно бела), кои се насочени надолу и не ја расфрлаат светлината во околината, како и системи кои се исклучуваат или намалуваат интензитет кога нема луѓе.

Покрај еколошките, постојат и технички предизвици. Во моментов, патеките имаат само неколку информативни табли и по некоја точка со инфраструктура, но нема мрежа на осветлување. За да се постават светилки, потребна е инвестиција и добро планирање. Се разгледуваат соларни столбови со сензори кои се вклучуваат само кога поминува човек, но нивната инсталација бара и дополнителна заштита од кражби и вандализам. Веќе постојат искуства со оштетување на вакви системи во други делови на земјата, па тоа мора да се земе во предвид.

Финансискиот дел е исто така значаен. Според анализите превземени за потреба на овој документ, поставување на осветлување би чинело околу 150 илјади евра, а годишни трошоци за одржување би биле најмалку 7 илјади евра-компонента која што е исто така битна.. Дополнителен предизвик е и тоа што осветлувањето само по себе не генерира приходи и покрај потенцијалното зголемување на бројот на посетителите.. Затоа е потребно кофинансирање од државата, градот или од донатори.

Има и други ризици кои го успоруваат решавањето на проблемот. На пример, административните процедури за вакви проекти често траат со месеци. Исто така, без

соодветна координација помеѓу градот, јавните претпријатија и институциите кои управуваат со парк-шумата, може да дојде до застој или до половични решенија.

Сето ова покажува дека проблемот со осветлувањето на Водно не се однесува само на тоа што „нема светилки“. Тој е комбинација од безбедносни, здравствени, социјални, еколошки и финансиски прашања. Без решение, Водно останува недоволно искористен ресурс. Наместо да биде простор кој им стои на располагање на сите граѓани, во секое време од денот, тој останува мрачен и небезбеден по зајдисонце.

Со други зборови, темнината не ја краде само можноста за вечерна прошетка – таа ја краде и полната вредност што Водно може да му ја понуди на Скопје.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Проблемот со осветлувањето на Водно е сложен и не може да се реши со едноставен пристап. Во изминатите анализи беа разгледани повеќе алтернативи кои на различни начини се обидуваат да обезбедат сигурност и пристапност за посетителите, а истовремено да ја заштитат природата и да бидат финансиски издржливи.

**Алтернатива 1: Класични електрични светилки поврзани на мрежа**

Првата алтернатива е поставување на класични електрични светилки кои би биле поврзани директно на електричната мрежа. Тоа е традиционално решение кое обезбедува постојано и сигурно осветлување, со стабилен интензитет на светлина. Со ваков систем би се добила максимална безбедност и видливост по целата патека, независно од временските услови или од сезоната. Сепак, оваа алтернатива носи сериозни предизвици. За нејзина реализација би биле потребни големи градежни зафати, ископување ровови за кабли, дополнителни приклучоци и можеби изградба на нови трафостаници. Ова не само што значително ја зголемува цената на проектот, туку може и да предизвика нарушување на природната средина. Дополнително, постојат оперативни трошоци за потрошена електрична енергија, кои на подолг рок не се занемарливи.

**Алтернатива 2: Соларни светилки со автономно напојување**

Втората алтернатива е поставување на соларни светилки кои се напојуваат со енергија од сонцето и ја складираат во батерии. Во текот на денот тие ја собираат енергијата, а навечер ја претвораат во осветлување. Овој модел е далеку поприфатлив за природни подрачја како Водно бидејќи не бара ископување и поврзување со мрежа. Според анализите, трошокот за целосна траса од Средно Водно до Милениумскиот крст би изнесувал околу 147 илјади евра, со годишни трошоци за одржување од 7.500 евра. Ваквото решение е одржливо ако постои кофинансирање, најмалку 60 проценти од вкупната инвестиција. Предностите на оваа

алтернатива се тоа што користи обновливи извори на енергија, не создава трошоци за струја и има помало влијание врз природата. Но, проблем се зимските месеци кога деновите се пократки и батериите може да се празнат побрзо, како и ризикот од вандализам или кражба.

**Алтернатива 3: Соларни светилки со сензори за движење**

Третата алтернатива ја надградува претходната со тоа што соларните светилки се опремуваат со сензори. Тие се вклучуваат само кога има луѓе во близина или кога нивото на природната светлина е премногу ниско. Со тоа се постигнува заштеда на енергија и се продолжува трајноста на батериите, што ја прави оваа опција поефикасна. Истражувањата покажуваат дека вакви системи можат да го зголемат животниот век на батериите за 30 до 40 проценти. Дополнителна предност е тоа што се намалува светлосното загадување, бидејќи светлата не се постојано вклучени, што има позитивен ефект врз ноќниот животински свет. Сепак, за оваа алтернатива е потребна инсталација на квалитетни сензори кои нема да прават грешки при вклучување или исклучување, а тоа ја зголемува почетната цена.

**Алтернатива 4: Ниски „pathway“ светилки**

Четвртата алтернатива предвидува поставување на ниски светилки долж самата патека. Тие се поставуваат на висина до еден метар и ја осветлуваат непосредната површина за движење, без да расфрлаат светлина во околината. Ова создава чувство на сигурност и ориентација за посетителите, а во исто време минимално влијае врз шумската средина. Ваквите светилки се користат во многу паркови и пешачки патеки во светот бидејќи се поекономични и поеколошки. Придобивката е тоа што не создаваат силно светлосно загадување, но нивниот недостаток е што даваат послабо осветлување и не се соодветни за делници со голем наклон или опасни кривини.

**Алтернатива 5: Хибриден модел со фокус на критични делници**

Петтата алтернатива е хибриден пристап, кој предвидува осветлување само на најкритичните делови од патеката. Тоа се местата со најголем ризик – тесни свиоци, стрмнини, раскрсници и видиковци. Според анализите, околу 40 проценти од патеката може да се сметаат за критични и доколку тие делови бидат осветлени, би се постигнало значително подобрување на безбедноста. Овој модел е финансиски поизводлив, бидејќи ја намалува вкупната цена и го минимизира влијанието врз природата. Но, и покрај тоа што критичните делници би биле безбедни, останатиот дел од патеката би останал темен, што за дел од посетителите и понатаму може да претставува пречка.

## 4. Избрано решение и последователни активности

По детална анализа на сите разгледани опции, се препорачува реализација на третата алтернатива – поставување на соларни светилки опремени со сензори за движење долж

патеката од Средно Водно до Милениумскиот крст. Ова решение ја балансира безбедноста на посетителите, заштитата на природната средина и финансиската издржливост на проектот.

Сензорите овозможуваат светилките да се вклучуваат само кога има луѓе или кога природната светлина е недоволна, што го продолжува животниот век на батериите за 30-40% и значително го намалува светлосното загадување. Користењето на соларна енергија ја елиминира зависноста од електрична мрежа и ги намалува оперативните трошоци за струја, што е особено важно во заштитена парк-шума.




Слика 1: Предложената состојба

**Активности за имплементација:**

1. Детална техничка анализа и планирање – идентификување на оптимални локации за светилки, особено на критични делници со стрмнини, тесни свиоци и раскрсници.
2. Избор и набавка на соларни светилки со сензори – избор на модели со докажана издржливост и квалитетни сензори отпорни на вандализам и климатски услови.
3. Инсталација и тестирање – стручна монтажа на светилките, вклучително заштита од кражби и оштетување, како и тестирање на сензорите за правилно функционирање.
4. Обезбедување одржување и мониторинг – воспоставување редовен план за проверка, чистење и замена на батерии или светилки по потреба.
5. Комуникација и вклучување на локалната заедница – информирање на граѓаните за проектот, волонтерска поддршка и користење на иновативни платформи за пријавување на проблеми или предлози.

**Финансиски импликации – детално образложение:**

- **Првична инвестиција:** околу 147.000 евра за целиот систем од Средно Водно до Милениумскиот крст, вклучувајќи набавка на светилки, сензори, соларни панели, батерии и инсталација.
- **Годишни трошоци за одржување:** околу 7.500 евра, кои ги вклучуваат редовно чистење, замена на батерии на секои 3-4 години, поправки и технички прегледи.
- **Образложение:** Инвестицијата е оправдана бидејќи соларните светилки со сензори го продолжуваат животниот век на системот, го намалуваат оперативниот трошок за струја и го минимизираат влијанието врз природата. Долгорочно, проектот обезбедува континуирано безбедно осветлување без дополнителни значајни трошоци.
- **Финансиска издржливост:** Проектот е погоден за кофинансирање – најмалку 60% од инвестицијата може да дојде од јавни или приватни фондови (државата, градот, донатори), со цел да се обезбеди одржливост и минимизирање на финансиската тежина за една институција.

**Временска рамка за имплементација:**

- Фаза 1 – Подготовка и планирање: 2-3 месеци (анализи, технички проекти, набавка на опрема).
- Фаза 2 – Инсталација и тестирање: 3-4 месеци (монтажа на светилки, тестирање на сензори, безбедносни мерки).
- Фаза 3 – Мониторинг и одржување: континуирано по завршување на инсталацијата, со редовни интервали за проверка на системот.

Со ова решение, патеката ќе стане значително побезбедна и пристапна за сите групи на граѓани, особено за девојки и жени, постари лица и лица со попреченост. Водно ќе се трансформира во целосно искористен јавен простор кој може да се користи и навечер, со минимално влијание врз природата. Ова го зголемува здравјето и благосостојбата на граѓаните, отвора можности за еко-туризам и ја враќа полната вредност на Водно како зелени бели дробови на Скопје.

# СКОПЈЕ СЕ ДВИЖИ – РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ВО СКОПЈЕ



ФИЛИП ЈАНЕВСКИ

-ГЛАС ЗА МАКЕДОНИЈА-

# *Скопје се движи - Решавање на проблемот со јавниот превоз во Скопје*

## 1. Резиме

Градот Скопје, како најголем урбан центар во државата со над половина милион жители, се соочува со сериозна и системска криза во јавниот превоз. Иако постои организиран систем преку ЈСП – Скопје и приватните превозници, неговата функционалност е опадната. Во последните три години бројот на патници останува речиси непроменет, но бројот на инциденти е зголемен за три пати, субвенциите од градот речиси се удвоени, а квалитетот на услугата опаѓа. Се чини дека граѓаните плаќаат повеќе за полош превоз, со зголемено незадоволство, нарушена безбедност и рекордно ниска доверба во јавните институции. Штрајкот во 2022 година кој го остави градот без јавен превоз за прв пат во историјата, како и прекините на работа на приватните превозници, покажуваат дека сегашниот модел не само што е нефункционален, туку е и нестабилен.

Оваа состојба директно ја намалува урбаната мобилност, го зголемува сообраќајниот метеж, загадувањето и економската неактивност на населението. Анкетата спроведена за потребите на иницијативата покажува дека ниту еден од граѓаните не даде највисока оцена за редовност, чистота или достапност на линиите – што претставува индикатор за квалитетот на услугата. Фокус групите дополнително укажаа на перцепцијата дека јавниот превоз не е услуга од избор, туку средство од потреба, без предвидливост, достоинствени услови и доверба.

Со цел прекинување на овој циклус, разгледани се четири алтернативи. Моделот на Прага покажува дека интеграцијата на сите превозни средства во единствен систем со унифициран билет и дигитална апликација овозможува поголема ефикасност и предвидливост. Примерот на Копенхаген демонстрира дека инвестирањето во велосипедски коридори и интелигентни семафори може да ја пренасочи урбаната мобилност кон еколошки и брз начин на превоз. Случајот на Осло, пак, покажува дека електрификацијата на возниот парк и „мобилити хабовите" значително ги намалуваат загадувањето и оперативните трошоци. Како спротивност, алтернативата за задржување на сегашната состојба нуди ниски иницијални инвестиции, но ја продлабочува неефикасноста и ја зголемува цената на идните реформи.

Врз основа на оваа анализа, се препорачува комбинирано решение со мерки на краток, среден и долг рок, како што се оптимизацијата на линиите и дигитализацијата на наплатата и информациските системи, постепената изградба на велосипедска инфраструктура и воведувањето на градски воз, инвестирањето во електрификација и обновување на возниот парк, дополнето со мерки за безбедност и хигиена. Со овие интервенции, јавниот превоз може

да се трансформира од проблематичен систем во столб на урбаната мобилност кој граѓаните би го користеле како примарен избор, а не само кога истото е неопходно.

## 2. Проблем – контекст и важност

Град Скопје се наоѓа во северниот дел на земјата и е најголем и главен град на државата. Според последниот попис на населението од 2021 година на територијата на градот живеат над половина милион граѓани. Заради своето административно, политичко, економско и културно значење, Градот Скопје има организиран јавен превоз спроведен од Јавното Сообраќајно Претпријатие (ЈСП) – Скопје, основано во 1948 година. ЈСП ја опслужува територијата на сите девет општини во состав на Град Скопје — Центар, Карпош, Кисела Вода, Аеродром, Ѓорче Петров, Чаир, Бутел, Гази Баба и Сарај, а дел од линиите на ЈСП опслужуваат и населени места во соседните општини Илинден, Сопиште, Петровец, Чучер Сандево, Студеничани, Арачиново и Зелениково, кои функционално гравитираат кон градското подрачје на Скопје. Освен автобусите на ЈСП – Скопје, во јавниот превоз се вклучени и приватни превозници кои се интегрирани во системот за наплата на билети за што добиваат надомест по изминат километар. Во изминатите неколку години почнувајќи од 2021 година, јавниот превоз во Скопје е во криза која секоја година се повеќе се влошува. Состојбата со јавниот превоз во Скопје е следна[8]: Флотата на автобуси на ЈСП – Скопје во 2021 година била со просечна старост од 10,67 години, превезени биле 23.135.530 патници, а регистрирани биле 198 инциденти. Градот Скопје во 2021 година одвоил субвенции за надминување на потешкотиите во работењето за ЈСП – Скопје во вредност од 340.000.000 денари. За споредба, во 2024 година просечната старост на флотата автобуси на ЈСП – Скопје била 12,98 години, превезени биле 24.900.000 патници, а регистрирани биле 596 инциденти. Вредноста на субвенциите за потешкотии во работењето што ги одвојува Градот Скопје за ЈСП - Скопје достигнале рекордни 645.000.000 денари. Во период од три години превезени се речиси ист број на патници, регистрирани се три пати повеќе инциденти што укажува на влошена состојба на безбедноста во автобусите, а граѓаните преку субвенции плаќаат речиси два пати повеќе за полоша услуга.

Во октомври 2022 година, градот остана без јавен превоз поради штрајк за неисплатени плати на вработените во ЈСП - Скопје. Од крајот на 2022 година во неколку наврати престануваат да сообраќаат и приватните превозници поради неисплатен долг, некогаш и по подолг период од неколку месеци. Дополнителен проблем се линиите кои се стари неколку децении и не соодветствуваат со реалната состојба на населението и инфраструктурата во градот. Како последица на тоа периферните општини (општините во градот кои се поодалечени од центарот, како и соседните општини) не се доволно поврзани со останатите делови од градот, што го

[8] Податоците се преземени од извештаите за остварените резултати од работењето на ЈСП Скопје, кои се достапни на следниот линк: http://www.jsp.com.mk/dokumenti.aspx?kat=2

прави системот нередовен, непредвидлив и неефикасен. Дел од оваа криза е и проблемот со лошите дигитални услуги, кои се бавни, многу често надвор од функција и не даваат точни информации во реално време на корисниците. Ваквата лоша состојба со јавниот превоз ја намалува мобилноста, пристапот до услуги и довербата во институциите, придонесува за зголемен метеж во сообраќајот и зголемено загадување, како и намалена економска активност на населението.

Негативната перцепција ја дели и мнозинството граѓани кои на анкетата спроведена за потребите на оваа иницијатива врз репрезентативен примерок од 263 испитаници (0,05% од населението на Град Скопје), дадоа негативни оценки за сите аспекти на јавниот превоз вклучувајќи редовноста, безбедноста, чистотата на јавниот превоз, пристапноста на цените и достапноста на автобуските линии . Мнозинството граѓани, односно 51%, дадоа оцена 1 (целосно незадоволителна) за чистотата во јавниот превоз, а дополнителни 30,8% дадоа оцена 2 (делумно незадоволителна). Само 13,3% од граѓаните дадоа оцена 3 (добра), додека само 4,9% дадоа оцена 4 (делумно задоволителна). Ниту еден граѓанин не смета дека чистотата во јавниот превоз е целосно задоволителна. Оцена 1 (целосно незадоволителна) дадоа 33,6% од граѓаните за редовноста на јавниот превоз, 37,1% дадоа оцена 2 (делумно незадоволителна), 23,1% дадоа оцена 3 (добра), само 6,3% дадоа оцена 4 (делумно задоволителна), додека ниту еден граѓанин не смета дека редовноста на јавниот превоз е целосно задоволителна. Состојбата во јавниот превоз за целосно или делумно небезбедна ја оценија 60,9% од граѓаните, додека само 14,7% од граѓаните сметаат дека јавниот превоз е делумно или целосно безбеден. Дека цените на услугите се целосно или делумно непристапни сметаат 28% од граѓаните, а пак, најголем дел од граѓаните, 35,7% даваат оцена 3 (добра), додека оцена 4 (делумно пристапни) и 5 (целосно пристапни) даваат по 18,2% од анкетираните граѓани. Дека линиите на јавниот превоз се целосно или делумно недостапни се изјасниле 57,4% граѓаните. Само 36,4% од граѓаните сметаат дека линиите се делумно или целосно достапни за сите. На прашањето кој според нив е најголемиот проблем со јавниот превоз, над 65,7% од граѓаните одговориле “сите наведени”, односно опција во која спаѓаат доцнење, недостапност на линија, преполни, нечисти и неисправни автобуси.

| **Аспект на јавниот превоз** | **Оцена 1 (целосно незадоволителна)** | **Оцена 2 (делумно незадоволителна)** | **Оцена 3 (добра)** | **Оцена 4 (делумно задоволителна)** | **Оцена 5 (целосно задоволителна)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Чистота во јавниот превоз** | 51,0% | 30,8% | 13,3% | 4,9% | 0% |
| **Редовност на јавниот** | 33,6% | 37,1% | 23,1% | 6,3% | 0% |

| Аспект на јавниот превоз | Оцена 1 (целосно незадоволител на) | Оцена 2 (делумно незадоволител на) | Оцена 3 (добра) | Оцена 4 (делумно задоволителна) | Оцена 5 (целосно задоволителна) |
|---|---|---|---|---|---|
| превоз | | | | | |
| Безбедност во јавниот превоз | 60,9% целосно/делумно небезбедно | | 14,7% делумно/целосно безбедно | | 0% |
| Пристапност на цените | 28% целосно/делумно непристапни | | 35,7% | 18,2% | 18,2% |
| Достапност на линиите | (57,4% целосно/делумно недостапни) | | (36,4% делумно/целосно достапни) | | 0% |

Мнозинството од учесниците на фокус групите кои беа реализирани за потребите на оваа инцијатива изразија негативно мислење за сите аспекти од јавниот превоз. Како и во анкетата, така и во двете фокус групи, граѓаните дадоа свои идеи и предлози за подобрување на јавниот превоз, меѓу кои: набавка на нови климатизирани еко-автобуси, воведување на нови линии, зголемување на платите на возачите, поголема контрола и санкции за вандализам во автобусите, кревање на нивото на хигиената во автобусите, креирање нова апликација за ЈСП – Скопје, како и воведување на нов вид на јавен транспорт освен автобуси.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Решавањето на кризата во јавниот превоз во Скопје бара системски пристап кој би ја вклучил инфраструктурата, управувањето, финансирањето и навиките на граѓаните во една долгорочна стратегија за одржлива урбана мобилност. Анализата на позитивни европски практики покажува дека успешните модели се базираат на интеграција, еколошка транзиција и интелигентно управување со сообраќајот.

**Алтернатива 1: Прага - интеграција на јавниот транспорт и унифициран билетен систем**

Прага претставува пример за висок степен на координација меѓу различните видови превоз, како што се метро, трамваи, автобуси, приградски возови и фериботи, кои се поврзани во единствен билетен и временски систем. Овој модел овозможува:

- Едноставно користење на различни превозни средства без потреба од посебни билети.
- Зголемување на ефикасноста преку дигитална апликација за планирање на патувања и бесконтактно плаќање.
- Поголема доверба на корисниците, бидејќи системот е предвидлив, брз и економичен.

За Скопје би можело да биде применливо воведувањето интегриран систем кој би ја поврзал ЈСП со приватните превозници, такси-сервисите и евентуалните велосипедските пунктови. Со дигитална апликација (мобилна и веб-базирана) би се овозможила целосна „Mobility as a Service“ (MaaS) платформа – систем каде граѓанинот купува мобилност, а не посебен превоз.

**Алтернатива 2: Копенхаген - велосипедот како столб на урбаната мобилност**

Копенхаген е глобален пример за трансформација на транспортната култура. Над 40% од жителите секојдневно користат велосипед, благодарение на:

- Посебни "вело-коридори", кои се физички одвоени и безбедни.
- Интелигентни семафори што ги препознаваат велосипедистите и го приоритизираат нивното движење.
- Вмрежување со јавниот превоз, овозможувајќи префрлање велосипед во воз или автобус.

За Скопје би можело да биде применливо планирањето на главни "вело-коридори[9]" кои би ги поврзале центарот со периферните општини (Карпош–Центар–Аеродром и Ѓорче Петров–Центар–Гази Баба), воведувањето на интелигентни семафори за велосипедисти и пешаци на најфреквентните крстосници, како и поттикнување на јавен систем за изнајмување велосипеди, евентуално преку јавно-приватно партнерство, интегриран во апликацијата за јавен превоз.

**Алтернатива 3: Осло - електрификација и „мобилити хабови"**

Осло е пример за зелена транзиција во урбаниот транспорт. Целиот автобуски возен парк е електрифициран, што резултира со:

- Драстично намалување на емисиите на јаглерод диоксид и бучава;
- Поевтино и постабилно одржување;
- Подобра јавна перцепција за квалитетот на воздухот и јавниот транспорт.

Покрај електричниот возен парк, „мобилити хабовите" претставуваат интегрирани центри каде граѓаните можат да променат вид на транспорт (воз–автобус–електричен велосипед) и да ја комбинираат мобилноста според своите потреби.

За Скопје би можело да биде применливо воведувањето на постепена електрификација на автобускиот возен парк, почнувајќи со најзагадените линии низ центарот, како и воспоставување на „мобилити хабови" кај Транспортен Центар, Ѓорче Петров и Аеродром, каде би се понудиле електрични велосипеди, полначи за електрични велосипеди и информации за јавен превоз.

**Алтернатива 4: Задржување на сегашната состојба**

Одржувањето на сегашниот систем без воведување на крупни структурни промени може да се перцепира како најлесна и најмалку ризична опција на краток рок, бидејќи не бара високи иницијални инвестиции, институционално преструктурирање или значителни политички одлуки. Овој пристап овозможува избегнување на конфликт со постојните превозни оператори,

[9] Вело-коридори претставуваат поврзани, безбедни и обележани велосипедски траси што овозможуваат континуирано движење на велосипедистите помеѓу различни делови на градот или регионот, со приоритет на одржлива и еколошка урбана мобилност.

го задржува сегашното ниво на административна контрола и не бара промена на корисничките навики. Истовремено, со минимални интервенции како периодично одржување на возниот парк и задржување на субвенциите, јавниот превоз може да продолжи да функционира на ниво на обезбедување на основната услуга.

Меѓутоа, задржувањето на сегашната состојба носи долгорочни негативни последици. Системот останува финансиски неефикасен, со ниско учество на јавниот превоз во вкупната мобилност и континуирано одлевање на корисници кон автомобилите, што дополнително го оптоварува сообраќајот и ја влошува загаденоста. Перцепцијата на јавниот превоз како „социјално минимална услуга“ – а не како модерна мобилна инфраструктура – ќе остане непроменета, што би го намалила јавниот притисок за подобрување и би создала циклус на ниски очекувања и ниски резултати. Со тек на време, ова сценарио ја зголемува цената на идните реформи, бидејќи колку подолго системот останува нефункционален, толку поголеми стануваат инфраструктурните и институционалните долгови.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Врз основа на податоците од анализата, детектирањето на проблемите и разгледаните можни решенија, се предлага спроведува на мерки на краток, среден и долг рок. Најпрво, на краток рок потребно е реорганизирање на јавниот превоз во кој се подразбира промена и усогласување на линиите за возен ред со реалните потреби на граѓаните и со состојбата во градот, со што ќе се намали времето на чекање на помалку од пет минути, а возниот ред ќе биде редовен и ќе се почитува во целост; целосна дигитализација на наплатниот систем и услугите за јавен превоз со нова веб-страна и апликација на претпријатието, како и модернизирање на системот на електронски дисплеи на автобуските станици кои ќе овозможат точни и навремени информации во реално време за корисниците. Понатаму, со цел да се зголеми безбедноста во јавниот превоз потребни се зачестени контроли од страна на претпријатието и санкционирање на секој вид вандализам во автобусите. За зголемување на нивото на чистотата во јавниот превоз потребно е воспоставување на систем на редовно и детално чистење на автобусите од надворешна и внатрешна страна.

На среден рок потребна е реорганизација на ЈСП – Скопје со цел намалување на непродуктивните трошоци и подобро функционирање на претпријатието, воведување на градски воз[10] со искористување на веќе постоечката инфраструктура на железницата во градот со кој дополнително ќе се овозможи брз и ефикасен транспорт на патници и ќе се намали метежот во сообраќајот. Во таа насока, а со цел зголемување на алтернативните начини на превоз, потребно е и развивање на велосипедска инфраструктура за подобро поврзување на

[10] Градски воз претставува облик на јавен превоз кој сообраќа на железничка инфраструктура низ градското и приградското подрачје, овозможувајќи брза и ефикасна врска меѓу различни делови на градот.

сите делови на градот со безбедни вело-патеки, како и субвенционирање на граѓаните кои сакаат да набават велосипед, со што би се стимулирале да го користат ова превозно средство. Понатаму, подобрување на пристапноста за лицата со попреченост на секој вид јавен транспорт е од клучно значење за олеснување на движењето на оваа категорија на граѓани и нивна поголема економска активност.

На долг рок, во следните пет години потребно е целосно обновување на возниот парк на ЈСП – Скопје, но и на приватните превозници, со нови климатизирани еко-автобуси, со што ќе се зголеми квалитетот на автобусите а ќе се намалат и финансиските расходи на претпријатието кои произлегуваат од честите поправки на веќе застарените автобуси.

**Конкретни активности**

| Предлог мерка | Рок за реализација | Финансиска рамка |
|---|---|---|
| Реорганизирање и усогласување на линиите за возен ред | 3 месеци | 1 милион денари |
| Дигитализација на наплатниот систем и услугите со нова веб страна и апликација | 3 месеци | 3 милиони денари |
| Подобрување и проширување на велосипедската инфраструктура | 24 месеци | 150 милиони денари |
| Воведување на градски воз | 36 месеци | |
| Обновување на возниот парк на ЈСП-Скопје | 48 месеци | |

Со овие горенаведени решенија значително ќе се подобри состојбата со јавниот превоз, ќе се врати довербата кај граѓаните и ќе се развијат повеќе начини на јавен превоз во главниот град на државата. Дополнително, со комбинација на овие мерки, градот може постепено да се приближи до европските стандарди за одржлива урбана мобилност и да го врати јавниот превоз како прв избор за граѓаните, а не како последна опција.

# МЛАДИ ВО ФОКУС

МЛАДИ ВО ФОКУС

ДАРКО НИКОЛОВСКИ
-СДСМ-

# *Младите во фокусот*

## 1. Резиме

Младинското учество во Град Скопје е на ниско и најчесто симболично ниво, иако уште во 2020 година беше донесен Законот за младинско учество и младински политики кој предвидува конкретни механизми за вклучување на младите, како што се младинските совети, младинските стратегии, службениците за млади и минималното финансирање од општинските буџети. Податоците од истражувањето спроведено во 2025 година јасно укажуваат на тоа дека овие механизми не се применуваат доследно: бројот на активни младински совети во земјата е намален од 34 во 2023 година на 28 во 2024 година, бројот на младински стратегии од 18 на 10, а во голем број општини младинските совети постојат само на хартија. Во Скопје повеќе од половина од младите никогаш не учествувале во подготовка на програми или буџети за млади, над 60 проценти изјавиле дека немаат директен контакт со институциите, а под 20 проценти чувствуваат дека се вклучени во процесите на одлучување. Ваквата состојба создава апатија и недоверба, а дел од младите отворено изјавуваат дека единственото решение го гледаат во иселување од градот или државата.

Разгледани се три можни насоки за подобрување на состојбата: доследна примена на законот, креирање инклузивни и непартиски младински политики и воведување нови канали за дигитална комуникација со институциите. По анализа на можните решенија, препораката е комбиниран пристап кој ќе ја спои првата и третата опција, односно стабилизирање на институционалните механизми предвидени со законот и нивна надградба преку современи дигитални алатки што ќе овозможат младите да учествуваат активно, транспарентно и директно. Овој пристап е најсоодветен затоа што одговара и на потребата за институционална стабилност и на начинот на кој младите денес комуницираат и се вклучуваат во јавниот живот.

Предвидените активности вклучуваат воспоставување градски младински совет со најмалку 30 млади лица избрани преку јавен повик, отворање канцеларија за млади со еден службеник и двајца младински работници под 30 години, развој на дигитална платформа „Млади за Скопје“ преку која младите ќе предлагаат иницијативи и ќе гласаат за приоритети, воведување младински буџет во висина од 0,1 проценти од буџетот на градот или околу 160 илјади евра, како и спроведување кампања за информирање и мотивација преку инфлуенсери и младински организации. За реализација на сите активности во првата година се потребни приближно 240 илјади евра, што претставува само 0,15 проценти од вкупниот буџет на градот кој изнесува околу 160 милиони евра.

Временската рамка е јасно определена: во првите шест месеци од 2026 година ќе се формира младинскиот совет, ќе се отвори канцеларијата за млади и ќе започне кампањата за информирање; до крајот на истата година ќе биде пуштена во употреба дигиталната платформа и ќе се спроведе првото распределување на младинскиот буџет; во текот на 2027 година ќе се мери успехот преку бројот на активни млади, реализирани иницијативи и степенот на задоволство. Клучната цел е најмалку 30 проценти од младите во Скопје да се чувствуваат дека можат реално да влијаат врз одлуките, што претставува двојно зголемување во однос на сегашното ниво.

Со ваков пристап Град Скопје ќе покаже дека младинското учество не е само формалност, туку вистински механизам за подобрување на квалитетот на животот, зајакнување на довербата во институциите и задржување на младите во градот.

## 2. Проблем – контекст и важност

Во рамки на локалната самоуправа Град Скопје, младинското учество во процесите на донесување одлуки останува на ниско ниво, фрагментирано и најчесто симболично. Иако правната рамка во Северна Македонија формално гарантира вклученост на младите преку механизми како локални младински совети, младински стратегии и консултативни тела, нивната практична имплементација во градот е слабо поддржана, непостојана или целосно отсутна. Како резултат, голем број млади луѓе во Скопје остануваат незапознаени со своите права, со достапните алатки за учество и со начините на кои можат активно да влијаат врз одлуките што ги засегаат.

Пет години по донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики, младите во Скопје сè уште сведочат на ограничени можности за влијание. Иако законот беше донесен во јануари 2020 година во инклузивен и транспарентен процес – со активно учество на младински организации, подмладоци на партии и претставници на меѓународната заедница – неговата имплементација денес изгледа повеќе како декларативна обврска отколку реалност. Законот предвидува јасни механизми: национално советодавно тело, локални младински совети, младински стратегии и службеници за млади. На хартија, овие инструменти треба да обезбедат простор за младите да се чујат, да бидат застапени и да иницираат промени. Но во пракса, токму тие механизми или не функционираат, или се сведени на формалност.

Податоците од истражувањето во рамките на иновативна иницијатива наменета за подготвување на овој документ, спроведено во Скопје во август 2025 година, ја потврдуваат оваа слика. Во квалитативните фокус групи младите го истакнуваат неспроведувањето на локалните младински совети, кои често постојат само на хартија. Во Општина Гази Баба, на пример, младинскиот совет никогаш не профункционирал. Учесниците согледуваат дека

локалните власти немаат вистински интерес да креираат простор за младите, а дури и кога млади луѓе се присутни во кабинетите, тоа ретко резултира со конкретни решенија.

Овој јаз меѓу институционалната рамка и реалноста е дополнително потврден со бројките: во 2023 година постоеле 34 воспоставени локални младински совети, а веќе во 2024 година нивниот број паднал на 28. Сличен тренд на назадување се гледа и кај локалните младински стратегии – од 18 во 2023 година, во 2024 година остануваат само 10. Иако законот предвидува задолжително издвојување на најмалку 0,1% од општинските буџети за младите, бројни општини воопшто не предвидуваат вакви средства, или пак тие остануваат неискористени.

Наместо активна вклученост, младите во Скопје најчесто се чувствуваат маргинализирани. Во анкетното истражување, значителен дел од нив изјавиле дека не се запознаени со постоењето на младински политики, ниту пак со тоа кој треба да ги застапува нивните интереси. Повеќе од половина испитаници никогаш не учествувале во подготовка на програма или буџет за млади, а мнозинството сметаат дека нивната улога во локалните процеси е минимална или непостоечка.

Овие податоци се совпаѓаат со личните приказни од фокус групите. Млади луѓе од различни населби сведочат за реалност во која институциите се далечни, контактот со градските власти е редок, а одговорноста кон младите – симболична. „Кај нас никогаш не профункционирал локалниот младински совет“, вели 24-годишна учесничка од граѓанскиот сектор. „Млади луѓе има, но нема решенија.“ Овој впечаток ја гради перцепцијата дека младите не се сериозно сфатени и дека нивната енергија и идеи остануваат неискористени.

Истовремено, проблемите што младите ги согледуваат во секојдневниот живот во Скопје ја нагласуваат потребата од нивно активно учество. Од урбаното дивеење и пренаселеноста, преку нечистотијата и занемарените паркови, до колапсот на јавниот превоз – младите се директно засегнати од одлуките на градските власти. Но, кога тие одлуки се носат без нив, резултатот е сè подлабок јаз меѓу очекувањата и реалноста.

Дури и позитивните исчекори на национално ниво, како трансформацијата на Агенцијата за млади и спорт во Министерство за социјална политика, демографија и млади, или воспоставувањето на Одделение за истражувања од интерес на младите, остануваат далечни од потребите на младите од Скопје. Без локална имплементација, дури и најдобрите иницијативи остануваат на ниво на институционални ветувања.

Сето ова доведува до растечко чувство на апатија и недоверба. Дел од младите во истражувањето отворено изјавуваат дека не можат да замислат европски стандарди на функционирање во својата средина, бидејќи – како што велат – „општеството не функционира“. Други, пак, ја гледаат корупцијата и непотизмот како главни пречки, кои ги демотивираат да вложат енергија во сопствената заедница.

Заклучокот е јасен: правната рамка постои, но нејзината имплементација е недоволна. Локалната власт во Град Скопје не обезбедува соодветни услови за младинско учество и не креира вистински функционални механизми. Како резултат, младите се чувствуваат исклучени од процесите, нивните потреби остануваат незадоволени, а нивниот потенцијал – неискористен. Овој контекст не само што ја намалува довербата на младите во институциите, туку и ја зголемува нивната подготвеност да се отселат од градот или државата во потрага по подобри услови.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Младинското учество во Град Скопје, и покрај постоечката правна рамка, останува на ниско ниво. Истражувањата спроведени во 2025 година потврдуваат дека младите ретко се чувствуваат застапени и дека механизмите предвидени со Законот за младинско учество и младински политики постојат само на хартија. Дел од општините немаат активни младински совети, буџетските средства наменети за млади се минимални или неискористени, а голем дел од младите не знаат ни кој треба да ги застапува нивните интереси. За да се надмине оваа состојба, потребни се конкретни и добро осмислени интервенции. Подолу се прикажани три можни решенија за подобрување на состојбата.

**Алтернатива 1: Зајакнување на Законот за младинско учество и младински политики преку доследна примена во Скопје**

Еден од клучните проблеми на младинското учество во Град Скопје е тоа што механизмите предвидени со Законот за младинско учество и младински политики остануваат формалност.

Решението е доследна примена на законот на локално ниво, при што Град Скопје ќе стане пример за останатите општини. Тоа значи воспоставување на функционален младински совет со вистинска улога во креирањето политики, назначување на младински службеник кој нема да биде партиски кадар, туку професионалец со доверба кај младите, и отворање канцеларија за млади која ќе биде реален сервис – место каде младите ќе добиваат информации, поддршка и можности. Податоците од истражувањето ја потврдуваат потребата од вакво решение: младите се чувствуваат невклучени, а неактивните механизми само го продлабочуваат јазот меѓу институциите и оваа популација.

**Алтернатива 2: Креирање инклузивни и непартиски младински политики**

Вториот голем проблем кој младите го идентификуваат е политизацијата и непотизмот во младинските процеси. Во фокус групите тие јасно истакнаа дека млади луѓе на раководни позиции речиси и да нема, бидејќи политичките партии го контролираат пристапот и не оставаат простор за независни иницијативи. Локалните младински совети, дури и кога

постојат, често функционираат само на хартија токму поради вакви партиски влијанија. Ова ја намалува довербата на младите во институциите и ги демотивира да се вклучат.

Решението во овој случај е креирање инклузивни и непартиски младински политики, кои ќе се градат „од млади за млади“. Тоа значи избор и назначување на младински службеници и советници според компетенции, а не според партиска припадност. Локалните стратегии за млади треба да се креираат преку јавни расправи, анкети и фокус групи со млади луѓе од различни општини и социјални средини, за да ги одразуваат реалните потреби. Податоците од истражувањето го потврдуваат ова: младите ја перцепираат корупцијата и непотизмот како главни пречки, а повеќето учесници изјавија дека во нивните општини нема функционален младински совет поради незаинтересираност на властите. Дополнително, препораките од анализата се јасни – потребно е искоренување на непотизмот и поставување на непартиски кадар на клучните позиции. Само така ќе се изгради доверба и ќе се отвори простор за автентично младинско учество.

**Алтернатива 3: Подобрување на комуникацијата и дигиталното вклучување на младите**

Третиот клучен проблем е начинот на кој младите комуницираат со институциите. Две третини од учесниците во истражувањето изјавиле дека никогаш немале директен контакт со градските власти, а многумина сметаат дека институциите користат застарени методи кои не одговараат на современите потреби. Дури и кога младите се обидуваат да се обратат преку социјални мрежи, повратните информации често се празни ветувања без реализација. Ова создава чувство на недоверба и отуѓеност.

Решението е создавање модерни и ефикасни канали за комуникација и учество. Градот може да развие дигитални платформи каде младите ќе предлагаат иницијативи, ќе гласаат за приоритети и ќе следат како се реализираат одлуките. Официјалната веб-страница на градот треба да се трансформира во интерактивна алатка за дијалог, а социјалните мрежи да станат простор за транспарентно информирање и брза повратна врска. Податоците од анализата потврдуваат дека младите го гледаат токму дигиталниот простор како главна можност за застапување: тие веруваат дека инфлуенсерите и социјалните мрежи можат да бидат мост помеѓу нив и институциите. Ако градските власти го прифатат овој модел, ќе ја скратат дистанцата со младите и ќе изградат ново ниво на доверба.

## 4. Избрано решение и последователни активности

По разгледување на можните решенија, се препорачува комбиниран пристап кој ја интегрира првото и третото предложено решение: доследна примена на Законот за младинско учество и младински политики заедно со воспоставување на модерни дигитални канали за учество на младите. Со овие три алтернативи, Скопје добива можност да ја надмине сегашната состојба на

симболично младинско учество. Првата ја користи постоечката законска рамка и бара доследност, втората ја таргетира суштината – елиминирање на политичкото влијание и непотизмот, додека третата ја адаптира комуникацијата кон реалноста на младите.

Ваквиот пристап овозможува институционалните механизми да станат функционални и отворени, а младите да добијат пристап до алатки што одговараат на нивните навики и очекувања.

Овој избор е поддржан со податоци од истражувањето во Скопје: над 60% од младите изјавиле дека немаат директен контакт со институциите, а повеќе од 50% не знаат кој ги застапува нивните интереси. Истовремено, повеќето учесници сметаат дека дигиталните платформи и социјалните мрежи се најефикасен канал за комуникација. Значи, само комбинација на институционална стабилност и модерни алатки може да го врати интересот и довербата на младите.

**Конкретни активности**

1. Воспоставување функционален Градски младински совет
    - Формирање совет со најмалку 30 млади претставници избрани преку отворен јавен повик, не по партиска линија.
    - Советот да има право на учество во креирање на буџетот за млади и обврска за квартални јавни седници.
    - Цел: да се намали процентот на млади кои никогаш не учествувале во подготовка на програма или буџет (во моментов над 50%).
2. Отворање Канцеларија за млади со тројца вработени
    - Еден младински службеник и двајца младински работници под 30 години.
    - Канцеларијата ќе обезбедува поддршка за младински иницијативи, советување и информирање.
    - Цел: да се намали бројот на млади кои не се информирани за своите права (во моментов тоа е најмалку 40% според анкетата).
3. Развој на дигитална платформа „Млади за Скопје“
    - Платформа за предлози, гласање на идеи и следење на имплементацијата на иницијативите.
    - Интеграција со социјалните мрежи на Град Скопје и обврска за јавно објавување на статусот на секоја иницијатива.
    - Цел: овозможување на пристап на младите до процесот на донесување на одлуките (најмалку 10.000 регистрирани млади корисници во првата година).

4. Воведување младински буџет
    ○ 0,1% од буџетот на Град Скопје да биде директно ставен под одлучување на младите преку младинскиот совет и платформата.
    ○ Цел: обезбедување на реална моќ на младите, а не само симболично учество.
5. Кампања за информирање и мотивација
    ○ Користење на инфлуенсери, студентски организации и спортски клубови за информирање на младите за новите можности.
    ○ Цел: да се зголеми процентот на млади кои се чувствуваат вклучени во донесувањето одлуки (моментално под 20%).

**Финансиски импликации**

- Канцеларија за млади: плати за три лица (просечно 700 евра месечно) = околу 25.000 евра годишно.
- Дигитална платформа: развој и одржување (прва година околу 40.000 евра; понатамошно одржување по 10.000 евра годишно).
- Кампања за информирање: 15.000 евра годишно за маркетинг и соработка со инфлуенсери.
- Младински буџет: со оглед на тоа што буџетот на Град Скопје за 2025 година изнесува околу 160 милиони евра, 0,1% изнесува 160.000 евра.

Вкупно: приближно 240.000 евра во првата година (со вклучен развој на платформата), што претставува само 0,15% од годишниот буџет на градот. Тоа е минимална инвестиција со голем поврат во форма на доверба, вклученост и задржување на младите во градот.

**Временска рамка**

- Првите 6 месеци (2026): воспоставување на Градски младински совет, вработување младински службеник и младински работници, започнување кампања за информирање.
- До крајот на 2026: пуштање во употреба на дигиталната платформа и прво распределување на младинскиот буџет.
- 2027: мерење на резултатите – број на активни млади, број на реализирани иницијативи и степен на задоволство. Целта е до крајот на 2027 најмалку 30% од младите во Скопје да се чувствуваат дека можат да влијаат врз одлуките, што би било двојно повеќе од сегашното ниво (под 15%).

Со овој пристап, Град Скопје ќе покаже дека младинското учество не е само формалност, туку реален механизам за подобрување на квалитетот на животот. Финансиската инвестиција, во споредба со големиот буџет на градот, е оправдана, а временската рамка е реална и изводлива.

# Иновативни иницијативи во Општина Тетово

01

## Младински центар во Тетово

Лорина Каремани (Алијанса за Албанците/ВЛЕН)

# МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР „ТЕТОВО“: ОД НЕДОСТАТОК ДО ФУНКЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ ЕКОСИСТЕМ!


ЛОРИНА КАРЕМАНИ

-АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ/ВЛЕН-

# *Младински центар „Тетово“: Од недостаток до функционален младински екосистем!*

## 1. Резиме

Тетово се соочува со критичен недостиг на младински простори кои се безбедни, инклузивни и атрактивни, што го попречува личниот, професионалниот и социјалниот развој на младите и го зголемува ризикот тие да го напуштат градот. Законот за младинско учество и младинска политика од 2020 година ги утврди законските основи за формирање на младински центри и совети, со цел активно вклучување на младите во јавниот живот. Сепак, недостасува имплементација – многу општини немаат формирано свои младински совети, младинските центри често остануваат само на хартија, локалните стратегии (ако постојат) не се спроведуваат, ветените средства не се обезбедуваат. Во петте години откако законот стапи на сила, само осум општини од вкупно 81 отвориле младински центри, а само три од нив ги исполнуваат одобрените стандарди.

Демографската состојба на Тетово го продлабочува предизвикот: од 63.176 жители, 15.656 се млади на возраст од 15 до 29 години, што претставува над една петтина од населението. Намалувањето на населението и иселувањето на младите го лимитираа највредниот човечки капитал, загрозувајќи го потенцијалот за социјален и економски развој на градот. Младите луѓе во моментов немаат лесен пристап до структурирани и инклузивни активности; често недостасуваат информации за постоечките можности, додека сегашните простори не ги задоволуваат нивните потреби. Локалните истражувања јасно го покажуваат овој недостаток: 44% од младите сметаат дека не постојат функционални младински простори, 46% не учествуваат во активности поради недостаток на информации, а 66% велат дека би посетувале младински центар неколку пати неделно доколку постои.

Во тој контекст, создавањето на мултифункционален Младински центар се смета за најодржливо и најефикасно решение. Таквиот центар не е само физички простор; тоа е „младинска животна лабораторија“ каде што младите можат да развијат практични вештини, да се вклучат во културни и спортски активности, да се вклучат во дебати и да добијат поддршка за менталното здравје и кариерно советување. Програмите би биле организирани на неделен, месечен и годишен календар, обезбедувајќи континуитет и целосна инклузија. На пример, неделните активности вклучуваат ИТ курсеви, странски јазици, дебатен клуб, уметнички работилници и рекреативни сесии, додека месечната и годишната програма би нудела професионални панели, уметнички изложби, хакатони за иновации, саеми за работа и културни настани кои поттикнуваат активно учество.

Иновативниот аспект на Младинскиот центар ќе се одрази и на начинот на кој ќе се управува со овој центар. Младите ќе бидат вклучени во донесувањето одлуки преку нивното учество во членството на Советот на млади и Надзорниот совет, станувајќи ко-менаџери на просторот, а не само корисници. Така се обезбедува активностите да бидат прилагодени на реалните потреби на младите и се поттикнува чувство на сопственост и припадност. Финансирањето на центарот ќе биде комбинација од општинскиот буџет, меѓународни фондови и сопствените ресурси од симболични активности или спонзорства, гарантирајќи долгорочна одржливост и транспарентност.

Инвестирањето во Младинскиот центар „Тетово“ е стратешки чекор за запирање на миграцијата, зајакнување на положбата на младите и зацврстување на нивната поврзаност со локалните институции. Преку континуирани активности, заштитени простори и инклузивни програми, овој центар ќе создаде ангажирана младинска заедница, ќе го зголеми граѓанското учество и ќе придонесе за личен, професионален и социјален развој на младите, обезбедувајќи поодржлива иднина за Тетово.

## 2. Проблем – контекст и важност

Законот за младинско учество и младинска политика, донесен во јануари 2020 година, претставува камен-темелник во напорите младите да се стават во центарот на социјалниот развој. Донесувањето беше поздравено како историски чекор кон демократизација на процесот на носењето одлуки и создавање институционални механизми кои гарантираат активно вклучување на помладата генерација во јавниот живот. Законот јасно предвидува дека младите ја вклучуваат возрасната група од 15 до 29 години, давајќи ѝ на оваа група политички и правен идентитет и поставувајќи ги темелите на локалните младински совети, како простори на партиципативна демократија, како и на младинските центри, како директни мостови помеѓу општините и младите. Преку советот се очекува развој на локални стратегии усогласени со националната визија и обезбедување на средства посветени на младинските политики, создавајќи сеопфатна правна архитектура која има за цел да биде долгорочна и трансформативна.

Сепак, реалноста на спроведувањето на овој закон е многу нејасна. Многу општини немаат формирано свои младински совети, младинските центри честопати останаа само на хартија, локалните стратегии беа занемарени, додека ветените средства не беа обезбедени. Државната структура предвидена за координација остана неразвиена, оставајќи го процесот фрагментиран и без одржлива поддршка. Во тој контекст, младинските центри, кои законот ги замислува како лаборатории на младинскиот живот и како простори каде што младите наоѓаат информации, програми за развој и социјална и професионална поддршка, остануваат најслабата алка на оваа визија. Законот бараше секоја општина да формира младински центар во рок од пет години од

неговото влегување во сила, но пет години подоцна само осум општини во државата отворија младински центри, а од нив само три успеваат да ги исполнат стандардите одобрени од Агенцијата за млади и спорт (сега Министерство за социјална политика, демографија и млади)[11].

Според пописот од 2021 година, Тетово брои 63.176 жители, од кои 15.656 се млади на возраст од 15 до 29 години, што претставува 20,8% од вкупното население[12]. Во споредба со 2002 година, кога Тетово имаше над 86.000 жители, градот има загубено повеќе од 23.000 луѓе, главно поради емиграција. Сепак, и покрај оваа демографска контракција и болна реалност, бројот на млади го оправдува постоењето и функционирањето на младинскиот центар, а имајќи предвид дека Тетово е град во кој функционираат два универзитети, јасна е и потребата од повеќе вакви центри.

На државно ниво, Северна Македонија е една од земјите во регионот на Западен Балкан кои се најпогодени од емиграцијата на младите. Податоците на Државниот завод за статистика покажуваат дека населението во земјата значително се намалило во текот на изминатите две децении, како одраз на масовната миграција на младите луѓе во државите од ЕУ и пошироко[13]. Овој тренд е тесно поврзан со недостатокот на квалитетни можности за образование, вработување и социјално учество на локално ниво. Тетово, како еден од најголемите урбани центри во државата, не е изоставено од оваа појава, напротив, тоа е едно од најпогодените подрачја.

Една од највbooжните потреби на младите во Тетово е создавање на стандардизирани младински простори, кои би понудиле редовни, инклузивни и одржливи програми. Во моментов, младинските активности што се одвиваат се раштркани и неорганизирани, без јасен годишен календар, така што многу млади луѓе често не се информирани за постоечките можности. Ова укажува на неискористен простор, каде што инвестирањето во младински центар би овозможило создавање на постојана платформа за личен, професионален и социјален развој на помладата генерација.

Младинскиот центар ќе го зајакне учеството на младите во процесите на донесување одлуки на локално ниво, претворајќи го нивниот потенцијал во двигател на позитивни промени за заедницата. Со оглед на тоа што миграцијата останува голем предизвик за градот и државата, обезбедувањето квалитетни можности во рамките на Тетово би ја зголемило мотивацијата на младите да придонесат за својот град и да ја зајакнат својата поврзаност со локалните институции.

[11] Агенција за млади и спорт, Извештај за спроведување на Законот за младинско учество и младински политики, 2024 година.
[12] Државен завод за статистика, „Резултати од пописот на населението, 2021“, https://www.stat.gov.mk.
[13] Државен завод за статистика, „Демографски податоци, 2002–2021“, https://www.stat.gov.mk

Понатаму, анкетата спроведена на локално ниво покажува дека 66% од младите би посетувале младински центар неколку пати неделно, доколку таков центар би постоел. Анализата спроведена преку анкети и фокус групи јасно покажа дека младите сакаат место каде што активностите се редовни и континуирани, каде што се чувствуваат заштитени и каде што секоја заедница се чувствува вклучена. Просечната оценка на програмата за редовни активности изнесува 3.98 од 5, што укажува дека ова е врвен приоритет за младите. Безбедноста, исто така, е многу важна, со просек од 3.96, нагласувајќи ја потребата за заштитена и сигурна средина. Отвореноста кон сите заедници доби оцена од 3.92, нагласувајќи ја важноста центарот да биде инклузивен и да обезбедува можности за сите. Пристапот до јавниот превоз, со просек од 3.62, исто така останува клучен фактор за пристап и инклузија на младите.

Високиот интерес и јасните приоритети се рефлектираат и во идниот младински ангажман: 66% од младите изјавиле дека ќе го посетуваат центарот неколку пати неделно, покажувајќи голем потенцијал за активно учество. Само 14% дадоа конкретни предлози за локацијата, оставајќи ја одлуката на експертите и властите, под услов да се земат предвид пристапот и јавниот превоз.

Резултатите од анализата покажуваат некои критични потреби и приоритети на младите: недостатокот на простор и информации се главните пречки за младите во Тетово; посебно се бараат едукативни активности како што се ИТ курсеви, странски јазици и уметност, како и психолошко советување. Културните, спортските и забавните настани се сметаат за суштински механизми за социјализација. Инклузивноста е јасен услов: центарот треба да биде отворен за сите заедници и родови. Ова покажува дека силната комуникациска стратегија, одржливите партнерства со институциите и програмите за активности ќе влијаат на личниот, социјалниот и професионалниот развој на младите, како и на зајакнувањето на заедницата.

Овие резултати се јасна порака и конкретна можност за градење политики кои директно одговараат на барањата на помладата генерација. Затоа, на создавањето на младинскиот центар во Тетово треба да се гледа како на стратешка и неопходна инвестиција за запирање на трендот на миграција, враќање на довербата на младите и осигурување дека следната генерација ќе остане и ќе придонесе за развојот на нашиот град.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Со оглед на опишаната ситуација, дискусијата не треба да се фокусира на тоа дали градот има потреба од младински центар, туку како истиот треба да изгледа, како ќе функционира и како може да влијае на намалување на миграцијата и зајакнување на младите. Имајќи ги предвид предизвиците опишани погоре, беа разгледани неколку можни алтернативи:

**Алтернатива 1: Да не се менува моменталната ситуација**

Една опција би била работите да останат како што се, со расштркани и случајни активности, без посебен простор и со ниски буџетски трошоци. Овој модел на прв поглед изгледа економичен, но носи сè поголеми социјални последици, влошувајќи ја моменталната состојба и зголемувајќи ја демотивацијата на младите. Недостатокот на структура и континуитет ќе го запре развојот на професионалните и социјалните вештини и ќе ја зајакне идејата за миграција на младите надвор од градот.

**Алтернатива 2: Мини-центар со ограничени активности**

Друга опција е да се создаде мини-центар, мал простор за некои месечни курсеви, како што се јазични курсеви или основни ИТ вештини. Овој модел може делумно да ги задоволи барањата на младите луѓе и може да понуди ограничени можности за личен развој, но не обезбедува долгорочно влијание и не создава одржлива младинска заедница. Недостатокот на разновидност на активностите и постојана поддршка го прави овој модел недоволен за решавање на многубројните потреби на помладата генерација.

**Алтернатива 3: Мултифункционален младински центар**

Најкомплетно и најодржливо решение е формирање на мултифункционален младински центар. Овој простор ќе понуди ИТ и мултимедијални лаборатории, уметнички студија, студија за подкасти и музика, простори за спорт и рекреација, мала библиотека, сала за дебати, како и центар за ментално здравје и кариерно советување. Центарот нема да биде само физички простор, туку жива програма со неделни, месечни и годишни активности, гарантирајќи континуитет и разновидност.

Клучен елемент кој ја разликува оваа опција е начинот на управување: Центарот ќе има отворен модел, каде што самите млади луѓе, преку Советот на млади и Надзорниот совет, ќе учествуваат во донесувањето одлуки. Тие нема да бидат само корисници, туку и ко-менаџери на просторот. Финансирањето ќе биде обезбедено од комбинација на извори: општинскиот буџет, меѓународни фондови и сопствени приходи од симболични активности или спонзорства, гарантирајќи долгорочна одржливост и транспарентност.

Мултифункционалниот младински центар нема да биде само зграда, туку нов екосистем за младите во Тетово. Обезбедува безбедност, пристап, инклузија и одржливи програми кои му даваат значење на граѓанското учество. Тоа е неопходна инвестиција за иднината на Тетово, да се зачува енергијата и креативноста на помладата генерација и да се осигура дека градот нема да ја изгуби својата најголема сила – младите.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Третата опција – мултифункционалниот младински центар – се препорачува бидејќи претставува најкомплетно, сеопфатно и долгорочно решение за потребите на младите. За разлика од другите опции кои нудат фрагментирани или ограничени пристапи на влијание, овој центар ќе создаде жив екосистем кој комбинира ИТ и мултимедијални лаборатории, културни, уметнички и спортски активности, центри за ментално здравје и советување за кариера, како и уникатен модел на управување преку вклучување на самите млади луѓе во донесувањето одлуки. Оваа опција директно одговара на потребите на младите луѓе, врз основа на податоци засновани на докази собрани преку фокус групи и анкети со млади луѓе: 16% од младите бараат советување за вработување и кариера, 14% курсеви за јазик и ИТ вештини, 14% советување за ментално здравје, 12% културни и музички активности и 10% спорт и рекреација. 44% од младите се изјаснуваат дека не постојат функционални младински простори, додека 46% не учествуваат во активности поради недостаток на информации. Сепак, 66% рекоа дека би го посетиле центарот неколку пати неделно доколку постои, што укажува на голема потенцијална употреба и директно влијание.

Врз основа на конкретните податоци за нивните интереси, овој центар гарантира високо учество, развој на вештини и зајакнување на заедницата, трансформирајќи ги младите од пасивни корисници во активни актери и ко-менаџери на просторот. Ова ја прави третата опција една од најзначајните и најнеопходните инвестиции за иднината на Тетово.

**Препораки и активности**

Младинскиот центар треба да се развива на одржлива основа, интегрирајќи ги следните елементи:

- **Програмски активности**: Комбинација на едукативни курсеви, стручно оспособување, културни и спортски активности. Активностите треба да бидат редовни и да ги вклучуваат сите заедници, поттикнувајќи активно учество.
- **Комуникација и информации**: Создавање онлајн платформи, социјални мрежи и промотивни активности за зголемување на свеста на младите.
- **Партнерства и финансирање**: Соработка со училишта, универзитети, бизниси и локални организации за финансирање и простор. Ова ќе обезбеди центарот да има стабилни финансиски ресурси и институционална поддршка.
- **Пристап и транспорт**: Да се обезбеди лесен пристап преку јавен превоз за сите млади луѓе, гарантирајќи инклузивно учество.
- **Активно учество на младите**: Нивното вклучување во донесувањето одлуки и планирањето преку младински форуми и јавни консултации.

Младинскиот центар би понудил комбинација на неделни, месечни и годишни активности кои опфаќаат практични вештини, култура и психосоцијална благосостојба. Специјалната програма вклучува:

- Дебатен клуб – неделни средби со ментори за развој на реторички вештини и аргументација.
- Локална лига – месечни настани со училишта и универзитети за соработка и пракса.
- Дебатна академија – сезонски програми за реторика, проверка на факти и професионална дебата.
- Дебати за локална политика – граѓански ангажман и пост-дебатно известување за транспарентност и граѓански ангажман.

Принципите на програмата би биле: стабилно темпо, комбинација на практични вештини за вработување, култура (идентитет и креативност) и психосоцијална благосостојба.

**На пример, неделниот распоред би бил следниот:**

- Понеделник: Основи на ИТ (17:00–19:00 часот), ЈОГА/истегнување (19:15–20:00 часот)
- Вторник: Англиски Б1 (17:00–18:30), Дебатен клуб (18:45–20:15)
- Среда: Графички дизајн (17:00–19:00), Филмска ноќ и разговор (19:15–21:00)
- Четврток: Програмирање (Python/JS) (17:00–19:00), музика во живо/отворен микрофон (19:30–21:00)
- Петок: Работилница за кариера (кратка биографија/Интервју) (17:00–18:30), Тимски игри (18:45–20:00)
- Сабота: Ликовна работилница (11:00–13:00), Турнир во пинг-понг/шах (16:00–18:00)
- Недела: Слободен простор и изложба во заедницата (15:00–19:00)

**На пример месечниот распоред би бил:**

- Недела 1: Мултикултурна изложба на фотографии; Семинар „Менталното здравје кај младите“.
- Недела 2: Hack-evening (4-часовен мини-хакатон); Акустичен концерт за млади.
- Недела 3: „Кариери во ИТ/Дизајн“: панел со локални работодавачи; Саем за пракса.
- Недела 4: Фестивал на краткометражен филм; Јавна дебата за локалната младинска политика.

**На пример годишниот календар би бил:**

| Месец | Фиксни активности | Флексибилни активности |
|---|---|---|
| Јануари | Состанок на членовите, работилница за технологија | Саеми и младински идеи |
| Февруари | Коучинг за лидерство. | Дискусија со градоначалникот |
| Март | Уметничка работилница | Изложба на фотографии |
| Април | Недела на активизам | Еколошки маратон |
| Мај | Младински театарски претстави | Деловна менторска сесија |
| Јуни | Локален музички фестивал | Филмска вечер во природа |
| Јули | Летен камп | Работилница за зелени вештини |
| Август | Спортски активности | Обиколка на планина |
| Септември | Враќање на активностите по летото | Хакатон на иновации |
| Октомври | Обука за човекови права | Саем за младинска работа |
| Ноември | Кампања за денот на младите | Визуелна ликовна изложба |
| Декември | Забава на крајот од годината | Гала вечер за волонтерите |

**Препораки за есенската сезона:** Посебен фокус треба да се стави на активностите кои го поттикнуваат учеството на младите по летните одмори, како што се хакатонот за иновации, саемите за младинска работа и обуките за човекови права. Ова ќе обезбеди континуитет на ангажманот, развој на вештини и создавање на активна и вклучена младинска заедница.

Трошоци за инвестирање во ентериерот и опремата на младинскиот центар:

| **Компонента** | **Вкупниот износ (€)** |
|---|---|
| Главен мебел: работни/конференциски маси, ергономски столици, кауч, маси за прием, полици/шкафови | 2,300 – 4,800 |
| Технологија и опрема: ТВ екран, проектор, бела табла, флипчарт | 1,000 – 1,700 |
| Декор и амбиент: завеси, слики, декоративни растенија, гитара | 1,200 – 2,200 |
| Осветлување и додатоци: висечки светилки, LED осветлување, диспензер за вода/фрижидер | 600 – 1,400 |
| Градежни и подготвителни работи: фарбање ѕидови, паркет/ламинат, монтажа на мебел и електрични работи | 3,000 – 4,500 |

Оваа анализа на трошоците се прави врз реална основа базирано на цените од локалниот пазар и гарантира дека инвестицијата е одржлива и достапна за општината. Секоја компонента претставува стратешка инвестиција во зголемување на младинското учество, развој на капацитетите и создавање безбеден, инклузивен и инспиративен простор.

**Креативно решение на Младинскиот центар**



Младинскиот центар „Тетово“ не е само зграда, туку стратешки простор кој има за цел да изгради зајакната, вклучена и ангажирана младинска заедница. Со јасен план, континуирани активности, безбедни и инклузивни простори и одржлива финансиска поддршка, овој центар ќе стане главен двигател на младинскиот живот во Тетово. Очекуваното високо младинско учество и јасната слика за нивните приоритети покажуваат дека инвестирањето во овој центар е неопходен чекор за запирање на егзодусот на младите, зајакнување на социјалниот капитал и создавање подобра иднина за градот и неговите млади.

# Иновативни иницијативи во Општина Центар

01

**Мој простор: Менталното здравје на учениците од средните училишта**

Софиа Даштевска (ВМРО-ДПМНЕ)

02

**Да ја осветлиме играта: Безбедни и пристапни спортски терени и игралишта во Општина Центар**

Александар Кочев (ВМРО-ДПМНЕ)

# ЗДРАВ УМ, СВЕТЛА ИДНИНА: ИНОВАТИВЕН ПРИСТАП КОН МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ НА МЛАДИТЕ




СОФИА ДАШТЕВСКА

-ВМРО-ДПМНЕ-

# *Здрав ум, светла иднина: Иновативен пристап кон менталното здравје на младите*

## 1. Резиме

Овој документ се однесува на менталното здравје на средношколците во Скопје, проблем кој е значаен, но недоволно адресиран. Средношколскиот период е време на интензивни физички, емоционални и социјални промени, кога младите се соочуваат со анксиозност, депресија, стрес и насилство. Сегашниот систем ретко обезбедува сигурна, достапна и доверлива поддршка, а стигмата и недовербата во институциите ги спречуваат учениците да побараат помош. Досегашните иницијативи опфатија ограничен број училишта и не резултираа со системска промена, што доведе до растечка анксиозност, депресија, намалена мотивација и поголем ризик за долгорочна социјална и економска стабилност.

Анализата на проблемот и на можните решениа резултираше со неколку можни алтернативи: дигитални платформи за анонимна поддршка; јакнење на училиштата со дополнителни психолози и редовни обуки; програми за врсничка едукација; интеграција на менталното здравје во наставната програма; и поголемо вклучување на семејството и локалната заедница. Секоја алтернатива адресира различен аспект на проблемот, но поединечно не обезбедува целосно и одржливо решение.

Препорачано решение: комбиниран пристап кој обединува дигитална платформа за анонимна поддршка со јакнење на училишните стручни служби и локални активности. Платформата овозможува достапна и доверлива помош, додека психолозите во училиштата обезбедуваат континуирана и професионална грижа. Јавни кампањи, работилници и вклучување на семејството ја рушат стигмата и ја поврзуваат институционалната поддршка со секојдневниот живот на младите.

**Активностит за реализација на препорачаното решение се предвидени да се спроведат во три фази: во првата (2025/2026) ќе се пилотира во 3–5 училишта со развој на платформа, ангажирање психолози, обука на наставници и кампања „Да зборуваме отворено“ (60.000–70.000 €); во втората (2026/2027) проектот ќе се прошири на сите училишта во Скопје со надградба на платформата, вклучување на сите училишни психолози и дополнителни ресурси, редовни обуки и локални активности (70.000–90.000 € годишно); додека третата фаза (2027–2030) предвидува национална интеграција со континуирани активности и постепено вградување во наставата, со трошоци за Скопје од 20.000–30.000 € годишно**. Овој модел е современ, практичен и одржлив: ја следи реалноста на младите, обезбедува стабилност и континуитет, започнува со пилот-фаза за тестирање и постепено

проширување и гради доверба кај учениците, психолозите, родителите и институциите. Скопје на тој начин создава систем кој ефективно ја зајакнува психолошката благосостојба на својата младина.

## 2. Проблем – контекст и важност

Менталното здравје на младите е еден од најзначајните, но и најзапоставените аспекти на нивниот развој. Средношколскиот период претставува време на интензивни промени – физички, емоционални и социјални – кога младите ја градат својата личност и идентитет. За жал, во овој чувствителен период, тие се соочуваат со сериозни психолошки предизвици, а системот ретко им обезбедува соодветна поддршка.

Во Град Скопје функционираат 21 средно училиште – 5 гимназии и 16 стручни, во кои се образува значителен дел од младата популација во државата. Само во учебната 2024/2025 година, бројот на ученици во редовните средни училишта во земјава изнесува 67.143, од кои голем дел се концентрирани токму во Скопје. Иако бројот на ученици постепено се намалува, притисокот врз нивната психичка благосостојба се зголемува. Истражувањата на УНИЦЕФ и СЗО потврдуваат дека младите се сè повеќе изложени на анксиозност, депресија, стрес и насилство, но ретко бараат помош – најчесто поради стигмата и недовербата во институциите.

Анкетата спроведена во 2025 година меѓу средношколци во државата дава јасна слика за проблемот: речиси 95% од учениците признаваат дека постои стигма и страв при барање психолошка помош. Иако 72,7% изјавиле дека во училиштето има психолог, половината сметаат дека поддршката е недоволна, а 88,6% некогаш почувствувале потреба да побараат психолошка помош, но не го сториле тоа. Тоа е алармантен податок – младите имаат потреба, но системот не им овозможува сигурен, достапен и доверлив канал за поддршка.

Причините за оваа состојба се повеќеслојни. Од една страна, училиштата  имаат психолози и педагози, но бројот е недоволен, а често тие се преоптоварени со административни обврски наместо со директна работа со учениците. Дополнително, дел од нив немаат специјализирана обука за справување со современите предизвици како сајбер булинг, кризни интервенции или справување со пост-трауматски реакции. Од друга страна, самите ученици не се охрабруваат да побараат поддршка. Укажувањата на вклучените психолози во процесот на настава е дека, најголемиот предизвик во секојдневната работа е токму отпорот на младите да се отворат и да зборуваат за своите проблеми, поради етикетирањето и стравот дека ќе бидат осудени.

Самиот животен контекст ја усложнува сликата. Главни извори на стрес се училишните обврски и испитите (22,7%), односите со пријателите (20,5%) и самокритичноста (15,9%). Дополнително, социјалните мрежи играат двојна улога: од една страна овозможуваат поврзување и поддршка, но од друга страна создаваат нереални стандарди, зголемена

анксиозност и простор за сајбер булинг. Не е изненадувачки што учениците најчесто се повлекуваат и проблемите ги решаваат со пасивни механизми како слушање музика или спиење, наместо со здрави активности како спорт или разговор со семејството.

Сегашниот пристап во спревувањето со овој предизвик е ограничен и фрагментиран. Досегашните иницијативи – како програмите за врсничка едукација или ограничени обуки за наставници – опфатија мал број училишта и не доведоа до системска промена. На пример, во текот на ковид-кризата беа обучени само 25 наставници и психолози, што е симболичен број во однос на потребите на целата средношколска популација.

Последиците од ваквата состојба се веќе видливи: растечка анксиозност и депресија, намалена мотивација за учење, повеќе конфликти меѓу врсници и зголемено насилство. Како што нагласуваат експертите, овие неуспеси не влијаат само врз училишниот успех, туку имаат долгорочни импликации врз идната социјална интеграција и економска стабилност на младите. Ако тие излегуваат од училиштата со нерешени психолошки проблеми, тоа значи поголем ризик за нивната иднина, но и за целото општество.

Сепак, има и позитивни сигнали. Свесноста кај младите за значењето на менталното здравје е висока – 93% сметаат дека е исто толку важно како и физичкото здравје. Голем дел од нив препознаваат потреба од формално образование за оваа тема, а 84% би користеле дигитални алатки за поддршка, особено ако тие се анонимни и пристапни. Тоа отвора можност за иновативни решенија кои ќе ги комбинираат традиционалните форми на поддршка со дигитални сервиси.

Во локален контекст, ова прашање е од исклучителна важност за Скопје. Тука учи најголемиот дел од средношколците во Македонија, што значи дека токму во главниот град проблемот е најизразен и највидлив. Недостатокот од системска поддршка не е само индивидуален проблем на учениците – тој директно влијае врз општествената клима, врз семејствата и врз образовниот систем. Младите кои чувствуваат дека немаат кому да се обратат, се изложени на ризик од изолација, намалена продуктивност и сериозни нарушувања во развојот.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Кога се зборува за менталното здравје на младите, особено на средношколците во Скопје, сè почесто се отвора прашањето: кои решенија можат да го надминат чувството на срам и недоверба и да понудат сигурна и достапна поддршка? Од анализите, анкетите и разговорите со стручниот кадар произлегуваат неколку јасни алтернативи Секоја од нив сама по себе придонесува кон решението, но доколку сите се применат заедно, решението би било целосно. Имајќи го предвид овој факт, предложените алтернативи се разгледани од перспектива на

нивната изводливост, потенцијалните позитивни ефекти, како и временската динамика за нивна примена

**Алтернатива 1: Дигитални платформи и анонимни канали за поддршка**

За голем број млади, првиот и најлогичен простор каде бараат одговори е интернетот. Затоа не изненадува фактот што дури 84,1% од анкетираните средношколци би користеле дигитални алатки за поддршка на менталното здравје. Најголем дел од нив ја истакнуваат потребата од анонимен онлајн-разговор со стручно лице (50%), но исто така и можноста да прават тестови за самопроценка, да добиваат кратки совети и информации или едноставно да имаат простор каде можат да „истурат" мисли без да бидат осудени.

Овој пристап им одговара на новите генерации кои растат со мобилен телефон во рака и ја доживуваат дигиталната комуникација како природна. Податоците покажуваат дека учениците би ги користеле ваквите платформи најчесто во моменти на стрес или анксиозност (56,8%), кога им треба некој што ќе ги сослуша, но не сакаат да зборуваат лице-в-лице (47,7%), или кога сакаат да научат како да се справат со предизвици (45,5%).

Покрај тоа, дигиталните решенија ја решаваат најголемата пречка – стигмата. Речиси 95% од младите препознаваат дека срамот е главен фактор зошто не бараат психолошка помош. Затоа анонимноста станува клучен услов. Секако, предизвикот е да се обезбеди сигурност и доверливост, како и содржини креирани од стручни лица. Но, токму тука се отвора можноста за национална дигитална платформа, која покрај учениците, може да биде корисна и за пошироката заедница.

**Алтернатива 2: Засилување на институционалната поддршка во училиштата**

Иако повеќето средношколци знаат дека нивното училиште има психолог (73,1%), голем дел сметаат дека поддршката е недоволна. Само 4,5% изјавиле дека се задоволни од услугите што ги добиваат. Ова јасно укажува дека проблемот не е само во формалното постоење на психолог, туку и во неговата достапност, капацитет и видливост.

Психолозите и педагозите во училиштата често се преоптоварени со административни задачи, што им одзема време за работа со учениците. Многумина се соочуваат и со недостиг на редовни обуки за современи теми – сајбер булинг, кризни интервенции, справување со панични напади или депресивни состојби. Оваа алтернатива би значела повеќе вработени стручни лица, но и намалување на бирократските обврски, за тие вистински да можат да им се посветат на младите.

Дополнително, училиштата би требало да вложат напор да ја направат психолошката служба поотворена и видлива. Дел од учениците дури не се ни сигурни дали имаат психолог во училиште. Тоа значи дека институционалната поддршка мора да стане дел од секојдневието, а

не „таен кабинет“ во кој влегуваат само неколку ученици. Ваквиот пристап не само што обезбедува долгорочна стабилност, туку гради доверба и го нормализира разговорот за менталното здравје.

**Алтернатива 3: Врсничка едукација и менторство**

Средношколците често се чувствуваат најразбрани кога разговараат со своите врсници. Ова е природна потреба во адолесцентниот развој – да се добие потврда и поддршка од луѓе кои се соочуваат со слични предизвици. Не случајно, 25% од анкетираните изјавиле дека би преферирале поддршка од други ученици.

Програмите за врсничка едукација може да се реализираат во форма на клубови, ученички тимови за поддршка или дигитални групи каде младите се обучени како да препознаат стрес и да дадат прва психолошка помош. Претходни иницијативи покажале дека токму ваквите програми се најдобар начин да се руши изолацијата и да се охрабрат младите да побараат и понатамошна стручна поддршка.

Оваа опција има уште една важна предност: ја гради културата на солидарност и прифаќање во училиштата. Кога учениците слушаат дека нивни врсници се соочуваат со слични проблеми, чувството на „само јас сум таков“ се намалува. Секако, врсничката поддршка мора да биде под надзор и соодветна обука, бидејќи таа не може целосно да ја замени стручната служба. Но како дополнителен слој, има огромен потенцијал за промена на атмосферата во училиштата.

**Алтернатива 4: Интеграција на менталното здравје во наставната програма**

Повеќе од 63% од анкетираните ученици би сакале да постои предмет или програма за ментално здравје во нивното училиште. Ова јасно укажува дека младите не сакаат менталното здравје да биде само „додаток“ или спорадична работилница, туку системски дел од образованието.

Интеграцијата во наставата би можела да вклучува часови за управување со стрес, техники за концентрација и самодоверба, справување со анксиозност, но и дискусии за теми како врсничко насилство, зависности или безбедно користење на социјалните мрежи. Ваквите содржини не само што ја нормализираат темата, туку ја прават дел од редовната образовна култура.

Оваа алтернатива има и превентивен карактер. Наместо младите да стигнат до точка на криза, тие учат да ги препознаваат и адресираат проблемите порано. Така училиштето станува место каде што менталното здравје не е табу, туку прифатена и вреднувана тема – исто како математиката или физичкото образование.

**Алтернатива 5: Вклучување на семејството и заедницата**

Иако училиштето е центарот на ученичкиот живот, семејството останува клучен фактор за нивната психолошка стабилност. Но податоците покажуваат дека само 9,1% од учениците разговараат со своите родители кога се чувствуваат лошо. Ова е сериозен сигнал дека родителите или не се доволно вклучени, или младите не ги доживуваат како безбедна адреса за поддршка.

Психолозите потврдуваат дека често проблемот се продлабочува токму затоа што нема поддршка од семејството. Намалената мотивација за учење, висок број изостаноци и конфликти се поврзани со семејни фактори. Затоа, алтернативата за поголемо вклучување на семејството значи родителски едукации, семејни работилници и подобра координација меѓу училиштата и родителите.

Истовремено, заедницата може да понуди дополнителни ресурси – од спортски и културни активности до волонтерски програми кои градат чувство на припадност и позитивно искуство. Ваквите иницијативи можат да бидат мост меѓу училиштето и реалниот живот, каде младите ќе најдат поддршка надвор од формалните институции.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Проблемот со менталното здравје на младите во Скопје бара решенија кои се современи, практични и одржливи. Најсоодветниот пристап е **комбинација на дигитална платформа за анонимна поддршка и јакнење на училишните стручни служби**. Дигиталната платформа им овозможува на учениците да побараат помош на безбедно и достапно место, во моментот кога најмногу им е потребна, и да се охрабрат да зборуваат без страв од стигма.

Но, технологијата сама по себе не е доволна – потребна е и силна институционална поддршка преку посветени психолози и педагози во училиштата, кои преку обуки, намалување на административниот товар и дополнителен кадар ќе можат да обезбедат континуирана, професионална и персонализирана грижа. Јавните кампањи и локалните активности дополнително ја поврзуваат институционалната поддршка со секојдневниот живот на младите, рушејќи ја стигмата и вклучувајќи ги семејствата и заедницата.

Овој модел е убедлив бидејќи го следи начинот на живот и навиките на младите, обезбедувајќи им дигитален канал кој е лесно достапен, доверлив и прилагоден на нивните потреби. Во исто време, ја гарантира стабилноста и одржливоста на поддршката преку училишните психолози и педагози, кои добиваат услови и алатки да работат професионално и континуирано со учениците. Финансиски е разумен бидејќи започнува со пилот-фаза која овозможува тестирање, прилагодување и постепено проширување, наместо големи и ризични инвестиции од самиот почеток. Со овој пристап се гради доверба кај сите засегнати страни – учениците добиваат чувство на сигурност и поддршка, психолозите можат да ја извршуваат својата работа

поефикасно, родителите се вклучени и информирани, а институциите покажуваат дека менталното здравје е вистински приоритет. На тој начин, Скопје создава систем кој е современ, практичен и одржлив, комбинирајќи иновативни дигитални алатки со силни, локални училишни служби.

И покрај препорачаната алтернатива, сепак укажуваме дека сите претходно преставени алтернативи не се исклучуваат една со друга, туку се надополнуваат. Секоја се обидува да одговори на различен аспект од проблемот: потребата за анонимност, институционалната слабост, моќта на врсниците, системската превенција и семејната улога. Заедно, тие ја креираат „палетата на можности“ од која градот и институциите можат да изберат или комбинираат со цел да ја зајакнат психолошката благосостојба на младите.

**Активности и временска рамка**

Активностте се спроевдување на предложеното решение се поделени на следните фази:

**Фаза 1: Пилот (2025/2026 учебна година) – во 3–5 средни училишта**

- Развој на основна верзија на дигиталната платформа.
- Ангажирање на 3–5 психолози кои ќе работат делумно преку платформата и делумно во училиштата.
- Обука на 10–15 психолози и наставници за користење на алатката и за работа со учениците.
- Кампања „Да зборуваме отворено“ во Скопје.

**Финансиски импликации:** околу 60.000–70.000 € за една учебна година.

**Фаза 2: Проширување (2026–2027 година) – сите средни училишта во Скопје**

- Надградба на платформата со нови функционалности.
- Вклучување на сите училишни психолози (околу 50 лица) во програмата.
- Вработување дополнителни 10–15 психолози на ниво на град.
- Организирање редовни обуки (2–3 годишно) и локални активности во сите училишта.

**Финансиски импликации:** околу 70.000–90.000 € годишно.

**Фаза 3: Долгорочна интеграција (2027–2030 година)**

- Платформата да стане национална, со поддршка од Министерството за образование и меѓународни донатори (УНИЦЕФ, ЕУ фондови).
- Градот Скопје да продолжи со редовни локални обуки, активности и одржување на службите.

- Постепено интегрирање на менталното здравје во наставната програма.

**Финансиски импликации за Скопје:** околу 20.000–30.000 € годишно (основно локално одржување, додека националната платформа се финансира централизирано).

Менталното здравје на средношколците мора да се третира како приоритетна образовна и јавно-здравствена политика. Неговото занемарување доведе до сегашните неуспеси, а тие се веќе видливи во падот на мотивацијата, растот на анксиозноста и слабеењето на социјалната кохезија во училиштата. Доколку не се вложи во системска поддршка – преку зголемување на бројот на психолози, интегрирање на менталното здравје во наставната програма, создавање анонимни и дигитални канали за помош и подобра координација со семејствата – последиците ќе продолжат да се продлабочуваат.

# ОСВЕТЛИ ЈА ИГРАТА – ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ И САНИРАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР



АЛЕКСАНДАР КОЧЕВ
-ВМРО-ДПМНЕ-

# Осветли ја играта - Иницијатива за осветлување и санирање на спортските терени во Општина Центар

## 1. Резиме

Спортските терени и јавните игралишта во Општина Центар се едни од ретките бесплатни простори достапни за сите граѓани, со особено значење за младите кои таму развиваат здрави навики, спортски дух и социјални врски. Сепак, нивната моментална состојба е далеку од задоволителна. Мапирањето на 15 спортски локации покажа дека речиси сите се соочуваат со сериозни проблеми – нефункционално или недоволно осветлување, оштетени подлоги, застарени или небезбедни огради и реквизити. Дополнително, анкетата со жителите ја потврди сериозноста на проблемот: 82% од граѓаните воопшто не ги користат терените навечер поради темнината, а 88% сметаат дека подобро осветлување и реконструкција би ја зголемиле нивната употреба.

Сегашниот пристап кон решавањето на ситуацијата е реактивен, базиран на ад-хок санации и краткорочни интервенции кои решаваат само дел од проблемите без трајни резултати. Недостатокот на систематско одржување и јасна одговорност доведе до натрупување на проблемите, со што терените постепено станаа небезбедни и сè помалку функционални. Досегашните неуспеси се видливи: рефлектори кои не работат, подлоги кои претставуваат ризик за повреди, огради што се распаѓаат и терени кои остануваат во темница токму во периодот кога има најголема потреба од нивно користење.

За надминување на оваа состојба беа разгледани повеќе можни решенија: преземање на одговорноста од страна на училиштата и заедницата, продолжување на ад-хок поправки, јавно-приватни партнерства, фазирано подобрување и комбинирани модели на управување. Секоја од овие опции носи свои предности, но и сериозни ограничувања – недостиг на ресурси, ограничување на пристапот или нерамномерна грижа.

Врз основа на резултатите од анализата и мислењето на граѓаните, се препорачува решението за **интегриран системски пристап под водство на Општината**. Овој модел предвидува целосна реконструкција на терените преку модернизација на осветлувањето со енергетски ефикасни LED решенија, санација на подлогите, поправка или замена на оградите и реквизитите, воведување план за редовно одржување и зголемена безбедност преку видео надзор.

Финансиската анализа покажа дека овој пристап е изводлив: вкупниот трошок за реализација е проценет на околу **95.930 €**, распределени во повеќе категории – најмногу за модернизација на осветлувањето (40.000–45.000 €), потоа реконструкција на подлоги и огради (околу 9.360 €),

замена на реквизити (1.840 €), мерки за безбедност и естетика (560 €) и урбана опрема и видео надзор (8.000 €). Дополнително, предвидени се годишни трошоци од околу 3.000 € за редовно одржување. Инвестицијата ќе се спроведе во фази во рок од три години, со јасни приоритети и активности.

Овој пристап не само што нуди решение за сегашните проблеми, туку создава и траен систем за современи, безбедни и достапни спортски површини кои ќе ја зголемат употребливоста на терените, ќе придонесат кон подобар квалитет на живот и ќе поттикнат здрави навики и заедништво во Општина Центар.

## 2. Проблем – контекст и важност

Спортските терени и јавните игралишта во Општина Центар се едни од ретките бесплатни простори кои им овозможуваат на граѓаните да спортуваат, да се рекреираат и да се дружат. Тие имаат клучна улога во создавањето на здрави навики кај младите и во унапредувањето на активниот живот кај целата заедница. Но, нивната моментална состојба е далеку од она што се очекува од еден урбан центар на главниот град. Наместо да бидат средишта на физичка активност и социјална интеракција, терените сè повеќе стануваат симбол на занемареност, недостапност и небезбедност.

Мапирањето спроведено на 15 спортски локации во Центар покажа дека речиси сите имаат сериозни недостатоци. Најголемиот и најчест проблем е недоволното или нефункционално осветлување. На дел од терените постојат рефлектори кои не работат, на други светлосните тела не обезбедуваат соодветна видливост, а има и терени без никакво осветлување. Ова значи дека терените практично се неупотребливи во вечерните часови – токму тогаш кога младите и работно активните граѓани имаат најмногу време за спорт и рекреација, особено во летните месеци кога температурите се поповолни за активности на отворено. Намалената видливост не само што го ограничува времетраењето на активностите, туку ја намалува и безбедноста, оставајќи простор за повреди и чувство на несигурност.

Покрај осветлувањето, инфраструктурата на терените е во лоша состојба. Подлогите на повеќе игралишта се оштетени и бараат реконструкција и соодветно обележување. Оградите се застарени или уништени, а спортските реквизити – кошеви, табли, голови – се нефункционални или небезбедни за користење. На дел од терените може да се забележат импровизирани или скршени конструкции, што претставува ризик за секој кој се обидува да спортува таму. Наместо да мотивираат, овие услови ја намалуваат желбата кај младите да спортуваат, што е директно спротивно на потребата од развој на здрави навики и активен живот.

Сериозноста на проблемот ја потврдува и анкетата спроведена со граѓаните. Според резултатите, 82% од испитаниците изјавиле дека не ги користат спортските терени во вечерните часови токму поради недостиг на осветлување, а дури 88% сметаат дека подобро и

соодветно осветлување би го зголемило нивното користење. Голем број граѓани изразуваат и чувство на небезбедност, не само поради темнината, туку и поради ризикот од повреди на оштетените подлоги и реквизити. Иако терените претставуваат значаен простор за бесплатна физичка активност, нивната состојба директно го ограничува пристапот и создава чувство на исклученост кај граѓаните.

Основните причини за ваквата состојба лежат во повеќе фактори. Недоволните инвестиции во модернизација довеле до тоа голем дел од инфраструктурата да биде застарена. Наместо систематски пристап, досега се применувале ад-хок санации – краткорочни интервенции кои решаваат дел од проблемот, но не нудат трајни резултати. Недостатокот на редовно одржување овозможил проблемите да се натрупуваат до точка на целосна нефункционалност. Дополнително, слабата координација меѓу училиштата, општината и самите граѓани довела до тоа терените често да останат без јасен надлежен субјект кој активно ќе се грижи за нив.

Овие фактори заедно резултираат со тоа што спортските терени во Општина Центар не ја исполнуваат својата суштинска улога. Наместо да бидат двигател на активен и здрав живот, тие стануваат простори кои граѓаните ги избегнуваат, особено навечер. Последиците од ова се повеќеслојни: ограничена физичка активност кај младите, намалена социјална интеракција во заедницата, зголемен ризик од повреди и постепено губење на единствените достапни јавни простори за спорт и рекреација. Така, проблемот со осветлувањето и инфраструктурата не е само прашање на технички недостатоци, туку и на квалитетот на живот и здравјето на граѓаните.

Имајќи ги предвид овие предизвици, неопходно е да се разгледаат можни решенија кои би овозможиле трајно подобрување на состојбата на спортските терени.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Во решавањето на проблемот со нефункционалното осветлување и застарената инфраструктура на спортските терени во Општина Центар можат да се разгледаат неколку различни пристапи. Секоја од алтернативите носи свои предности и ограничувања, а нивната успешност зависи од тоа како ќе се распредели одговорноста меѓу општината, училиштата и локалната заедница.

**Алтернатива 1: Преземање на одговорноста од страна на училиштата и заедницата**

Во ова сценарио, училиштата и локалните заедници би биле задолжени за управување и одржување на терените. Ваквиот модел има потенцијал да го зголеми чувството на сопственост кај жителите и да овозможи поблиска грижа за секој терен. Но, досегашното искуство покажува дека училиштата не располагаат со доволни ресурси за систематско управување со инфраструктурата. На пример, теренот кај ООУ „Киро Глигоров“ воопшто нема осветлување, а реквизитите се оштетени. Во ООУ „Димитар Миладинов“ пак, постојат рефлектори, но тие не

се во функција, а голем дел од оградата и подлогата се оштетени. Овие примери ја потврдуваат тезата дека префрлањето на одговорноста врз училиштата и локалните заедници би резултирало со нерамномерна грижа – некои терени можеби би се одржувале подобро, но други би останале целосно запуштени.

**Алтернатива 2: Продолжување со ад-хок санации**

Оваа алтернатива претставува продолжување на досегашната практика – интервенции само кога проблемите стануваат премногу големи за да се игнорираат. Така, оштетена ограда би се поправила, или би се заменил кош кога веќе не може да се користи, но без поширок план за сите терени. Мапирањето покажа дека речиси сите 15 локации имаат потреба од санација, од нефункционални рефлектори во „Капиштец“ до недоволна осветленост кај терените во „Лондон маало“ и „Зелено пазарче“. Продолжувањето со вакви делумни и реактивни поправки би значело дека состојбата никогаш суштински нема да се подобри. Анкетата потврдува дека граѓаните го препознаваат овој проблем: 88% од испитаниците сметаат дека подобро осветлување и систематски пристап би го зголемиле користењето на терените, што укажува дека ваквиот модел нема поддршка од јавноста.

**Алтернатива 3: Јавно-приватни партнерства**

Овој модел веќе е делумно присутен во Центар, каде дел од училишните спортски терени се дадени под концесија. Придобивката е тоа што приватни оператори можат да вложат во инфраструктура и да понудат професионално управување. Но, негативната страна е сериозно ограничување на пристапот. Според анкетата, најголем дел од граѓаните терените ги користат токму затоа што се бесплатни и отворени. Со комерцијализацијата се создава бариера – термините стануваат недостапни за најголемиот број млади и семејства, а цените дополнително го ограничуваат користењето. На тој начин, јавните терени ја губат својата суштинска функција – да бидат простор достапен за сите.

**Алтернатива 4: Интегриран системски пристап на општината**

Оваа алтернатива предвидува општината да преземе целосна одговорност за реконструкција и редовно одржување на сите спортски терени. Според мапирањето, секоја од 15 локации има сериозни проблеми – најчесто недоволно или нефункционално осветлување, оштетени подлоги и застарени реквизити. Интегрираниот пристап би значел замена на рефлекторите со енергетски ефикасни решенија, санација и модернизација на подлогите, обнова на кошевите и головите и воведување систем за редовна проверка. Дополнителни мерки можат да вклучат поставување видео надзор за намалување на вандализмот и организирање спортски настани за зајакнување на социјалната функција на терените. Ваквиот пристап е во согласност со јасните барања на граѓаните: 82% од нив изјавиле дека во моментов не ги користат терените навечер

поради недостиг на осветлување, а 88% сметаат дека подобро осветлување би ја зголемило нивната употреба.

**Алтернатива 5: Фазирано подобрување**

Фазираното подобрување предвидува постепено решавање на проблемите, по јасно дефинирани етапи. Прво би се интервенирало на најкритичните точки – на пример, оштетените огради и кошеви кои претставуваат директна опасност, како кај ООУ„Димитар Миладинов“ и ООУ„Гоце Делчев“. Потоа би следела реконструкција на подлогите и подобрување на осветлувањето, а на крајот дополнителни интервенции како естетика, хоризонтално обележување и мерки за намалување на вандализмот. Овој пристап би овозможил граѓаните да видат континуирани подобрувања, а секоја фаза би ја зголемувала употребливоста на терените.

**Алтернатива 6: Комбиниран модел**

Комбинираниот модел ги спојува институционалната одговорност и граѓанското учество. Општината би ја презела главната улога во реконструкцијата и модернизацијата, додека училиштата и заедниците би се вклучиле во секојдневното одржување и превенцијата од оштетувања. На пример, училиштата би обезбедиле минимално редовно чистење и контрола, а локалните заедници би можеле да организираат волонтерски акции за зачувување на терените. Овој модел е во согласност со резултатите од анкетата – граѓаните изразуваат подготвеност да се вклучат, но очекуваат општината да го носи главниот товар на модернизацијата. Со комбинираното решение би се избегнало целосното префрлање на обврските, а истовремено би се изградило чувство на заедничка одговорност.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Врз основа на резултатите од мапирањето, анкетата и анализата на состојбата, се препорачува Општина Центар да се заложи за **интегрираниот системски пристап** како најсоодветно решение за подобрување и модернизација на спортските терени. Овој модел не подразбира само санација на тековните проблеми, туку воспоставување на траен систем кој ќе обезбеди безбедни, современи и достапни спортски површини за сите граѓани.

**Конкретни активности**

1. **Модернизација на осветлувањето**
    - Замена на нефункционалните рефлектори со енергетски ефикасни LED светилки.
    - Поставување нови системи на сите терени кои моментално немаат никакво осветлување (како ООУ„Киро Глигоров“).

   - Инсталација на автоматизирани системи (тајмери/сензори) за рационална потрошувачка на енергија.

2. **Реконструкција на инфраструктурата**
   - Санација на оштетените подлоги и нивно хоризонтално обележување.
   - Поправка или замена на оштетените огради кај терени како ООУ„Димитар Миладинов“ и ООУ„Коле Неделковски“.
   - Замена на застарените и небезбедни реквизити (кошеви, табли, голови).
3. **Зголемување на безбедноста и уреденоста**
   - Поставување видео надзор на критични локации за спречување на вандализам.
   - Поставување дополнителна урбана опрема: клупи, корпи за отпадоци и мрежи за заштита.
4. **Систем за редовно одржување**
   - Воспоставување план за редовни инспекции контроли и превентивни поправки.
   - Формирање координативно тело составено од општината, училиштата и локалните заедници за надзор и координација.
5. **Вклучување на заедницата и промоција**
   - Организација на спортски активности и настани за да се поттикне користењето на терените.
   - Кампања за промоција на заедничка грижа и одговорност кон јавниот простор.

**Временска рамка**

- Фаза 1 (0–12 месеци): Итна санација на најкритичните проблеми – огради, кошеви, поставување основно осветлување на најкористените терени (ООУ„Гоце Делчев“, ООУ„Димитар Миладинов“).
- Фаза 2 (12–24 месеци): Реконструкција на подлоги, хоризонтално обележување и поставување дополнително осветлување.
- Фаза 3 (24–36 месеци): Поставување видео надзор, урбана опрема и естетски подобрувања.
- Фаза 4 (континуирано): Систем за редовно одржување и активности за вклучување на заедницата.

**Финансиски импликации**

Вкупниот трошок за реализација на интегрираниот системски пристап е проценет на околу 95.930 €. Овој износ ги опфаќа сите интервенции и евентуалните непредвидени поправки.

**Табела 1. Финансиска распределба на трошоците**

| **Категорија** | **Проценет трошок (€)** | **Опфатени активности** |
|---|---|---|
| Осветлување (LED/соларни) | 40.000 – 45.000 | Замена и поставување нови рефлектори, тајмери/сензори |
| Инфраструктура (подлоги, огради, линии) | 9.360 | Реконструкција на подлоги, обележување, поправка/замена огради |
| Реквизити (кошеви, голови, табли, мрежи) | 1.840 | Поправка и замена на застарени реквизити |
| Безбедност и естетика | 560 | Отстранување графити, хоризонтална сигнализација |
| Урбана опрема и видео надзор | 8.000 | Клупи, корпи, камери, антивандал мерки |
| Фаза 1 – итна санација на постоечката опрема | 15.000 | Основно осветлување, огради, кошеви |
| Фаза 2 – реконструкција на постоечките подлоги и осветлувањето | 12.000 | Подлоги, дополнително осветлување |
| Фаза 3 – подобрување на естетика и обезбедување на безбедност | 8.000 | Урбана опрема, антивандал мерки |
| Редовно одржување (годишно) | ~3.000 | Инспекции, мали поправки, превенција |

Вкупната проценета инвестиција е изводлива во рамки на општинскиот буџет, а со редовно одржување ќе се намалат долгорочните трошоци. Со ваква стратегија, Општина Центар ќе обезбеди модерни и безбедни спортски терени, чија употреба ќе се зголеми особено во вечерните часови, што директно ќе влијае врз квалитетот на живот на жителите, развојот на здрави навики и јакнењето на заедничкиот дух во локалната заедница.

# Иновативни иницијативи во Општина Чаир

01

**Поставување корпи за отпадоци во Општина Чаир**

Канита Бакији (Алтернатива/ВЛЕН)

02

**Водич за Старата чаршија – Скопје: Откријте ја нејзината историја, занаети и култура**

Арбнор Малиќи (Демократско движење/ВЛЕН)

03

**Мултикултурен младински центар во Општина Чаир**

Кемалџан Мусли (Движење за национално единство на Турците во Македонија)

# ЧИСТ ЧАИР ЗА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ



КАНИТА БАКИЈИ

-АЛТЕРНАТИВА/ВЛЕН-

# Чист Чаир за идните генерации

## 1. Резиме

Јавната чистота претставува еден од клучните елементи за квалитетот на животот во секоја заедница, со директно влијание врз здравјето, благосостојбата и угледот на градот. Општина Чаир, со над 60 илјади жители и интензивна употреба на јавните простори, се соочува со проблем поради недоволниот број  канти за отпадоци и нивно несоодветно одржување. Училиштата, парковите, пазарите и автобуските постојки се идентификувани како најпроблематични зони, каде што натрупувањето на отпад или несоодветното поставување на кантите ги наведува многу граѓани да ги фрлаат отпадоците надвор од нив, со што се зголемува загадувањето и ризикот по јавното здравје.

Анализите и анкетите спроведени со заедницата покажуваат дека 40% од граѓаните сметаат дека во нивните населби нема доволно канти, додека комбинацијата од недоволна инфраструктура и ниска граѓанска свест дополнително ја влошува состојбата. Процесот на консултации со жителите и стопанствениците, преку визуелни вежби со помош на мапа, овозможи идентификување на најкритичните зони и создаде чувство на заедничка сопственост, демонстрирајќи подготвеност на заедницата активно да придонесе за решавање на проблемот.

Врз основа на добиените податоци, идентификувани се три главни алтернативи: 1) поставување едноставни и практични канти на стратешки локации; 2) подобрување на постојната инфраструктура преку редовно одржување и реорганизација; 3) поставување посебни канти за рециклирање и подигање на свеста кај граѓаните. По разгледувањето, се препорачува  алтернативата за стратешко поставување на јавни канти за рециклирачки и обичен отпад со редовно одржување и едукативни кампањи. Ова решение е практично, прифатливо за граѓаните и поткрепено со конкретни податоци: 85% од испитаниците изразиле подготвеност да користат стратешки поставени канти, а 78% сметаат дека граѓанското образование е клучно за промена на однесувањето. Поставувањето во близина на училиштата, пазарите и местата со голема посетеност обезбедува лесен пристап за сите возрасни групи, во комбинација со инфраструктурни интервенции со активно вклучување на заедницата.

Спроведувањето на оваа алтернатива вклучува: поставување на 250 канти на клучни локации во градот, редовно одржување од страна на комуналното претпријатие, организирање едукативни кампањи и поставување информативни табли покрај кантите за да се поттикне нивното користење и одржување на чистотата. Вкупниот предложен буџет изнесува 3.050.000 денари, што ги опфаќа набавката на кантите, нивното одржување и едукативните кампањи. Временската рамка предвидува поставување на кантите во рок од три месеци, континуирано

одржување во текот на целата година и спроведување на едукативните кампањи во рок од шест месеци, со периодични активности за обезбедување одржлив ефект.

Ова решение не само што го решава очигледниот проблем со недостатокот на канти, туку создава и нова култура на граѓанска одговорност, подигање на свеста, подобрување на чистотата и зајакнување на соработката во заедницата. Преку ова, Општина Чаир има за цел да изгради одржлив модел за управување со отпадот и грижа за урбаната средина, правејќи го градот почист, побезбеден и поатрактивен за жителите и посетителите..

## 2. Проблем – контекст и важност

Јавната чистота е еден од најосновните елементи кој влијае на квалитетот на животот во секоја заедница. Таа не се однесува само на естетскиот изглед на јавните површини, туку има и директно влијание врз здравјето на граѓаните, емоционалната благосостојба, социјалниот развој и целокупниот углед на градот. За Општина Чаир ова прашање добива посебна важност поради урбаната положба, високата густина на населението и интензивното користење на јавните површини.

Чаир е една од најгусто населените општини во Скопје, со над 60.000 жители кои делат ограничена територија. Покрај тоа, општината се карактеризира со голем број населби, образовни институции, пазари и трговски центри, кои секојдневно ги посетуваат илјадници граѓани. Оваа реалност создава висок притисок врз постојната инфраструктура за одржување на хигиената. На терен често се забележува недостаток на канти за отпад или нивна несоодветна распределба. На некои места кантите сосема недостасуваат, додека таму каде што постојат, често се во мал број, несоодветно поставени или пренатрупани. Оваа ситуација предизвикува многу жители и посетители да немаат практична можност да се грижат за хигиената на животната средина, што често доведува до фрлање отпад на земја или на импровизирани места.

Резултатите од анкетата спроведена меѓу заедницата во Чаир јасно ја одразуваат оваа реалност. Само мал процент од жителите ја оценуваат јавната чистота како задоволителна, додека мнозинството ја сметаат за проблематична, со директно влијание врз секојдневниот живот. Околу 40% од граѓаните сметаат дека во нивните населби нема доволно канти за отпад. Како најкритични локации се идентификувани парковите, училиштата, пазарите и автобуските станици – области со голема фреквенција на луѓе и активности. Што се однесува до факторите кои придонесуваат за недостаток на хигиената, околу 30% го поврзуваат тоа со недостаток на граѓанска свест, додека други испитаници го гледаат како резултат на недоволна инфраструктура, фрлање отпад од страна на бизнисите или недостаток од редовно чистење. Значителен дел, исто така, посочува дека отсуството на казнени мерки ја зајакнува перцепцијата дека загадувањето на околината е прифатливо.

Овие податоци не се само статистика, туку го одразуваат секојдневното искуство на жителите. На пример, во училиштата и парковите – простори каде што децата го поминуваат поголемиот дел од времето – недостатокот или прелевањето на кантите создава директен ризик по нивното здравје. Децата многу често играат покрај расфрлан отпад, што го зголемува изложувањето на бактерии и инфекции. Истовремено, оваа ситуација има и влијание врз нивната свест, па така помладите генерации се навикнуваат да ја сметат загадената околина за нормална. Слично влијание се забележува и на општинските пазари, каде што акумулираниот органски и пластичен отпад го нарушува не само изгледот, туку и угледот на Чаир како уредена и привлечна средина за стопанисување.

Позитивен резултат од консултациите беше подготвеноста на заедницата да придонесе за решение. Преку визуелна вежба на мапа, граѓаните и стопанствениците предложија оптимални места за канти, без да се попречува движењето на пешаците или деловните активности. Овој процес не само што помогна да се идентификуваат критичните области, туку и создаде чувство на заедничка одговорност кое се смета како активен дел од решението. Овој аспект е клучен, бидејќи одржувањето на јавната чистота не зависи само од инфраструктурните инвестиции, туку и од развивањето на култура на граѓанска одговорност.

Финансиските и техничките анализи спроведени за овој проект покажуваат дека предизвикот не е поврзан само со поставувањето на нови канти, туку и со нивното редовно одржување и планската употреба. Преполните канти, недостатокот од уредно чистење и нестратешкото поставување се проблеми што значително го зголемуваат нивото на загаденост. На пример, големото растојание помеѓу постојните канти на некои улици го отежнува нивното користење, што го поттикнува населението да ги фрла отпадоците на земја. Во периоди со високи температури, оваа ситуација дополнително се влошува, создавајќи непријатни мириси и зголемувајќи го ризикот од инфекции на респираторниот тракт и бактериски заболувања.

Во овој контекст, јасно е дека прашањето на јавната чистота во Чаир не е само логистички детаљ, туку суштинска потреба за одржлив урбан развој. Чистиот град придонесува за чувство на безбедност, ја подобрува благосостојбата и почитта кон заедничките простори, а притоа ја прави општината и поатрактивна за посетители и инвестиции. Од друга страна, нечиста околина остава впечаток на запоставеност и ја ослабува довербата на граѓаните дека секојдневните проблеми се решаваат ефикасно.

Затоа, поставувањето и одржувањето на кантите за отпад треба да се гледа како клучен елемент на локалните политики, не само за подобрување на изгледот на градот, туку и за заштита на јавното здравје, едукација на идните генерации и градење нова граѓанска култура за грижа кон животната средина. Овој проблем, јасно идентификуван преку податоците од теренот и

мислењата на самите жители, претставува заеднички предизвик што бара плански, сеопфатен и одржлив пристап.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Процесот на идентификување на проблемот со јавната чистота во Општина Чаир не е изграден само врз технички и финансиски анализи, туку и врз активно вклучување на граѓаните преку иновативни методи.

Согласно податоците и активното вклучување на граѓаните, беа идентификувани три главни алтернативи за решавање на проблемот со недостатокот на канти и за подобрување на управувањето со отпадот.

**Алтернатива 1: Поставување на едноставни и практични канти во стратешки зони.**

Оваа алтернатива претставува конкретна и финансиски прифатлива мерка за Општината. Се однесува на поставување мали, издржливи и лесни за одржување канти во јавни простори кои граѓаните ги идентификуваа како најкритични - покрај училиштата, парковите, пазарите и автобуските станици. Употребата на отпорни материјали, како галванизиран метал или цврста пластика, обезбедува долговечност и го намалува трошокот за замена.

Оваа мерка е тесно поврзана со резултатите од анкетата, каде мнозинството граѓани го посочија недостатокот на канти како една од главните причини за нечистотија. Со оваа интервенција, општината не само што ќе го надмине секојдневниот проблем, туку и ќе испрати јасен сигнал до граѓаните дека нивното мислење е важен дел од процесот на одлучување.

**Алтернатива 2: Подобрување на постојната инфраструктура преку одржување и реорганизација**

Втора алтернатива е зајакнување на постојниот систем преку почесто чистење на кантите, поправка или замена на оштетените и реорганизација на нивното поставување според реалните потреби. Податоците покажуваат дека граѓаните често забележуваат канти кои се пренатрупани или поставени на непрактични локации. Подобрување на одржувањето и организирана распределба би донело значителна промена без потреба од големи инвестиции.

Вклучувањето на граѓаните во изборот на најсоодветните локации е клучно за овој пристап. Мапата создадена за време на консултативниот процес служи како водич за оптимизирано поставување на кантите, земајќи ги во предвид фреквентноста на пешаците, влезовите на деловните објекти и најпосетените зони. На овој начин, алтернативата не е само практична, туку и заснована на реални податоци од заедницата.

**Алтернатива 3: Поставување на засебни канти за рециклирање и граѓанска едукација**

Една поиновативна алтернатива е поставување засебни канти за рециклирачки отпад, како што се пластика, хартија и метал, на избрани локации како училишта, паркови и главни пазари. Овој пристап не само што придонесува за намалување на загадувањето и подобро управување со отпадот, туку и ги едуцира граѓаните, особено младите, за значењето на рециклирањето и одржливите практики.

Предлогот е поддржан и од резултатите од консултативниот процес: многу граѓани, особено учесниците во мапирањето, изразија посебна грижа за правилната локација и користење на кантите. Ова покажува подготвеност на заедницата да поддржи понапредни иницијативи кои надминуваат едноставно поставување на кантите. Со спроведување на оваа алтернатива, Општина Чаир може да создаде поодржлива култура за грижа на животната средина и да послужи како модел за другите општини.

## 4. Избрано решение и последователни активности

По разгледувањето на предложените алтернативи за управување со отпадот и поставување јавни канти, се препорачува предложената мерка за стратешко поставување на јавни канти за рециклирачки и обичен отпад, проследено со редовно одржување и едукативни кампањи за граѓаните.

Граѓаните кои беа вклучени во процесот на консултации во рамките на иновативната иницијатива ја оценија оваа мерка како најпрактична и најлесна за имплементација. Според резултатите од анкетите и реализираните активности:

- 85% од граѓаните изразиле подготвеност да ги користат кантите поставени на стратешки локации;
- 78% од анкетираните ја сметаат едукативната кампања за клучен елемент во промената на однесувањата и поттикнувањето на колективната одговорност кон животната средина;
- Поставувањето на кантите во близина на училиштата, пазарите и местата со голема посетеност е оценето како практично и достапно за сите, со што решението станува инклузивно за сите возрасни групи и категории на граѓани.

Покрај директните придобивки за јавната чистота, оваа алтернатива ја поттикнува и активната партиципација на заедницата. Вклучувањето на училиштата и локалните организации во едукативните кампањи не само што ја зајакнува свеста за одржување на чистотата, туку создава и нова култура на почит кон животната средина, што може да влијае врз идните однесувања на граѓаните.

**Конкретни активности за спроведување на алтернативата:**

1. **Стратешко поставување на 250 канти во клучните зони на територија на општина Чаир** (главните тротоари, во близина на училиштата и пазарите), со цел да се обезбеди лесен пристап и редовна употреба.
2. **Обезбедување редовно одржување и чистење од страна на комуналното претпријатие**, со фреквенција од најмалку три пати неделно, за да се спречи преполнување на кантите и да се одржува чистотата на животната средина.
3. **Организирање едукативни кампањи и акции за чистење во соработка со училиштата, локалните организации и младинските групи**, вклучувајќи годишни активности насочени кон промена на однесувањето и зголемување на граѓанската одговорност.
4. **Поставување табли и информативна сигнализација во близина на кантите**, со цел да се поттикне нивната употреба, да се зајакнат пораките од едукативните кампањи и да се создаде визуелна средина што охрабрува одржување на чистотата.




Слика 1: Мапирање на клучните локации за поставување канти во Општина Чаир

**Финансиски импликации:**

- Набавка и поставување на 250 канти: 1.250.000 денари.
- Редовно одржување и чистење (12 месеци): 1.500.000 денари.

- Едукативни кампањи и сигнализација: 300.000 денари за материјали, промоција и теренски активности.
- Вкупен буџет: 3.050.000 денари.

**Временска рамка за реализација:**

- Поставување на кантите: во рок од три месеци од усвојувањето на политиката.
- Одржување и чистење: континуирана активност во текот на целата година.
- Едукативни кампањи и поставување сигнализација: во рок од шест месеци, со периодични годишни активности за обезбедување одржлив ефект.

Овој пакет на мерки гарантира одржлив и сеопфатен пристап, прифатлив од страна на граѓаните, како комбинација на достапност, редовно одржување и промена на однесувањето преку едукација. Со имплементација на оваа алтернатива, градот значително ќе ја подобри јавната чистота, граѓанската свест и соработката со заедницата, создавајќи одржлив модел за управување со отпадот и грижа за урбаната животна средина.

# ВОДИЧ НИЗ СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА: ОТКРИЈТЕ ЈА НЕЈЗИНАТА ИСТОРИЈА, ЗАНАЕТИ И КУЛТУРА

АРБНОР МАЛИЌИ

-ДЕМОКРАТСКО ДВИЖЕЊЕ/ВЛЕН-

# *Водич низ Старата скопска чаршија: Откријте ја нејзината историја, занаети и култура*

## 1. Резиме

Старата скопска чаршија претставува едно од највредните историски, културни и економски јадра на градот, со површина од 11 хектари и контактни површини од 23 хектари. Низ вековите претставувала комерцијален, занаетчиски и социјален центар, а и денес останува посакуван простор од страна на граѓаните. Во рамките на истражувањето спроведено за потребите на овој документ, 100% од испитаниците се изјасниле дека чаршијата ја посетиле барем еднаш, 86,9% ја посетуваат редовно, додека 78,9% ја сметаат за „многу важен“ за културниот идентитет. Посетителите особено ја ценат архитектурата и историјата (67,7%), атмосферата (66,9%) и гастрономската понуда (56,9%).

Сепак, чаршијата се соочува со сериозни предизвици кои ја загрозуваат нејзината виталност и иднина. Најголемиот недостаток е „дигиталната невидливост“, односно тоа што ѝ недостасуваат модерни апликации, мапи и промоција, поради што посетителите гледаат само ограничен дел од неа. Инфраструктурата е оштетена, недостасуваат знаци, урбаните интервенции честопати се неодржливи, а местото не е достапно за сите. Дополнително, раздвоената надлежност и фрагментираното управување меѓу двете општини (Чаир и Центар) и повеќе вклучени институции, претставуваат дополнителен предизвик за развивање на единствена и усогласена визија за Старата скопска чаршија.. Еден од клучните предизвици е и ограничениот интерес и вклученост на младите во традиционалните занаети, што го загрозува нивното опстојување на долг рок. Овој тренд дополнително се продлабочува со стареењето на постоечките мајстори и недостатокот на системска поддршка за пренос на занаетчиските вештини на новите генерации..

Соочени со овие предизвици, идентификувани се пет главни мерки: (1) развој на инклузивна дигитална платформа (мобилна апликација и повеќејазична веб-странаа), (2) координирана промоција преку социјалните мрежи, (3) подобрување на инфраструктурата и воспоставување на современа сигнализација, (4) активирање на заедницата и вклучување на младите во зачувување и промовирање на занаетчиството, и (5) создавање на институционален ко-управувачки модел помеѓу општините, бизнисите и културните институции.

По направената анализа во рамките на иницијативата, се препорачува развој на инклузивна дигитална платформа, која директно го адресира недостатокот на видливост и потребата од модернизација. Оваа платформа ќе обезбеди интерактивни мапи, профили на занаетчиите и бизнисите, историски информации и календари на настани, со што чаршијата ќе биде подостапна за домашните и странските посетители. Покрај зголемената видливост,

платформата ќе ги поддржува занаетчиите и ќе служи како интегриран промотивен инструмент.

За спроведување на оваа препорака потребни се околу 40.000-60.000 евра за првата година (технички развој, мултимедијални содржини и промоција), како и 8.000-10.000 евра годишно за одржување. Временскиот рок за спроведување е една година: три месеци за планирање и формирање на работна група, шест месеци за технички развој и собирање на содржини и три месеци за тестирање и пуштање во употреба. Финансирањето може да се обезбеди од општинските буџети, Министерството за култура, Агенцијата за туризам, програмите на ЕУ, УНЕСКО, како и јавно-приватни партнерства со локалните бизниси и туристичките агенции.

Оваа политика има за цел да ја зачува автентичноста на чаршијата, прилагодувајќи ја на денешната дигитална и урбана реалност. Доколку се реализира со вклучување на релевантни актери и со долгорочна визија, Старата скопска чаршија ќе се претвори не само во културно срце на Скопје, туку и во модерна, видлива и одржлива дестинација на регионално и меѓународно ниво.

## 2. Проблем – контекст и важност

Старата скопска чаршија е едно од највредните културни, историски и економски јадра на Градот Скопје. Лоцирана на територијата на општините Чаир и Центар, чаршијата зафаќа површина од околу 11 хектари, а е опкружена со контактни области кои вклучуваат дополнителни 23 хектари[14]. Просторот се протега од Камениот мост до Бит Пазар и претставува уникатна урбана целина со голема симболика и културно значење. Со векови, чаршијата претставувала место за средба на култури, религии и традиции, простор каде што се испреплетуваат трговијата, занаетчиството и социјалниот живот. Неговите тесни калдрмени улички, џамии, цркви, гостилници и амами, како и занаетчиски дуќани со долгогодишна традиција, претставуваат живописно наследство кое го обликува идентитетот на Скопје и неговите жители.

Спроведените истражувања во рамките на иницијативата потврдуваат дека Старата чаршија останува препознаена и значајна за граѓаните. Сите испитаници изјавиле дека ја посетиле барем еднаш, додека речиси 87% ја посетуваат редовно. За повеќето, тоа е многу важно за културниот и колективниот идентитет на градот. Посетителите ја ценат комбинацијата на историска архитектура, традиционални занаети, гастрономска понуда и раздвижена атмосфера. Сепак, и покрај оваа силна поврзаност со локалното население, чаршијата се соочува со сериозни предизвици кои ја ставаат во ризик нејзината одржливост и иднина.

[14] Границите на Старата скопска чаршија и таканаречените контактни зони на чаршијата се определени во Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење, донесен од Собранието во октомври 2008 година.

Најголем предизвик претставува нејзината „невидливост“ во дигиталната ера. Иако преставува атракција за туристите, многумина имаат потешкотии да се движат низ лавиринтот од улички или да најдат информации за продавници, занаетчии и културни настани. Недостатокот на апликации, дигитални мапи и модерна промоција, значи дека многу посетители застануваат само во ограничен дел од оваа место – обично околу Куршумли ан или некои популарни ресторани – и заминуваат без навистина да ја искусат разновидноста што ја нуди чаршијата. Сопствениците на мали бизниси и занаетчиите едногласно истакнуваат дека се чувствуваат „невидливи“ бидејќи не постои заедничка платформа преку која нивните производи и услуги можат да бидат видливи за пошироката јавност.

Проблемот на дигиталната невидливост е тесно поврзан и со урбаните и инфраструктурните предизвици. Многу улици се поплочени со оштетена калдрма, со недоволно осветлување и нерамномерно распределена урбана опрема. Просторот не е целосно достапен за лица со ограничена подвижност, лица со посебни потреби и/или за туристи кои доаѓаат за прв пат и немаат локално познавање. Недостатокот на јасни симболи, визуелни или аудио знаци за насочување и информации на самото место дополнително го ограничува искуството на посетителите. Урбаниот развој во контактните области доведе до зголемување на површината во изградба во овие области за над 25% во последните децении, што резултираше со опкружување на чаршијата со поголеми згради кои често ја нарушуваат хармонијата на просторот и историскиот амбиент.

Дополнителен предизвик е комплексното управување со чаршијата, бидејќи таа влегува во надлежностите на две општини, како и на неколку институции за културно наследство. Ова често доведува до делумна интервенција, недоволна координација и различни приоритети, наместо интегриран пристап. Локалните актери предупредуваат дека без заедничка визија и стратегија за развој, чаршијата ризикува да биде заглавена помеѓу потребите за модернизација и заштитата на автентичниот карактер.

Уште еден сериозен предизвик е постепеното губење на занаетчиите. Многу од мајсторите кои работат во чаршијата се повозрасни, а младите ретко гледаат перспектива за продолжување на занаетчиството. Причините се многубројни – од недостатокот на економска корист и модерна промоција, до перцепцијата на чаршијата како простор кој не комуницира со дигиталниот живот на помладите генерации. Според зборовите на еден занаетчија опфатен во рамките на истражувањето: „Денешната младина живее на телефон. Ако не сме таму, во апликација, за нив не постоиме.“ Незаинтересираноста на младите го зголемува ризикот дека со заминувањето на постарите генерации, ќе се загубат и непроценливи вештини кои се дел од културното наследство.

Генерално, проблемот не лежи во недостатокот на атрактивноста или вредноста на Старата чаршија – таа останува посебна и високо вреднувана и од локалното население и од туристите, туку во фактот што современите услови на дигиталното и урбаното општество ја оставаат чаршијата позади себе. Недостатокот на модерна промоција, фрагментираното управување, деградираната инфраструктура и избегнувањето на младите на занаетчиството, претставуваат заеднички ризик за постепено губење на економската виталност, културната автентичност и иднината на овој урбан комплекс од особено значење. На овој начин, постои ризик Старата чаршија да стане простор кој ќе се доживува само како дел од минатото, наместо да остане живописното културно и економско срце на Градот Скопје.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Резултатите од истражувањето и дискусиите со занаетчиите од чаршијата покажуваат дека, иако овој простор е од огромно значење за граѓаните, при што 78,9% го сметаат за многу важен за културниот идентитет, постојат големи празнини во однос на промоцијата, управувањето и адаптацијата кон модерното време. Со цел соочување со овие предизвици и правењето на чаршијата повидлива, функционална и попривлечна, идентификувани се неколку можни решенија. Доколку сите рагледани решенија би се примениле интегрално, предизвиците со кои се соочува чаршијата би биле целосно или во голем дел надминати. Но, со оглед на лимитираните ресурси долунаведените алтернативи се разгледани од перспектива на нивната изводливост, потенцијалните позитивни ефекти на краток рок, како и временската динамика за нивна примена.

**Алтернатива 1: Развивање на инклузивна дигитална платформа**

Првата можна алтернатива е развивање на мобилна апликација или онлајн платформа која може да послужи како модерна „влезна порта“ кон чаршијата. Истражувањето покажува дека посетителите често ја гледаат атмосферата и архитектурата како главни атракции, но немаат доволно информации и насоки за ориентација. Добро структурираната апликација ќе содржи интерактивни мапи, детални описи на секоја продавница и занаетчија, информации за културни настани, па дури и интерактивни функции, како што се виртуелни тури или персонализирани препораки. Покрај тоа што ќе им помогне на туристите, оваа платформа ќе ја зголеми видливоста на локалните бизниси и ќе им овозможи на занаетчиите да ги промовираат своите производи надвор од физичките граници на чаршијата. На средбите со нив, повеќето изјавија дека се чувствуваат „невидливи“ без дигитална алатка; оваа алтернатива директно ќе го реши овој јаз.

**Алтернатива 2: Промоција на дигиталните медиуми и социјалните мрежи**

Поевтина, но исто така ефикасна опција, е да се создаде заедничка стратегија за присуство на социјалните медиуми. Во моментов, бизнисите ги користат социјалните мрежи Фејсбук или Инстаграм спорадично, често без професионална содржина и без координиран пристап. Со оглед на тоа што 66,9% од посетителите ја гледаат атмосферата и дружењето како најатрактивен елемент на чаршијата, социјалните мрежи се идеален канал за пренесување на оваа атмосфера. Видеата со занаетчии како работат, сликите од традиционални настани или кратки приказни за културното наследство, може да станат вирални и да привлечат повеќе посетители. Со официјалните канали на чаршијата може да управува мал специјализиран тим или тим од млади студенти по дигитален маркетинг, создавајќи современа и привлечна слика која го зборува јазикот на младите генерации и странските туристи.

**Алтернатива 3: Подобрување на инфраструктурата и сигнализацијата**

Занаетчиите истакнуваат дека се загрижени дека туристите честопати стигнуваат само до Куршумли ан и заминуваат без понатамошно истражување на чаршијата. Главната причина е недостатокот на насоки за ориентација и јасна сигнализација. Подобрувањето на оштетената калдрма, поставувањето на повеќејазични табли, креирањето на насочувачки знаци за уличките и користењето на QR кодови кои водат до дигитални информации би ја направило чаршијата подостапна и попријателска настроена. Оваа алтернатива не бара големи технолошки инвестиции, но би имала директен ефект врз перцепцијата на чаршијата како атрактивен, одржуван, безбеден и функционален простор.

**Алтернатива 4: Ангажирање на заедницата и помладите генерации**

Уште еден предизвик е ризикот од исчезнување на традиционалните занаети поради возраста на занаетчиите и недостатокот на интерес од страна на младите луѓе. За справување со овој предизвик, може да се создадат менторски програми каде што сегашните мајстори ќе го споделуваат знаењето со учениците. Настаните како што се „отворени денови“, каде што училиштата ги посетуваат работилниците, или програмите за стажирање и стипендии за млади луѓе, би го анимирале интересот за занаетчиството. Исто така, со вклучување на младите луѓе како креатори на дигитални содржини за социјалните мрежи на чаршијата, оваа алтернатива би се поврзала со нивните современи навики и би создала комбинација на традицијата со технологијата. Имајќи во предвид дека 47,7% од посетителите особено ја ценат улогата на занаетчиството, оваа мерка е од суштинско значење за долгорочно зачувување на идентитетот на чаршијата.

**Алтернатива 5: Креирање на институционален модел на ко-управување**

Уште еден тековен предизвик е фрагментацијата на менаџирањето , односно фактот што чаршијата е поделена помеѓу две општини и неколку институции одговорни за културното наследство. Оваа реалност често доведува до делумна интервенција и отсуство на заедничка стратегија. Предлогот е да се создаде заеднички управен одбор или совет, кој би вклучил претставници на општините, бизнисите, занаетчиите и културните институции. Ова тело ќе обезбеди кохерентност во одлучувањето и спроведувањето на проектите, адресирајќи ја загриженоста на 20% од испитаниците кои велат дека не се сигурни дали се прави доволно за зачувување и промовирање на чаршијата. Таквиот модел ќе ја постави основата за долгорочно планирање и подобра координација помеѓу јавните и приватните актери.

## 4. Избрано решение и последователни активности

И покрај силната емоционална поврзаност на граѓаните со чаршијата, над 13% од учесниците во истражувањето сметаат дека не се прави доволно за нејзино зачувување и унапредување, додека околу 20% не се сигурни во сериозноста на постоечките напори. Овој јаз помеѓу перципираната важност и недоволната промоција јасно ја покажува потребата од нови пристапи и мерки.

Во рамките на оваа иницијатива, се препорачува развој на инклузивна дигитална платформа (мобилна апликација и веб-страна), која би служела како современ водич и стратешки инструмент за промоција на чаршијата. Платформата ќе биде повеќејазична (албански, македонски, англиски и турски јазик), прилагодувајќи се на различните профили на домашните и странските посетители. Преку неа посетителите ќе можат да пристапат до интерактивни мапи, профили на занаетчии и бизниси, информации за историјата на спомениците, како и календари на културни активности.

Клучен елемент е опфаќањето на најатрактивните содржини на чаршијата, а според истражувањето тоа се архитектурата и историјата (67,7%), нејзината уникатна атмосфера (66,9%) и традиционалната гастрономска понуда (56,9%). Токму тоа се елементите кои дигиталната платформа може да ги претвори во достапни и привлечни содржини за јавноста, преку професионални фотографии, видеа, описи и виртуелни тури. Исто така, 47,7% од испитаниците сметаат дека занаетчиството е клучна вредност на чаршијата, па така вклучувањето на индивидуални профили на занаетчии и нивните производи на платформата би било начин да се обезбеди видливост и економска поддршка за овој загрозен дел од културното наследство.Дополнително, заедничка платформа, управувана од институционална структура, ќе обезбеди уникатна и координирана слика за чаршијата, избегнувајќи го досегашниот фрагментиран пристап.

### Финансиски импликации

| Категорија | Опис | Приближен износ (€) |
|---|---|---|
| Технички развој | Мобилна апликација + веб страница | 25.000 – 40.000 |
| Мултимедијална содржина + преводи | Фотографии, видеа, интервјуа, повеќејазични материјали | 10.000 – 15.000 |
| Почетна промоција | Онлајн кампања, настан за иницирање, промотивни материјали | 5.000 – 7.000 |
| Годишно одржување | Хостинг на платформата, технички ажурирања, управување со содржини | 8.000 – 10,000 |
| **Вкупно за првата година** | | **40.000 – 60.000** |

### Временска рамка за реализација

| Фаза | Опис на активностите | Временската рамка |
|---|---|---|
| Фаза 1 | Формирањето на работна група, развивање на концепт, избор на компанија | 3 месеци |
| Фаза 2 | Технички развој на платформата, собирање содржини | 6 месеци |
| Фаза 3 | Тестирање со корисници, финални надградби, официјално пуштање во употреба | 3 месеци |
| Фаза 4 | Одржување и проширување на функциите | по изминување на првите 12 месеци |

Спроведувањето на оваа мерка бара широка институционална и финансиска мобилизација. Покрај општинските буџети на Чаир и Центар, кои треба да обезбедат средства наменети за промоција на чаршијата, поддршка може да се обезбеди и од Министерството за култура, Агенцијата за туризам и јавните инвестиции за урбана инфраструктура. Друг извор се меѓународните донатори – програмите за културно наследство на Европската унија, УНЕСКО, како и билатералните фондови од амбасадите и агенциите за развој. Важна улога може да имаат и јавно-приватните партнерства: локални бизниси, здруженија на занаетчии и туристички агенции, кои директно ќе имаат корист од зголемувањето на видливоста на чаршијата. Нивното вклучување во процесот на донесување одлуки и во управувањето со

платформата ќе обезбеди оваа политика да биде одржлива, инклузивна и прифатена од сите релевантни чинители.

Оваа мерка е развиена преку обезбедување на потребните податоците и вклучување на гласовите на самата заедница. Дигиталната платформа не е само технолошка алатка, туку начин наследството на чаршијата да остане присутно и достапно, да се поддржи локалната економија и да се претвори овој историски простор во модерна дестинација која го комбинира минатото со сегашноста и иднината.

# ЧАИР ЗА МЛАДИТЕ: КОНЦЕПТ ЗА МУЛТИКУЛТУРЕН МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР


КЕМАЛЏАН МУСЛИ

-ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА-

# *Чаир за младите: Концепт за мултикултурен младински центар*

## 1. Резиме

Општина Чаир е една од најгусто населените општини во Скопје, со 64.773 жители според Пописот од 2021 година. Таа се издвојува по својата млада возрасна структура – младите сочинуваат значителен дел од населението и претставуваат клучен ресурс за идниот развој. Но, како и на национално ниво, и тука се забележува тренд на опаѓање на младинската популација: бројот на млади на возраст 15–29 години во државата се намалил од 480.828 лица во 2002 година (24 % од населението) на 326.733 лица во 2021 година (18 %). Земајќи го во предвид овој пад, уште повеќе се наметнува потребата од давање на значење на локалните политики кои ќе им понудат на младите можности за развој и останување во заедницата.

И покрај младата и мултикултурна структура на Чаир, општината со години нема функционален младински центар. Младите денес немаат безбеден и континуиран простор за учење, креативност и социјализација. Постоечките јавни простори не се дизајнирани за нив, а често се со ограничен распоред и без чувство на сопственост. Последиците се сериозни: ограничен пристап до неформално образование, намалена граѓанска вклученост, недоволна интеркултурна интеракција и ризик од социјална изолација, особено кај младите од ранливите заедници.

Истражувањето со младите во Чаир ја потврдува оваа слика. 73 % од нив сметаат дека дефинитивно има потреба од младински центар, а 67 % велат дека редовно би го користеле. Најголемите пречки кои ги идентификуваат се недостаток на простор и ресурси (41 %), ниска мотивација (21 %) и слаба промоција на постоечките активности (20 %). Што се однесува до содржините, младите сакаат културни и уметнички настани (33 %), едукативни работилници (22 %), спорт и рекреација (19 %), програми за кариера (16 %) и поддршка за ментално здравје (10 %). Дополнително, бараат креативни простории (52 %), сала за настани (48 %), простории за учење (42 %) и спортски простори (38 %).

За решавање на овој проблем беа разгледани три алтернативи:

1. Адаптација на постојни простории – пониски трошоци и брза активација, но со ограничен континуитет и без чувство на сопствен простор.
2. Мобилна „поп-ап“ програма – поширок опфат и флексибилност, но со високи логистички трошоци и слаб идентитет.

3. Специјализиран мултикултурен младински центар – стабилен, безбеден и мултифункционален простор, кој овозможува континуитет и интеркултурна соработка, а кој најдиректно одговара на младинските потреби.

Врз основа на податоците и младинскиот фидбек, препораката е воспоставување посветен мултикултурен младински центар во Чаир. Реализацијата предвидува партиципативен процес за дизајн (анкети, фокус групи, јавни средби), инфраструктурна подготовка и опремување (33.465 €), формирање тим и програмска рамка (годишно 40.800 €), како и лансирање со јавна кампања и пилот програми. Вкупните трошоци за првите две години се проценуваат на околу 115.065 €, кои може да се обезбедат преку комбинација на општински средства, донатори, приватни партнери и симболична младинска членарина.

Со јасна временска рамка (краткорочно – 0–6 месеци консултации и планирање, среднорочно – 6–18 месеци адаптација и лансирање, долгорочно – стабилно функционирање), младинскиот центар може да стане симбол на новата младинска политика во Чаир. Тој ќе понуди простор за образование, креативност и вмрежување, ќе поттикне интеркултурна кохезија и ќе создаде чувство на сопственост кај младите – враќајќи ја нивната енергија и потенцијал како двигател на локалниот развој.

## 2. Проблем – контекст и важност

Општина Чаир според Пописот од 2021 година има 64.773 жители, што ја прави една од најгусто населените урбани општини во Скопје. Територијата е мала, но густината на населението е исклучително висока, што создава динамична, но истовремено и оптоварена урбана средина. Чаир се издвојува и по својата млада возрасна структура – токму младите претставуваат значаен дел од локалната заедница, со потенцијал да бидат двигател на културниот, економскиот и општествениот развој. Сепак, националните демографски трендови покажуваат пад кај младата популација: бројот на млади на возраст 15–29 години се намалил од 480.828 лица во 2002 година (24 % од населението) на 326.733 лица во 2021 година (18 % од населението). Овој тренд ја нагласува важноста на локалните иницијативи кои ќе помогнат младите да се задржат, вклучат и развиваат во своите заедници.

Иако Чаир е мултикултурна и динамична општина со релативно млада популација, со години се чувствува јасна празнина: недостига функционален младински центар. Овој недостаток не е само прашање на простор или инфраструктура, туку суштинска бариера за создавање безбеден, достапен и инклузивен амбиент во кој младите можат да учат, творат и да се поврзуваат. Постоечките јавни простори не се дизајнирани со младите и за младите, често не се достапни континуирано, а нивната безбедност и инклузивност се доведуваат во прашање.

Последиците од ваквата состојба се повеќеслојни. Недостатокот на соодветни простори за учење и креативност ги ограничува можностите за неформално образование и развој на практични вештини. Ограничениот пристап до креативни и образовни програми го намалува интересот на младите за граѓанска вклученост, а многу таленти остануваат невидливи. Оваа состојба најсилно ги погодува младите од ранливи социо-економски средини, кои немаат алтернативни ресурси и остануваат со уште помалку можности за личен развој.

Податоците од анкетата со младите во Чаир ја потврдуваат оваа слика. 73% од испитаниците изјавиле дека дефинитивно има потреба од младински центар, додека 67% рекле дека би го користеле редовно. Најголем дел од младите (41%) го посочиле недостатокот на простор и ресурси како главна пречка за нивното учество во активности, 21% укажале на недостаток на мотивација, а 20% на слаба промоција и комуникација. Во однос на посакуваните содржини, 33% сакаат културни и уметнички настани, 22% едукативни работилници, 19% спортски и рекреативни активности, додека 16% бараат програми за кариера и развој на вештини. Дополнително, 10% ја нагласуваат потребата од поддршка за ментално здравје. Овие резултати јасно укажуваат дека младите гледаат во ваков центар повеќе од зграда – тие го гледаат како простор кој ќе ги задоволи нивните образовни, креативни и социјални потреби.

Недостигот на младински центар не се одразува само на индивидуалниот развој, туку и на заедницата во целина. Во една општина со етничка разновидност, младинскиот центар би можел да биде место на дијалог, соработка и меѓусебно разбирање. Наместо тоа, младите остануваат поделени во паралелни опкружувања, со ретки прилики за интеркултурна интеракција. Периодичните и краткорочни настани што повремено се организираат не создаваат трајна инфраструктура за поврзување, а нивното влијание брзо се губи.

Како резултат на тоа, дел од младите се насочуваат кон непродуктивни или ризични средини, а кај многумина се јавува чувство на демотивација и отуѓеност од локалните процеси. Наместо да бидат двигатели на промената, тие се соочуваат со ограничувања што ја намалуваат нивната улога во заедницата. На тој начин, Чаир губи дел од најважниот ресурс што го има – младите луѓе, нивната енергија, идеи и креативен потенцијал.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Во разгледувањето на можните решенија за недостигот на младински центар во Чаир, се појавуваат три главни алтернативи: адаптација на постојни простории, воспоставување мобилна „поп-ап" програма и отворање посветен мултикултурен младински центар. Секоја од нив носи свои предности и ограничувања, зависно од критериумите како инклузивност, пристапност, континуитет, одржливост, трошоци по корисник, безбедност, младинска сопственост и можност за партнерства.

**Алтернатива 1: Адаптација на постојните простории**

Првата алтернатива е користење и адаптација на веќе постоечки простории – училишта, спортски сали или културни домови. Овој пристап има предност во тоа што бара понизок иницијален трошок и овозможува побрза активација на простор достапен за младите. Со мали интервенции, како обезбедување мебел и технолошка опрема, може да се добијат функционални услови за активности.

Сепак, ограничувањата се значајни. Овие простории имаат примарна функција – наставни програми или културни настани – што значи дека младинските активности ќе бидат секундарни. Распоредот би бил условен од други програми, што го намалува континуитетот и предвидливоста. Истражувањето со младите во Чаир покажува дека токму стабилноста е клучна: 73% сметаат дека е потребен младински центар како постојан и дефиниран простор, а 67% изјавиле дека би го користеле редовно доколку е достапен. Недостатокот на континуитет и идентитет може да го намали чувството кај младите дека просторот е навистина „нивно“ место.

**Алтернатива 2: Мобилна „поп-ап“ програма**

Втората алтернатива е мобилна или „поп-ап“ програма која ротира низ различни локации во општината. Ваквиот модел има предност во тоа што овозможува поширок радиус на опфат, носејќи активности поблиску до младите кои живеат во различни маала. Дополнително, „поп-ап“ активностите може да се користат како тестирање на интересите и потребите, што помага во планирањето на идни програми.

Сепак, логистичките предизвици се големи. Секоја нова локација бара транспорт на опрема, адаптација и промоција. Овој пристап често носи непредвидливост и недоволен идентитет на просторот. Податоците од анкетата ја нагласуваат потребата од континуираност: 41% од младите го посочиле недостатокот на простор како најголем проблем, а 20% слаба промоција и комуникација. Ваквите ограничувања ја намалуваат можноста мобилната програма да обезбеди трајна мотивација и чувство на сопственост кај младите.

**Алтернатива 3: Специјализиран мултикултурен младински центар**

Третата алтернатива е отворање специјализиран мултикултурен младински центар – простор кој целосно ќе биде наменет за младински активности. Оваа опција одговара директно на желбите што младите ги изразиле: 33% бараат културни и уметнички настани, 22% едукативни работилници, 19% спортски и рекреативни активности, 16% програми за кариера и вештини, а 10% поддршка за ментално здравје. Дополнително, 52% сакаат креативни простори, 48% сала за настани, 42% простории за учење и 38% спортски простори.

Ваквиот центар овозможува континуитет, безбедност и јасен идентитет, создавајќи стабилна и препознатлива точка за младите во Чаир. Тој би бил мултифункционален простор кој ја обединува културата, образованието, спортот и креативноста под еден покрив. Во мултиетничка заедница, таков центар има и дополнителна вредност: станува место за интеркултурна интеракција, социјална кохезија и меѓусебно почитување. Главен предизвик останува потребата за поголема иницијална инвестиција и воспоставување на управувачки капацитет, но резултатот е стабилна инфраструктура, дологорочната одржливост што одговара на потреби на младите.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Врз основа на анализата на проблемот и разгледаните алтернативи, се препорачува воспоставување специјализиран мултикултурен младински центар во Чаир. Оваа опција во најголема мера ги задоволува младинските потреби идентификувани во анкетата

Со други зборови, младите не бараат импровизирани или мобилни решенија, туку стабилна, безбедна и современа инфраструктура која ќе биде симбол на младинската енергија и ќе служи како катализатор за интеркултурна интеракција и општествена кохезија.

**Временска рамка**

- Краткорочно (0–6 месеци): консултации со младите, избор на локација, дефинирање на концепт.
- Среднорочно (6–18 месеци): адаптација на просторот, набавка на опрема, формирање тим.
- Долгорочно (18+ месеци): целосно функционирање со годишни програми, редовно финансирање и проширување на активностите.

**Конкретни активности**

1. Партиципативен процес на дизајн (0–3 месеци):
    - Онлајн анкети и фокус групи за дефинирање на содржините.
    - Работилници со младите за креативно замислување на центарот („design thinking“).
    - Јавни средби со општината и граѓански организации за валидирање на предлог-концептот.
2. Инфраструктурна подготовка (3–9 месеци):
    - Избор на локација (општинска или пренаменета јавна зграда).

    - Архитектонска адаптација за мултифункционални простории (учење, култура, спорт, советување).
    - Обезбедување пристапност за лица со попреченост, современо осветлување и безбедносен систем.
3. Опремување (9–12 месеци):
    - Набавка на мебел (маси, столови, полици) – 5.775 €.
    - Технолошка опрема (компјутери, лаптопи, таблети) – 13.120 €.
    - Проектори, екрани и аудио-системи за културни активности – 8.300 €.
    - Опрема за работилници, brainstorming агол и интелектуални игри – 4.670 €.
    - Осветлување и декор – 1.600 €.
    - Вкупно: 33.465 € почетна инвестиција.
4. Формирање тим и програмска рамка (12–15 месеци):
    - Вработување координатор, технички персонал, тренери и администратор (годишно 25.500 €).
    - Креирање годишна програмска рамка со три вида активности:
        - едукативни (ИТ работилници, јазични курсеви, STEM клубови);
        - културни (фестивали, изложби, е-спорт турнири, филмски проекции);
        - социјални (менторство, дебати, спортски настани, програми за ментално здравје).
5. Отворање и промоција (15–18 месеци):
    - Локална медиумска и онлајн кампања.
    - Отворен настан за млади, родители и институции.
    - Пилот фаза со 3-месечна програмска тест-операција.

**Финансиски импликации**

- Почетна инвестиција: 33.465 € (инфраструктура и опрема).
- Годишни оперативни трошоци: 40.800 € (вработени, сметки, одржување, програми, промоција).
- Вкупно потребни средства за првите две години: околу 115.065 €.
- Извори на финансирање:
    - Општински буџет (22.000 € годишно).
    - Меѓународни донатори и грантови (16.000 €).
    - Локални компании и партнерства (6.000–10.000 €).

- Симболична членарина и самоодржливи активности (1.200 €).

Оваа финансиска рамка обезбедува стабилност и предвидливост, со јасна поделба меѓу јавни и приватни извори, и создава простор за иновативни програми со младинска сопственост.

Специјализиран мултикултурен младински центар е најсоодветното решение за Чаир. Тој обезбедува стабилен, инклузивен и безбеден простор кој директно ги адресира приоритетите што младите сами ги изразиле: потреба од простор, креативност, образование и социјализација. Со јасен финансиски и временски план, центарот може да стане клучна точка за младински развој, интеркултурен дијалог и долгорочна социјална кохезија во општината.

# Иновативни иницијативи во Општина Штип

01

## Еко-оаза за Штип

Стефан Михаилов (Партија на Власите од Македонија)

# ЕКО-ОАЗА ЗА ШТИП: ЈАВНА ПОЛИТИКА ЗА ЗДРАВЈЕ, ПРИРОДА И ЗАЕДНИЦА



СТЕФАН МИХАИЛОВ

-ПАРТИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА-

# *Еко-Оаза за Штип: Јавна политика за здравје, природа и заедница*

## 1. Резиме

Овој документ се однесува на проблемот со недоволната уреденост и опременост на пешачката патека долж реката Брегалница во Штип, со должина од околу 10 километри. Патеката претставува еден од најзначајните јавни простори во градот, секојдневно користен од граѓаните за прошетки, спорт, дружење и рекреација. Сепак, во сегашната состојба таа не го одразува својот потенцијал – недостасуваат клупи, осветлување, сенка и содржини кои би ја направиле поатрактивна и побезбедна.

Истражувањата спроведени во рамки на иницијативата „Еко-Оаза за Штип“, во кои учествуваа 120 испитаници, потврдија дека 80% од граѓаните го користат кејот редовно, додека 68% укажале на недостиг од клупи, 62% на недостаток од сенка, 55% на слабо осветлување, а само 25% изјавиле дека се чувствуваат безбедни во вечерните часови. Ова покажува дека проблемот не е само естетски, туку има и директни импликации за здравјето, социјалната кохезија и локалниот економски развој.

Во документот беа разгледани три можни алтернативи за решение на проблемот:

1. Минимална интервенција – основно одржување преку поправки и поставување на неколку корпи за отпадоци. Брзо и евтино, но без трајни решенија.
2. Функционално подобрување – поставување клупи, садници, дополнителни корпи и основно осветлување. Ја зголемува удобноста, но без иновативни содржини и долгорочна атрактивност.
3. Сеопфатна модернизација – интегрирање на зелени и технолошки елементи: клупи со соларни полначи, smart LED осветлување, систем за автоматско наводнување, ново зеленило и информативни табли. Ова решение е најскапо, но нуди трајна трансформација на просторот, поголема искористеност и придонес за туризмот и локалната економија.

Препораката е да се спроведе третата алтернатива – сеопфатна модернизација со иновативни решенија. Вкупниот буџет е проценет на 369.600 евра, вклучувајќи засадување на 2.000 дрвја и 4.000 грмушки, поставување на 500 клупи, 1.000 соларни светилки, систем за наводнување и информативни табли. Проектот може да се реализира во рок од четири месеци, во четири фази: подготовка, засадување, инфраструктура и технолошки системи.

Импликациите на проектот се пошироки од локалниот контекст – тој е во согласност со националните стратегии за животна средина и развој на туризмот, како и со европските агенди за одржливи градови и зелена инфраструктура. Вклучувањето на сите засегнати страни – Општината, јавните претпријатија, граѓанскиот сектор, спортските клубови, приватниот сектор и граѓаните – обезбедува реализација и одржливост на решението.

Со имплементација на оваа иницијатива, пешачката патека долж реката Брегалница ќе стане современ, безбеден и мултифункционален јавен простор кој ќе ја подобри благосостојбата на граѓаните и ќе го зајакне имиџот на Штип како град што инвестира во зелен, одржлив и модерен урбан развој.

## 2. Проблем – контекст и важност

Пешачката патека долж реката Брегалница во Штип претставува еден од најзначајните јавни простори во градот, со должина од околу 10 километри. Таа е секојдневно користена од граѓаните за прошетки, спорт, дружење и рекреација, но нејзината моментална состојба не одговара на потенцијалот што го има овој простор. Иако функционална во својата основна форма, патеката се соочува со сериозни предизвици поврзани со недоволно уредување, одржување и опремување, што резултира со намалена привлечност и искористеност, особено во вечерните часови.

Истражувањата спроведени во рамки на иницијативата „Еко-Оаза за Штип“ покажуваат дека постои висока јавна поддршка и реална потреба за темелна ревитализација на овој простор. Анкетата во која учествуваа 120 испитаници укажува дека 80% од граѓаните го користат кејот речиси секојдневно или неколку пати неделно, најчесто за прошетки (75%), трчање и вежбање (48%), одмор и седење (55%). Ова ја потврдува неговата значајна улога во секојдневниот живот на локалното население.

Сепак, задоволството од патеката е ограничено поради повеќе проблеми. Најчесто споменуваните пречки се: недостиг на клупи (68%), слабо осветлување (55%), запуштеност и нечистотија (47%), како и недостиг на зелени површини и сенка (62%). Дополнително, само 25% од анкетираните изјавиле дека се чувствуваат целосно безбедни при користење на патеката во вечерните часови, додека 35% експлицитно се изјасниле дека се чувствуваат небезбедно. Ова директно влијае на искористеноста на просторот и ја ограничува можноста за рекреација во различни периоди од денот.

Недостатокот на инвестиции и систематски пристап кон развојот на патеката е една од главните причини за ваквата состојба. Во последните години биле направени минимални интервенции, како поставување на неколку клупи и корпи за отпадоци, но тие не се доволни за да одговорат на потребите на заедницата. Засадувањето дрвја било спорадично и без

континуирано одржување, што резултирало со сушење на дел од зеленилото. Недостатокот на современи решенија – како соларно осветлување, клупи со полначи или интерактивни содржини – ја прави патеката помалку атрактивна за младите и туристите.

Оваа ситуација има неколку негативни последици. Прво, намалена е искористеноста на патеката, особено во вечерните часови кога недостигот на светлина и чувство на безбедност се најизразени. Второ, граѓаните губат доверба во јавните инвестиции поради неуспехот на досегашните решенија. Трето, општината пропушта можност да развие локален туризам и спортски активности кои би можеле да донесат економски и социјални придобивки. Четврто, се намалува квалитетот на животот и рекреативните навики на граѓаните, што е особено важно во урбан контекст каде јавните простори имаат клучна улога за здравјето и социјалната кохезија.

Дополнително, анкетата посочува дека граѓаните очекуваат систематски пристап во идното уредување. Најбарани содржини се зелени површини и садници (78%), подобро осветлување (72%), детско игралиште (65%), повеќе клупи за седење (60%), како и пешачки (55%) и велосипедски патеки (45%). Овие податоци јасно покажуваат дека патеката треба да се трансформира во современ и мултифункционален јавен простор кој ќе ги задоволи потребите на различни возрасни и социјални групи.

Проблемот со сегашната состојба на пешачката патека долж Брегалница не е само естетски или функционален. Тој е и прашање на одржлив урбан развој, здравје на граѓаните, животна средина и локална економија. Без модерна инфраструктура, безбедност и атрактивни содржини, патеката останува недоволно искористен ресурс. Напротив, со соодветни инвестиции во зелени површини, урбана опрема и одржливи енергетски решенија, таа може да стане двигател на здрави навики, туристичка атракција и симбол на модерниот и еко-свесен идентитет на Штип.

Може да се заклучи дека проблемот со недоволната уреденост на пешачката патека долж Брегалница претставува комплексно прашање кое ја опфаќа физичката инфраструктура, еколошката одржливост, социјалната инклузија и економскиот развој. Решавањето на овој проблем не само што ќе обезбеди подобри услови за рекреација и социјализација, туку и ќе ја зајакне довербата на заедницата во јавните политики и ќе создаде нови можности за развој на градот.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Во процесот на планирање на уредувањето на пешачката патека долж реката Брегалница, беа идентификувани повеќе можни пристапи за нејзино подобрување. Патеката е простор од големо значење за локалната заедница, но ограничените ресурси и различните потреби на

граѓаните бараат внимателно разгледување на различни решенија. Секоја алтернатива носи свои придобивки и предизвици, кои се важни за да се согледаат можностите и да се разбере кои интервенции можат најмногу да придонесат за долгорочен развој на просторот.

**Алтернатива 1: Минимална интервенција – основно одржување**

Првата опција се фокусира на најосновните потреби и вклучува активности како поправка на оштетените делови од патеката, редовно чистење и поставување на неколку нови корпи за отпадоци. Ваквиот пристап има предност во тоа што може брзо да се реализира и бара најмала финансиска инвестиција. Општината би можела речиси веднаш да започне со активности, а видливите резултати би ја подобриле моменталната состојба. Сепак, ваквите зафати не носат долгорочни решенија. Патеката би останала неатрактивна, со недоволна понуда за различните возрасни групи, а проблемите со безбедноста и недостигот на сенка, клупи и осветлување би продолжиле да ја ограничуваат нејзината употреба. Со тоа, оваа алтернатива иако практична на краток рок, не одговара на барањата што граѓаните ги изразија преку анкетите и јавните иницијативи.

**Алтернатива 2: Функционално подобрување – умерена интервенција**

Втората опција предвидува поставување на нови клупи, садници за природна сенка, дополнителни корпи за отпад и основно осветлување. Ова решение е насочено кон зголемување на удобноста и функционалноста на просторот, при што граѓаните би добиле повеќе можности за одмор, рекреација и користење на патеката и во вечерните часови. Дел од најчестите барања на граѓаните би биле задоволени – според анкетата, 70% од испитаниците изјавиле дека најмногу им недостасуваат сенка и клупи, а 55% нагласиле потреба од осветлување навечер. Со тоа, патеката би станала попрактична и попријатна за секојдневна употреба. Сепак, овој пристап останува ограничен бидејќи не носи иновативни решенија кои би ја направиле патеката поатрактивна за млади и туристи. Без современи содржини како соларни полначи или паметно осветлување, просторот би добил функционална надградба, но не и долгорочна трансформација.

**Алтернатива 3: Сеопфатна модернизација со иновативни решенија**

Третата опција е најсеопфатна и предвидува целосна трансформација на патеката преку комбинација на зелени и технолошки елементи. Таа опфаќа поставување клупи со интегрирани соларни полначи, smart LED осветлување со сензори за движење, информативни табли со мапи и едукативни содржини, систем за автоматско наводнување на зеленилото и создавање дополнителни содржини како детски и спортски зони. Со вакви интервенции се обезбедува простор кој одговара на најчестите забелешки од анкетата – недостаток на сенка, клупи и осветлување – и истовремено се создава современа и безбедна рекреативна зона достапна за сите возрасти. Ова решение ја поддржува и еколошката компонента преку користење на

обновлива енергија и садници прилагодени на локалната клима, што ја подобрува микроклимата и биодиверзитетот. Иако бара поголема почетна инвестиција и посериозно одржување, придобивките се долгорочни: зголемена искористеност на патеката, нови можности за културни и спортски активности, како и потенцијал за развој на еко-туризам и позитивен имиџ на градот.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Врз основа на податоците од спроведената анкета, проектната анализа и идентификуваните потреби на заедницата, препораката е да се избере **сеопфатна модернизација со иновативни решенија**. Оваа алтернатива најдобро одговара на изразените приоритети на граѓаните – сенка, клупи за одмор, осветлување и зелени површини – и обезбедува трајно решение кое ќе го трансформира просторот во современ, безбеден и одржлив јавен простор.

Анкетата јасно покажа дека граѓаните сакаат вистинска промена: 78% посочиле потреба од зелени површини, 72% од подобро осветлување, 68% од повеќе клупи, а 65% од детско игралиште. Дополнително, само 25% изјавиле дека се чувствуваат безбедни навечер, што ја нагласува итноста на инвестирање во осветлување и безбедносни решенија. Овие податоци укажуваат дека минимални или ограничени интервенции нема да ги задоволат реалните потреби на заедницата.

### Конкретни активности

Предложеното решение предвидува:

- Засадување на **2.000 декоративни дрвја** и **4.000 цветни грмушки** долж патеката (10 км).
- Поставување на **300 клупи со соларни полначи** и **200 обични клупи**.
- Инсталација на **1.000 соларни светилки** со сензори за движење за целосно осветлување.
- Воспоставување на **систем за автоматско наводнување** кој ќе овозможи одржливост на зеленилото.
- Монтажа на **информативни табли** и уредување на дополнителни содржини за културни и спортски активности.

### Финансиски импликации

Вкупниот буџет за уредување на патеката е проценет на **369.600 евра**.

| **Категорија** | **Количина** | **Цена по единица (€)** | **Вкупно (€)** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| Декоративни дрвја | 2.000 | 22 | 44.000 | На секои 5 m по едно дрво (двете страни) |
| Цветни грмушки | 4.000 | 7 | 28.000 | Поставени меѓу дрвјата |
| Земја/хумус и ѓубриво | - | - | 5.000 | Масовна набавка |
| Клупи со соларни полначи | 300 | 420 | 126.000 | На секои ~33 m една клупа |
| Обични клупи | 200 | 100 | 20.000 | Додаток за одмор |
| Соларни светилки (LED) | 1.000 | 30 | 30.000 | Автономни, со сензори |
| Систем за наводнување | 1 | - | 50.000 | Главен систем со пумпи и разгранок |
| Работна рака | - | - | 25.000 | Масовно садење и монтажа |
| Транспорт и логистика | - | - | 8.000 | Материјали и садници |
| Резерви (10%) | - | - | 33.600 | За непредвидени трошоци |
| **Вкупно** | - | - | **369.600** | |

Иако оваа инвестиција е поголема во споредба со алтернативните решенија, нејзините придобивки далеку ги надминуваат трошоците: подобрена естетика и безбедност, зголемена искористеност на патеката, нови можности за туризам и локална економија, подобрување на здравјето на граѓаните и јакнење на позитивниот имиџ на Штип.

**Временска рамка**

Проектот може да се реализира во рок од **четири месеци**, поделени во следните фази:

| Фаза | Активности | Временска рамка |
|---|---|---|
| **Фаза 1 – Подготовка** | Проектирање, расчистување на теренот, набавка на материјали и садници | 1 месец |
| **Фаза 2 – Засадување** | Садење на 2.000 дрвја и 4.000 грмушки, поставување хумус и ѓубриво | 1 месец |
| **Фаза 3 – Инфраструктура** | Инсталација на 300 клупи со соларни полначи, 200 обични клупи и 1.000 соларни светилки | 1 месец |
| **Фаза 4 – Технолошки системи и финални работи** | Монтажа на систем за наводнување, поставување информативни табли, уредување дополнителни содржини | 1 месец |
| **Вкупно времетраење** | Завршување на сите активности | **4 месеци** |

За успешна реализација на проектот потребна е координација и вклученост на повеќе актери. Општина Штип има клучна улога како носител на иницијативата и како институција што треба да обезбеди дел од буџетот и координација со јавните претпријатија. Јавните претпријатија ќе бидат вклучени во делот на одржување на патеката, зеленилото и осветлувањето. Локалните невладини организации и спортски клубови веќе покажаа активен интерес преку организирање акции за чистење и рекреативни настани, па нивната улога ќе биде клучна за волонтерски активности, едукација и промоција на патеката. Приватниот сектор може да биде партнер преку спонзорства – поставување на клупи или светилки со нивни брендови, што ќе овозможи дополнителни извори на финансирање и ќе ја зголеми одржливоста на проектот. Конечно, граѓаните се централни актери – не само како корисници, туку и како со-сопственици на просторот, чија доверба и поддршка се клучни за зачувување и одржување на патеката.

Со реализација на оваа модернизација, пешачката патека долж реката Брегалница ќе прерасне во современ јавен простор кој нуди удобност, безбедност и атрактивност за сите возрасни групи. Инвестицијата ќе донесе долгорочни економски, еколошки и социјални придобивки, ќе ја поттикне социјалната кохезија и ќе ја истакне улогата на Штип како град кој активно инвестира во одржлив урбан развој и подобар квалитет на живот.

Предложената интервенција за уредување на пешачката патека долж реката Брегалница не е само локално урбанистичко прашање, туку е во целосна усогласеност со пошироките национални и европски политики за одржлив развој. На национално ниво, проектот

придонесува за исполнување на стратегиите за животна средина и локален економски развој, особено во сегментите на зелената инфраструктура, заштита на биодиверзитетот и промоција на здрави животни стилови. На европско ниво, ваквата иницијатива се вклопува во рамките на Европскиот зелен договор (European Green Deal) и Агендата за одржливи градови, кои ја нагласуваат потребата од зелени јавни простори, намалување на јаглеродниот отпечаток и користење на обновливи извори на енергија. Дополнително, проектот придонесува за националните политики во областа на спортот и туризмот, бидејќи создава услови за развој на спортски активности и еко-туризам, со што директно се поддржува економската виталност на градот. Ова ја истакнува важноста на проектот не само за граѓаните на Штип, туку и за поширокиот процес на европска интеграција и исполнување на глобалните цели за одржлив развој (SDGs).

# Иновативни иницијативи во Општина Шуто Оризари

01

## Право на превоз за Шуто Оризари

Ричард Сали (Централна демократска унија - ЦДУ)

# ПРАВО ЗА ПРЕВОЗ ЗА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ



РИЧАРД САЛИ

-ЦЕНТРАЛНА ДЕМОКРАТСКА УНИЈА (ЦДУ)-

# *Право на превоз за Општина Шуто Оризари*

## 1. Резиме

Иницијативата „Право за превоз за Шуто Оризари“ има за цел да обезбеди пристапен, редовен и безбеден јавен превоз за жителите на оваа општина, која претставува една од најмаргинализираните урбани заедници во Скопје. Истражувањата и анализите потврдија дека постојниот систем не ги задоволува реалните потреби на граѓаните: дури 73% од анкетираните изразиле незадоволство, главно поради нередовни линии, недоволен број возила и слаба поврзаност со централните градски подрачја. Во општината живеат околу 25.000 жители, од кои повеќе од половината се под 35 години, со висока стапка на невработеност што надминува 50% од активното население. Приближно 40% од домаќинствата немаат сопствен автомобил, што ја прави нивната мобилност целосно зависна од јавниот превоз. Оваа состојба најсилно ги погодува жените, учениците, постарите лица и лицата со попреченост, за кои јавниот транспорт е предуслов за пристап до образование, вработување и јавни услуги.

Во моментот, Шуто Оризари е поврзана со градот преку автобуските линии број 19 и 20, кои ги опслужува Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје. Иако овие линии овозможуваат основна поврзаност со останатите делови на градот, нивната фреквенција е недоволна, автобусите се често преполни и доцнат, а некои населени делови остануваат слабо покриени. Над 70% од анкетираните ја истакнуваат потребата од подобра редовност и фреквенција, а повеќе од 60% го поддржуваат воведувањето на минибус-превоз за подобрување на мобилноста.

Врз основа на спроведените анализи беа разгледани три можни решенија: воведување дополнителен минибус на постојните линии, воспоставување нова директна автобуска линија Шуто Оризари-Центар и комбиниран модел со јавно-приватно партнерство. По детална споредба на економската изводливост, социјалната корист и оперативните аспекти, најсоодветно решение е воведувањето на дополнителен минибус на постоечката линија. Оваа опција бара најмала иницијална инвестиција, обезбедува поврат на вложувањето за помалку од една година и овозможува флексибилно, брзо и одржливо подобрување на услугата без значајна дополнителна инфраструктура. Минибусот ќе ги намали времињата на чекање, ќе ја зголеми редовноста и ќе овозможи подобра покриеност на периферните делови на општината, со што ќе се подобри пристапот до основните урбани услуги и ќе се зголеми квалитетот на живот на граѓаните.

Имплементацијата на оваа алтернатива е планирана во три последователни фази: подготвителна (декември 2025-февруари 2026), имплементациска (март-јуни 2026) и

евалуациска (јули-септември 2026). Во првата фаза ќе се финализира техничката и тендерската документација и ќе се дефинира маршрутата; во втората ќе се реализира набавката, брендирањето и пилотирањето на услугата; а во третата ќе се анализираат резултатите и ќе се подготви план за трајно воведување или проширување на системот. Со овој пристап општината ќе добие реални податоци за побарувачката и ефикасноста на минибус-моделот, кои ќе послужат како основа за евентуално воспоставување нова линија или комбиниран систем со приватен оператор.

Проектот „Право за превоз за Шуто Оризари" има потенцијал да стане пример за успешна и инклузивна урбана интервенција што директно придонесува за поголема социјална еднаквост, економска активност и одржлив локален развој. Воведувањето на минибус-превозот претставува прв конкретен чекор кон создавање функционален, достапен и сигурен јавен транспортен систем кој ги поврзува жителите на Шуто Оризари со остатокот од градот и ја интегрира оваа заедница во поширокото урбано ткиво на Скопје.

## 2. Проблем – контекст и важност

Општина Шуто Оризари се карактеризира со изразени социјални и економски предизвици, каде што јавниот превоз игра клучна улога во секојдневниот живот на жителите. Според последниот попис на населението (Државен завод за статистика, 2021), општината брои 24.764 жители, со доминантно младо население, од кои повеќе од 50% се под 35 години . Шуто Оризари е единствената општина во Европа со ромско мнозинство, што ја прави специфична по својата културна и етничка структура, но истовремено и ранлива во однос на пристапот до јавни услуги и економски можности.

Невработеноста во општината е висока, според податоците на Агенцијата за вработување (2023), стапката на невработеност во општината надминува 50% од активното население, што е значително повисоко од националниот просек од околу 14% .Значителен дел од домаќинствата живеат во услови на социјална ранливост и нестабилни приходи. Приближно 40%[15] од жителите немаат личен автомобил, што значи дека нивната мобилност директно зависи од јавниот транспорт. Пристапот до работните зони, образовните институции, здравствените центри и административните служби во централните делови на Скопје е сериозно ограничен, што дополнително ја продлабочува социјалната изолација.

Во моментот, јавниот превоз во Шуто Оризари се изведува преку две автобуски линии – број 19 и број 20, управувани од ЈСП Скопје. Линијата број 19 ја поврзува Шуто Оризари со населбите Чаир и Центар, додека линијата број 20 ја поврзува со северните и источните делови на градот, вклучително и Бутел и Радишани. Иако двете линии обезбедуваат основна

[15] UNDP (2022), *Local Development Report for Shuto Orizari*; World Bank (2020), *Social Exclusion and Mobility Barriers in Skopje Urban Areas*

комуникација со централните подрачја на градот, нивната фреквенција е недоволна, особено во шпиц-периодите. Автобусите често доцнат, преполни се и не можат да одговорат на растечката побарувачка, а некои делови на општината остануваат слабо покриени. Недостигот на соодветна синхронизација меѓу двете линии резултира со неефикасен систем, кој не ја обезбедува потребната достапност и сигурност за жителите.

Оваа состојба е особено тешка за жените, лицата со попреченост, постарите лица и учениците, кои зависат од јавниот транспорт за своето секојдневно функционирање. Жените, кои често се одговорни за семејните обврски, патуваат повеќекратно во текот на денот, а нерегуларниот транспорт им го ограничува пристапот до услуги и можности за вработување. За лицата со попреченост, проблем претставува недостигот на пристапни возила и инфраструктура, додека учениците и студентите се соочуваат со потешкотии да стигнат навреме до училиштата и факултетите.

Резултатите од анкетата спроведена во рамките на иницијативата покажуваат дека 74% од анкетираните ги сметаат линиите за нередовни, 68% сметаат дека бројот на возила е недоволен, а 71% посочуваат потреба од подобра поврзаност со централните делови на градот. Истовремено, повеќе од 60% од испитаниците го поддржуваат воведувањето на организирани комбиња или минибуси како начин за подобрување на мобилноста.

Овие наоди ја потврдуваат итноста на интервенцијата. Заедницата бара решение што ќе ја зголеми достапноста, ќе ги намали времињата на патување и ќе овозможи редовност и сигурност на јавниот превоз. Ваквата интервенција има и пошироко значење – подобрувањето на транспортот ќе придонесе за економско активирање на населението, зголемена родова еднаквост и подобра интеграција на Шуто Оризари во урбаното ткиво на Градот Скопје.

Јавниот транспорт во ваков контекст не е само инфраструктурно прашање, туку прашање на социјална правда, инклузија и еднаков пристап до можности. Затоа, вложувањето во ефикасен, достапен и безбеден превоз претставува клучна инвестиција во подобрување на квалитетот на живот на жителите и создавање поодржлива и праведна урбана средина во Шуто Оризари.

## 3. Разгледани алтернативи на можното решение

Во рамките на анализата беа разгледани три алтернативи кои нудат потенцијални можности за подобрување на јавниот превоз во Општина Шуто Оризари.

**Алтернатива 1: Воведување дополнителен минибус**

Оваа опција се однесува на воведување минибус кој би сообраќал во една од по постоечките автобуски линии (бр. 19 и бр. 20), со капацитет од 18 до 22 патници. Целта е да се зголеми фреквенцијата на возење, особено во шпиц периодите, кога оптовареноста на јавниот превоз е

најголема. Предвидено е минибусот да сообраќа на секои 15 минути во шпиц-периодите и да работи од 06:00 до 22:00 часот.

Почетната инвестиција за оваа алтернатива се проценува на околу 3,2 милиони денари, за купување на еден минибус, со годишни оперативни трошоци од околу 2,6 милиони денари, а очекуваните приходи од билети се 8,7 милиони денари годишно. Според овие показатели, инвестицијата би се повратила за помалку од една година, со повратност од 193%.

Позитивни аспекти: Оваа алтернатива овозможува брзо и флексибилно подобрување на услугата без значајна потреба од дополнителна инфраструктура. Минибусот може да одговори на моменталните потреби на граѓаните, да ги скрати времињата на чекање и да понуди поудобна услуга. Со помали трошоци за гориво и одржување, овој модел е економски одржлив и практичен за тестирање на побарувачката. Дополнително, минибусите можат да пристапат и до потесни улици или населени зони каде што стандардните автобуси не можат да сообраќаат, што ја подобрува покриеноста.

Негативни аспекти: Главниот недостаток е ограничениот капацитет. Минибусот може да стане преполн во периоди со поголема побарувачка. Доколку бројот на патници продолжи да расте, ќе биде потребно дополнително зголемување на бројот на возила, што ја зголемува комплексноста и оперативните трошоци. Исто така, ова решение не обезбедува нова рута ниту директна врска со центарот на Скопје, што значи дека не го решава целосно проблемот со пристапноста до деловните, административните и здравствените услуги.

**Алтернатива 2: Воспоставување нова автобуска линија Шуто Оризари – Центар**

Втората опција предвидува воспоставување нова автобуска линија што директно ќе ја поврзе Општина Шуто Оризари со центарот на Скопје. Оваа линија би користела автобуси со капацитет од 70 до 80 патници, со поаѓања на секои 20 минути и работно време од 05:30 до 23:00 часот. Почетната инвестиција за оваа алтернатива е 8,4 милиони денари, со годишни оперативни трошоци од 4,7 милиони денари, а очекувани приходи од 17,5 милиони денари годишно, со поврат на инвестицијата од 153 %.

Позитивни аспекти: Оваа алтернатива овозможува директна поврзаност на Шуто Оризари со главните градски подрачја, со што значително се подобрува пристапот до вработување, образование и здравствени услуги. Поголемиот автобуски капацитет овозможува поефикасен превоз на повеќе патници и подобра економија на обем. Според податоците од ЈСП Скопје, воведувањето нови директни линии со централните делови значително го зголемува бројот на корисници, особено ако фреквенцијата и редовноста се стабилни. Дополнително, ова решение овозможува подобра интеграција во системот на јавен превоз на градот и создава предуслови за воспоставување современи дигитални алатки за следење на автобусите.

Негативни аспекти: Оваа опција бара повисока почетна инвестиција и има поголеми оперативни трошоци, што може да го оптовари буџетот на ЈСП  Скопје, а со тоа и на градот Скопје . Потребни се и инфраструктурни подобрувања (нови станици, сигнализација, можеби посебни ленти за автобуси) за да се обезбеди ефективно функционирање. Дополнително, во првите години на оперирање можно е делумно нерамномерно користење на капацитетот, што би ја намалило економската ефикасност до моментот на стабилизирање на побарувачката.

**Алтернатива 3: Хибриден модел - подобрување на постојните линии со минибуси и воспоставување јавно-приватно партнерство**

Третата алтернатива претставува комбиниран или хибриден пристап, кој обединува елементи од претходните две решенија. Овој модел предвидува постепено подобрување на постојните автобуски линии 19 и 20 преку воведување на минибуси за покривање на недостапните зони и зголемување на фреквенцијата во шпиц-периодите, паралелно со подготовка на нова директна линија кон центарот на градот, имплементирана преку јавно-приватно партнерство (ЈПП).

Позитивни аспекти: Овој модел подразбира воведување на минибуси за подобрување на покриеноста и пристапот, додека приватниот партнер ќе инвестира во возила и инфраструктура за новата линија. Така се намалува финансискиот притисок врз локалниот буџет и се обезбедува поголема флексибилност. ЈПП моделот овозможува користење на експертиза, ефикасност и стандарди на приватниот сектор, додека општината ја задржува надзорната и регулаторната улога. Според практики во други европски градови (како Софија и Загреб), ваквите партнерства придонесуваат за повисок квалитет на услугата и зголемена транспарентност во управувањето со јавниот превоз.

Негативни аспекти: Овој пристап бара посложена координација и правна рамка за воспоставување на партнерството. Потребно е внимателно дефинирање на обврските, поделбата на ризиците и механизмите за надзор за да се избегнат нерамноправни услови меѓу јавниот и приватниот партнер. Почетната фаза на воспоставување на договорот може да биде подолга поради административни процедури, а контролата на квалитетот на услугата зависи од ефикасноста на мониторинг-системот што ќе го воспостави општината.

## 4. Избрано решение и последователни активности

Врз основа на спроведените анализи, консултации и споредбените финансиски пресметки, првата алтернатива, односно воведувањето дополнителен минибус на постоечката линија се издвојува како најпожелна, најизводлива и најрационална опција за Општина Шуто Оризари. Таа претставува решение кое овозможува брза и мерлива интервенција со минимален ризик, а воедно создава основа за системско подобрување на јавниот превоз на подолг рок.

Овој пристап се покажува најсоодветен бидејќи одговара на реалниот обем на побарувачка, на инфраструктурните можности на општината и на ограничените буџетски ресурси. Наместо комплексни и скапи инфраструктурни зафати, минибус-моделот овозможува веднаш забележливо подобрување во квалитетот на услугата – редовност, фреквенција и пристапност, што е клучно за довербата на граѓаните во јавниот превоз.

Дополнително, ова решение е социјално најинклузивно, бидејќи овозможува поголема покриеност на населбите каде што живеат ранливи групи – жени, ученици, постари лица и лица со попреченост – кои најчесто зависат од јавниот транспорт. Воведувањето на минибусот ќе им обезбеди пократко време на чекање, подобра поврзаност со постојните линии и побезбедни услови за патување.

Од оперативен аспект, општо земено, минибусите се лесни за интегрирање во постојниот систем на ЈСП Скопје, не бараат големи дополнителни капацитети и може да функционираат со постојните возачи и одржувачки служби. Тие овозможуваат флексибилност во работењето, бидејќи фреквенцијата може да се прилагодува според реалната дневна побарувачка. Ова е особено значајно во контекст на малата и компактна територија на Шуто Оризари, каде што ефикасноста и брзината на транспортот имаат приоритет над обемот.

Од економски аспект, оваа опција обезбедува најбрз поврат на инвестицијата и создава простор за реинвестирање на средствата во одржување, дигитализација и подобрување на инфраструктурата (станици, пристапни патеки и системи за следење на превозот). Воедно, моделот е доволно скалабилен – доколку побарувачката расте, лесно може да се прошири со дополнителни возила без потреба од големи капитални вложувања.

Со ваков постепен и практичен пристап, општината не само што ќе го подобри квалитетот на животот на граѓаните, туку ќе добие и вредни податоци за користењето на јавниот превоз, кои ќе послужат како основа за следната фаза – евентуално воведување нова линија или јавно-приватно партнерство. Тоа ја прави првата алтернатива не само најбрзо изводлива, туку и стратешки најпаметна опција, која ги комбинира финансиската одржливост, социјалната инклузија и ефикасното управување со јавниот транспорт.

**Последователни активности за спроведување на Алтернатива 1**

Спроведувањето на оваа алтернатива се предвидува да се одвива во три последователни фази, со јасно дефинирани активности, одговорни институции и временска рамка.

I. Подготвителна фаза (декември 2025 – февруари 2026)

Оваа фаза има за цел да ја постави институционалната и техничката основа за воведување на минибусот. Во неа ќе бидат реализирани следниве активности:

- Финализација на техничката документација и дефинирање на маршрутата на минибусот врз основа на анализата на побарувачка и фреквенција на патници на линиите број 19 и 20.
- Изработка на безбедносен и пристапен план за лицата со попреченост, во соработка со релевантни здруженија.
- Информирање на јавноста и започнување кампања за промоција на новата услуга под слоган „Минибус за сите – Шуто Оризари се движи".

II. Имплементациска фаза (март – јуни 2026)

Во оваа фаза ќе се спроведе реалната имплементација на минибус-превозот и тестирање на системот во услови на редовен сообраќај.

- Потпишување на договор со операторот и набавка на едно до две минибус-возила со капацитет од 18–22 патници.
- Инсталирање на систем за GPS следење и дигитална евиденција на патници во минибусот.
- Воспоставување на временик и координација со постојните автобуски линии за да се избегне преклопување.
- Почеток на тримесечен пилот-период (април – јуни 2026) со мониторинг на бројот на патници, времетраење на релациите и нивото на задоволство на корисниците.

III. Евалуациска и проширена фаза (јули – септември 2026)

Фокусот на оваа фаза е да се процени ефективноста на воведениот систем и да се подготви долгорочен модел за негово продолжување или проширување.

- Систематска анализа на податоците од пилот-фазата (фреквенција, приход, задоволство на граѓаните, опфат на населбите).
- Подготовка на извештај со препораки за подобрување од страна на ЈСП Скопје до Советот на град Скопје и донесување одлука за трајно воведување на минибус-линијата.
- Проценка на можноста за воведување втора минибус-линија или постепено преминување кон комбиниран модел со учество на приватен оператор.
- Развивање на долгорочен план за одржливост, кој ќе вклучува буџетска проекција, потенцијални донаторски извори и предлог за дигитална апликација за следење на возниот ред и резервации.

Со ваква трислојна имплементација, Општина Шуто Оризари ќе може брзо да го подобри квалитетот на јавниот превоз, а во исто време да создаде структурна основа за негово

одржливо проширување во наредните години. Првата алтернатива со својата ефикасност, прилагодливост и минимален ризик, претставува модел кој може да стане пример за добри практики и за другите општини со слични предизвици.

Проектот „Право за превоз за Шуто Оризари“ има потенцијал да стане пример за успешно решавање на еден од најважните урбани проблеми во заедницата. Воведувањето на минибус-превозот во првата фаза ќе овозможи брзо подобрување на секојдневниот живот на жителите, особено на ранливите групи, а воедно ќе создаде основа за долгорочен модел на одржлива урбана мобилност.

Преку континуирана соработка помеѓу локалната самоуправа, ЈСП Скопје, граѓаните и донаторите, може да се обезбеди модерен и ефикасен транспортен систем кој ќе ја поттикне социјалната инклузија, економската активност и рамномерниот развој на општината. Инвестицијата во јавниот превоз не претставува само инфраструктурна мерка, туку и значаен чекор кон создавање еднакви можности и подигнување на квалитетот на живот во Шуто Оризари. Со добро планирање, редовно одржување и следење на перформансите, оваа иницијатива може да послужи како модел и за другите урбани заедници во државата.

## Анекс 1: Листа на скратеници

АПП – Академија за јавни политики

ДОМ – Демократска обнова на Македонија

ДУИ – Демократска унија за интеграција

ЕСП – Програма за поддршка на изборите

ФРП – Форум за разумни политики

ИФЕС – Меѓународна фондација за изборни системи

СДСМ – Социјалдемократски сојуз на Македонија

ВМРО-ДПМНЕ – Внатрешна македонска револуционерна организација — Демократска партија за македонско национално единство

ЗНАМ – Движење ЗНАМ - За наша Македонија